НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР. 29



БИТОЛА
2026



ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
Маргарета Спасов

Претседател на редакциски одбор:
м-р Евгениј Литовски

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
д-р Роберто Трајковски
д-р Мери Стојанова, кустос-советник
Зоран Алтипармаков, конзерватор-советник
Енгин Насух, кустос-советник
д-р Александар Литовски
м-р Филип Талевски, кустос

Лектор:
Фросина Милева

Печати:
Графопром - Битола

Тираж: 200

СОДРЖИНА

Роберто Трајковски
ВОЕНО-РАЗУЗНАВАЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ НА 297. ПЕШАДИСКА ДИВИЗИЈА ЗА СЛОБОДНАТА ТЕРИТОРИЈА (СЕПТЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ 1943 ГОДИНА) 7

Ивана Хаџиевска
ДОБРОВОЛНИ ЗДРУЖЕНИЈА ВО БИТОЛА (1918–1938): МОДЕЛИРАЊЕ НА ЛОЈАЛНИ ГРАЃАНИ ВО МЕЃУВОЕНА ЈУГОСЛАВИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО 21

Александар Манојловски
СЕЌАВАЊА НА МОРИЦ ШАМИ
АВТОБИОГРАФСКО СВЕДОШТВО ЗА УЧЕСТВОТО ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА И АНТИФАШИСТИЧКА ВОЈНА ВО МАКЕДОНИЈА 53

Евгениј Литовски
МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ ВО ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФНРЈ ОД КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО ПОЧЕТОКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 85

Васко Гичевски
ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ СЕЛА ЗА ВРЕМЕ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1800 ДО 1912 ГОДИНА 101

Александар Литовски
АНТИВРХОВИЗМОТ НА ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНСКИ СТУДЕНТСКИ ЛИСТ“ (ДЕКЕМВРИ 1931- ЈАНУАРИ 1932) 111

Душко Темелкоски
МАШКИ АНТИЧКИ МИТОЛОШКИ ПРЕТСТАВИ ОД ТЕРАКОТА ОД СТИБЕРА 123

Миле Илоски
НОВИ АРХЕОЛОШКИ СОЗНАНИЈА ОД ОХРИДСКИОТ РЕГИОН: ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТВРДИНАТА АЈДИНИЦА ПРЕКУ LIDAR ТЕХНОЛОГИЈА 129

Фанче Каневчева Илоска
ВЕНЕЦИЈАНСКИОТ ОЛОВЕН КАПАК ОД ТЕРИЈАК ALLA TESTA D`ORO ОД ОХРИДСКО 151

Мери Стојанова
КОНТИНУИТЕТ И ПРОМЕНИТЕ ВО ПОДГОТОВКАТА НА ТУРИ-ПЕЧИ (ЃОМЛЕЗЕ) ВО ПРЕСПА 161

Маја Ралева Миладиновски
УМЕТНИЧКИ ИДЕНТИТЕТ НА ПРИЛЕП НИЗ ПРИЗМА НА ТРИ ГЕНЕРАЦИИ ВАЈАРИ - ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ 185

Анета Попантоска
„РАЗЛИЧНА ПОУЧИТЕЛНА НАСТАВЛЕНИЈА“ НА ЈОАКИМ КРЧОВСКИ - СВЕДОШТВО ЗА ДУХОВНАТА И КУЛТУРНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА 195

Зоран Алтипармаков
ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕДЛОЗИ - КОН ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ОБЈАВЕН НА ЕНЕР, СО ДАТУМ НА ОБЈАВА ОД 30.04.2026 Г. 205

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото 29 издание на „Зборник на трудови" кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното култур-но наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува струч-но и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за по-широката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различ-ни сфери во културните и научните институции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови" го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јав-носта. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асис-тенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Евгениј Литовски

Директор

Маргарета Спасов

УДК 355.311.5(497.7-15)“1943“(093.2)
УДК 355.089(497.7-15:=18)“1943“(093.2)
УДК 355.089(497.7-15:=163.3)“1943“(093.2)

Роберто ТРАЈКОВСКИ*

ВОЕНО-РАЗУЗНАВАЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ НА 297. ПЕШАДИСКА ДИВИЗИЈА ЗА СЛОБОДНАТА ТЕРИТОРИЈА (СЕПТЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ 1943 ГОДИНА)

Апстракт: *Военo-разузнавачката документација на 297. Пешадиска дивизија отвора нова перспектива за развојот на народноослободителната борба во западниот дел на Македонија и создавањето на слободната територија по капитулацијата на фашистичка Италија на 8 септември 1943 г., структурата и организацијата на НОВ и ПОМ[1] и албанските партизани и нивната соработка за клучни прашања, како реализацијата на заеднички воени операции, формирањето на Балканскиот штаб, нивниот различен карактер и обидите за преговори со албанските националистички вооружени формации за заедничка борба против Вермахтот. Истото, како и повеќе други прашања од воен, политички и друг карактер, на база на изворна документација, научно е обработено во оваа статија.*

Клучни зборови: *Втора светска војна; западен дел на Македонија; 1943 г.; 297. Пешадиска дивизија; НОВ и ПОМ: Албански партизани.*

Германската 297. Пешадиска дивизија, била една од дивизиите на Вермахтот уништени во текот на Сталинградската битка, но повторно обновена во текот на 1943 година.[2] Таа на 14 август 1943 г. добила наредба да се прегрупира во просторот Косовска Митровица-Санџак,[3] додека на 21 август 1943 г. била ставена под команда на XXI планински армиски корпус, т.е. 2. Оклопна армија, во чие оперативно подрачје нешто подоцна била ставена и во западниот дел на Македонија.[4]

* Д-р Роберто Трајковски, СОУ „Таки Даскало“- Битола, е-мајл: trajkovski.robert@yahoo.com.

[1] Народноослободителната војска и партизански одреди на Македонија.

[2] Georg Tessin, Verbände und Truppen der deutschen Wehrmacht und Waffen-SS im Zweiten Weltkrieg 1939-1945. 9 Band. Biblio Verlag, Osnabrück, 1974, 55-56.

[3] Verlagung der 100. Jg. Div und des Gren.Rgt. (mot) 92. Ia Nr. 2344/43. g. 14. 8. 43. Група армии E. The National Archives and Records Administration (NARA), микрофилм (M) T 311, ролна (P) 176, 000614. NARA M T 311, P 176.

[4] XXI планински армиски корпус. NARA M T 314, P 661, 000310., Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година).* (Аз-буки, СБМ-Битола, Битола, 2018), 34-37, 107-108.

Во текот на операцијата „Оска“,[5] 297. Пешадиска дивизија прво продрела во просторот Приштина-Призрен, а потоа на црногорска и албанска територија.[6] Истовремено, 100. Ловечка дивизија, од просторот Битола-Ресен-Охрид, продрела во правец на Струга, каде стационирала свои делови и кон Ќафасан, а потоа продрела на албанска територија.[7] Истовремено во западниот дел на Македонија, се создала слободна територија, која се протегала меѓу Гостивар и Струга, каде биле концентрирани албански партизански единици (Дебар) и главнината на НОВ и ПОМ.[8] Цврсто во свои раце, XXI планински армиски корпус единствено ги држел Струга и Тетово, каде еден баталјон на италијанската „финанца“ (400 жандармери)[9] се ставил под команда на военото разузнавање на Вермахтот во западниот дел на Македонија (ABWHER-Trupp 214).[10]

Во меѓувреме, поради наводната комунистичка и бугарска опасност, односите меѓу военото разузнавање на Вермахтот и националистичко-шовинистички настроени Албанци и нивните водачи (бајрактари) и политички лидери во западниот дел на Македонија се зацврстиле, при што веднаш започнале и активности за мобилизација на постоечките албански националистички вооружени формации и организирање нови, за борба против партизаните.[11] Набрзо потоа, на 1 октомври 1943 г., тие го прекршиле претходно потпишаниот договор за соработка со I оперативна зона на НОВ и ПОМ[12] и ги нападнале нејзините единици на превојот Буковиќ, додека наредниот ден го запоседнале Кичево.[13]

Во извештајот на разузнавачкото одделение на штабот на 297. Пешадиска дивизија за октомври 1943 г. се истакнува, дека во просторот на Дебар е

---

[5] Реализирана од Вермахтот на Балканот по капитулацијата на Фашистичка Италија на 8 септември 1943 г., за запоседнување на територииите под италијанска окупација и разоружување и интернирање на таму стационираната италијанска војска. Walther Hubatsch, *Hitlers Weisungen für die Kriegführung 1939-1945*. Bernard & Graefe Verlag für Wehrwesen, Frankfurt am Main, 1962, док. бр. 48/3, 223-224., Percy Ernst Schramm, *Kriegstagebuch des Oberskommandos der Wehrmacht*. Band III/1. Bernard & Graefe Verlag, München, 1982, 850, 889-890.

[6] 297. Пешадиска дивизија. Bundesarchiv-Militärarchiv Freuburg im Breisgau (BA-MA) BA-MA RH 26/297/105/0143., Dr. Alois Beck, *Bis Staligrad (1941-1943) Albanien und Jugoslawien (1943-1945)*. 3 Auflage. Helmuth Abt, Verlag-Ulm, 1983, 237-240.

[7] Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)*…, 44-47.

[8] Владо А. Ивановски, *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944.* (ИНИ, Скопје, 1973), 161-165.

[9] Боро Митровски, Окупациониот систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија. *Тетово и Тетовско во НОВ 1941-1945.* книга 2. (Собрание на општина Тетово, Општински одбор на СЗБНОВ, Тетово, 1991), 250, 262.

[10] 2. Оклопна армија. NARA M T 313, P 483, 000587, 000596.

[11] Исто. NARA M T 313, P 483, 000755, 000839-000840.


[12] Проф. д-р Глигор Тодоровски, проф. Петко Домазетовски, Окупацијата на Западна Македонија (1941-1944). (Друштво за наука, култура и уметност „Браќа Миладиновци“-Струга, Книгоиздавателство Вишарица-Јабланица, Струга-Јабланица, 2003), док. бр. 71, 169-170.

[13] *Зборник докумената и података о народноослободилачком рату југословенских народа.* том VII. књига 2., VII, Југословенске народне армије, Београд, 1952, док. бр. 58, 119.

концентрирана силна „банда“,[14] во јачина од околу 1200 до 1500 луѓе, под водство на Хаџи Леши.[15] Во прилог на истиот, меѓу другите циркулираат и две писма, од кои, едното е од Светозар Вукмановиќ-Темпо, а другото од извесен мајор на НОВ и ПОМ, за кој мислиме дека се работи за Михало Апостолски, а двете се адресирани до Хаџи Леши во Дебар. Во првото писмо, од 25 октомври 1943 г., Темпо пишува дека со сигурност се знае, дека Вермахтот се спремал да го нападне Дебар, поради што сметал дека требало да се предупредат за реализирање на заеднички противнапад, со ангажирање на два албански партизански баталјони во просторот Јама-Извор и во правец на Кичево, за повторно да се ослободи и да се продре кон Гостивар, евентуално Скопје. Реализацијата на споменатата контраофанзива, според Темпо, би имала голем одек на Балканот, па дури за неа би се слушнало и во Москва, истовремено посочувајќи дека албанските партизани не смеат да се ограничат само на „албанските работи“, туку да содејствуваат на НОВ и ПОМ, додека тоа не е предоцна.[16]

Во второто писмо од 31 октомври 1943 г., се истакнува дека сè уште се очекувал одговорот во врска со писмото од 25 октомври 1943 г. и дека НОВ и ПОМ располагала со доволно сили да го ослободи Кичево, но немала доволно политичко влијание кај албанското население во градот, кој нападот на градот можел да го протолкува како нејзина одмаздничка акција, поради што меѓуетничките односи можеле дополнително да се влошат, поради што ангажирањето на албански партизански единици во текот на нападот, од политички аспект, било повеќе од неопходно. Во истото писмо уште се истакнува, дека по ослободувањето на Кичево, се планирал и продор во правец на превојот Буковиќ, со што оперативно-тактичката ситуација на албанските партизани во Дебар значително би се подобрила, а НОВ и ПОМ би преминала во оперативно-тактичка иницијатива.[17] Од истиот временски период, треба да се напомене и еден запленет воен дневник од некојси албански партизан раководител, во кој пишувало за соработката меѓу македонските и албанските партизани во западниот дел на Македонија, текот на преговорите со албанските националисти за заедничка борба против Вермахтот и активностите во врска со формирање на Балкански штаб.[18]

[14] Термин користен од Вермахтот за да се означат единиците на вооруженият отпор окупирани од Третиот Рајх Европа.
[15] 297. Пешадиска дивизија. BA-MA RH 26/297/106/0010-0016.
[16] Истото. BA-MA RH 26/297/105/270.
[17] Истото, BA-MA RH 26/297/105/248.
[18] Истото, BA-MA RH 26/297/105/280-282.



Распоредот на албанските партизански единици и НОВ и ПОМ, како и албанските националистички вооружени формации во западниот дел на Македонија во ноември 1943 г.

Очигледно елаборираните воено-разузнавачки податоци на Темпо биле точни, бидејќи меѓу 31 октомври и 1 ноември 1943 г., борбената група „Скоберне“,[19] засилена со 200 борци на Мефаил Шеху од с. Зајас (Кичевско), безуспешно го нападнале Дебар.[20] Скоро истовремено, НОВ и ПОМ повторно го ослободиле Кичево, при што заробиле и 18 припадници на Вермахтот,[21] кои подоцна биле предмет на безуспешна размена.[22] Поради ова, XXI планински армиски корпус, започнала да размислува за реализација на една посеопфатна воена операција за „чистење“ на западниот дел на Македонија, со тајна шифра „Еделвајс“ („Рунолист“), што било потврдено и со директивата на Адолф Хит-

[19] Во состав од 10-тина припадници на ABWHER-Trupp 214 и 300-тина албански националисти под водство на Џемаил Хасани од с. Симница (Гостиварско).
[20] 2. Оклопна армија. NARA M T 313, P 487, 001169., 2. Оклопна армија. NARA M T 313, P 484, 000761-000762.
[21] 2. Оклопна армија NARA M T 313, P 487, 001173.
[22] Владо А. Ивановски, *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944…*, 177., Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)…*, 58-64.

лер од 5 ноември 1943 г.[23] Споменатата операција била реализирана во две фази меѓу 11 ноември и 7 декември 1943 г.[24] Во текот на првата фаза, на 16 ноември 1943 г., бил запоседнат Дебар, додека во втората, била запоседната Дебарца и обезбедени патните правци меѓу Струга, Охрид, Дебар, Кичево и Гостивар. Во меѓувреме, главнината на НОВ и ПОМ,[25] по непријателскиот притисок, се пробила во Мегленско-Егејскиот дел на Македонија.[26]

Според бројот на воено-разузнавачки извештаи од месец ноември 1943 г., може да се заклучи дека во текот на воената операција „Еделвајс“, 297. Пешадиска дивизија запленлила пообемна документација на албанските партизани во Дебар, кои го разработуваат развојот на вооруженият отпор во западниот дел на Македонија и меѓусебните односи меѓу македонските и албанските партизани.

Во севкупниот извештај на воено-разузнавачкото одделение на Штабот на 297. Пешадиска дивизија за месец ноември 1943 г., акцентот е ставен на уништувањето на „бандата“ на Хаџи Леши, за што било организирано и „летачко“ воено-разузнавачко одделение на дивизијата, кое дејствувало во составот на борбената група „Улрих“ (засиленият 100. Извидувачки баталјон), која во текот на воената операција „Еделвајс“ била ставена под тактичка команда на 297. Пешадиска дивизија.[27] Во врска со истиот, се напоменува дека во просторот на Дебар била опколена и потисната силна „банда“,[28] чии делови и покрај претрпените загуби, успеале да се пробијат во правец на Мартанеш (Албанија) и с. Извор (Дебарца), каде се приклучиле кон групата на Перузев, во јачина од 800 борци.[29]

Кон истиот извештај се приложени повеќе извештаи и писма. Од оние од првата декада на месецот, треба да се напомене писмото на Темпо до Леши од 4 ноември 1943 г. во кое се зборува за формирањето на Балкански штаб, за што се очекувало да пристигне и личен претставник на Јосип Броз-Тито, за ослободувањето на Кичево, заробените припадници на Вермахтот и соработка на албанските и македонските партизани, т.е. позајмувањето на два радиотелеграфски уреди.[30] Исто така, битно е да се напоменат две наредби на ко-

[23] Група армија Ф. NARA M T 311, P 285, 0773.

[24] Во реализацијата на воената операција „Еделвајс“ во западниот дел на Македонија биле ангажирани сили во јачина од еден засилен полк на Вермахтот и повеќе албански националистички вооружени формации.

[25] Главниот штаб (ГШ) на НОВ и ПОМ; 1. Македонско-Косовска народноослободителна ударна бригада; британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ.

[26] Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)…*, 64-84.

[27] 297. Пешадиска дивизија. ВА-МА RH 26/297/106/200.

[28] Според проценките на воено-разузнавачкото одделение на Штабот на 297. Пешадиска дивизија, се работело за 1.000 борци, засилени со 100 италијански војници од 41. Пешадиска дивизија „Фиренца“, кои меѓу другото располагале и со две артилериски орудија. Истото, ВА-МА RH 26/297/106/212.

[29] Се мисли на Петар Пирузе-Мајски, тогашен командант на Втората оперативна зона на НОВ и ПОМ. Истото, ВА-МА RH 26/297/106/207-208, 212.

[30] Истото, ВА-МА RH 26/297/106/207-208, 266.

мандата на албанските партизани во Дебар -со првата, од 6 ноември 1943 г. се забранува изнесување на прехранбени и други економски добра од градот, додека со втората, од 10 ноември 1943 г. се наредува пријавување на секое парче оружје во градот, во спротивно, тоа ќе било најстрого казнето.[31] Интересно е да се напомене и едно писмо испратено до Хаџи Леши, со кое се известува, дека албанските националистички водачи Мифтар (Калоши), Хусни (Дема) и Али Малиќи, се упатиле кај Џемаил Хаса во Гостивар, кој веќе соработувал со военото разузнавање на Вермахтот во западниот дел на Македонија (ABWHER-Trupp 214), за од него да добијат дополнително оружје и воен материјал, за еднаш засекогаш да завршат со партизаните во Дебар.[32]

Од наредбата на Хаџи Леши од 12 ноември 1943 г. се дознава дека одредени партизани во Дебар, самоволно провалувале во домовите на жителите во градот и од нив одземале прехранбени продукти и други добра, што од него било најстрого забрането.[33] Исто така, било констатирано, дека поради стравот од идните борби, многу фамилии го напуштиле или се подготвувале да го напуштат градот, поради што започнало да се размислува тоа да се забрани со наредба, истовремено, партизански единици во Дебар биле предупредени да ја штедат својата муниција.[34] Во врска со истото, било побарано и дополнително вооружување, муниција и воен материјал од британската мисија што дејствувала во просторот на Пешкопеја.[35]

По запоседнувањето на Дебар од страна на борбената група Урлих на 16 ноември 1943 г.,[36] воено-разузнавачкото одделение на Штабот на 297. Пешадиска дивизија, добило појасна слика за албанските партизански единици, претходно стационирани во градот. Во врска со тоа, била изработена и графичка шема, како и еден список на партизани стационирани, кои ги презентираме како прилози на оваа статија.[37] Во еден извештај од 22 ноември 1943 г. уште се напоменува, дека тие по ослободувањето на Дебар, албанските партизани запленили и 30-тина артилериски орудија, како и повеќе минофрлачи и два борбени транспортери, кои потоа, заедно со одреден број италијански војници, под команда на Мајорот Чано, биле распоредни на одбранбените позиции во правец на Макелари и Бурел.[38]

[31] Истото, BA-MA RH 26/297/106/207-208, 292.
[32] Истото, BA-MA RH 26/297/106/207-208, 320.
[33] Истото, BA-MA RH 26/297/106/207-208, 312.
[34] Истото, BA-MA RH 26/297/106/207-208, 296, 300.
[35] Истото, BA-MA RH 26/297/106/207-208, 296, 288.
[36] За ова види повеќе: Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)…*, 70-72.
[37] Види Прилог бр. 1 и Прилог бр. 2. 297. Пешадиска дивизија. BA-MA RH 26/297/106/207-208, 296, 286, 334.
[38] Истото, BA-MA RH 26/297/106/218.

По завршувањето на воената операција „Еделвајс“, со запоседнувањето на Дебарца во почетокот на декември 1943 г.,[39] воено-разузнавачкото одделение на 297. Пешадиска дивизија, добило и појасна слика за НОВ и ПОМ во западниот дел на Македонија, при што изготвило и повеќе извештаи, кои биле препратени и до претпоставените команди, т.е. XXI планински армиски корпус и 2. Оклопна армија. Во „Извештај за состојбата на непријателот бр. 3“, за просторот патен правец Дебар-Струга, источно до албанско-бугарската демаркациона линија, од 9 декември 1943г., се наведува: „Активностите на бандите во споменатиот простор се интензивирле по италијанската капитулација (крајот на септември 1943 г.). Во почетокот се работело за мали групи, во јачина од 10-15 луѓе, кои го вознемирувале населението и реквизирале прехранбени продукти и други добра од него. Потоа, истите организациски се засилиле“… „Севкупната јачина на бандата се проценува на околу 800 луѓе, организирана во подгрупи од 30 до 100 луѓе. Етнички состав: колку што е познатот, претежно Срби, Црногорци и Македонци. Униформи: претежно британски (потврдено повеќепати), исто така, италијански униформи и цивилна облека. Вооружување: пушкомитролези, автоматски пушки, пушки и според еден извештај и од Италијанците запленети два минофрлачи и артилериски орудија, кои се наоѓале во просторот на с. Лактиње (Дебарца). Муниција: германска, италијанска, англиска и американска (Прилог 4)“…

Имињата и описот на позначајните раководители:

Тито: не е лоциран или виден, само се споменува.

Темпо: висок, црномањест, добро граден, кафеава коса, околу 30 години.

Петар Пирузе: црн, низок, тркалообразен, ќелав потстрижен, околу 30 години.

Серафим Китаноски: од с. Издиглавје, очигледно аѓутант на Пирузе.

Иво Ботораки (?): соработник на С. Китаноски, учител од с. Велмеј, жолтеникв тен, кафеава коса, глатко избричен, околу 35 години.

Ѓорчо: (Изгледа ((Петар Брајовиќ)[40] Ѓуро…).

(Киро Крстески) Платник: (Прилог бр. 5).

Мирко: фалат податоци.

Серафимко: фалат податоци.

Вања: фалат податоци.

Нове: фалат податоци.

Пецо Петцовиќ: Црногорец, околу 1.80 см висок, силен, мустаќи, брадичка, црна коса.

Концентрацијата на бандите во одредени места траело по десетина дена, а потоа биле заменувани за да се воспостават потесни врски со локалното на-

[39] За ова види повеќе: Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)…*, 74-81.

[40] Се работело за командантот на 1. Македонско-косовска народноослободителна ударна бригада Петар Брајовиќ.

селение. Освен што биле организирани ноќни стражи, вооружувањето се задолжувало наутро, а се складира навечер, за локалното население да се чувствува безбедно. Извештаи за присуство и на жени во бандите се сè почести. Нивната бројка се проценува меѓу 10 и 80. Најпрвин во цивилна облека, а потоа во британски униформи и вооружени. Очигледно се работи за претежно убави и млади девојки"… „Со продорот во од непријателот запоседнато подрачје во текот на операцијата („Еделвајс"), истиот беше прогонет од скривалиштата и прилично раздрман. Но наводно, нему ќе му успее да се пробие од нашиот обрач. По повлекувањето на германските трупи, треба да се очекува тој повторно да се појави"... Во остатокот на документот, се зборува за составот и дејствијата на британската воена мисија при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, посебно во врска со сојузничката воена помош, 50-тината припадници на италијанската војска кои влегле во составот на НОВ и ПОМ, карактерот на населението во споменатото подрачје, кое е опишано како претежно македонско-православно, стравот од албанските националистички вооружени формации, како и карактерот на бугарската пропаганда во споменатото подрачје, т.е. агитацијата дека до мир може да дојде, единствено ако тој крај се присоедини кон Царството Бугарија.[41]

Во склоп на истот извештај прикачени се и повеќе прилози, од кои во еден се презентирани воено-разузнавачки податоци за структурата и организацијата на НОВ и ПОМ во западниот дел на Македонија. Во истиот меѓу другото се напоменува:

„1. Вишото водство на I. Комунистичка бригада: командант Црногорецот Ѓуро, негов заменик Темпо (Берлински Евреин?). При нејзиниот штаб дејствува и англиска мисија, а неговото седиште се наоѓало во с. Црвена Вода (Дебарца).

„2. Два македонски баталјони: секој во јачина од 60 до 80 луѓе. Вооружување и опрема: дел британски униформи, околу 20 британски автоматски пушки, останатите вооружени со пушки. Водечки личности: (Страхил Гигов) Андреа, заменик Душан (?), политички комесар Михајло (Апостолски), заменик Танаско Стефаноски.

„3. Два српско-црногорски баталјони: јачина, една третина од нивниот состав жени. Подетални податоци фалат. Вооружување и опрема: нивното водство, британски униформи. Подетални податоци фалат. Водечки личности: (Елисије Поповски) Марко, Лазо (Хаџи Поповски ?), Елани (?)

4. Еден албански баталјон: јачина, вооружување и опрема: подетални податоци фалат. Водечки личности: Командант: Демир (Хамди Дема)?. Политички комесар: Кемал Аголи. Исто така Нецат Аголи. Во понатамошниот дел од прилогот дадени се позициите на НОВ и ПОМ во поширокиот простор на Дебарца, опишана е борбата кај с. Локов од 2 декември 1943 г., меѓу една борбена група на Вермахтот и единица на НОВ и ПОМ и се пишува за заробените припадници на Вермахтот од Кичево.[42]

[41] 297. Пешадиска дивизија. ВА-МА RH 26/297/106/230-234.

[42] Истото. 297. Пешадиска дивизија. ВА-МА RH 26/297/106/227-229.

Резиме

Од воено-разунавачката документација на 297. Пешадиска дивизија, меѓу другото, може да се сфати суштината на соработката и карактерот на македонските и албанските партизани на слободната територија во крајот на 1943 г. Албанските партизани во поширокиот простор на Дебар дејствувале автономно на македонска територија и не биле под оперативна команда на НОВ и ПОМ, но за клучните прашања соработувале со неа. Иако бројчано и организациски помоќни, поради соработката со одредени албански националистички групи, тие се соочувале со негативни дисциплински постапки, а истата таа соработка, се покажала изразито контрапродуктивно при запседнувањето на Дебар од страна на Вермахтот на 16 ноември 1943 г. Од дурга страна, иако НОВ и ПОМ во западниот дел на Македонија биле бројчано поинфериорни во однос на албанските партизански единици, меѓутоа нејзините единици биле покомпактни и подисциплинирани, што потоа придонело, тие во најголем ред да се повлечат од западниот дел на Македонија во текот на воената операција „Еделвајс“. Нивна единствена инфериорност било помалото политичко влијание меѓу албанското население, поради што соработката со албанските партизански единици била повеќе од неопходна.

Summary

From the military intelligence documentation of the 297th Infantry division, can be understand the esence of the cooperation and character of the macedonian and albanian partisans in the free territory at the end of 1943 in the western part of Macedonia. The Albanian partisans in the wider area of Debar acted autonomously and were not under the operational command of NLA and PDM, but on key issues they cooperated with it. Although numerically and organizationally stronger, due to their collaboration with certain Albanian nationalist groups, they faced negative disciplinary actions, and this same collaboration proved to be clearly counterproductive during the capture of Debar by the Wehrmacht on November 16, 1943. On the other hand, although the NLA and PDM in the western part of Macedonia were numerically inferior to the Albanian partisan units, their units were more compact and disciplined, which later contributed to their organized withdrawal from the western part of Macedonia during the military operation "Edelweiss". Their only inferiority was their lack of political influence among the Albanian population, which made cooperation with the Albanian partisan units in western part of Macedonia more than necessary.

Извори и литература:

Извори:

***Необјавени извори*:**

Bundesarchiv-Militärarchiv Freuburg im Breisgau:

297. Пешадиска дивизија:

BA-MA RH 26/297/105;

BA-MA RH 26/297/106.

The National Archives and Records Administration:

Група армии Ф:

NARA M T 311, P 285.

Група армии Е:

NARA M T 311, P 176.

2. Оклопна армија:

NARA M T 313, P 483;

NARA M T 313, P 487.

XXI планински армиски корпус:

NARA M T 314, P 661.

1.2 ***Објавени извори:***

Зборник докумената и података о народноослободилачком рату југословенских народа. том VII. књига 2. ВИИ Југословенске народне армије, Београд, 1952;

Schramm Percy Ernst, *Kriegstagebuch des Oberskommandos der Wehrmacht*. Band III/1. Bernard & Graefe Verlag, München, 1982;

Tessin Georg , Verbände und Truppen der deutschen Wehrmacht und Waffen-SS im Zweiten Weltkrieg 1939-1945. 9 Band. Biblio Verlag, Osnabrück, 1974;

Тодоровски Проф. д-р Глигор Тодоровски, Домазетовски проф. Петко, Окупацијата на Западна Македонија (1941-1944). Друштво за наука, култура и уметност „Браќа Миладиновци“-Струга, Книгоиздавателство Вишарица-Јабланица, Струга-Јабланица, 2003.

Hubatsch Walther, *Hitlers Weisungen für die Kriegführung 1939-1945*. Bernard & Graefe Verlag für Wehrwesen, Frankfurt am Main, 1962;

Литература:


Beck Dr. Alois, *Bis Staligrad (1941-1943) Albanien und Jugoslawien (1943-1945)*. 3 Auflage. Helmuth Abt, Verlag-Ulm, 1983;

Ивановски Владо А., *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944*. ИНИ, Скопје, 1973;

Митровски Боро, Окупациониот систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија. *Тетово и Тетовско во НОВ 1941-1945*. книга 2. Собрание на општина Тетово, Општински одбор на СЗБНОВ, Тетово, 1991;

Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година).* Аз-буки, СБМ-Битола, Битола, 2018.

ПРИЛОГ бр. 1



286

Vermutliche Gliederung der Kommunisten im Gebiet der Stadt Debar.

Stab

Kommandeur Haxhi Lleshi
Pol. Kommissar Islam Niazi
Btl. Kdt. Aqif Lleshi
(Btl. Cermenika ?)

Ortskommandantur
Kdt. Shaban Stazimiri

Ceta Gryke Mahde
Kdt. Muntus Kodra
Pol.Kom. Xhavit Hatibi

Stärke: 48 Mann
Muntaz Kodra
Xhavit Hatibi
Prokop Mura
Ibrahim Asllani
Ferid Bleshi
Shehat Dani
Asllan Keta
Sami Spahin
Abduraman Qazimi
Nexhat Miftari
Rakip Caka
Ramiz Apolli
Maliq Qazimi
Jsuf Uka
Hamid Hoxha
[redacted] Rifati
Xhelal Sharku
Sluka Ballabani
Mihal Mitrushi
Vasil Sakja
Elez Muka
Veli Cani
Hasan Qiolhnaku
Cen Pepa
Naum Caushi
Anastaz Gjika
Meazza Pietro
Zdrahko Martini
Sinan Alepi
Bordhyl Bocshi
Hysen Qidhnaku
Sali Cela

Angehörige des Btl. "Nazmi Rushiti" verm.zu Gryke Mahde
Osman Muca
Xhavit Pocesti
Mexhid Hyseni
Sami Kodra
Arqile Ekonomi
Xhafer Kodra
Nasuf Maqellara
Gafur Pacuku
Sabaudin Asnatari
Driz Hoxha
Ferid Karameti
Qerim Jashari
Petraq Kalemi
Iljaz Cruma
Mensur Kodra
Leonidha Heba

Ceta Gryka Vogel
Kdt. Ymer Lleshi
Po.Kom. Ahmet Jegeni

Stärke: ?

Ceta Gollobordes
umbenannt in
Ceta Ahmet Cami
Kdt. ?
Pol.Kom.?

Stärke: 38 Mann
Ahmet Cami +
Spiro Velko
Hamdi Lleshi
Prokop Murra
Idris Aliu
Murat Aliu
Hysen Allamani
Selman Balla
Esat Cami
Mahmut Cami
Uke Cami
Petro Cvetkovic
Mahmut Dani
Concordia Daranzo
Mehmet Duka
Halil Hasa
Haxhi Hoxha
Ibrahim Kasapi
Ibrahim Isci
Isuf Lika
Cen Lila
Ibrahim Lumi
Dalip Lumi
Hider Manjani
Ramiz Manjani
Shaziman Mehia
Mersin Murra
Ramiz Murra
Nexhip Mustafai
Sferrazzo Salvatore
Jovan Stefani
Bajram Toci
Zenel Uka
Abas Vargu
Hasan Vargu
Asllan Zeneli
Nexhat Muhtari
Cen Pepa
Hamit Hoxha

Grupp.v.Zerqani
umbenannt in
Bande Jasha Kola
Kdt.Sotir Agjentari

Stärke: 3 Gruppen insges.: 20 Mann

1.Gruppe
Isuf Sula
Merdan Sefa
Beqir Brata
Qamil Desha
Ali Danga
Ilan Vorfi
Ali Disha
Kalerami Angjeli
Ramis Lika

2. Gruppe
Rraman Hanku
Dalip Gurra
Ismet Sula
Sadik Keta
Destan Meta
Hasan Gjeta
Dishasho Leonardo
Barabagoli Guizepe
Gafurr Dervishi

3. Gruppe
Riza Hoxha
Benicio Angjeli


Ceta Sloves
Kdt. Faik Ndreu
Pol.Kom.
Zoj Themeli

Stärke: ?

Структура и организација на албанските партизански единици во Дебар под команда на Хаџи Леши

ПРИЛОГ бр. 2

334



Namensliste

Stabspersonal

1. Haxhi Lleshi
2. Esat Ndreu
3. Niazi Islami (Kommissar)
4. Sotir Vullkani (Fehlt)
5. Haki Stërmilli
6. Druzheja (fehlt)
7. Ahmed Jegjeni
8. Mahmut Ndreu
9. Kadri Demiri
10. Shaban Jegjeni

Bande "Ahmet Cami"

1. Gafur Korça
2. Spiro Velko (krank)
3. Hamdi Lleshi
4. Hasan Nova
5. Uke Cami
6. Ibrahim Kasapi
7. Hamdi Nasufi
8. Qamil Lika
9. Ruzhdi Himeti
10. Mehmet Hajrullahi
11. Saddi Gjuzeppe
12. Krivelli Villese
13. Maggio Guelina
14. Mehmet Domi (Urlaub)
15. Mehmet Duka
16. Ismail Kapllani
17. Ferat Mrtoni
18. Irfan Qylafku
19. Mehmet Cami
20. Esat Cami
21. Hysen Lila (Urlaub)
22. Ramiz Mura "
23. Petro Sfetkoviq "
24. Jusuf Lika "
25. Jovan Stefani "
26. Zenel Uka "
27. Sulejman Meja (Arrest)
28. Hysen Allamani (Urlaub)
29. Idriz Ali "
30. Murat Ali (Lazarett)
31. Ibrahim Leci "
32. Hidër Majeni "
33. Ramiz Majani (Urlaub)
34. Bajram Toçi (Lazarett)
35. Ibrahim Lumi "
36. Dalip Lumi (Urlaub)
37. Hazhi Hoxha "
38. Selman Balla "
39. Tamburi Mario (Friseur)
40. Londi Fuvio "
41. Shazuman Mehja
42. Bruga Arnaldo (Kasernendienst)
43. Desanti Guerino (Kas.Dienst)
44. Valeri Domeniko "
45. Serrini Shibo "

Jugend

46. Met Krifka
47. Edip Kërluku
48. Ramadan Sherifi
49. Mersin Focesta
50. Nure Vojka
51. Ramadan Trenova
52. Lutfi Daci
53. Burhan Pustina
54. Ejup Melja
55. Rexhep Rxha
56. Asâlan Sela
57. Fotont Daci
58. Qamil Sela
59. I sa Bekteshi
60. Sabri Maqellara
61. Nazif Agolli
62. Iljas Reka
63. Azmi Muça

Frauen

64. Bediha Jegjeni
65. Vera Jegjeni
66. Bidoshe Baolli
67. Ibe Palikuqi

Составот на штабот на Хаџи Леши во Дебар, Младинскиот албански баталјон и баталјонот Ахмед Чами

УДК 364-32:061.23(497.774)“1918/1938“
УДК 323.1(497.7:=163.3)“1918/1938“ **ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29**

Ивана ХАЦИЕВСКА*

ДОБРОВОЛНИ ЗДРУЖЕНИЈА ВО БИТОЛА (1918–1938): МОДЕЛИРАЊЕ НА ЛОЈАЛНИ ГРАЃАНИ ВО МЕЃУВОЕНА ЈУГОСЛАВИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО[1]

Апстракт: *Овој текст нуди преглед на клучните доброволни организации во Битола кои се одликуваат со јасна национална ориентација и државна поддршка: Соколското друштво, клубовите на Движењето за трезвеност, Народните универзитети, Здружението на резервни офицери и војници и помали организации во рамките на државно поддржаната граѓанска сфера. Ќе претставам примери за нивните активности во Битола и нејзината околина и ќе ја испитувам врската помеѓу државата, административните службеници, воените и полициските структури и членовите на буржоаската граѓанска класа кои биле активисти и учесници во организациите. Динамиката на работа на здруженијата ја прави Битола лабораторија за испитување на политиките на меѓувоена Југославија кон населението како студија на случај за национализација на периферијата.*

Клучни зборови: *Кралство Југославија, Битола, доброволни здруженија, национални идентитети, македонско прашање.*

Вовед

Во изворите за Битола од периодот меѓу двете светски војни, кога градот бил дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Кралството Југославија (во понатамошниот текст меѓувоена Југославија), доброволните здруженија се појавуваат како важен фактор во јавниот и политичкиот живот. Доброволните здруженија[1], организирани околу споделена кауза или заеднички интереси, во изворите често се наоѓаат под терминот „културни друштва“. Во 1930-тите, во Битола имало приближно 60 различни доброволни здруже-

* М-р Ивана Хациевска, магистер на историски науки, независен истражувач, е-адреса: ivana01hadjievska@gmail.com.

[1] Во овој текст се претставени резултатите од истражување во рамки на проектот MACAUTH. Проектот е финансиран од Европскиот истражувачки совет (European Research Council (ERC) - European Union's Horizon 2020 research and innovation programme, Grant Agreement No. 101077076). Проширена верзија на овој текст на англиски јазик е во фаза на публикување во научна публикација на проектот во септември 2026.

[1] Во поширокиот историографски контекст, под терминот доброволни здруженија (volonteer associations), се подразбираат граѓанските женски, спортски, социјални, професионални и хуманитарни организации, каде граѓаните се здружуваат во некоја кауза на доброволна и најчесто непрофитна основа.

нија.[2] Печатот честопати укажувал на „инфлација“ на доброволни здруженија во Битолско, а локалниот весник „Нови сјај“ се осврнал на ова прашање дури во четири броеви во 1936 и 1937 година.[3]

Прегледот на локалниот и регионалниот печат од тој период, како и прегледот на официјални државни публикации,[4] сугерира дека меѓу 1918 и 1939 година најголемото културно и политичко влијание во јавниот живот го вршеле следните организации: Соколското друштво („Сокол“ - Битољ); Движењето на трезвеноста (Покрет трезвености); Народниот универзитет (Народни универзитет); и Здружението на резервни офицери и војници (Удружење резервних официра и ратника). Изворите покажуваат дека биле активни следните организации: Кругот на српските сестри (Коло српских сестара), патриотска женска организација; Асоцијацијата на четниците (Четничко удружење); Младината на Организацијата на Југословенските националисти (Организација југословенских националиста, ОРЈУНА); Црвениот крст; Француско-југословенскиот клуб и Југословенско-чехословачка лига.

Во изворите, културните друштва и организации кои имале јасна државна поддршка, се класифицирани под категоријата „национално образование и култура“,[5] а нивните водачи и активисти се нарекуваат „национални работници“. Терминот станал распространет во јавниот дискурс кон крајот на деветнаесеттиот и првата половина на дваесеттиот век, во контекст на формирањето на модерните држави на Балканскиот Полуостров, за луѓе кои формално или неформално биле вклучени во ширењето на националната кауза на државите што ги претставувале. Во контекстот на Кралство Србија, а подоцна и во контекстот на меѓувоена Југославија, овие национални работници најчесто доаѓале од слободните професии, особено просветните работници, и биле ангажирани низ нивните професии да вршат „убедување“ на населението во нивните национални чувства. Хуманитарните и другите организации на граѓанското општество отворале соодветни простори за оваа активност. Политичкиот оддел на Министерството за надворешни работи на Кралството СХС издавал сертификати врз основа на *Законот за признавање и доделување награди за привремена служба на државни службеници кои служеле како национални работници во Стара Србија и Македонија и други делови од Кралството пред последните војни за ослободување и обединување, од 22 мај 1922 годи-*

[2] “Шта каже један пензионер о Битољским удружењама,” *Нови сјај* 3, бр. 29–31 (септември-новембри 1936), 4; “60 различних друштава постоје у Битољу,” *Нови сјај* 4, бр. 42–44 (октомври-декември 1937), 1.

[3] “Шта нам још кажу читаоци о нашим битољским удружењима,” *Нови сјај* 4, бр. 33–34 (January–February 1937), 4; “Мишљења наших читалаца и читаељки о Битољским удружењима,” *Нови сјај* 3, бр. 32 (декември 1936), 4.

[4] Атанасије Д. Младеновић, *Битољ и Околина,* Белград, 1937; *Алманах Бановина: Вардарска Бановина (у додатку Врбаска Бановина и Зетска Бановина),* s.l, 1931; Алекса Јовановић, ур., *Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије: 1937–1912,* Скопје, 1937.

[5] Јовановић, *Споменица*, 1011.

на.[6] Како што е јасно од самиот назив на законот, активностите на националните работници биле поврзани со културната и јазичната асимилација на населението во „Стара Србија и Македонија“. Силното наметнување на српскиот јазик во училиштата, заедно со промоцијата на патриотската јавна историја, укажува на мисионерска агенда, а не на интегративни политики кон „ослободените региони“. Вклучувањето на ова население во националното тело на државата по 1918 година било спроведено во голема мера со нивно вклучување во српскиот подрегионален национален идентитет - „српското племе“ во склопот на Кралството СХС. Националните работници играле клучна улога во овој процес. Од друга страна, интеграцијата на населението во државниот идентитет на меѓувоена Југославија, вршено низ државни фактори и институции, имало изразен безбедносно ориентиран карактер.

Токму во овој контекст, пејзажот на доброволните здруженија станал динамичен и вклучувал професионални здруженија, еснафски друштва, разни спортски клубови, буржоаски женски организации, културни и уметнички друштва и хуманитарни организации.[7] Дополнително, овој подем на граѓанската сцена се случувал во време кога Битола била економски опустошен град, како последица на тешките материјални и човечки загуби како резултат на војните што се воделе низ Балканот помеѓу 1912 и 1916 година. Во Првата светска војна, Битола се наоѓала во средиштето на Солунскиот фронт. Како резултат на бомбардирањето, во регионалните медиуми, градот бил наречен „Балкански

[6] Оригиналниот наслов на законот бил *Закон о признању и урачуњавању времена службе оних службеника који су радили на националним пословима у Старој Србији, Македонији и другим крајевима Краљевина пре последних ратова за ослобођење и уједињење*. За примери на национални работници активни на територијата на Битолско, види: Државен архив на Република Северна Македонија - Одделение Битола, (ДАРСМ), Збирка издвоени документи (587), 1-145/740, Потврда издадена од Политичкиот оддел, Министерство за надворешни работи, дека Даринка Крстиќ работела како национална работничка од 1889 до 1918 година, 26.3.1921 година; Петар Косовиќ, народен работник од Црна Гора, кој се преселил во Скопско од 1899 година, а потоа во Битола со цел да ја шири српската кауза. Бил директор на гимназијата „Св. Кирил и Методиј“ во Битола: “Рад и заслуге г. Петра Косовича – кандидата на земаљској листи г. Богољуб Јефтића за град Битољ и срез Битољски,” *Нови сјај* 2, бр. 13 (мај 1935), 1.

[7] Развиена културна дејност вршеле следните организации: Црковно-граѓанско певачко друштво Кајмакчалкан (основано 1926); Црковно-граѓанско пејачко друшво Мокрањац; и Пејачка група Абрашевиќ; помеѓу женското население активни биле женските корпорации: Подружница Коло српских сетсара со Женска занатска школа, Женска подружна која водела Женска занаетчиска школа; Српска мајка; Спорски клубови, Ловачко Удружење, Пчеларска задруга, планинарско друштво, Доброволна ватрогасна чета, Задруга државних службеника за набавку кредита, Ротари клуб; Хуманитарно друштво корка леб, Друштво за економска обнова на Битола; Учитељско удружење, Студентско удружење, Јавачко друштво Кнез Михајло - Коло во Битола, Спорт Клуб „Битољ“ и Спорт Клуб „Балкан“ од Битола; Лига против туберкулоза (24 март 1935); Аеро-клуб „Наша крила“. Види: Јовановић, *Споменица*, 1011; Младеновић, *Битољ*, 66.

Верден“.[8] По 1918 година,[9] Битола се нашла на јужните краеви на новата држава и доживеала депопулација.[10]

Истовремено, описот на градот, на неговата јавна сфера и доброволните здруженија, мора да започне со разбирањето на позицијата на градот на територијата на географска Македонија,[11] поточно делот од оваа територија анектиран од Кралството Србија по Балканските војни (1912–1913).[12] Националниот отпечаток на мисијата на доброволните здруженија бил директно поврзан со идеолошкото и политичкото наследство на македонското прашање, односно конкретно во овој случај, со замислата на српската, а потоа и југословенската државна елита за неговото решение.[13] Македонското прашање за нив било прашање на самоидентификација на селското население во османлиска Македонија, како и неговата класификација од перспектива на османлиските власти, која во минатото првенствено била одредена од верска припадност како христијани.[14] Со раѓањето на балканските национални држави, како и преку воспоставувањето и одржувањето на нивните економски и територијални ресурси,

[8] Според пресметките на локалните историчари, за време на 605-дневната опсада на Битола, градот бил бомбардиран со илјадници проектили од различен калибар, над 4.000 згради биле уништени или изгорени, над 800 луѓе биле убиени, а најмалку 2.000 биле ранети. На 15 март 1918 година биле изброени дури 2.210 проектили. Александар Стерјовски, *Битола: Записи за злосреќи,* Битола, 2012, 302; Александар Стерјовски, “Годините од Првата светска војна во Битола и Битолско во новооткриена автобиографија,” *Прилози* 42–43 (Битола, 1985): 147–60.

[9] Види Bernard Lory, *La ville balkanissime: Bitola, 1800–1918,* Istanbul, 2011. Оваа важна студија дава хронолошки приказ на настаните во Битола од 1800 до 1918 година, заедно со елементи од општествената историја и историјата на менталитетите и урбаниот развој на градот во рамките на југоисточна Европа.

[10] Во 1913 година Битола имала 48.370 жители, а Скопје 47.384 жители. Во периодот 1913 – 1921 година бројот на жители во Битола се намалил за 41 % и истовремено градот во голема мера ја изгубил и дотогашната етничка колоритност. Во 1921 година, во градот живееле 17.577 православни христијани (61,8 %), 7.928 муслимани (27,9 %), 2.640 Евреи (9,3 %) и помал број припадници на други конфесии. Според мајчиниот јазик 15.958 (56,1 %) биле евидентирани како Срби или Хрвати, 6.025 (21,2 %) како Турци, 1.801 (6,3 %) како Арнаути, 1.149 како Романци-Цинцари и 3.335 останати, во најголем број Евреи и Роми. Во 1931 година во градот се бележи зголемување на вкупното население на 33.024 жители. Борче Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)*, Скопје, 2017, 43, 70.

[11] Територијата на која се однесува терминот одговара на границите на Македонија утврдени во 1945 година. Никола Т. Малешевиќ, “Вардарска Македонија у време Краљевине СХС/Југославије 1918–1941. године,” *Војно дело* 1 (Белград, 2019), 256.

[12] Кралството Србија ги анектираше областите од Прибој на север, до Охрид и Дојран на југ. Види Глигор Тодоровски, *Српски извори за историјата на Македонскиот народ 1913–1917,* Скопје, 1981.

[13] Види: Mihajlo Vojvodić, “Srbija i makedonsko pitanje,” *Istorijski glasnik* 1–2 (Белград, 1992), 33–48; Македонка Митрова, *Дискурсот на српската интелектуална елита за османлиска Македонија,* Скопје, 2018; Македонка Митрева and Марија Пандевска, “‘Македонизмот’ на Стојан Новаковиќ: еден поглед кон ‘другоста’,” *Спектар* 57 (Скопје, 2011), 189–98.

[14] Повеќе за употребата на терминот „Македонци“ како етнички означител, види Nada Boškovska, *Yugoslavia and Macedonia before Tito: Between Repression and Integration,* London, 2017, 2–10.

се развиле и нивните максималистички државни идеи - идеи кои се натпреварувaа околу територијалната и политичката иднина на географска Македонија. Грчката, српската и бугарската држава развиле стратегии насочени кон влијание врз националната идентификација на населението, главно преку црковни и образовни мрежи. Следствено, влијанието на конкурентските национални пропагандни кампањи врз населението на османлиска Македонија било нарекувано „борба за душите“.[15]

Мисијата на националните работници, како што посочив погоре, била да ги обликуваат националните чувства на населението преку меката моќ на образованието, просветителството (мас-просвета) и културата. Културно-националните и образовните друштва не биле иновација на меѓувоената југословенска држава. Во контекст на српската политика во османлиска Македонија, значаен пример е Друштвото „Свети Сава“, основано во 1886 година, а подоцна поврзано со Министерството за надворешни работи како прекуграничен центар за културни и политички задачи. По Балканските војни, српските власти почнале да го всадуваат српското национално чувство кај населението, по што следеше жестока борба против влијанието на бугарската црква (Егзархијата) и образовниот систем, кои беа доминантни до 1912 година.[16] Со создавањето на новата држава во 1918 година, делот од географска Македонија што бил анектиран од српските сили бил означен како „Јужна Србија“, додека ознаката „Јужни Срби“ (Јужносрбијанци) станала синоним за Македонците на таа територија.[17]

Во периодот меѓу двете светски војни, македонскиот народ беше меѓу непризнаените нации во меѓувоената Југославија, претставувајќи уште едно

[15] Васко Гичевски, *Селото и селанството во Битолскиот санџак 1878–1912,* Скопје, 2024, 73–83.

[16] Историчарката Нада Бошовска анализира писмо до службениците на Друштвото „Свети Сава“ од Живојин (Жика) Лазиќ, раководител на Одделот за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи. Тој барал да се осмислат други видови мерки: „Раководителот на Одделот за безбедност беше убеден дека целта треба да биде повторно обединување на Македонија со Србија на таков начин што стотиците години „одвојување“ повеќе нема да можат да се чувствуваат. Мораше да се обрне големо внимание на „Стара Србија“ и Македонија - од економска, културна и национална гледна точка - особено на Македонија, болната и заразена страна од нашето национално тело“. (Boškovska, *Yugoslavia and Macedonia*, 35*, passim* Климент Џамбазовски, “Два документа за проучувањето на националниот развиток на македонскиот народ меѓу двете светски војни,” *Историја* 9, бр. 2 (Скопје, 1973), 284–85). Писмото е датирано на 15 август 1923 година.

[17] Инсистирањето на термините Јужна Србија во административна смисла, започнува по 1918 година, како противтежа на групирањето под терминот „Македонија“ и најинтезнивно се користи во периодт до 1929 година, кога е заменет со Вардарска Бановина. Во изворите се среќаваат и следните термини: „Стара Србија“, „класичен Југ“, Југ“, „Повардарие“ („Povardarje“), поретко и „нови краеви“ („novih krajeva“), „обединети српски земји“. Види Vladan Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918–1929: Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS,* Белград, 2002, 7–8; Boškovska, *Yugoslavia and Macedonia*, 2.

отворено политичко прашање во сложената државна слика.[18] Во исто време, српските политики за национализација продолжиле, водени од стравувањата дека локалното население е „несигурен елемент“ и „маса која нема смисла за административни должности“.[19] Големото присуство на воен апарат и жандармерија, заедно со посебни административни политики што се спроведувале на територијата,[20] имало за цел да ги контролира и управува безбедносните проблематики што произлегувале од многуте економски, национални и политички тензии. Во меѓувреме, културните и просветните национални работници продолжиле да бидат меката сила во процесот, со цел да обезбедат фундаментална идеолошка согласност за националната политика на државата.

***

По претставувањето на историскиот контекст, може да се каже дека, прво, Битола, град со историска слава од османлискиот период, влегол во новата југословенска држава како град опустошен од војните од 1912 до 1918 година; второ, во 1920-тите и 1930-тите, во градот се развила богата граѓанска сфера со експлицитен национален белег; и трето, доброволните здруженија биле јавни предводници во напорите на државата и политичките елити населението да се идентификува како српско. Оваа позиција, во историографска смисла, ја прави Битола лабораторија за испитување на политиките на меѓувоена Југославија кон населението како студија на случај за национализација на периферијата. Фокусирањето на локалната реалност овозможува перспектива што оди подалеку од поширокатa, комплексна историја на меѓувоена Југославија. Постапката може да обезбеди и вернакуларна рамка и на тој начин, да ги специфицира политиките и динамиката на односите меѓу централната држава и локалните елити и граѓани.

Дополнително, испитувањето на овие процеси преку локален фокус, наспроти пристапот *од горе-надолу*, ми овозможува да ја испитам мојата теза

[18] Југословенската нација се состоела од три „племиња“: Србите, Хрватите и Словенците. Меѓусебното дејствување помеѓу овие етнонационални идентитети и интегралниот југословенски идентитет е добро објаснето од Питер Трохт: идејата за сеопфатен југословенски колективен идентитет била генерално прифатена, а српските, хрватските и словенечките особености останаа одржливи мобилизирачки фактори и во политичката и во културната сфера, на национално и регионално ниво. Другите колективни идентитети во рамките на сеопфатното југословенско единство, како што се босанските муслимани, Црногорците или Македонците, не беа признати и не беа земени предвид во политиките за градење на нацијата на југословенските власти. Види Pieter Troch, “Between Tribes and Nation: The Definition of Yugoslav National Identity in Interwar Yugoslav Elementary School Curricula,” *Südost-Forschungen* 69–70 (2010–2011): 152.

[19] Jovanović, *Jugoslovenska država,* 30, 32, *passim* Милорад Екмечић, *Ратни циљеви Бугарске и Централних сила 1914–1918,* Белград, 1985, 315–16.

[20] ДАРСМ, Одд. Битола, Збирка издвоени документи (587), 1-59/415–416, I„Упутства за службени рад и понашања чиновника у Јужној Србији“, бр. 7096, 12 септември 1918 године, Крф, Стојан М. Протић, Заступник Министра Унутрашњих дела; Исто., 1-153/756, „Наредба до парохиските свештеници за давање национални имиња на новородените деца, Архиерејски намесник Битољски“, бр. 2637, 22 октомври 1938.

за граѓанската сфера како нов простор за спроведување на државните политики. Во овој простор, државата успеа да ги надмине недостатоците низ постарите сфери на дејствување: влијанието на црквата и училишната мрежа. Во време кога постарите стратегии за национално влијание се покажувале како неефикасни, модерната држава го реализирала политичкиот потенцијал на идеолошката согласност низ локалните граѓански елити, односно низ нивната способност да изградат морален бедем против идеи и процеси што би можеле да имаат штетно влијание врз југословенскиот унитаризам и патриотски дух.

Добар пример за неуспешна програма за национализација е случајот со Филозофскиот факултет во Скопје. Тој бил основан со кралски декрет во 1920 година, како автономна институција во рамките на Универзитетот во Белград, задолжена за „културно-образовната мисија во Јужна Србија“. Но, дури и пред институцијата да ја заокружи својата прва деценија, се појавиле предизвици во реализацијата на нејзината национална мисија. Комбинацијата од слаби академски стандарди, несоодветно централно финансирање и подемот на комунистичките и тајните патриотски студентски организации меѓу македонските студенти, довело до повици од страна на елитите до владата да го затвори факултетот.[21]

Последица од екстензијата на државата низ делувањето на доброволните здруженија, што е фокусот на овој текст, беше создавањето идеолошки образец за *посакуваниот, добриот граѓанин*: *морален, здрав национален елемент* во националното ткиво, *доверлив* и лојален. Во исто време, оваа рамка ни овозможува да идентификуваме кои биле *непожелните граѓани*, *дегенерираните елементи* во националното ткиво, *нелојалните граѓани* кои претставувале *национална опасност* и закана по безбедноста.

1. Моделирање на добриот граѓанин

Три руптури ја одредувале позицијата на градот Битола во меѓувоена Југославија. Прво, како резултат на Балканските војни (1912–1913), неговите економски врски со Солун, кои биле извор на регионалната стабилност и локалниот развој, конечно биле прекинати. Овој развој претставувал крај на „златното доба“ што градот го доживеал за време на Османлиската империја, кога бил трговски, политички и воен центар за Македонија, Албанија, Тесалија и Епир. Второ, Битката кај Кајмакчалан во Првата светска војна ја ставила Битола на мапата на српскиот национален симболичен капитал. На врвовите на планината Ниџе во 1916 година, се судриле српските и бугарските војски, при што првите извојувале тактичка победа. Во повоените национални дискурси оваа победа на српската војска се сметала за „точка на одбрана на српските

[21] Види Borče Ilievski, “History,” *Faculty of Philosophy in Skopje 1920–2020*, ed. Ratko Duev (Skopje, 2020), 45–97. Види и: Владан Јовановић, “Просвета – најбржи творац нације’: Филозофски факултет у Скопљу 1920–1941,” *Токови историје* 2 (Белград, 2011): 23–41.

земји“, а Кајмакчалан бил означен како „порта на слободата“.[22] И трето, економската криза што го погодила градот по Првата светска војна продолжила длабоко во 1930-тите, со што се зацврстила неговата периферна позиција.[23] Во новата држава, Скопје стана нов административен центар за јужните региони.[24] Западните патеписци, како и локалните државни билтени, исто така, ги документирале овие услови.[25] Освен реалноста за економското уништување на градот, во медиумите и во општото ментално мапирање на меѓувоената Југославија преовладуваше друга слика за Битола: национално-романтичната слика за Битола како културен центар на југот. Фрази како „Јужна Србија - лулка на српскиот дух“, „лулка на националната духовна култура“, „Кајмакчалан, нашето национално светилиште“ и „место на жртвување за ослободување и обединување на Југославија“ беа истакнати во извештаите во печатот за градот.[26] Доброволните здруженија се појавуваат како предводници на оваа нарација, преку нивните хуманитарни и образовни активности со јасен национален предзнак. Експлицитен пример може да се најде во активностите на Кругот на српските сестри (понатаму КСС), кои биле активни во Македонија од 1903 година. Во нивниот официјален печатен орган, „Календар Вардар“, доминира дискурсот за национална романтизација на Македонија:

[22] Пример: „Гордеј се, Јужна Србијо, ти која си колевка на српската државе“, во “Петровданско ходочашче на Кајмакчалан Неколико хиљада ходочасника поклонило се сенкама изгинулих ратника,” *Битољске новине,* 16.07.1938, 1–2; “Херојски часови кога Битола беше бедем на нашата херојска војска и заедно со Кајмакчалан, стоеше како симбол на истрајност и жртва за ослободување и обединета Југославија.” Mirko Pibrovec, “Битољ живи,” *Нови сјај* 3, бр. 28 (август 1936), 2; Младеновић, *Битољ*, 7.

[23] “Во првите години по Втората светска војна, граѓаните на Битола се бореле со огромни тешкотии за да го поправат она што го уништила војната. Општинската администрација особено имала тешкотии да ја среди својата финансиска состојба и да ги задоволи потребите на граѓаните во обем што се очекувал од неа. “Наши градови и села. Битољ и околина (свршетак),” *Самоуправни гласник*, 5.08.1929, 1; „Сериозно погодена од близината на границата со Грција и Албанија, погодена од општата економска криза што го притиска целиот свет денес, Битолчани живеат од денес до утре, страдајќи од силна болка. Беа исцрпени и исцрпени, нивната животна сила се исцрпуваше“ (Велибор З. Јовановић, “Слике из Битоља,” *Јужна стража*, бр. 9–10 (1933), 17).

[24] Види Vladan Jovanović, “Društveni okvir urbanizacije Skoplja 1918–1930,” *Godišnjak za društvenu istoriju*. 1–3 (Belgrad, 2002): 99–122.

[25] Пример: „Битола се наоѓа во јужниот крај на нашата земја. Многу добро позната од Првата светска војна, домаќин на најголемиот театар на војување - од кој најмногу страдаше - постепено се опоравува и се стреми да го достигне нивото од минатото... Битола сега е центар на целиот Битолски округ, кој се протега источно од бугарската граница, потоа на југ покрај Грција и стигнува на запад сè до албанската граница... За време на турското владеење, покрај трговијата, Битола била најголемиот политички и воен центар за цела Македонија, Албанија, Тесалија и Епир. Тоа бил пашалак со војска од околу 100.000 војници. Најважниот дел од Младотурската револуција од 1908 година се случил во Битола... Сега Битола е поврзана со железницата „Вардар“ со тесен колосек од 0,60 м преку Прилеп и Градски и со широк колосек преку Солун.“ Петровиќ, “Наши градови и села,” 1.

[26] Младеновић, *Битољ*, 3–7.

Во Стара Србија и Македонија, луѓето ни оддалеку не ги почувствувале придобивките од модерната култура, ниту пак досега биле во можност да ги разберат придобивките од слободата. Луѓето таму живееле во вечен страв од пиштоли и ножеви. Владееле беда и неволја, затоа и душата на луѓето таму е депресивна и преовладува некој притаен гнев. Секој што не видел намачени Македонки, што не ја поминал ноќта во македонските села, што не ја допрел душата на измачен селанец, не може да разбере што му направиле Турците на еден бистар и вреден народ... И затоа сите ние се чувствуваме вознемирени кога гледаме дека има луѓе во светот кои дури и тагуваат за незнаењето и темнината на империјата.[27]

Организациите честопати делувале како покровители и иницијатори на активности за одбележување на историски личности и настани. Свеченото поклоничко искачување на Кајмакчалан, основано во Битола во 1928 година од страна на српскиот митрополит Јосиф, се одржувало секоја година на празникот Свети Петар. Настанот добивал финансиска поддршка и од локалната и од централната власт, а организацијата домаќин, која обезбедувала годишно покровителство, била или Здружението на резервни офицери и војници или Соколското друштвото.[28]

Покрај тоа, изворите што го документираат јавниот живот откриваат дека водачите на овие организации биле тесно поврзани со општинската и централната власт, држејќи влијателни позиции во институции поврзани со безбедноста, образованието и културата. Илустративен пример се појавува во локалниот весник „Нови сјај“ од 1935 година, кој ја опишува церемонијата по повод отворањето на училиштето „Вук Караџиќ“ во Битола:

Деновиве, на многу свечен начин, во присуство на претставник на Банот на Вардарската бановина, а со учество на голем број граѓани и многу претставници на релевантни културни и хуманитарни друштва, како и претставници на воените власти, беше извршено осветувањето на новата училишна зграда „Вук Караџиќ“ на улицата Солунска (...) Пригоден говор одржа училишниот директор за градот Битола, г-н Јован Ничота (...): Ние, воспитувачите на народната младина, како и нашите ветерани во наставата, секојдневно ќе ги воспитуваме нашите млади со посветеност и ревност: да го сакаат својот Крал, својот народ и својата земја, колку што е можно повеќе. Тоа се идеалите на нашето национално единство.[29]

Понатаму, истиот извор укажува дека Соколската младина била задолжена за дел од програмата. Специјални гости биле Јован Продановиќ, прет-

[27] *Вардар Календар за просту годину 1913,* Београд, 1912, 45.
[28] Деталите за комеморацијата се разработени подолу во “1.1 Битолското соколско друштво”.
[29] Вукоман Ц. Вукмановић, “Једна ретка и врло лепа свечаност у Битољу: Освечења нове школске зграде ‘Вук Караџич’,” *Нови сјај* 2, бр. 20 (декември 1935), 4.

ставник на Банската управа; ген. Ѓорѓе Арангеловиќ, командант на дивизијата на Битола; бригаден генерал Илија Димитријевиќ; членови на духовниот суд на Српската православна црква во Битола; Петар Љешњаревиќ, инспектор за образование и директор на градската гимназија; Атина Лешњеревиќ, претседателка на Кругот на српските сестри во Битола, Драгиќ Пауновиќ, претседател на општината; претставници на општинската администрација; сенаторот Воислав Протиќ; и уште неколку претставници на полицијата и војската. Имињата споменати во написот се појавуваат и во други извори што се однесуваат на активностите на влијателните организации и културните настани во градот и ќе бидат претставени подолу во текстот. Се чини дека доброволните здруженија, локалните медиуми и административните службеници лојални на државата, создале нов простор за артикулација на државната национална политика.

Финансиски индикатор за покровителството на организациите опишани погоре е присуството на посебна буџетска ставка во расходите на Општина Битола што се однесува на „Хуманитарни и патриотски цели“. Средствата биле наменети за хуманитарна помош, но и за поддршка на патриотските друштва и националната култура. Во годишните извештаи на општината, средствата издвоени за оваа буџетска ставка се зголемувале од година во година: во 1924 година тие изнесувале 4.300 динари, а во 1928 година се зголемиле на 20.000 динари.[30]

Рецентните студии покажуваат,[31] дека и покрај нивната невладина природа и непрофитна ориентација, доброволните здруженија одржувале многу поблиски врски со државата. Во меѓувоена Југославија, овие здруженија одржувале континуиран однос со државните власти и нивниот локален апарат. Овој однос имал неколку карактеристики: здруженијата под државно покровителство станувале носители на национален симболичен капитал; постоела финансиска помош од државата и политичко покровителство од центрите на моќ; поради нивната улога во хуманитарните и образовните програми, тие станувале и квази-државни институции за социјална контрола, преку нивните врски со бирократскиот апарат; доброволните здруженија биле и дополнителна алатка во суспензијата на демократскиот систем, бидејќи тие обезбедувале по-

[30] Според објавените податоци за расходите на општинската каса, најголем дел од средствата се зголемиле во секторот за образование (во периодот 1924-1928 година, биле вложени годишно во просек 433,283 динари (што, како што се наведува понатаму во изворот, било пракса во сите општини на југот). Понатаму од табеларните прилози за приходите и расходите на градот дознаваме дека во Расходите за општината имало и дел за Хумани и патриотски цели, за кој бројките изнесувале: 1924 година - 4.300 динари, 1925 - 3.000, 1926 - 9.000, 1927 - 11.000 и 1928 - 20.000; за прослави и паради: 1924 година - 12.252 динари, 1925 - 10.000, 1926 - 7.521, 1927 - 7.443, 1928 - 9.440. (“Наши градови и села: Битољ и околина (свршетак),” *Самоуправни гласник,* 5.08.1929, 1.)

[31] Giomi and Petrungaro, “Voluntary Associations in Yugoslavia”; Pieter Troch, “Interwar Yugoslav State-building and the Changing Social Position of the Sokol Gymnastics Movement,” *European Review of History/Revue Européenne d’histoire* 26, no. 1 (2019): 60–83.

веќекратни патишта за идеолошко влијание и дисциплинирање на граѓанското однесување, честопати работејќи во тесна врска со воено-полицискиот апарат.[32] Како што забележал Питер Трох (Pieter Troch), „социјалната позиција на Соколското движење се трансформирало од доброволно здружение кое може да посредува помеѓу државата и општеството во ексклузивен маркер на лојалност кон нацијата и државата“.[33] Овие карактеристики на организациската активност може да се забележат и на локално ниво во Битола.

1.1 Битолското соколско друштво

Од 1920 до 1940 година, Соколското друштво се појавило како влијателен двигател во два аспекта од јавниот културен живот во Битола, покрај неговата основна гимнастичко-спортска мисија. Дополнителна причина била упатувањето на младите „на вистинскиот национален пат“ и организирањето комеморации и културни настани за време на националните празници. Друштвото изградило импозантен објект, Соколана, или Дом на Соколското друштво, која била простор и за собири и настани на други организации и институции. Соколското друштво привлекувало не само млади луѓе, туку и поединци од слободните професии и граѓани со повисок економски и општествен статус. Претставници на воено-полицискиот апарат најчесто биле старешини во Друштвото.[34]

Соколското движење се родило во Прага, во средината на деветнаесеттиот век, во контекст на градењето на чешката нација. Било основано на идејата дека преку спортска дисциплина и јакнење на телото, и духот на луѓето (народот!) може да се зајакне и образова. Соколското движење се проширило во речиси секоја земја што минувала низ национална преродба за време на распаѓањето на Австроунгарската империја. Во меѓувоена Југославија, иницијална каписла за формирање на Соколските друштва[35] била промоцијата на националната идеја за Југословенство. Тие биле замислени како сила што ќе го одржи интегритетот на југословенскиот идентитет и лојалноста кон државата.

[32] Според авторите на неодамнешна студија за положбата на доброволните здруженија во меѓувоената Југославија, социјалната помош во меѓувоениот период постојано се потпирала на ангажирањето на доброволните здруженија, со што се замаглувала границата помеѓу приватното и јавното во оваа област: „Затоа, доброволните здруженија, се чини, во овие години станаа институционализирана форма на комуникација, интеракција и медијација помеѓу државните власти и одредени групи граѓани, некако надминувајќи го либерално-демократскиот систем и обезбедувајќи дополнителна алатка за југословенскиот проект за градење држава и нација“. Giomi and Petrungaro, “Voluntary Associations in Yugoslavia,” 7.

[33] Troch, “Interwar Yugoslav State-building,” 60.

[34] За споредбени податоци за државата, членството и водачите на Соколите во градовите на Вардарска Македонија, види *Годишњи извештај Соколске жупе Скопље у току радне 1935 године, Скопје,* 1936; *Годишњи извештај Соколске жупе Скопље у току радне 1936 и 1937 године,* Скопје, 1938.

[35] Во 1920 година, централизирани како Југословенски соколски сојуз (Југословенски Соколски Савез); во 1929 година името се променило во Сокол на Кралството Југославија (Соко Краљевине Југославије). Сепак, децентрализирачките сили во движењето Сокол се случија во Хрватска во 1920-тите како резултат на регионалните политички борби.

Воедно, би служеле како пречка за ширењето на комунизмот и изразите на непризнаените етнонационални идентитети[36] како и монархиските напори кон идејата за интегрален југословенски идентитет.

Соколските друштва се сметале себеси за секуларни и граѓански едукатори на младите, кои биле нивна главна целна група.[37] Според историчарот Воислав Кушевски, југословенската држава ги користела Соколските друштва за да го одвлече вниманието на македонските млади од радикалните политички идеи и како инструменти за денационализација и асимилација.[38] Локалните идеолози на Соколското движење го сметале неговото продирање во Јужна Србија како национална мисија:

> *Денес, во обединетата и слободна земја како што е нашата татковина, треба да се направи сè за да се подигне и развие Јужна Србија на секој начин, за да може да го достигне нивото на останатите региони кои живеат во слобода. Оваа задача најдобро може да се изврши низ работата на нашето Друштво: благодарение на физичко, духовно, морално и национално водство.*[39]

Соколското движење имало своја предисторија на територијата на Македонија. Првото соколско друштво, „Душан Силни“, било основано во Скопје во 1909 година. Според Владан Јовановиќ, „иако движењето имало корени во Централна Европа и било пансловенско по природа, во Македонија, преку српската политика кон населението, тоа добило форма на врска со средновековна Србија и цар Душан“.[40] Во 1920-тите, Скопје станало центар за ширење на соколското движење, и тоа главно во училишните средини. Во 1925 година, сите соколски училишни клубови се споиле во Соколската матица. Во 1927 година, друштвото во Скопје имало околу 5.000 членови и била изградена Соколана.[41] Ширењето на соколските друштва било обележано со значително присуство на воен персонал и офицерски кадри: резервните и активните офицери често служеле како инструктори за стрелаштво. Членовите добивале и привилегии: најуспешните стрелци биле наградувани со воени одликувања, ослободувани од

[36] За повеќе информации за политичките и идеолошките манифестации на движењето Сокол, видете Vladan Z. Jovanović, “Consolidation of Common Identity: The Sokol Movement in Interwar Yugoslavia,” *Balkanistic Forum,* no. 2 (Sofia, 2013): 44–55.

[37] Заради ваквото одржување на соколската стратегија од страна на државата за интеграција на населението во југословенската идеја, веќе кон 1930-те години, Милан Стојадиновиќ сметал дека соколството станало „бирократизирана државна структура“, Јовановиќ, „Физичка култура,“ 182.

[38] Војислав Кушевски, „Преглед на појавата и развитокот на соколското движење во Вардарска Македонија“, *Прилози за развојот на физичката култура во Македонија*, Скопје 1975, 51-55.

[39] Миливој Павловиќ, *Соколски требник,* Скопје, 1931, 7.

[40] Јовановиќ, “Физичка култура,” 180.

[41] Види: Владан Јовановиќ, „Неговање декретираног памћења: Националне прославе и јубилеји у Вардарској бановини,“ *Токови историје* 3 (Београд, 2013): 118; Види и: М.Ф. Јовановиќ, *Соколство у Јужној Србији од ослобођења до данас, Јужна Србија,* Београд, 1937, 75–76.

плаќање за патување со воз, добивале даночни олеснувања и уживале скратена воена служба.[42]

Во Битола, Соколското друштво било основано во 1920 година, а со активна работа започнало една година подоцна. Во раните 1930-ти години, неговата културна и национална активност се интензивирала, обележана со јавни настани од образовен и културно-пропаганден карактер, како што се академии и предавања од областа на историјата, идеологијата на соколското движење, јавното здравство и комеморативни настани.[43] Во Битолскиот округ имало осум соколски селски чети, кои работеле меѓу селското население.[44] Во своите официјални публикации, друштвото нагласувало дека неговата примарна цел во селата не е гимнастика, туку основната „образовна мисија“ е обезбедување соодветно водство за младината:

> *За да се подготви за поуспешна работа, Друштвото повремено одржува курсеви за обука за соколците-активисти. Посебно внимание се посветува на подготовката на активистите за работа на село. Нашето Друштво не оди на село заради гимнастиката, која веќе е дел од селскиот живот, туку за просветлување, кое не е претставено во потребната мера. Потребно е да се развива чувство за организираност, дисциплина и заедничка работа. Борбата против неписменоста, безделништвото и другите зла, поучувањето за подобар живот - тоа се задачите на селските чети.*[45]

Водечките позиции на друштвото во Битолско ги држеле службеници во локалната општинска и воена администрација, како и лица чија професионална или јавна функција била означена како „национален работник“. Иницијатор за формирање на друштвото во Битола бил Адолф Бартипан, чешки наставник по физичко образование, а меѓу основачите бил и пензионираниот воен функционер и претседател на општината, Драгиќ Пауновиќ.[46] Според документ од 1933 година, повеќето од 20-те членови на одборот на градското друштво „Сокол“ потекнувале од редовите на слободните професии - образование,

---

[42] Јовановић, „Физичка култура,“ 181.

[43] Во 1933 година во Битола имало околу 300 членови, а наредната година бројката се искачила на 884 (“Рад Соколског друштва,” *Нови сјај* 2, no. 9 (јануари 1935), 4). Во 1935 година, во Битола биле организирани 45 јавни говори и предавања, кои ги слушале 4.582 граѓани. *Извештај на Соколске жупе за 1935 године,* Skopje, 1936; и *Извештај на Соколске жупе за 1936–1937 године,* Skopje, 1938.

[44] Во селата: Велушина, Бистрица, Ротино, Српци, Могила, Ѓавато, Лопатица и Буково.

[45] Младеновић, *Битољ*, 66.

[46] „Во Битола, каде што културниот и општествениот живот во последно време е во подем, доживеаја уште една новина: основањето на Соколско друштво. Преку силната иницијатива на Адолф Бартипан, професор по гимнастика во гимназијата „Св. Кирил и Методиј“, беше основан Варошки Соко [Градски Сокол, ИХ], на чело со Душан Пешиќ, генерал на дивизијата, како староста (претседател) и Драгиќ Пауновиќ, претседател на Општината Битолчани, како потпретседател. “Са седнице Соколске,” *Развитак Независан друштвено-политички лист Орган Битољског омладинског клуба,*14 .11.1920, 3.

здравство и државна служба.[47] Меѓу службениците беа д-р Продром Папа Симеон, *starosta* (старешина на друштвото); просветниот работник Мирко Штајнфел (заменик претседател), Атанасије Младеновиќ (благајник и офицер за селските чети), полицаецот Владимир Симиќ (секретар) и Јармила Симичка (раководител на женскиот оддел).[48]

Врските со општината, институциите и државата се одразуваат и во финансиската работа на друштвото. Буџетот на друштвото во 1934 година изнесувал 26.658 динари. Имено, еден од изворите на приход била „помош од општината“, во вкупен износ од 5.000 динари. Значителен дел од приходите на друштвото доаѓале од членарини, како и од одобрени заеми од централната организација (Соко Југославије) во Белград, за изградба на импозантната Соколана во Битолско.[49] Изградбата на Соколана, која чинеше еден милион динари, започна во 1932 година и беше завршена две години подоцна.[50] Соколана била величествена архитектонска зграда, која содржела теретана, канцеларии и библиотека. Соколското друштво често се споменува во записниците од Градското поглаварство,[51]кои откриваат дека општината обезбедувала јавен простор и финансирање за настаните на друштвото[52] и ја олеснувала понатамошна соработка.

Во 1936 година, Соколското друштво било домаќин на поклоничкото искачување на Кајмакчалан. Медиумските написи за овој настан се свечени и обоени со патос:

> *Петровден во 1936 година обележување дваесетгодишнина од падот на Кајмакчалан. (...) Домаќин во 1936 година беше Соколското друштво од Битола. Соколите, денес, ја прославија петнаесетгодишнината од нивната радосна активност во Битолско. Во рамките на ова чествување, по свечената панихида и сечењето на славскиот колач, старешините на друштвото запалија свеќа во капелата на Кајмакчалан, од нејзиниот пламен беше запален свечениот факел што го носеа членови на селската чета Соколи во Битолско (...) Пред [Соколаната], претставници на властите, друштвото и институциите, како и бројни гра-*

[47] ДАРСМ, Одд. Битола, Соколско друштво – Битола (941), 1-22.63, Покана за редовен состанок на Управниот одбор на друштвото „Сокол“ во Битолско 3.11.1933.
[48] “Рад соколског друштва,” *Нови сјај,* 4.
[49] Исто, 1-23.64, „Годишен буџет за приходите и расходите на Соколското друштво во Битолско за 1934 година“.
[50] Исто, 1-20.58-62, „Потврда за заем од 60.000 динари добиен од југословенскиот „Сокол“ во Белград, за финализирање на „Соколана“ во Битолско. Заемот е бескаматен, со рок на отплата од 15 години. 22.02.1934“.
[51] ДАРСМ, Одд. Битола, Фонд Градско поглаварство Битола (1), 2.1.18-3 (кн. 18) „3. Издавање под закуп на општинско земјиште на соколското друштво“, 23.08.1928.
[52] Исто., 2.1.15 „Одлука за издвојување средства за дочек на Соколското друштво“, 11.6.1924; Ibid., 2.1.40, „Издавање под закуп на општинско земјиште на соколското друштво“; Ibid., 2.1.40, „Отстапување на земјиште со соколско друштво“, 2.4.1934.

ѓани, го чекаа овој свет оган. Беа запалени свеќи и се одржа панихида за сите што паднаа за националното постоење на нашиот народ.[53]

Овие манифестации обично биле координирани меѓу Соколите, локалните високи воени функционери и локалната самоуправа. За време на прославата на Духовден, битолските Соколи организирале церемонија со јавен час по гимнастика на кој присуствувале илјада луѓе. Меѓу присутните бил и командантот на дивизискиот воен округ, генерал Ѓорѓе Поповиќ, придружуван од други генерали, додека војниците од 46-от полк учествувале во вежбата.[54] Всушност, се развивал екосистем на организации, поврзани со заеднички идеолошки основи што ја олеснувал меѓусебната соработка. Настаните што ги организираат јавно се мешавина од религиозни ритуали, политички пораки за лојалност кон државата и силни изрази на српската историја и култура во јавната сфера.

Во вестите поврзани со одбележувањето на патриотски (историски) настани, друга организација која се истакнувала со активности била битолската филијала на Здружението на резервни офицери и војници. Во 1938 година, тие биле домаќин на комеморацијата, издавајќи над илјада сертификати на учесниците кои патувале од цела Југославија.[55] Во координација со државните власти, бил организиран превоз со автомобили за граѓаните што присуствувале на настанот, а Министерството за транспорт одобрило посебна концесија со која им се дозволувало на сите учесници што ги исполнуваат условите, да патуваат до Битола со воз за една четвртина од стандардната цена на билетот.[56] Радмило Вујевиќ, претседателот на друштвото (и пензиониран бан), го започнал својот говор со зборовите: „Кајмакчалан, нашето национално свето место, гробницата на елитни херои кои се бореа за нашето национално обединување и ослободување... Јужна Србија е горда! Каква лулка си, српска државо.“[57]

Забележливо е дека организациите од областа на спортот и физичката култура го олеснувале вмрежувањето меѓу граѓаните и воениот персонал. Локален пример е Стрелачкото друштво „Вук Мандушиќ“ од Битол (Стрељачки савез „Вук Мандушиќ“ – Битољ). Списокот на членови на организацијата открива не само информации за нејзиното раководство, туку и за класната и про-

[53] Младеновић, *Битољ*, 66–68.

[54] “О Духовима Соколи су приредили врло успеле свечаности,” *Битољске новине,*19.06.1938, 2.

[55] “Припреме за овогодишње ходочашче завршене су,” *Битољске новине,* 9.07.1938, 2.

[56] „Огранокот на Здружението на резервни офицери и војници ја презеде светата должност да оди на поклонение на Кајмакчалан секоја година на Петровден... Министерот за транспорт... одобри сите учесници на поклонението на Кајмакчалан да имаат право да патуваат со државните железници по четвртина од цената... [и] организираше автобуски и автомобилски превоз од Битол до Кајмакчалан, на надморска височина од 2.525 м. (70 км).“ (“Овогодише ходочашче на Кајмакчалан,” *Битољске новине,* 19.06.1938, 3). Види и: “Бурна скупштина Удружења резервних официра и ратника,” *Битољске новине,* 9.06.1938, 2–3.

[57] „Петровданско ходочашче на Кајмакчалан: Неколико хиљада ходочасника поклонило се сенкама изгинулих ратника,“ *Битољске новине,*16.07.1938, 1.

фесионалната позадина на нејзината поширока база. Претседател на друштвото бил Василије С. Зориќ, виш капетан на пешадијата, а Будимир Н. Борисављевиќ, пензиониран бан, бил уште една влијателна личност. Вкупно 68 лица од Битола и нејзината околина биле запишани како членови. Повеќето доаѓале од слободните професии и биле вработени во државните институции. Службениците во полицијата, судовите, општинската администрација и другите државни органи биле особено истакнати, заедно со неколку мали бизнисмени за кои членството веројатно нудело можности за негување врски со полициски и воени службеници.[58] Многу од друштвата одржувале состаноци во Соколаната, која станала еден вид културен центар за локалните елити.

1.2 Сојузот на трезвената младина во Битола

Движењето на трезвеноста било социјално движење кое се залагало за колективно здравје и социјална хигиена во заедниците, преку апстиненција од алкохол, дрога и генерално преку промоција, на трезвен начин на живот и конзервативен поглед на светот. На територијата на Македонија движењето за воздржаност почнало да се шири уште во османлискиот период во 1909–1910 година. По Првата светска војна, кружоците за тезвеност постоеле главно во православните богословски училишта, муслиманските медреси и како младински секции низ световните образовни институции; „кругови"/кружоци за трезвеност (коло) биле формирани и во рамките на други поголеми здруженија. На пример, друштвото „Соколи" во 1937 година имало девет такви кружоци. Главните задачи на кружоците биле промовирање на социјална хигиена и едукација на младите во духот на трезвеноста преку всадување здрави навики. Оваа организација одржувала тесна соработка и со официјалните институции: Општината на градот Скопје преку својот здравствен оддел и Хигиенскиот институт го поддржувале ширењето на организацијата меѓу младите.[59]

Основната идеологија на Движењето на трезвеноста се темелела на идејата за „социјална хигиена против социјални болести" и идеите за „чист и здрав народ" како основа за силна нација. Според локалните водачи на движењето, само „здрав народ" би можел да создаде силна држава и да се справи со предизвиците на модерното време. Во идеолошка смисла, кружоците на трезвеноста претставувале идеолошки бедем против комунизмот во урбаните средини[60] и ја зајакнувале културната структура на буржоазијата преку воспоставување и јавна промоција на нејзините претставници.

---

[58] ДАРСМ, Одд. Битола, Фонд Стрелачки сојуз Вук Мандушиќ Битола 1926-1934 (501), 1.1.1-2, „Список на членовите на Обласниот стрелачки сојуз Вук Мандушиќ, Битола, составен по наредба на Министерството за трговија и индустрија, 25.10.1926".

[59] Јовановиќ, *Споменица*, 1019.

[60] Претекстот може да се најде во 1920 година, кога комунизмот се покажа како популарна политичка опција која доминирала на општинските избори во поголемите градови низ Кралството. На територијата на Македонија, Комунистичката партија на Југославија извојувала убедлива победа, со 15 претставници. (Jovanović, *Jugoslovenska država*, 165). Види Владимир Брезовски et al., *Деведесет денови на Скопската црвена општина*, Скопје, 1970; Орде Иваноски,

Во Битола, младинските кружоци за трезвеност прво биле формирани во рамките на Соколското друштво, а потоа и во Богословијата, во рамките на Битолското братство на теолозите „Свети Јован Богослов“. Во 1922 година, во гимназијата „Свети Кирил и Методиј“ бил формиран Младински кружок за воздржаност, кој станал центар за развој на организацијата. Всушност, училишните средини биле нејзина главна цел, а наскоро биле формирани кружоци низ целата училишна мрежа: кружокот „Свети Кирил и Методиј“ во истоимената гимназија, кружокот „Братство“ во Богословијата, кружокот „Јужна гарда“ во Неделното занаетчиско училиште, кружокот „Агроном“ во Земјоделското училиште и кружокот „Гундулиќ“ во Трговското училиште.[61] Во 1923 година, кога бројот на кружоци доволно пораснал, бил формиран локален центар – Сојуз на трезвената младина во Битола (Савез Трезвене омладине Битољ) за да управува со другите кружоци.[62] Директорите на средните училишта редовно ги одобрувале сите активности на Сојузот, а официјалните печати и штембили на училиштата се појавуваат на неговата документација. Според списоците на членови имало од 74 до 100 активни ученици-членови.[63]

Од 1933 до 1935 година, локалниот центар на Младината на трезвеноста го издавал своето списание „Јужна стража“. Главен уредник бил средношколскиот наставник Иван Кањух, активен член на општествените кругови. Според редакцијата, ова било „единственото списание на движењето за трезвеноста на југот“. Изданијата на „Јужна стража“, покрај темите за културата и практиката на трезвеноста, содржеле и најави за организацискиот живот на друштвото и извештаи за важни настани, податоци за членството итн. Управната структура на организацијата се состоела од наставници во битолската гимназија, новинари и медиумски коментатори блиски до конзервативната Народна радикална партија (Народна радикална странка). Поширокото членство се состоело од ученици од средно училиште. Кањух и Коста Договиќ/Догу[64] ја воделе орга-

"КПЈ на општинските и парламентарните избори во Штип и Штипско во 1920 година," во *Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941–1945*, том 1. ур. Владо Ивановски (Скопје, 2001).

[61] ДАРСМ, Одд. Битола, Фонд Гимназија „Јосип Броз – Тито“ – Битола (1921-); 1918-1993 (5), 12.53-103, „Коло „Братство“ Богословја С. Јован Богослов, 28.10.1932“; "Рад Месног средишта Савеза трезвене младежи у Битољ," *Јужна стража,* no. 9–10 (1933), 26.

[62] Исто, 12.3-3, „Во Гимназијата е создадено Коло на Српска трезвена младеж „Пелистер“ „Драгор““, 29.3.1923.

[63] Во однос на структурата на членовите на круговите, општиот заклучок е дека тие биле ученици, врз основа на две членски листи од битолската гимназија: Исто, 12.61.114-116, „Списак чланова и чланица Кола Трезвене Младежи Св. Чирила и Методије (вк. 74)“; Ibid., 12.25-4-36, „Списак чланова“ (вк. 100 members).

[64] Коста Догу/Коста Договиќ (1897–1977) бил новинар, политички активист и собирач на архивски материјали од Битола. Тој бил дел од влашкото население во градот. Во меѓувоената Југославија, тој бил основач и главен уредник на конзервативниот весник „Нови сјај“ (1934–1937). Во истиот период, тој бил страстен активист на локалното движење за воздржаност и неговите кругови. Бил активен во јавната сфера во различни сектори: спортски клубови, новинарство итн. Политички, тој покажал очигледна лојалност кон југословенската монархија и

низацијата во текот на годините од нејзиното работење. Кањух останал на претседателската функција во 1937 година, што е потврдено на годишното општо собрание на организацијата на 4 април 1937 година, а Договиќ работел за каузата и како новинар, преку неговиот влијателен локален медиум „Нови Сјај“.[65]

Организацијата дејствувала и во селата во битолскиот и мариовскиот округ.[66] Јавните предавања и церемонијалните настани биле вообичаени начини за мобилизирање на јавноста.[67] Илустративен пример за активностите на друштвото во рамките на поширокиот екосистем на национално ориентирани здруженија може да се најде во работата на селскиот клуб „Будучност“ (Иднина) од активистите на Трезвеноста во Ротино, во 1938 година. Овој случај ја истакнува соработката на клубот и со Соколското друштво и со Младината на Црвениот крст. Во печатот, соработките биле пофалени како „просветлување и враќање на духот на воено разурнатото село Ротино“. Членството на организациите било опишано како „многу активно, за културно-национално-образовно подигнување на селата“. Иницијативата се состоеше од изградба на црква, потоа училиште, градинка и мостови за селото. Дури имаше и иницијатива за „изградба на модерен културно-образовен народен дом во кој ќе бидат сместени канцеларииите на Соколите, мензата и кујната на Црвениот крст, како и модерни, хигиенски магацини за задругата“.[68] Локалните лидери на движењето на трезвеноста се појавуваат и како лидери на друга „влијателна организација за јавно образование“ - Народниот универзитет,[69] каде служеле како управни членови.

1.3 Народниот универзитет во Битола

Народните универзитети биле организации што нуделе општо и неформално образование за возрасни. Биле составени од едукатори и членови на слободните професии. Нивната главна активност била организирање јавни предавања во областите на науката, хигиената и јавното здравје, културата и уметноста. Во меѓувоената Југославија, народните универзитети низ регионите на државата биле дел од централната организација „Народните универзитети на

кон политичките претставници на Народната радикална партија. Во 1937 година бил награден со Златна кралска плакета за новинарство во Кралството Југославија.

[65] “Трезвеност у Битољ,” *Нови сјај* 4, no. 35–36 (март-април 1937), 3; „О трезвености и апстиненцији,“ *Нови сјај* 3, no. 21–22 (јануари-февруари 1936), 2.

[66] “Рад Месног средишта Савеза трезвене младежи у Битољ,” *Јужна стража*, no. 9–10 (1933), 26.

[67] ДАРСМ, Одд. Битола, Фонд Гимназија „Јосип Броз – Тито“ – Битола (1921-); 1918-1993 (5), 12.57-109, „Месно средиште Савеза трезвене младежи у Битољу поводом прославе дана трезвености пререцује свечано матине“ [s.a.].

[68] “Рад Соколских чета на селу,” *Битољске новине,* 24.09.1938, 1–2.

[69] “Рад Народног универзитета у Битољу,” *Јужна стража* 1, no. 9–10 (1933), 25.

Коларац“ (Коларичеви народни универзитети), со седиште во Белград.[70] Предавачите работеле на доброволна основа, но наставната програма била доставувана до Министерството за образование кое ја одобрувало. Тематски, јавните предавања се занимавале со националното минато, литературата, уметноста и здравствените прашања.[71] Во рамките на наставната програма, предавања одржувале Соколското друштво, Трезвената младина, професионалните организации и Здружението на наставници на Југославија (Југословенско учитељско удружење). Народниот универзитет преку бројни комеморативни историски предавања го негувал наративот за Јужна Србија како „лулка на српската државност“.[72]

Во Битола, Народниот универзитет бил основан на 16 февруари 1930 година.[73] Локалниот печат ја опишувал организацијата како „институција со бројни успеси и плодна работа“. Статистичките извештаи за периодот од 1930 до 1935 година покажуваат дека друштвото организирало 91 предавање во 19 научни дисциплини. Вкупно 41 предавач учествувале на овие настани, кои заедно привлекле 22.600 слушатели. Во просек, на секое предавање присуствувале 254 слушатели.[74] Општината Битола го поддржувала универзитетот уште од самиот почеток, обезбедувајќи му го градскиот театар за предавањата, греење и осветлување, како и финансиска помош од 500 динари.[75] Предавачите биле претежно наставници од средни училишта. Извршниот одбор, исто така, бил избиран од овие кругови. Во рамките на основачкиот одбор и меѓу главните автори на наставната програма, водечката улога ја презедоа наставниците Иван и Олга Кањух. Тие биле вработени во гимназијата „Св. Кирил и Методиј“ и во исто време, водечки членови на локалното движење на трезвеноста. Двајца други претставници на локалната елита, д-р Константин Робевиќ/Робе и Јован

[70] *Извештаји о раду Народних универзитета у Загребу, Осјеку, Вуковару, Дубровнику, Скопљу, Битољу, Смедереву, Ваљево и Суботици*, кн. 10, Београд, 1935.

[71] Во Скопје, првиот народен универзитет бил основан во 1922 година, на иницијатива на професорите од Филозофскиот факултет, средношколските професори и културни работници. Тој имал краток век, па во есента 1934 година бил обновен со голема помош на Градското поглаварство и Хигијескиот Завод во Скопје. Како градски народен универзитет тој има своја управа која се грижи за организацијата и односите со другите сродни институции и организации. Во рамки на неговата дејност, предавања организирале и други национални и културни организации: Народна одбрана, Соколите, Трезвените клубови. See Јовановић, *Споменица*, 1013–14.

[72] „Кога станува збор за народно просветување по пат на предавања, говори и друго, особено треба да се нагласи улогата на нашето родољубиво учителство и средношколскиот наставен кадар. Скопската секција на Југословенското учителско здружение, со своите 35 пододбори, како и скопската секција на Југословенското професорско друштво со своите 20 пододбори, преставуваат многу значаен фактор во националниот и културниот живот во Јужна Србија.“ Ibid. Види и: Александар Илиевски, „За дејноста на Народниот универзитет во Битола меѓу двете светски војни,“ *Историја* 2, бр. 26 (Скопје, 1985): 325–345.

[73] Ibid.

[74] Младеновић, *Битољ*, 69.

[75] Иван Кањух, *Рад Народног универзитета у Битољ 1930–1940: Библиотека Битољског народног универзитета,* Битола, 1940, 4.

Продановиќ (директор на гореспоменатата гимназија), исто така биле дел од управниот орган.[76]

Организацијата учествувала во комеморативни јавни настани за одбележување историски датуми. Во 1934 година, предавањето на Олга Кањух на тема „Улогата на династијата Караѓорѓевиќ во борбата за обединување и ослободување“ го посетиле 250 слушатели. По повод „25-годишнината од ослободувањето на Битола“, академската 1938/1939 година започнала со патриотско предавање од страна на бригадниот генерал на Генералштабот Коста Адамовиќ, насловено како „Ослободувањето на Битола во 1912 и 1916 година“.[77] Во учебната 1933/1934 година, Јован Ничота, директор на училиште, одржал предавање, придружено со филмска проекција, на тема „Што се пишувало и што се читало во Јужна Србија пред и по основањето на Бугарската егзархија“.[78]

Претставените доброволни здруженија споделуваат заеднички карактеристики: го олеснувале вмрежувањето меѓу членовите на локалните елити од слободните професии и воениот и полицискиот персонал, а во медиумите ја користеле својата признаена позиција за да го промовираат моделот на посакуваниот граѓанин. Организациите одиграле централна улога во нормализирањето на доминантните идеолошки и политички линии за идентитетот на населението, низ секуларен и современ начин. Граѓаните кои не се вклопувале во идентитетскиот калап промовиран од доброволните здруженија биле сметани за опасност за државата и за јавната безбедност. Архивските извори го потврдуваат тоа низ примерите за надзор на граѓани од страна на службеници за државна безбедност. Во следниот дел се прикажани примери за последиците од заземањето „неподобни национални идентитети“ меѓу граѓаните во Битола и битолско.

2. Дисциплинирање на нелојалните граѓани

Во овој дел ќе испитувам случаи во кои граѓаните биле под сомнение од страна на безбедносните органи и службениците во државните и црковните институции поради нивното отстапување од официјално заштитениот модел на идентитет за Јужна Србија. Делот не е презентација на истраги за членови на тајни или паравоени организации или партии. Целта ми е да останам во сферата на граѓанското општество и да испитам дали може да се препознае контрапункт на националната идеологија заштитена од државата. Станува збор за примери на индивидуални граѓани кои јавно се позиционирале надвор од вос-

[76] Одбор на основачите: Миливоје Момчиловиќ - окружен инспектор - претседател, Душан Лазиќ - ректор на богословијата - прв потпретседател, Драгомир Мариќ - директор на гимназијата - втор потпретседател, Димитрије Премовиќ - директор на богословијата - прв секретар, Данило Димитријевиќ - школски надзорник - прв секретар, Милан Петровиќ, професор во Трговската академија - благајник. Љубомир Бошњаковић - воен каплан - вклучен во секциите. Го составиле статутот и работните задачи, го пријавиле Универзитетот во Општината. Одборот се поделил на четири секции: за предавања, театарска секција, музичка секција, техничка секција.

[77] “Хроника,” *Јужна стража* 2, бр. 1–2 (1934), 17–19.

[78] Кањух, *Рад Народног универзитета*, 32.

поставениот национален модел за Јужна Србија. Според изворите, повеќето случаи на „отстапување“ од хегемноската матрица, вклучувале или склоност кон комунистичката идеологија или усогласување со активностите и водачите на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО). Второто, југословенската држава го толкувала како изразување лојалност кон бугарската држава и нејзината национална политика во врска со македонското прашање.[79]

Што се однесува до комунистичката идеологија, таа претставувала нов фактор во перцепцијата за и решавањето на малцинските и етничките прашања. Националното самоопределување и признавањето на „малите народи“ бил важен чекор кон воспоставување социјалистички поредок. Комунистичката интернационала (Коминтерната) активно се занимавала со македонското прашање на Шестата конференција на Балканската комунистичка федерација во 1923 година. На почетокот на 1924 година, на Третата покраинска конференција на Комунистичката партија на Југославија, била усвоена „Резолуција за македонското и тракиското прашање“. Според резолуцијата, решението на македонското прашање се базирало на создавање автономна македонска република во рамките на балканска федерација. Подоцна истата година, на Петтиот конгрес на Коминтерната, одржан во Москва, разговорите околу прашањето резултираа со резолуцијата „Иднината на Македонија и Тракија“, која имплицирала постоење на посебна македонска нација и етничка припадност.

Влијанието на комунистичките идеи врз решенијата на нерешените национални и економски прашања претставувале опасност за властите. Влијанието на Обзнаната - декретот со кој била забранета Комунистичката партија на Југославија во 1920 година - се почувствува и во Битола уште во 1921 година.[80] Достапните извори кои ги осветлуваат истрагите на граѓаните вклучуваат преписка помеѓу полициската управа на Битолскиот округ и канцеларијата на владиката на битолската епархија, како и преписка помеѓу институции како што се канцеларијата на банот, Духовниот суд, воената дивизија во Битола и седиштето на Битолскиот округ. Лицата вклучени во следењето на потенцијални „штетни елементи“ за јавната безбедност, во име на набројаните институции, вклучувале свештеници, национални работници, како и ангажирани анонимни информатори, кои поднесувале извештаи до надлежните државни органи во кои опишувале сомнително однесување, јавни изјави или дејствија меѓу поширокаата популација. Во достапните извори, државните службеници и

[79] Види: Воислав Д. Кушевски, *Македонското прашање во Друштвото на народите*, Скопје, 2001.

[80] За извори во врска понедата на комунистите, види: Ратко Жунић, “Први мај у Битољ,” *Социјалистичка зора,* 23.05.1920; “Триумф комунизма у Србији и Мачедонији: Све највеће вароши су комунистичке,” *Радничке новине,* 24.08.1920, 1; V., “Агитатор: Наш покрет у Битољ,” *Социјалистичка зора,* 18.02.1920.

свештениците се појавуваат како осомничени, шема што го одразува црковното потекло на материјалот.[81]

Полициската управа на Битолскиот округ, по наредба на Министерството за внатрешни работи, побарала помош од Духовниот суд во Битола, за идентификување на лица кои „ширеле комунистички и други деструктивни идеи“:

> *За да може Министерството да преземе потребни мерки за спроведување на одлуката на Кралската влада против државните службеници кои шират комунистички и други деструктивни идеи, препорачуваме да ни испратите точен список на тие лица на подрачјето на Битолскиот округ, според сите професии во кои работат, а без оглед на претходните работни места каде што биле вработени... Списоците треба да ги содржат точните адреси на про-комунистичките службеници и треба да се испратат што е можно поскоро.*[82]

Како одговор на ова барање, Духовниот суд изјавил: „Во Епархијата воопшто нема комунистички службеници“. Сепак, државните власти, во координација со канцеларијата на епископот во Битола, започнале обемни мерки за надзор насочени кон откривање на лица осомничени за вмешаност во дејствија спротивни на државната безбедност.

Еден илустративен случај на следење осомничено лице за комунистичка пропаганда е поврзан со Велјан П. Даскаловиќ-Петровиќ, жител на селото Смилево. Тој бил осомничен за чување антидржавна литература што се состоела од постери и брошури со марксистичка содржина. На 11 април 1935 година, жандармериска патрола, во присуство на селскиот старешина, го претресла неговиот дом, но не пронашла ништо.[83]

Во Македонија меѓу двете светски војни се појавиле идеолошки леви организации со експлицитно работничка кауза. Главната функција на овие организации била да служат како групи за поддршка на работниците во градовите Скопје, Битола, Велес и Прилеп. Тие се формирале меѓу работниците вработени во индустриски капацитети, исто така, во Битола, како што е Друштвото за култура и уметност “Коста Абрашевиќ“ (Културно уметничко друштво Коста Абрашевиќ), Женската потрошувачка задруга (Женска продуктна задруга), како и локални ограноци на Обединет работнички синдикален сојуз на Југославија (URSSJ). За време на периодот на Обзнаната, овие организации

[81] Најмногу од изворите може да се најдат во ДАРСМ, Одд. Битола, Фонд „Збирка издвоени документи – Битола“ (587).

[82] ДАРСМ, Одд. Битола, Фонд „Збирка издвоени документи – Битола“ (587), 1.60.417–418, „Воопшто нема службеници комунисти во Епископијата, 18.01.1921“.

[83] Исто, 4.26.355–357, „Протокол записник од претресот извршен во станот и останатите простории во кои живеел осомниченият Вељан П. Даскаловиќ-Петровиќ во село Смилево, 13.04.1935“.

служеле и како легални простори за комунистичките активисти кои дејствувале под превезот на културните активности.[84]

Друга серија документи што се однесуваат на полициското надзор на сомнителни лица, се однесуваат на граѓани кои отворено изразиле симпатии кон бугарската држава, се осврнале на традициите воспоставени на територијата од страна на бугарската егзархија и изразиле незадоволство од националната политика на Кралството Југославија. Властите го сметале оживувањето на егзархиските традиции - олеснето од „инфилтрирани“ свештеници во парохиското живот и континуираната употреба на религиозни текстови на бугарски јазик - за закана за државата. Државата го сметала присуството на бугарскиот јазик во обичаите и секојдневниот живот за „штетно за националните интереси“. Во овој контекст, големиот жупан на Битола издал предупредувања и го повикал битолскиот епископ да спроведе соодветни мерки:

> *На сите гробови во мојата област, бугарски или грчки букви се видливи на надгробните споменици. Она што се правело претходно, пред ослободувањето на овие региони, како и за време на окупацијата од 1916–1918 година, некако може да се толерира, но толерирањето на употребата на бугарски или грчки букви потоа, сметам дека е неумесно за нашата национална гордост, а исто така е штетно за нашиот углед и нашите национални интереси.*[85]

Канцеларијата на епископот Јосиф добила и други извештаи од свештенството кое било загрижено за свештеници со сомнителен национален идентитет. Во 1927 година, православниот намесник Василије Јовановиќ писмено го известил владиката дека Богдан К. Чоневиќ, свештеник во црквата „Света Богородица“ во Битола, ја одржал проповедта на бугарски јазик и „на стариот начин“ - односно на егзархискиот начин - додека го заменувал Јовановиќ. За време на спорната служба, намесникот забележал уште две лица, Анастас Талевиќ и Петро Стојановиќ, поранешни егзархиски учители кои биле предупредени да се држат настрана од црковните обреди. Викарот заклучил:

> *Оваа небрежност во проповедта на отец Богдан не може да се припише на незнаење, бидејќи тој служеше со мене во периодот од 1 февруари до 1 мај оваа година; тогаш служеше правилно… Ако самиот Богдан Чоневиќ не знае што прави, тогаш е неспособен за парохиска*

[84] Живко Митровски, *Синдикалното движење во Битола (1900–1944),* Битола, 1995; Орде Иваноски, *Историја на синдикалното движење во Македонија,* Скопје, 2008; Вера Весковиќ-Вангели, *Зборник документи за учеството на жените од Македонија во НОВ и револуцијата 1941–1945,* Скопје, 1976, 255; Боро Арсовски, *Работничкото синдикално и комунистичко движење на текстилните и шивачките работници во Скопје 1908–1945,* Скопје, 1981, 125.

[85] ДАРСМ, Одд. Битола, Збирка издвоени документи (578), 1.148.745–746, „Писмо од Великиот жупан на Битолската област, до неговото преосвештенство Епископ битолски Јосиф, за забрана за пишување текст на бугарски и грчки јазик на надгробните плочи, 5 јули 1927, Битола“.

служба; ако е свесен за своите постапки, тогаш е шовинист и како таков, е штетен.[86]

Во истиот извештај, викарот му препорачал на епископот да го отпушти овој свештеник и на негово место да назначи млад свештеник кој ќе биде лојален на националната идеја, свесен за нејзиното значење и достоен за доверба.

Друг пример за загриженоста на властите поради континуираното влијание на Егзархијата е поврзан со присуството на црковна литература на бугарски јазик. На 18 јуни 1933 година, полицијата го испрашувала Трифун Лумаковиќ, од селото Цапари, за поседување забранети книги - „бугарско евангелие“. Книгата била конфискувана и тој бил пријавен во штабот на жандармеријата за Битолскиот округ.[87]

Осомничените и лицата под надзор привлекувале внимание од органите за државна безбедност особено кога јавно го изразувале своето незадоволство од државата. Во изворите се среќаваат примери за јавното критикување на националните политики кон Македонија, а воедно се осврнувале на влијанието на Бугарија и лидерите на ВМРО. Документацијата вклучува случаи против следните лица: Крсто Петковиќ, Трифун Луманковиќ, Најдо Димитријевиќ, Крсте Љестаковиќ, Тома Кавајевиќ, Атанасије Поповиќ и Алексо Ангелковиќ. Тие биле под истрага како опасност за државниот поредок и јавната безбедност. Некои од обвинетите поседувале забранети книги и други публикации напишани на бугарски јазик.[88] Бидејќи повеќето од нив биле свештеници, државните безбедносни органи биле во постојан контакт со канцеларијата на битолскиот епископ за да ги координираат напорите насочени кон отстранување или дистанцирање на овие „штетни“ елементи од парохијата и поширокиот заедници:

Свештеникот Тома Кавајевиќ од Охрид, по службата во црквата „Свети Климент“ на 3 август 1939 година, одржал говор на македонски јазик пред народот и ги пофалил заслугите на бугарските водачи во одбраната на Македонија од Турците;[89]

Крсто Петковиќ, свештеник од село Ѓавато [околу. 20 км од Битола], станал сомнителен кога анонимен доушник му напишал на големиот

[86] Исто, 1.147/743–744, „Писмо испратено од православниот намесник Јовановиќ до епископот Јосиф во кое го известува дека Богдан К. Чоневиќ држел богослужба на бугарски јазик, 11.07.1927“.

[87] Исто, 1.144/733–739, „Жандармериска станица во село Кажани: Лукмановиќ Трифун из села Цапари ради држање забрањене књиге, пријављу је се Начлеству Среза Битољског, 19 јуни 1933“.

[88] Исто, „Документи за: Крсто Петковиќ, Трифун Луманковиќ, Најдо Димитријевиќ, Крсте Љештаковиќ, Тома Кавајевиќ, Атанасије Поповиќ и Алексо Ангелковиќ, сите под сомнение дека работеле против државата (1922–1939)“.

[89] Исто. Документи од следењето и пријавувањето на лица осомничени за работа против државата: „Штабот на Вардарската дивизиска област во Битола, до епископот на Битола, Платон, 30.08.1939“.

префект дека јавно зборувал за доаѓањето на лидерот на ВМРО, генерал Александар Протоѓеров со неговите четници;[90]

Најдо Димитријевиќ од селото Старавина [околу 50 км од Битолско] бил суден за прекршок против Законот за заштита на јавната безбедност и државниот ред. Тој бил обвинет дека во селото, во јануари 1931 година, јавно изјавил „дека не сме слободни, туку во ропство и дека ќе дојде денот кога ќе бидеме ослободени од затвор". Според пресудата на судот од 6 февруари 1932 година, обвинетиот бил осуден на два месеци затвор и парична казна од 2.000 динари.

Свештениците и службените лица кои биле осомничени дека дале јавни изјави против државната идеологија и политика во врска со националниот идентитет на населението на Македонија, од безбедносните служби биле нарекувани „штетни елементи". За нив се предлагало, или да бидат испратени во северните делови на државата за „национално воздигнување", или да бидат заменети со проверени национални работници. Оваа практика била разработена во писмо од 1939 година од штабот на дивизискиот воен округ за Вардарска бановина во Битола до владиката Платон:

Ваша Светост, овој Штаб ги доби следните информации од доверлив извор: во куќата на г-н Алексо Јовановиќ, свештеник од Ресен, секоја вечер се собираат пензионери и други луѓе кои не се лојални на државата, а таму слушаат вести од Бугарија на радио. Тие коментираат и зборуваат за распадот на Југославија, дејствувањето на Италија во однос на Бугарија итн. Изворот, инаку наш познат национален и интелектуален работник, смета дека г-н Јовановиќ треба да се пензионира, а на негово место да биде поставен свештеникот г-н Темељковиќ од Прилеп.

Во селата Сопот и Златари, парохиски свештеник е г-н Крсто Љештаковиќ. На Велигден оваа година, додека го славел својот именден, во неговата куќа се пееле бугарски песни, додека тој чувал стража на вратата. Во 1915 година, неговите роднини биле поврзани со убиството на некои српски офицери и војници. Изворот смета дека г-н Љештаковиќ претставува голема опасност за овие региони и барем треба да се пресели во северните региони, каде што ќе се изгради во национална смисла.

[90] Анонимниот извор ја пријавил следната ситуација: „Пред неколку дена наидов во кафаната Централ, Крсто Петковиќ, свештеник од село Ѓавато, во срез Битолски, седнав со него и испивме по едно кафе и низ разговор ми кажа нека, нека, нека се копрцају Срби, ќе видиме што ќе биде со нив кога во мај ќе им дојде Паротоѓеров со 200-300 четници. Согледувајќи дека со него има нешто сомнително, почнав да го испитувам и понатаму и од разговорот со него заклучив дека кај него, во неговата куќа се наоѓа цела архива на Бугарскиот комитет за цел Битолски округ." Исто, „Велики жупан Битољске области, његовом преосвештенству епископом битољском господину Јосифу, Битољ, 9.04.1927".

Атанасије Поповиќ, свештеник од Кичево, организирал хор на бугарски јазик и одржува врски со своите роднини во Бугарија. Тој е познат како бугарофил. Треба да се пресели во регион каде што нема да има штетно влијание врз луѓето.[91]

Заклучокот на авторот на писмото, бригаден генерал Коста Адамовиќ,[92] вршителот на должноста командант на Генералштабот, бил следен:

Во овие региони ќе бидат ангажирани сигурни и соодветни службеници, кои ќе ја потиснат штетната странска пропаганда и ќе го убедат народот дека ова била и ќе биде српска земја. Сепак, во последно време, токму редовите на националистите се проретчени, па затоа итно треба да ги зајакнеме.[93]

Овие примери укажуваат на поединци кои биле сомничени, испитувани, отстранети од служба и во некои случаи, судени според *Законот за заштита на јавната безбедност и државниот ред* (Закон о заштита јавне безбедности и поретка у држави, од 2 август 1921 година, со додаток од 6 јануари 1929 година).

Заклучок

Помеѓу двете светски војни, југословенската држава во своите јужни краеви, преку институциите и воениот апарат, платформирала граѓанска сфера која служела како идеолошки инструмент за територијално и политичко управување со последиците од македонското прашање во рамките на државата. Идеолошката репрезентација што доминирала во раните 1920-ти години генерирала слика за локалното население како „добри дивјаци“, кои страдале од отоманската доминација и бугарската пропаганда. Следствено, тие требало да бидат „цивилизирани“ и да се вратат на својот оригинален идентитет. Ставот кон економскиот и безбедносниот третман на територијата бил сличен: територијата била претставувана како богата со историја, манастири и средновековни споменици, но економски заостаната, со потреба од модернизација. Целта била користење и насочување на ресурсите во вистинската насока во новата држава. Според тоа, идеолошките и економските стратегии насочени кон територијата и нејзиното население во меѓувоениот период, укажуваат на спроведување на колонијален начин на управување.

[91] Исто, „Штабот на Вардарската дивизиска област во Битола, до епископот на Битола, Платон, 30.08.1939.“

[92] Генералот Коста Адамовиќ се среќава во изворите поврзани со активностите на Народниот универзитет, види фуснота 79 во овој текст.

[93] Исто. „Штабот на Вардарската дивизиска област во Битола, до епископот на Битола, Платон, 30.08.1939.“

Со цел да се промовира и воспостави посакуваниот национален идентитет (српски субрегионален индетитет, во рамките на идејата за интегрален југословенизам), државата оформувала национални работници, како и просветни и културни организации кои дејствувале во доменот на граѓанската сфера. Нивните целни групи биле младите, претставниците на слободните професии, професионалците и локалната буржоазија. Главните активности биле поврзани со масовни и церемонијални интервенции во јавниот простор, поврзани со историјата и одбележувањето на настани од српското минато и државноста на Југославија: одбележување на годишнини поврзани со Балканските војни и улогата на српската армија во нив, романтично набиени наративи за битката на Кајмакчалан во Првата светска војна и историски предавања поврзани со настани и личности од српската историја. Овие настани имале за цел, како што укажуваат изворите „да го убедат народот дека ова била и ќе биде српска земја“.[94]

И покрај различните каузи или интереси што ги претставувале организациите во фокусот на ова истражување, тие тесно соработувале меѓусебно, а нивните активности биле испреплетени и поврзани, што доведе до создавање на екосистем на организации, активисти и медиуми. Во меѓувреме, здруженија како Народниот универзитет и Сојузот на трезвената младина, го пополнувале граѓанскиот културен простор, вклучувајќи го продуцирањето и курирањето на популарна научна и културна содржина. Со тоа обезбедувале платформа за претставување на воениот и полицискиот персонал. На пример, воените функционери како што се Радмило Вујовиќ, Коста Адамовиќ и Ѓорѓе Аранџеловиќ - сите високи офицери во седиштето на полицијата во Битола и во дивизискиот воен округ, се појавуваат во преписката и документацијата како иследувачи на граѓаните сметани за „штетни елементи“. Истите лица се појавуваат и како предводници на организации, како што се Здружението на резервни офицери и војници и домаќини на културни и комеморативни настани во градот.

Слични меѓусебни врски се очигледни и меѓу претставниците на локалната администрација и образовните институции. Повеќето од овие лица биле од различни делови на земјата, назначени од државата и надлежните министерства да служат во Битола, особено во рамките на политиките за промовирање на националните политики. Примери за тоа се образовните кадри Иван Кањух и Олга Кањух. Тие се среќаваат како предводници на Сојузот на трезвената младина, како и на Народниот универзитет; Петар Лешњаревиќ, бил функционер кој со години имал позиции во областа на образованието, а Атина Лешњаревиќ, била претседателка на Кругот на српските сестри. Овие лица се појавуваат во изворите како концептуални водачи на културните настани и општествениот живот во градот.

И покрај доминантната романтизирачка пропаганда, активностите на доброволните здруженија биле суштински колонијално-мисионерски. Со тоа

[94] Исто.

што не се стремеле кон форма на интеграција што би можела да овозможи политичка и граѓанска субјективизација на локалното население, тие ја исклучиле можноста за вистински еманципаторски проект. Напротив, ситно-колонијалниот третман „ја доведе македонската национална свест да добие на сила во втората половина на 1930-тите и пред сè да биде поотворено изразена“.[95] Изворите во вториот дел од текстот, особено оние од крајот на 1930-тите, сведочат за неуспехот на напорите на државата да се убеди населението во неговиот српски идентитет. И покрај три децении силна ангажираност на црквата, образованието и културните институции во „националната работа“, се јавиле обновени барања за зајакнување на националните работници во Македонија. Всушност, се јавил спротивен ефект од дејствувањето на организациите, а тоа било зајакнувањето на поделбите меѓу населението во однос на идеолошките и националните идентитети.

Резиме

Во меѓувоениот период, преку активностите на доброволните здруженија, била изградена градска елита која успевала идеолошки и пропагандно да го одржува националниот и идентитетски образец наметнат од државата. Оваа елита била предводена од функционери од централните или северните делови на државата. Нејзините претставници држеле високи позиции во општинската и регионалната власт, а најчесто биле пензионирани воени лица, поранешни министерски функционери или поранешни банови. Вмрежувањето на државниот и граѓанскиот сектор помогнало во формирањето, едуцирањето и дисциплинирањето на локалната буржоаска класа, насочувајќи ги нејзините политички идеи и активности. Основната мисија на организациите како Соколското друштвото, клубовите на Движењето за трезвеност, Народните универзитети, Здружението на резервни офицери и војници и помали организации, била да ги насочуваат националните чувства на населението кон српскиот субрегионален идентитет во рамките на Кралството Југославија. Дополнително, доброволните здруженија претставувале „морална бариера“ против нелојалните елементи опасни за државната безбедност и против идеите што би можеле да претставуваат пандан или оспорување на политиките за националната свест.

Summary

In the interwar period, through the activities of voluntary associations, a city elite was built that managed to ideologically and propagandistically maintain the national and identity pattern imposed by the state. This elite was led by officials from the central or northern parts of the country and almost had no local connections. Its representatives held high positions in the municipal and regional government, and most often they were retired military personnel, former ministerial officials or former

[95] Види Boškovska, *Yugoslavia and Macedonia*, 286, дава збирка на извори и нивна анализа, во врска со „Македонската национална свест“, во истата книга, види и 5, 6–8, 10, 101, 121, 141–42, 214, 246.

bans (prefects). The networking of the state and civil sectors played a role in the formation, creation and discipline of the local bourgeoisie, the orientation of certain political ideas and activities. The main mission of organizations such as the Sokol Society, the clubs of the Temperance Movement, the People's Universities, the Association of Reserve Officers and Soldiers and smaller organizations was to direct the national feelings of the population towards the Serbian subregional identity within the Kingdom of Yugoslavia. At the same time, voluntary associations represented a "moral barrier" against disloyal elements dangerous for state security, and against ideas that could represent a counterpart to the imposed national consciousness.

Библиографија

Необјавени извори

Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ) - Одделение Битола:
Фонд 1 Градско поглаварство 1918-1941
Фонд 5 Гимназија „Јосип Броз – Тито" – Битола (1921-); 1918-1993
Фонд 501, „Стрелачки сојуз Вук Мандушиќ Битола", 1926-1934
Фонд 587 „Збирка издвоени документи - Битола" 1871-2015
Фонд 941 "Соколско друштво - Битола" 1932-1934

Објавени извори

Brozović, Ante. *Soko Kraljevine Jugoslavije*. Beograd, 1930.
Ekmecić, Milorad. *Ratni ciljevi Bugarske i Centralne sile 1914-1918.* Beograd, 1985.
Алманах Бановина: Вардарска Бановина (у додатку Врбаска Бановина и Зетска Бановина), [s.l; s.n], 1931.
Годишњи извештај Соколске жупе Скопље у току радне 1935 године. Скопје, 1936.
Годишњи извештај Соколске жупе Скопље у току радне 1936 и 1937 године. Скопје, 1938.
Извештај на Соколске жупе за 1935 године. Скопје, 1936.
Извештај на Соколске жупе за 1936-1937 године. Скопје, 1938.
Извештаји о раду Народних универзитета у Загребу, Осјеку, Вуковару, Дубровнику, Скопљу, Битољу, Смедереву, Ваљево и Суботици, book 10. Београд, 1935.
Јовановић, Алекса (ed.). *Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије*: *1937-1912*. Скопје, 1937.
Јовановић, М. Ф. *Соколство у Јужној Србији од ослобођења до данас, Јужна Србија*. Београд, 1937.
Кањух, Иван. *Рад Народног универзитета у Битољ 1930-1940. Библиотека*

Битољског народног универзитета. Битола, 1940.
Младеновић, Атанасије Д. *Битољ и Околина*. Београд, 1937.
Павловић, Миливој. *Соколски требник*. Скопје, 1931.

Периодика

Radničke novine, 1920.
Битољске новине, 1938.
Вардар Календар за просту годину 1913, Коло српских сестара.
Јужна стража, 1933.
Јужна стража, 1934.
Нови сјај, 1934.
Нови сјај, 1935.
Нови сјај, 1936.
Нови сјај, 1937.
Развитак Независан друштвено-политички лист Орган Битољског омладинског клуба, 1920.
Социјалистичка зора, 1920.
Самоуправни гласник, 1929.

Литература

Balikić, Lucia and Wojtek Pojar "Politics of the Plastic Nation: Sokol Mass Gymnastics and Eugenics between Empire and Nation States", *East Central Europe* 50, no. 2-3 (2023): 155-179.

Balikić, Lucia, John Paul Newman and Wojtek Pojar, "Introduction: The Sokol Movement between State and Society in Interwar East Central and Southeastern Europe", *East Central Europe*50, no. 2-3 (2023): 143-154.

Balikić, Lucia. "Depoliticizing the Modern Nation: Discourses of Organic Nation and Political Socialization in the Interwar Yugoslav Falcon", *Historical Studies of Central Europe* 3, no. 2 (2023): 90-105.

Boškovska, Nada. *Yugoslavia and Macedonia before Tito. Between repression and integration.* London, New York: I. B. Tauris, 2017.

Giomi, Fabio and Stefano Petrungaro (eds), "Voluntary Associations in Yugoslavia (1918-1941)", *European Review of History* 26, no. 1 (2019): 1–18.

Ilievski, Borče. "History". In *Faculty of Philosophy in Skopje 1920-2020,* ed. Ratko Duev. Skopje: Faculty of Philosophy, 2020, 45-97.

Jovanović, Vladan Z. "*„Education- the Fastest Nation-Builder" - Faculty of Philosophy in Skopje 1920-1941", Tokovi istorije* 2 (2011): 23-41.

Jovanović, Vladan Z. "Consolidation of Common Identity: The Sokol Movement in Interwar Yugoslavia", *Balcanistic Forum,* no. 2 (2013): 44-55.

Jovanović, Vladan. "Društveni okvir urbanizacije Skoplja 1918-1930", *Godišnjak za društvenu istoriju*, no. 1-3 (2002): 99-122.

Jovanović, Vladan. "Sport as an Instrument of Yugoslav National Policy in Macedonia 1918-41", in *Sport zwischen Ost und West. Beiträge zur Sportgeschichte Osteuropas im 19. und 20. Jahrhundert*, Einzel veröffentlichungen des DHI Warschau, vol. 16, ed. Arie Malz et al. Osnabrück: Fibre Verlag, 2007, 205-219.

Jovanović, Vladan. „Fizička kultura i sport kao deo nacionalne politike. Slučaj Vardarske banovine", *Leskovački zbornik* 64 (2006): 179-189.

Jovanović, Vladan. *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS* [Yugoslav State and South Serbia 1918 - 1929. Macedonia, Sandžak, Kosovo and Metohija in the Kingdom of SCS]. Belgrade: Institute for Recent History of Serbia, 2002.

Pavlin, Tomaž and Zrinko Čustonja, "Sokol: between the making of a nation and a state", *Kinesiology* 50, no. 2 (2018): 260-268.

Troch, Pieter. "Interwar Yugoslav state-building and the changing social position of the Sokol gymnastics movement". *European Review of History* 26, 1 (2019): 60-83.

Troscht, Pieter. "Between Tribes and Nation: The Definition of Yugoslav National Identity in Interwar Yugoslav Elementary School Curricula", *Südost-Forschungen* 69-70 (2010-2011): 152-181.

Vojvodić, Mihajlo. "Srbija i makedonsko pitanje", *Istorijski glasnik* 1–2 (1992): 33–48.

Арсовски, Боро. *Работничкото синдикално и комунистичко движење на текстилните и шивачките работници во Скопје 1908-1945*. Скопје, 1981.

Брезовски, Владимир et al., *Деведесет денови на Скопската црвена општина*. *Скопје*, 1970.

Весковиќ-Вангели, Вера. *Зборник документи за учеството на жените од Македонија во НОВ и револуцијата 1941-1945*. Скопје, 1976.

Гичевски, Васко. *Селото и селанството во Битолскиот санџак 1878-1912*. Скопје, 2024.

Иваноски, Орде. „КПЈ на општинските и парламентарните избори во Штип и Штипско во 1920 година". *Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941-1945,* том 1. Ур. Владо Ивановски. Скопје, 2001.

Иваноски, Орде. *Историја на синдикалното движење во Македонија*. Скопје, 2008.

Илиевски, Александар. „За дејноста на Народниот универзитет во Битола", *Историја* 2, бр. 26 (Скопје, 1985): 325-245.

Илиевски, Борче. *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година*. Скопје, 2017.
Јагодић, Милош. *Нови крајеви Србије (1912-1915)*. Београд, 2013.

Јовановић, Владан. "Неговање декретираног памћења: Националне прославе и јубилеји у Вардарској бановини," *Токови историје* 3 (Београд, 2013): 93-108.

Кушевски, Воислав. „Преглед на појавата и развитокот на соколското движење во Вардарска Македонија", *Прилози за развојот на физичката култура во Македонија* 1 (Скопје, 1975): 51-55.

Малшевић, Никола Т. „Вардарска Македонија у време Краљевине СХС/Југославије 1918–1941. године", *Војно дело* 1 (Београд, 2019): 249–329.

Митрова, Македонка и Марија Пандевска, „"Македонизмот" на Стојан Новаковиќ: еден поглед кон "другоста"". *Спектар* 29, бр. 57 (Скопје, 2011): 189–198.

Митрова, Македонка. *Дискурсот на српската интелектуална елита за османлиска Македонија*. Скопје, 2018.

Митровски, Живко. *Синдикалното движење во Битола (1900-1944)*. Битола, 1995.

Стерјовски, Александар. *Битола: Записи за злосреќи,* Битола, 2012.ж

Стерјовски, Александар. „Годините од Првата светска војна во Битола и Битолско во новооткриена автобиографија", *Прилози* 42-43 (Битола, 1985): 147–160.

Тодоровски, Глигор. *Српски извори за историјата на македонскиот народ: 1912-1914. Скопје,* 1979.

Тодоровски, Глигор. *Српски извори за историјата на макеоднскиот народ (1913-1917)*. Скопје, 1981.

Џамбазовски, Џамбазовски. „Два документа за проучувањето на националниот развиток на македонскиот народ меѓу двете светски војни," *Историја* 9, бр. 2 (Скопје, 1973), 284–285.

Александар МАНОЈЛОВСКИ*

СЕЌАВАЊА НА МОРИЦ ШАМИ

Автобиографско сведоштво за учеството во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија.

Апстракт: *Во раните утрински часови на 11 март 1943 година, 98 проценти од македонската еврејска популација од територијата на окупирана Македонија е присилно приведена од своите домови и испратена во привремениот логор во Скопје од каде подоцна била депортирана на територијата на окупирана Полска, во логорите на смртта во Треблинка од каде ниту еден жив не се вратил. Преостанатите 2 проценти кои го преживуваат ова незапаметено злосторство во македонската историја биле лица кои успеале да се вклучат во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија или лица кои на несфатлив и неопислив начин успеале да ја избегнат депортацијата и да ја преживеат војната.*

Од достапните архивски извори може да се увиди дека од над 7 200 регистрирани лица од еврејско потекло од Македонија, бројот на преживеаните по Втората светска војна е нешто над 300 лица. Од овие малкумина преживеани, ретки се оние лица кои зад себе оставаат документирана трага за голготата која ја поминале и за начинот на кој ја преживеале војната. Лицето Мориц Шами е токму еден од преживеаните. Неговото име е присутно во неколку извори од македонско и странско научно подрачје. Освен на сајтот од Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, каде е посветена цела автобиографска страница за него, во македонската научна јавност, М. Шами никаде не е поставен како самостоен субјект на историска анализа ниту пак постои научна студија која е целосно посветена на неговиот животен пат за време на војната. Ваквата состојба кај нас ја наметна потребата за истражување, обработка и создавање на едно скромно научно дело посветено на неговиот лик и дело за време на Втората светска војна, за кое очекуваме дека во иднина ќе послужи како основа за подготовка на една биографска и историографска реконструкција на неговата животна судбина. Со овој научен текст воедно сметаме дека ќе оддадеме признание и почит за неговото учество во борбата за создавање на слободна Демократска Федерална Македонија во рамките на Демократска Федерална Југославија.

* Д-р Александар Манојловски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, научен советник/редовен професор, е-адреса: aleksandar.manojlovski@ini.ukim.edu.mk

Клучни зборови: *Мориц Шами, Евреи, Битола, Втора светска војна, Народноослободителна и антифашистичка војна, активност, затвор и слобода.*



Мориц Шами веднаш по војната[1]

[1] Фотографијата и описот се сопственост на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија.

Потекло, детство и младински активизам во Хашомер хацаир

Мориц Шами е роден на 27 август 1921 година во Битола како прво од седумте деца на родителите Самуил и Сара Шами. Неговиот татко по професија бил трговец со текстил и текстилни производи со дуќан во близина на Безистенот во битолската чаршија.[2]

Во неговиот роден град завршува основно и средно образование. За време на средношколските денови бил вклучен во активностите на младинската еврејска организација чија цел била создавање на кибуци во Палестина, на територијата на денешната држава Израел. Неговата активност за време на гимназиските денови придонела М. Шами да започне да развива и одредена форма на политичка ориентираност. За тие денови, тој изјавува:

„...Со оглед на тоа дека таа во основа е една социјалистичка организација, рано дојдов во допир со марксистичката литература и марксистичкото познавање. Уште во првите години во гимназијата воспоставив врска со некои младинци во гимназијата кои ги сметавме за понапредни. Меѓу нив беа Мито Хаџи Василев-Јасмин,[3] Борка Талески[4] и др.[уги] Тие многу ми помогнаа за правилно сознавање на доста работи“.[5]

---

[2] https://holocaustfund.org.mk/posts/details/156 [Пристапено на: 10.7.2026 година]

[3] Хаџивасилев, Мито – Јасмин (Кавадарци, 21.XII.1922 – Брела, 1.VIII.1968). Припадник на комунистичкото и студентското движење. Учесник во НОВ. Публицист. Член на КПЈ од 1940 г. Студирал на Правниот факултет во Белград. Член на МК и секретар на МК СКОЈ во Кавадарци. Во 1943 станал член на Вториот областен комитет на КПМ, заменик политички комесар на Третата ОЗ, а во 1944 заменик политички комесар на бригада. Кон крајот на војната бил член на Обласниот комитет на НОО во Битола. По ослободувањето бил на повеќе државни и политички функции и на раководни места во новинарството. *Македонски историски речник*. Институт за национална историја. Скопје, 2000, 480-481.

[4] Талески, Борко (Прилеп, 1921 – с. Плетвар, 2.III.1942). Припадник на комунистичкото и студентското движење. Учесник во НОВ. Народен херој (1951). Студирал на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Белград. Бил активен меѓу македонските студенти и им држел предавања за македонското национално прашање. Станал член на КПЈ од 1939 г. Летото 1940 бил во Прилеп и учествувал во илинденската демонстрација и во масовниот излет на Шаторов Камен, каде што бил и првиот говорник. Во својот говор се задржал на Илинденското востание и на Илинден како македонски празник., потоа говорел за неправдите во Кралството Југославија и за опасностите од фашизмот. По демонстрацијата, полицијата го затворила и по неколку денови го спровела во белградскиот затвор „Ада Циганлија“, каде што е суден според Законот за заштита на државата. Од затворот го упатиле во логорот „Ивањица“ – Меѓуречје. Во Прилеп се вратил во март 1941 и набрзо станал член на МК за Прилеп. Првпат во судир со бугарските власти дошол при обновувањето на Градското читалиште во Прилеп на 9 јуни 1941. Во средината на септември 1941 влегол во Бирото на ПК и во тоа својство пристигнал во Прилеп и ја подготвил акцијата на НОПО „Гоце Делчев“ на 11 октомври, кога биле нападнати полициското участок и некои други објекти во градот. Поради несогласување со секретарот на ПК, на 7 јануари 1942 е отстранет од Бирото на ПК и испратен на партиска работа во Кавадарци. На пат од Прилеп за Кавадарци, кај с. Плетвар, Прилепско, загинал во бугарска заседа. *Македонски историски речник*. Институт за национална историја. Скопје, 2000, 448-449.

[5] Државен архив на Република Северна Македонија – Одделение Битола. Фонд: 741 ЗБИРКА МЕМОАРСКА ГРАЃА – БИТОЛА, 1941-1944, СЕЌАВАЊА на политичкиот затвореник Мориц Шами, 1. [натаму: 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на поли-*

Со текот на времето, веројатно веќе и поради влијанието на основните столбови на марксизмот, историскиот материјализам, класната борба, социјалистичката револуција и бесклasното општествено уредување, М. Шами почнува да ја преиспитува исправноста на активностите за кои се залагала организацијата во која тој дејствувал во тој период.

„Јас увидов дека тој пат не е исправен и дека тоа не води кон никаков излез, дека е грешка што ние, нашите маси еврејски-битолски не ги организираме за борба за поспроведлив живот и борба за социјализам.“[6]

Во текот на 1939 година, во редовите на младинската организација „Хашомер хацаир“[7] чие раководство се наоѓало во Загреб, се создало „т.н. лево крило“. Предвоник на ова крило бил Нисим Конфино. Ставот кој го застапувала оваа група на истомисленици бил дека „...патот на еврејската организација е пат заедно со другите народи и народности на Кралството Југославија за борба за создавање на еден поспроведлив живот“. Н. Конфино бил уверен дека со оглед на фактот што битолската еврејска верска заедница била во тешка економска состојба и поголемиот дел од народот живеел во сиромаштија, таа претставувала доволно зрела средина да работи за социјализам.“[8]

Окупацијата на територијата на Кралството Југославија и учеството на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија

За време на германската воена агресија извршена врз територијата на Кралството Југославија на 6 април 1941 година, нејзината капитулација и подоцнежната територијална поделба меѓу сојузничките сили на Оската, Германија, Италија и Царството Бугарија, М. Шами бил во својот роден град Битола.

Со влегувањето на нацистичко-фашистичките окупаторски војски на југословенската територија започнала и организацијата на Народноослободителното и антифашистичко движење во Југославија, а со тоа и организација на Народноослободителното движење во Македонија. Општата платформа на НОД отворала можности за учество и за народностите. Напредната битолска еврејска младина уште на самиот почеток се приклучила во неговото помагање во чии редови бил вклучен и самиот тој.[9]

Во првата половина на септември 1941 година во Македонија бил формиран Покраински комитет на Комунистичката партија на Југославија (ПК на КПЈ) за Македонија, а веднаш потоа новоформираниот ПК формирал Покраин-

---

тичкиот затвореник Мориц Шами...,] Сеќавањата на Мориц Шами се дадени на 23 декември 1976 година во Скопје. На оригиналниот документ не е наведено каде и пред кого се дадени неговите сеќавања. Составен е документ од 8 страници куцан текст на машина со кирилично писмо на македонски јазик.

[6] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 1.

[7] Во оригиналниот документ организацијата е заведена како „Хашчу мерхад саир“. Истото.

[8] Исто.

[9] На 9 април 1941 година Битола била окупирана од германските војски. А.М.

ски воен штаб, како највисок воен и политички орган на вооруженаta борба на македонскиот народ.[10] Со формирањето на политичкото и на военото раководство започнала да се изградува политичката и воената стратегија на вооруженаta борба на македонското народноослободително движење.

Во споредба со другите градови во Македонија во коишто живееле Евреи, кои биле традиционално организирани во рамките на еврејските верски општини, од градот Битола процентуално најмногу Евреи стапиле во Народноослободителната војна (НОВ). Ваквата состојба, меѓу другото, се должела на успешната агитација на извесен број членови на Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ), на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) и на дејствувањето на припадниците на револуционерното работничко движење кои пред започнувањето на војната живееле, работеле и студирале во поголемите развиени градови на Кралството Југославија.[11]

Антифашистичката борба во Битола и во Битолско ја организирал и ја канализирал Месниот комитет на КПЈ[12] на чело со Стеван Наумов - Стив. Познавајќи ја многу добро еврејската младина, работниците, студентите и учениците, меѓу кои непрекинато се движел пред и по преминувањето во илегалство, тој директно учествувал во нивното организирање и насочување.[13] Програмските документи речиси редовно повикувале на меѓународна рамноправност и се темелеле на илинденското историско искуство. Секако, еврејското население не било заобиколувано во таквата национална и политичка страте-

[10] Ванчо Стојчев, Придонесот на Македонија во победата над фашизмот, *Гласник*, год. 39, бр. 1–2, Институт за национална историја, Скопје, 1995, 36.

[11] Александар Манојловски, Учеството на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија. *Гласник*. Год. 65, бр. 1-2. Институт за национална историја. Скопје, 2021, 117-133. [натаму: А. Манојловски, *Учеството на битолските Евреи во НОАВМ...,*]

[12] Битолската организација на КПЈ била формирана во 1919 година. Проф. д-р Трајче Грујоски, Развојот на Народноослободителното движење во Битола и Битолско 1941 и 1942 година. *Битола и Битолско во НОВ 1941 и* 1942. (Материјали од симпозиумот одржан на 11, 12 и 13 април 1977 година) Книга прва. Битола, 1978 година, 17 [натаму: Т. Грујоски, *Развојот на НОД во Битола и Битолско 1941 и 1942 год...,*]; Проф. д-р Трајче Грујоски, Битолските Народноослободителни партизански одреди. *Битолските Народноослободителни партизански одреди.* Друштво за наука и уметност. Битола, 1982 година, 25. [натаму: Т. Грујоски, *Битолските Народноослободителни партизански одреди...,*]

[13] Според Трајче Грујоски, „Во 1940, 1941 и 1942 година, сè до неговото загинување во Преспа, на 12 септември 1942 година (заедно со Мите Богоевски), претставуваше душа на Движењето во Битола. Во септември [1942] истата година стана секретар на новиот Месен комитет. Оттогаш па сè до неговата смрт, Стив беше непрекинато и формално столб и душа на партиската организација во Битола.“ Трајче Грујоски, Стив – душа на организацијата во Битола; Пецо Божиновски, Сеќавања за Народниот херој Стив Наумов. *Битолските Народноослободителни партизански одреди.* Друштво за наука и уметност. Битола, 1982 година, 217-223; 224-231. Жамила Колономос, Вера Весковиќ-Вангели, Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945), Зборник на документи, I. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1986, 40.

гија на македонското национално ослободително движење.[14] Според сеќавањата на Жамила Колономос, од многубројните активности преземени од движењето на отпорот, „... на прво место беше пропагандата, за да се убеди еврејскиот народ дека немаме избор, дека водачите на движењето на отпорот треба да се организираат и да објават борба против нацистичките бугарски, германски, италијански окупатори и нивните соработници“.[15]

Активности за Народноослободителното движење во Македонија

По завршувањето на средното училиште и матурирањето, М. Шами заедно со неговиот другар Израел Герон, присуствувале на состанок[16] на кој биле и „... другарите Додо, Трајче Груевски,[17] Лазо Хаџипоповски, Андон поп Андонов...“. Од присутните лица на состанокот, од М. Шами и И. Герон отворено било побарано да се вклучат во работата на т.н. „Урсовите синдикати“[18]. Имајќи ги во предвид веќе горенаведените информации околу неговите дотогашни активности кои биле блиски до активностите преземени од КПЈ, претпоставуваме дека М. Шами веќе донел одлука да се вклучи во активностите на КПЈ во Македонија.

Според нас, во тој временски период М. Шами веќе бил информиран дека одреден дел од напредната битолска еврејска младина одржувале врски

[14] Александар Литовски, Застапеноста на еврејското и другите национални малцинства во политичката платформа на македонското националноослободително движење во вардарскиот дел на Македонија во текот на Втората светска војна. Зборник *Историја*. Музеј на Македонија – археолошки, етнолошки и историски, бр. 3, Скопје, 2009, 101–105.

[15] Жамила-Анџела Колономос, Движењето на отпорот и Евреите од Македонија. Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје, 2013, 16. [Натаму: Ж. Колономос, *Движењето на отпорот...,*]

[16] Најверојатно станува збор за таен состанок на кој присуствувале напредни младинци преку кои се формирале јадра меѓу помладата генерација.

[17] Грујоски, Трајче (с. Раково, Леринско 19.VIII.1921 - Скопје, 17.VII.2016). Припадник на младинското и комунистичкото движење. Учесник во НОБ. Член на СКОЈ и КПЈ е од 1939 г. Во 1941 станал член на МК СКОЈ во Битола и раководел со средношколските организации на СКОЈ. Во 1942 стапил во одредот „Јане Сандански“, а во 1943 бил член на Вториот областен комитет на КПМ и заменик политички комесар на Втората ОЗ. По ослободувањето бил на разни државни функции. *Македонски историски речник*. Институт за национална историја. Скопје, 2000, 136; https://mnd-bitola.mk/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%84-%D0%B4-%D1%80-%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%98%D1%87%D0%B5-%D0%B3%D1%80%D1%83%D1%98%D0%BE%D1%81%D0%BA%D0%B8/ [Пристапено на: 11.7.2026 година]

[18] Терминот „Урсови синдикати“ кој се користи во македонската историографија претставува кратенка од „Уједињени раднички синдикален савез“ кој бил формиран во меѓувоениот период. Овој синдикален сојуз од 1925 година бил под влијание на Социјалистичката партија. Подоцна комунистите и скоевците ги потиснале социјалдемократите од него и го користеле за организирање на штрајкови за подобрување на економската положба на работникот и подобрување на работничките права. Во декември 1940 година со одлука на кралската југословенска влада, предводена од Цветковиќ-Мачек, овој синдикален сојуз бил забранет. Поопширно види, Др Милица Миленковић. *Синдикални покрет у Србији 1921-1929.* Београд, 1979, 1-572; Надежда Јовановић. *Синдикални покрет Србије 1935-1941.* Београд: Рад, 1984, 1-319.

со личности кои биле дел од КПЈ, па веднаш им се обратил, за што сведочи неговата изјава „...Со оглед на тоа дека знаев оти Виктор Пардо и Аврам Садикарио[19] одржуваат врски со членови кои работат во КП, ги замолив да ме поврзат со другари кои работат и јас да станам член и да работам за КПЈ“.

Процесот на поврзување со членовите од редовите на партијата бил под постојан мониторинг но веруваме дека М. Шами ги поминал проверките и за него гарантирале членови од напредната битолска еврејска младина. „...По извесно време ме поврза[а] со една група чиј секретар беше Христо Дума[20].“ По неговото поврзување, М. Шами веќе бил вклучуван во активностите на партијата.

Илегална дејност за време на окупацијата

По насоки издадени од ПК на КПЈ за Македонија во декември месец 1941 година во Битола пристигнал Јордан Чопела. Тој имал за задача да под-

[19] Садикарио, Аврам (Битола, 15.05.1919-Скопје, ?.VIII.2007) Основно и средно образование завршил во родната Битола. Уште во 1937 година како ученик во гимназија почнал да се интересира за комунистичките идеи. Во 1938 година започнал студии по медицина во Белград и таму останал до нападот на Кралството Југославија во 1941 година, кога се вратил во родната Битола. За време на неговиот престој во Белград, како студент, учествувал во повеќе акции и протести организирани од КПЈ, меѓу кои и во големите демонстрации во Белград потив пактот со нацистичка Германија. По враќањето во Битола, бил примен за активен член на партијата и бил вклучен во партиските активности, а заедно со Виктор Пардо и Мориц Шами биле дел од партиска ќелија, организирана група на Комунистичката партија. Покрај тоа, бил и организатор на друга партиска ќелија во која членувале Нисим Алба-Мики, Марсел Демајо и Симо Калдерон, а тие организирале подгрупи и симпатизерски групи. Со овие активности за придобивање и омасовување на членството успеале да придобијат членови на битолските еврејски организации „Техелет Лаван" и „Хашомер Хацаир". Па така меѓу Евреите од Битола имало околу 600 еврејски младинци кои биле вклучени во движењето на отпорот. Во 1942 година, ќелијата во која членувал и Аврам била откриена, при што неговите другари Мориц Шами и Виктор Пардо биле уапсени, а Аврам не бил откриен, но со оглед на околностите, морал да премине во илегала. Во периодот на депортациите на Евреите од Македонија, во март 1943 година, Аврам бил затекнат во Софија, каде го водел својот брат на лекарски преглед. Во истиот период, поради провали на партиската структура во Битола, Аврам илегално останал да престојува во Софија. Кон крајот на 1944 година се вратил во Софија каде ги продолжил студиите по медицина и по нивното завршување во 1945 година, се вратил во Македонија и работел како доктор педијатар на Детската клиника и професор на Медицинскиот факултет во Скопје. Каталог од изложба „Живот“. Уредник: м-р Жаклина Мучева. Издавач: Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија. Ненумеририрани страници посветени на Аврам Садикарио. [Во каталогот нема наведено година на издавање.]

[20] Христо Дума (Битола, 28.11.1919 - Битола, 9.1.2009). Основно училиште, а потоа и гимназија завршил во 1937 година во родната Битола. Истата година почнал медицински студии во Белград. Во 1941 година, поради окупацијата и учеството во НОБ, ги прекинал студиите, а по ослободувањето продолжил со студиите повторно во Белград и во јуни 1948 година дипломирал. *Декани (1947-2012)*: (биографии, одбрани биографии): (65 години), УКИМ, Медицински факултет - Скопје, 2105, 53-56; Професор и основноположник на современата македонска педијатриска генерика и молекуларна биологија. Гласило на Лекарската комора на Република Северна Македонија, *VOX medici*. Година XXVIII, број 107, 16 јуни 2020, 44-47.

готви терен за формирање на партизански одреди во овој регион каде илегално престојувал и Мирче Ацев. Во овој временски период, Ј. Чопела станал член на МК на Сојузничката младина на Југославија за Битола. Во почетокот на 1942 година бил избран за член на Месниот комитет за Битола, а истовремено раководел и со Комисијата за народна помош.[21]

За активностите поврзани со собирање помош, во своите сеќавања како директен учесник М. Шами сведочи, „...собирав заедно со другите оружје и други материјали. Освен оружје собиравме и доста прехранбени артикли, особено кашкавал, кои беа подготвувани за движењето и илегалците.“[22]

Во текот на 1941 година, М. Шами веќе раководел со еден пододбор за обезбедување на народна помош од еврејското население.[23] Кон крајот на 1941 година дури учествувал во обезбедување на „...поддршка и за група засолнети прилепски партизани. Во работата на илегалните организации учествувале и неговите сестри Реџина (Нина), Ана и Матилда Шами“.[24]



Морис Шами заедно со неговите две најстари сестри, Ана (лево) и Реџина – Нина (десно)[25]

За време на неговите илегални активности, М. Шами стапува во контакт со бројни соработници, подоцна членови на Народноослободителната и анти-

[21] Миле Михајлов, Прилепски партиски раководни кадри на работа низ Македонија, јануари-декември 1942 година. *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година*. (Материјали од научниот симпозиум одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година). Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп. Култура, Скопје, 1978, 35.

[22] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Морџ Шами...,* 1.

[23] Александар Матковски. *Историја на Евреите во Македонија.* Македонска ревија, Скопје, 1983, 95.

[24] https://holocaustfund.org.mk/posts/details/156. [Пристапено на: 13.7.2026 година]

[25] Фотографијата и описот се сопственост на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија.

фашистичка војна на Македонија, меѓу кои се набројуваат „...Стив Наумов,[26] Пецо Божиноски, претставници од Трговската академија и многу други.“[27]

Во декември 1941 година бил формиран Окружниот комитет на КПЈ – Битола. Во спроведување на неговите акции и активности, активно учество зеле битолските Евреи: Исак Сарфати, Бено Русо,[28] Анаф Ели, Сарина Песо, Барух Елијао (Ликац), Исак Камхи, Мордохај Нахмијас, Салво Нахмијас, Виктор Пардо, Мирјам Попадиќ, Аврам Садикарио, Исак Сион, Пепо Камхи и Арон Теста. Меѓу нив бил и Мориц Шами.[29] Покрај спроведувањето на активностите, М. Шами добива и насоки и овластувања да формира и скоевска група, за што тој сведочи, „...успеав да оформам и скоевски групи.“[30]

Неговата заложба и активност била препознаена и истакната од страна на Ј. Чопела кој на еден од состаноците на МК на КПЈ за Македонија изјавил дека еврејскиот пододбор за народна помош составен од: М. Шами, Леон Ишах, Перец Русо, Леон Франко и Дарио Аруести бил еден од најактивните и дека токму тој собрал две третини од материјалните средства што ги собирала организацијата на Народноослободителното движење во градот Битола. Преку М. Шами, Рашела Леви и Алегра Нахмијас биле обезбедени над 200 златни наполеони и други парични средства. Во тој период, при собирање на обемна

[26] Наумов, Стефан – Стив (Битола, 27.X.1920 – Болно, Ресенско, 12.IX.1942) припадник на комунистичкото и студентското движење. Учесник во НОВ. Народен херој (1945). Студирал на Техничкиот факултет во Белград. Активно учествувал во сите манифестации и демонстрации што ги организирале студентите. Бил уапсен во Белград, а потоа протеран во Битола. Кон крајот на 1939 г. повторно се нашол во Истражниот затвор во Белград. Во септември 1940 е избран за секретар на МК КПЈ за Битола. По окупацијата, раководел со подготовките за оружено востание, организирал собирање на оружје и постојано одржувал врски со партиските организации во западна Македонија. Од јули 1941 се повлекол во илегалност и раководел со НОД во Битола. Во април 1942 учествувал во формирањето на Битолскиот НОПО „Пелистер“. Од јуни 1942 станал член на оперативниот штаб за Македонија и член на Привремениот ОК КПЈ за Македонија и активно учествувал во организирањето на оружени и други акции во западна Македонија (Битола, Ресен, Прилеп, Крушево), ги координирал акциите на одредите на овој терен и работел на нивното омасовување. Загинал во заедничка акција со Мите Богоески, во борба со бугарската полиција. *Македонски историски речник.* Институт за национална историја. Скопје, 2000, 332.

[27] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 1.

[28] Во почетокот на јуни 1942 година била обновена работата на Месниот партиски и скоевски комитет. Во составот на Партискиот комитет влегол и Бено Русо кој бил назначен за секретар. Бено Русо, Димче Милески и Пецо Божиновски, Партиската организација во Битола и Битолско непосредно пред формирањето на одредот „Даме Груев“. *Битолските Народноослободителни партизански одреди.* Друштво за наука и уметност. Битола, 1982 година, 101.

[29] Жамила Колономос, Вера Весковиќ-Вангели, Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945), Зборник на документи, I. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1986, 38; Ж. Колономос, *Движењето на отпорот...,* 16; Александар Манојловски, *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола.* Министерство за култура на Република Северна Македонија. Скопје, 2020, 317.

[30] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 1.

количина на материјалите кои биле наменети за помош на НОД, се појавил и неочекуван проблем кој бил поврзан со нивното чување односно складирање. За оваа и за други цели и намени, домовите на неколку битолски еврејски младинци веднаш биле ставени на располагање. На списокот на домови бил и домот во кој живеел М. Шами заедно со неговото семејство. Во него исто така, е регистрирано дека членовите на КПЈ и СКОЈ како и симпатизерите на НОД, одржувале и тајни состаноци.[31]

Априлската провала и апсењето на Мориц Шами (1942)

Јордан Чопела заедно со Мирче Ацев во овој временски период вршат подготовки за формирање на партизански одред. Истовремено, бугарската полиција[32] и војска успеале да добијат одредени безбедносни информации за нивните планови и презеле активности за формирање на битолски партизански одред. Со цел да ги спречат нивните активности, во месец април 1942 година извршиле масовни акции против активистите на Комунистичката партија на Југославија во Битола. Овие акции во македонската научна јавност се познати како „Априлска провала“ на битолската организација. Во провалата биле уапсени,[33] ранети, осудени и ликвидирани бројни високи позиционирани лица и членови на СКОЈ и КПЈ во Битола.[34] Меѓу упасените е и Јордан Чопела кој бил откриен во неговиот илегален стан. При обид за бегство тој бил ранет, спроведен во полиција, а потоа во периодот меѓу 8 и 9 април бил и ликвидиран.[35] Два дена подоцна, на 10 април, во Битола бил откриен и раководителот на „пар-

[31] Жамила Колономос, Вера Весковиќ-Вангели, Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945), Зборник на документи, I. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1986, 40-41.

[32] Бугарската полициска структура во Битола ја сочинувале повеќе стотици полицајци распоредени во триесетина станици, посебна политичка полиција, коњички ескадрон и моторизирана единица. Истите биле снабдени со најмодерно оружје. Целиот државен и полициски апарат дејствувал заедно или под непосредна команда на бугарската војска. Т. Грујоски, *Битолските Народноослободителни партизански одреди...,* 22.

[33] Во априлската провала на битолската партиска организација биле затворени 11 Евреи. Мориц Романо и Ели Фараци биле осудени на повеќегодишен затвор, но провалата натаму не се проширила. Ѓорѓи Димовски – Цолев. Ученици Евреи во Трговското училиште во Битола. Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола. *Зборник на трудови*. Битола, 2013, 79.

[34] Т. Грујоски, *Битолските Народноослободителни партизански одреди...,* 27.

[35] Миле Михајлов, Прилепски партиски раководни кадри на работа низ Македонија, јануари-декември 1942 година. *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година*. (Материјали од научниот симпозиум одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година). Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп. Култура, Скопје, 1978, 35; Бено Русо, Димче Милески и Пецо Божиновски, Борбена Битола во 1942 година. *Битолските Народноослободителни партизански одреди.* Друштво за наука и уметност. Битола, 1982 година, 56. [натаму: Б. Русо, Д. Милески и П. Божиновски, *Борбена Битола во 1942 година...,*]

тиската техника“, Вангел Тодоровски со прекар Мајорот. Во обидот за негово апсење, тој бил ликвидиран.[36]

„Провалата дојде сосема ненадејно. Не знаевме од каде тече, ни кој ја предизвика и какви размери може да добие. Не бевме во состојба сите загрозени да ги префрлиме во илегалност. Сите бевме во приправност. Не спиевме дома. Штом ќе разберевме дека некој од другарите дома го бара полицијата – го префрлавме во Лавчанската гора“, се сеќава Лазо Хаџипоповски.[37] Со цел да се избегнат дополнителни поголеми последици, раководството на МК на КПЈ во Битола предводено од секретарот Стив Наумов, донело одлука за формирање на првиот битолски партизански одред. На 22 април 1942 година на планината Баба, над селото Лавци, бил формиран битолскиот партизанскиот одред под името „Пелистер“. По добиените информации за новиот партизански одред и негово лоцирање над селото Ореово, Битолско, на 3 мај бугарските воени и полициски власти со над 2 000 војници извршиле блокада на месноста при што партизанскиот одред бил опколен и разбиен.[38]

Временскиот период кога била извршена априлската провала како и разбивањето на одредот „Пелистер“ каде многу лица биле уапсени, фатени, затворени, мачени и убиени, се совпаѓа со периодот кога М. Шами исто така, е уапсен и затворен. За овој период, во своите сеќавања тој сведочи, „...Во пролетта 1942 година беше затворен мојот другар Виктор Пардо. По неговото паѓање јас го известив другарот Андон поп Андонов и тој ми рече можи ништо нема да стани, но за секој случај да не спиеме дома“.

И покрај дадените насоки да не го посетува својот дом, на 8 април М. Шами го посетил своето семејство, за што сведочи, „...јас случајно навратив дома и сите навалуваа да седам дома бидејќи денот никој не мислеше дека ќе ме побараат дом[а].“ Слушајќи ги молбите од своите родители, М. Шами одлучува да преспие вечерта во својот дом. Но, вечерта не била безбедна како што тој и неговите најблиски очекувале. Информациите за неговата посета на сопствениот дом експресно пристигнале до бугарската безбедносна полициска служба која веднаш преземала чекори за негово апсење. „...Ноќта мојата куќа ја опколија околу 8-10 полицајци и 2 агенти“. Семејството на М. Шами било

[36] Т. Грујоски, *Развојот на НОД во Битола и Битолско 1941 и 1942 год...,* 39; Б. Русо, Д. Милески и П. Божиновски, *Борбена Битола во 1942 година...,* 56

[37] Лазо Хаџипоповски, Формирање на одредот „Пелистер“. *Битолските Народноослободителни партизански одреди.* Друштво за наука и уметност. Битола, 1982 година, 67. [натаму: Л. Хаџипоповски, *Формирање на одредот „Пелистер“...,*]

[38] Д-р Миле Тодоровски, Партизанските одреди и Народноослободителната војска во Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944. Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 1972, 69; Т. Грујоски, *Развојот на НОД во Битола и Битолско 1941 и 1942 год...,* 53; Дане Петковски, Владо Стрезоски. *Борбена дејства у Западној Македонији 1941-1944.* Издавач: Војноиздавачки завод. Београд, 1983, 61-65; Т. Грујоски, *Битолските Народноослободителни партизански одреди...,* 33; Андон Поп Андоновски, За првиот одред во втората година од окупацијата. *Битолските Народноослободителни партизански одреди.* Друштво за наука и уметност. Битола, 1982 година, 65.

многудетно. Тој имал 6 помали сестри и 1 помал брат. Со цел да не ги загрози нивните животи и нивната иднина, одлучил да се предаде без пружање на никаков отпор. За овој настан тој сведочи, „...Бидејќи мојата фамилија беше поголема, освен татко ми и мајка ми, имав 6 помали сестри и едно братче, па не можеше да се дава никаков отпор. Да се бега немаше каде, куќата беше опколена. Изв[р]шија претрес но никакви материјали не најдоа“. [39]

Испрашување и тортура во бугарската полициска станица

По неговото апсење,[40] М. Шами бил однесен во бугарска полициска станица која се наоѓала од десната страна на улицата Рузвелтова. Според неговите сеќавања, тоа била зграда на поранешиот еврејски клуб но по влегувањето на бугарските административни и воено-полициски сили, зградата била одземена и била претворена во „...центар за сослушавање на затвореници штотуку земени“. Во полициската станица М. Шами го видел братот на Андон Поп Андонов, кој исто така бил уапсен и физички малтретиран изјавувајќи, „...и тој имаше една модрица под вегата“. Искористувајќи соодветна прилика, М. Шами го прашал дали е уапсен и Поп Андонов, при што братот му одговорил дека него не го фатиле.

Во затворот М. Шами бил држен извесно време. Таму бил сослушуван од бугарски агент под прекар, „Дустабанлија“. За деновите поминати во полициската станица во своите сеќавања тој вели: „...Од почетокот сакаа да ја искористат мојата збунетост и рекоа дека сè знаат за мене; кој сум, што работам, дека сум член на партија и ако сакам да се спасам, треба да кажам сè“. Изнесените обвинувања, М. Шами децидно ги отфрлал, „...Јас реков дека сум изненаден и дека немам направено никакви работи...“. Бугарските полициски службеници набрзо преминале со други мерки кои опфаќале примена на интензивни физички мачења со цел да дојдат до саканите информации и негово признание. За нив М. Шами сведочи, „...Ме удираа со палица, прачка, кундаци и др.[уги предмети.] Потоа ме врзаа во очите и ме водеа низ едни тесни коридори и после јас заклучив, таму паѓав, се дигав и најпосле ме донесоа во една мрачна просторија. Тогаш ми ги одврзаа очите и ми ја покажаа електричната столица и ми рекоа дека сега ќе ме убијат“.

И повеќе од очигледно е дека интензивните физички малтретирања применети врз М. Шами не вродиле со никаков плод. Со цел по секоја цена да извлечат признанија од него, бугарските полициски службеници преминале на следната фаза, физичко мачење со електрична струја. За овој настан тој изјавува, „...Потоа ме ставија на столицата и ми пуштаа струја. Телото ми се грчеше, а тие довикуваа дека треба да ме убијат и дека нема што да ме држат, дека сум и комуниста и Евреин“.

[39] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 1-2.

[40] Во сеќавањата М. Шами не го наведува датумот на неговото апсење.

Откако не успеале ниту со оваа мерка да ги извлечат саканите информации, бугарските полициски службеници му се заканале дека ќе го однесат во друга просторија и ќе го соочат со друго лице, кое ќе ги потврди работите кои тие сакале да ги чујат, „...Ме соочија со другарот Виктор Пардо. Виктор кој беше доста тепан, претходно беше и опериран и сè уште неизлечен потполно, кажа дека ме познава, дека заедно работиме, дека сме биле на 10 состаноци и дека сме дале по 50 лева".

Сите изнесени информации од страна на другарот В. Пардо, според анализата на М. Шами биле изречени набрзина со цел, „...да знам што сè тој кажал, а понатамо да не ја проширувам провалата". На обвинувањата кои биле изнесени од неговиот другар, М. Шами воздржано и ладно одговорил, „...Јас реков дека Виктора го познавам, дека тој е еврејски студент, а јас сите еврејски студенти ги познавам во Битола. Но[,] со него ништо не сум работел". На поставените прашања зошто и од кои причини В. Пардо ги дал изнесените информации, М. Шами вешто одговорил, „...јас се вртам околу неговата сестра и тој е кивен на мене па сака да ми го пришие и ова".

Неуверени и незадоволни од одговорите кои ги добиле, полициски службеници повторно го вратиле М. Шами на електричната столица, за која изјавува, „...сега ми беше позната[,] а не како првиот пат". Измачувањата биле незамисливо страшни, тешки и болни, при што тој изјавува, „...мислев дека овој пат ќе ме докрајчат".

Партиските структури кои учествувале во НОАВ ги информирале своите поддржувачи, активисти и членови за последиците со кои би можеле да се соочат доколку бидат уапсени од бугарската војска и полиција, подготвувајќи ги психички за методите за кои имале сознанија дека ги користеле. „Поучуван во партијата дека ќе применуваат далеку постраши методи, ова што го чинеа над мене ми даваше верба дека можам да го издржам."[41] Од неговите изјави дадени според неговите сеќавања, сметаме дека М. Шами бил доволно свесен дека доколку одлучил да ги смени неговите дадени искази пред претставниците на бугарските безбедносни служби, веднаш ќе му било пресудено.

Затворештво во Битолската православна богословија

По завршувањето на испитувањето кое било проследено со тешки психички и физички малтретирања и мачења, М. Шами бил префрлен во зградата на Битолската православна богословија.[42] Таму го затвориле во соба во која веќе биле затворени и други лица. За деновите поминати таму тој се сеќава, „...ме ставија во една одаја заедно со една група наши другари меѓу кои беа и другарите Дано и Пепе[,] прилепчани првоборци[,] презимето не му го знам.

[41] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 2.

[42] Битолската православна богословија престанала со својата работа со почетокот на Втората светска војна во 1941 година. Од бугарските окупаторски власти зградата била користена за нивни потреби. А.М.

Во таа стаја беше и братчето на Вангел Василески кое имаше околу 12 години. Покрај нив беше и Фанија Мајкова - Тозија - сега, која ми беше познато дека му беше другарка на Стив Наумов. Исто така, беше и другарката Драга Чаловска[43]. После 2 дена ја донесоа [и] другарката Венда[44].[45]

Доста впечатливи се информациите кои М. Шами ги споделува во своите сеќавања за држењето на другарката Венда за време на истрагата вршена од страна на бугарските полициски службеници.

„...Другарката Венда наведе дека името и е Звезда. Таа беше илегалка од Прилеп побегната во Битола[,] а фатена е во куќата на другарката Фана Мајкова[46]. Полицајците ја прашувале што бараш тамо, а таа им одговараше дека е од Царев Двор и дека избегала оттаму бидејќи Италјанците биле пуштарци и трчале по нашите девојки, па нејзиниот татко, бидејќи е стар бугарофил ѝ рекол „бегај кај нашите во Бугарија[,] спаси [се] од овие жабари, од овие нечесни луге[“]. И таа, ете, дошла во Бугарија кај своите сметајќи дека ќе најде спас, а тие ете ја нашле[,] зеле и ја затвориле. Полицаецот ја прашувал „а како да си

[43] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 2.

[44] „Венда Николова Темелковска, вечерта спроти 11 октомври 1941 година во месноста Црвени Стени, учествувала во формирањето на Прилепскиот партизански одред. На 11 октомври 1941 година учествувала во нападот на бугарската полициска станица и на затворот во Прилеп, а на 23 октомври заедно со над 30 други партизани учествувала и во формирањето на партизанскиот одред „Гоце Делчев“. На 25 ноември 1941 година во судскиот процес на воениот суд во Битола, во отсуство, била осудена на 12 години и 6 месеци за организирање на вооружен напад на 11 октомври 1941 година. Во април 1942 година, Венда се приклучува во битолскиот партизански одред „Пелистер“. По разбивањето на одредот на 3 мај 1942 година во Лавчанската корија, (Битолско), Венда била ранета и заробена од бугарската полиција. За оваа случка сведочи: „...Фативме позиција и борбата почна. Гради во гради. Имавме малку куршуми. Мораше да се внимава. Одеднаш слушнавме дека Елпида застенка од болки... Ја ранија! Потоа и мене ме ранија. Бол не почувствував, само ми беше жешко... Другарот Јоска ми ја поткрена главата да види колку и каде сум ранета и во тој момент видов како го погоди куршум во слепочницата... Бевме поразени, а многумина од нас убиени. Дали некој се спаси? Тешко. Бугарите започнаа да ни се приближуваат. Со кундаци нè удираа и нè бодеа со бајонети. На две места бев ранета со куршум пред тоа, а сега и тие петпати ме прободеа. И сè уште не бев свесна дека сум ранета. Мислев дека сум толку многу облеана со крвта на Мара. Потоа нè собраа во еден камион. Сите мртви и јас меѓу нив“. Од бугарскиот воен суд во Скопје била осудена на 15 години строг затвор. Казната ја издржувала во Скопскиот затвор од каде во јануари 1944 година била префрлена во затворот во Стара Загора. По 9 септемврискиот пресврт во Бугарија, Венда била ослободена. Веднаш пристапила во воените единици на НОВ и ПОМ. Во текот на 1944 година била избрана за секретар на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија. Венда Темелкоска | OLDPRILEP.COMOLDPRILEP.COM; Прилепчанки низ времето – посветени домаќинки, храбри револуционерки, истакнати интелектуалки - ПУБЛИКУМ; Октомврискиот ден што најави историска вечност! - Нова Македонија [Пристапено на: 14.7.2026 година]

[45] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 2.

[46] Во текот на ноември 1941 година, Фана Мајакова била назначена за одговорна за работа со женската младина при Месниот комитет на СКОЈ во Битола. Б. Русо, Д. Милески и П. Божиновски, *Борбена Битола во 1942 година...,* 53; 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 2.

била пак баш кај таа комунистка Фана?“ Таа му одговори дека алиштата ѝ се полуселски па дошла кај Фанија да се облечи, па да излезе во градот. Али јас несреќна ете, кога доаѓам и кај нашите ете, несреќа ме прати. Така Венда за цело време создаде една претстава за едно наивно селско девојче кое нема врска со никаква политика и мисли само на нејзини работи. Таа му раскажуваше на полицаецот за сите обичаи, свадби и сл.[ично] и ми се чини дека успеа да ги убеди дека е случајно фатена. На крај, по неколку дена ја пуштија. Не ја исклучувам можноста дека ја пуштија и со цел да ја пратат, со кого одржува врски. Сепак, со убедување дека таа не е опасна за државата. Но, тоа не беше така. По разгромувањето на партизанскиот одред - „Пелистер“, таа кога ја донесоа [ранета] на 7 места и на едно место со куршум [застрелана] и тие беа страшно кивни и на нас викаа дека нема што со нас да дискутираат и дека треба да нè уништат. Примерот на другарката Венда го наведувам како пример на еден револуционерно задоен младинец и неговото цврсто држење пред класниот непријател.“[47]

М. Шами во своите сеќавања раскажува и за исклучителното храбро држење на другарката Фана Мајакова и покрај тешкото физичко мачење на кое била изложена во затворот. Според неговото сведоштво, бугарската полиција најмногу ја мачела затоа што била другарка со Стеван Наумов, а дополнителна причина биле и обвинувачките изјави кои биле добиени од уапсените членови од нејзината скоевска група.

„...Во затворот многу ја тепаа другарката Фана Мајакова бидејќи ѝ ги донесоа членовите на нејзината скоевска група кои ја обвинуваа, но најмногу ја мачеа поради тоа што таа беше другарка на Стив Наумов. Полицијата не ја интересираше толку што таа е водач на скоевска група, туку каде е Стив Наумов. Неа ја тепаа ноќе и во еден случај ја прашав како е, а таа ми рече „човекот е појак и од камен“. Тие нејзини зборови мене ми останаа во сеќавање на еден добар борец којшто покажа голема цврстина пред класниот непријател“.[48]

Во неговите сеќавања исто така, се споменуваат и лицето со прекар „Дано“ и лицето Томе со прекар „Ѓуш“[49] од кого М. Шами се плашел дека ќе биде

[47] Истото, 3.

[48] Исто.

[49] Во текот на ноември 1941 година, Томе Стојановски со прекар Ѓуш бил назначен за одговорен за работничката младина при Месниот комитет на СКОЈ во Битола. На 18 јануари 1942 година бил назначен за одговорно лице за „техника и СКОЈ“. На 10 април 1942 година Томе Ѓуш бил уапсен од бугарската полиција при што кај него бил пронајден партиски материјал и писмени забелешки. За време на истрагата, Томе Ѓуш попуштил и признал дека работел за НОБ при што издал неколку имиња на членови на КПЈ во Битола меѓу кои имало имиња и на илегалци. Потерата веднаш била започната. „Главен актер на провалата беше Томе Ѓуш, кој, како член на Месниот комитет, ја знаеше речиси цела организација. Така настанала познатата пролетна провала која ѝ нанесе голема штета на битолската партиска организација. Во тоа време само за неколку дена биле уапсени повеќе од половина членови на Партијата во градот“. Љупчо Арсов, Обнова на партиската организација на КПЈ во Битола како предуслов за зголемената револуционерна активност во периодот ноември 1941 – април 1942 година. *Битола и Битолско во НОВ 1941 и* 1942. (Материјали од симпозиумот одржан на 11, 12 и 13 април 1977 година)

издаден на бугарските безбедносни службеници бидејќи тој знаел дека бил дел од скоевските групи кои работеле во градот Битола.

„...За време на мојот престој во затворот исто така, знам дека другарот Дано многу го тепаа и го носеа и го враќаа претепан. Во затворот го видов под скалите и Томе Гуш од кого почнав да стравувам да не ме издаде, бидејќи ме познаваше дека работам во скоевската организација. Но[,] тој не ме издаде. Понатаму со него бев во Скопскиот и Варненскиот затвор[,] и иако имаше слабо држење, ние му помогнавме да не оди понатаму со тоа, туку да се поправи“.[50]

И покрај сите незамисливо тешки секојдневни случувања во затворските ќелии, М. Шами изјавува:

„...Во тие тешки денови во затворот наоѓавме и зборови за да се насмееме и да го предизвикаме непријателот кој бесен, постојано пцуеше. Денес кога размислувам после сето тоа, мислам дека најтешкото беше очекувањето на тепањето, односно носењето на тепање.“[51]

Во временскиот период на разбивањето на партизанскиот одред „Пелистер“, во затворот во кој бил затворен и М. Шами бил доведен и неговиот другар Андон поп Андонов, лицето со кое се консултира како да постапи по апсењето на Виктор Пардо. Во процесот на мачењето, А. поп Андонов подлегнал на притисокот и издал одредени информации. За потврда на веродостојноста на информациите го посочил М. Шами кој од бугарските полициски службеници бил повикан за проверка на информациите. За овој настан, М. Шами се сеќава:

„...За време на разгромот на Одредот, во затворот го доведоа и Андона поп Андонов кој нешто бараше да кажам. Откако видоа дека јас не признавам, после и Андон го измени искажувањето за мене.“[52]

Пренос во битолскиот затвор и организирање на затворениците

По извесно време,[53] М. Шами бил транспортиран од зградата на битолската православна богословија, во битолскиот затвор. Ваквото преместување за него значело, „дека ние сме готови за судење“.[54]

За деновите поминати во битолскиот затвор тој изјавува:

Книга прва. Битола, 1978 година, 111; Т. Грујоски, *Развојот на НОД во Битола и Битолско 1941 и 1942 год...,* 35; Б. Русо, Д. Милески и П. Божиновски, *Борбена Битола во 1942 година...,* 53-54; 56; Л. Хаџипоповски, *Формирање на одредот „Пелистер“...,* 66.

[50] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 3.

[51] Истото.

[52] Исто.

[53] Во сеќавањата не е наведено колкав временски период престојувал во затворот.

[54] Во оваа своја изјава М. Шами користи множинска форма „...ние сме готови за судење“ со што потврдува дека е дел од група на затвореници. Сепак, тој не ги наведува имињата на останатите лица со кои бил префрлен и подоцна осуден - податок што би бил корисен за понатамошна проверка и вкрстување со други извори. А.М. 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 3.

„Во затворот затекнавме една група на прилепчани на чело со Лулата, другарот Горе Дамески, другарот Јаваш, Целе Згуре, Гојко Секулоски и др.[уги]“. Тука затекнал и еврејски другари со кои заедно работел во скоевските групи. Овие лица претходно биле уапсени, физички мачени и префрлувани од една на друга локација пред да бидат донесени во битолскиот затвор. Станува збор за лицата „Виктор Пардо и членовите на неговата скоевска група: Бато Анаф,[55] Мориц Романо,[56] Ели Фараци.“[57]

Се сеќава на настаните и личностите кои најмногу му останале во сеќавање изјавувајќи: „Тука имаше дух на млади затвореници-младинци. Посебно јак дух имаше групата од Прилеп. Секој ден имаше по еден изгред против полицајците и раководството на затворот“.[58]

---

[55] Анаф, Јосеф Аврам – Бато, роден 1922 година во Белград. Бил студент. На 9 април 1942 година поради антифашистичка дејност како член на КПЈ, бугарската полиција го затворила. Потоа окупаторските власти го осудиле на 9 години и 6 месеци строг затвор. Во 1945 година загинал, во својата канцеларија, од непријателски куршум. *Паднати борци во народноослободителната борба 11.10.1941-15.05.1945*, 1970, 17. [На изданието нема наведено издавачка куќа. Достапност на користената граѓа: Филозофски факултет во Скопје под сигнатура, Историја к II 2894 и Историја к III 651]

[56] Мориц Аврам Романо (11.IX.1921, Бјелина, денешна Босна и Херцеговина – 1.V.2010, Скопје, Република Македонија) Во 1931 година се доселува во Битола каде го продолжува своето основно образование. Тука подоцна завршува и Гимназија и Трговска академија. За време на Втората светска војна, М. Романо се приклучува во редовите на СКОЈ и во редовите на НОД на територијата на Македонија, за чии потреби илегално вршел одредени активности и задачи. На почетокот на 1942 година, бугарската полиција доаѓа до информации за спроведување илегални активности од страна на младите битолски Евреи при што презема соодветни безбедносни мерки за нивно спречување. Во акција извршена од страна на бугарската полиција во април 1942 година во Битола биле уапсени и затворени неколку СКОЕВЦИ младинци Евреи. Меѓу нив бил и М. Романо. На 1 јули 1942 година, бугарскиот воен суд во Битола, повикувајќи се на обвинителниот акт против уапсените во полициската акција, поведува судски процес во кој му била определена затворска казна во временски период од 12 години. Од затворот во Битола бил префрлен во затворот во Скопје од каде подоцна биле транспортирани во затворот во Варна во Царството Бугарија на отслужување на затворската казна. Тука останува сè до државниот превrат во Царството Бугарија извршен на 9 септември 1944 година, кога власта била преземена од новата Отечественофронтовска влада предводена од Кимон Георгиев. По неговото ослободување од затворот, заедно со група од десетина луѓе со кои ја отслужувал затворската казна, М. Романо се вратил во Македонија. По завршувањето на војната извршувал бројни значајни државни и политички функции. А. Манојловски, *Учеството на битолските Евреи во НОАВМ...,* 120, 122, 125; *Oral history interview with Moric Romano*. Interviewer, Olivera Hristova. Interviewee, Moric Romano. Date interview: 1995 November 28. Part 1. (натаму: *Oral history interview with Moric Romano...*,) https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512721. [проверено на: 15 јули 2026 година.]; *Oral history interview with Moric Romano…,* Part 2. https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512721. [проверено на: 16 јули 2026 година.]; Romano, Jaša. *Jevreji Jugoslavije 1941-1945. Žrtve genocida i učesnici Narodnooslobodilačkog rata.* Izdavač: Savez Jevrejskih Opština Jugoslavije. Beograd, 1980, 471.

[57] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 4.

[58] Истото.

Како позначајни случувања кои му оставиле длабок впечаток за време на деновите поминати во битолскиот затвор М. Шами издвојува два настани. За првиот настан изјавува:

„Еден ден спонтано почнавме да ја пееме руската песна Вејте краснаја знамјона. Таа песна почнавме да ја пееме гласно и сѐ погласно да се слуша надвор од затворот. Ние меѓу себе си рековме нека види народот дека сме живи и дека тоа е патот на борбата. По извесно време дојде директорот на затворот и почна да вика[,] да нѐ пцуе[,] мајка шумкарска и прашуваше кој е тој што пееше. Ние сите рековме дека никој не пееше. Тој тогаш рече, ако не издадеме, сите по ред ќе нѐ тепа.

Горе Дамески се јави прв како доброволец и го тепаше со еден каиш и го направи сиот модрици. Се врати. Се јави друг како доброволец Лулата. После него се јави Целе Џгуре и сите бевме спремни да се јавуваме доброволци сѐ додека директорот не се измори и изгуби контрола заканувајќи се дека сите ќе нѐ убие удирајќи со неговиот камшик. Нашата омраза кон тој директор беше посебно силна затоа што дознавме дека тој лично го има убиено од заседа нашиот другар Борка Талески заедно со еден другар од Кавадарци заради што како подарок добил пиштол и одликување“.[59]

Додека пак, вториот настан е поврзан со иницијатива за организирано бегство, „Кога нас нѐ донесоа во затворот меѓу прилепчаните, еден ден Горе Дамески ми кажа дека меѓу другарите од Прилеп е разговарано дека ние треба да бегаме од затворот, посебно по убиството на Курчиев.

За таа цел, тие зедоа обврска да бараат врска со партијата надвор и да се уреди бегањето. При тоа ние би побегнале и би оформиле Одред во кој за командир би бил тој или Лулата[,] а мене ме предвидуваа за политички комесар. Подоцна ние чекавме да дојде до таква комбинација, но до тоа не дојде и сето тоа пропадна.[60]

Од затворената група од Прилеп, М. Шами во своите сеќавања посебно го издвојува држењето на лицето со прекар Лулата.

„Посебно добро држење во затворот имаше другарот Лулата. Тој посебно го предизвикуваше директорот во ситници. Памтам, на пример, еден ваков момент: Лулата секогаш беше последен, последен се прибираше во собата. Сите викаа да се прибере[,] а тој ќутеше.

Еден ден директорот му се закани[,] ќе видиш што ќе ти направам[,] а тој му вели добро, ти сега мене, но ќе видиш после што ќе ти направам јас тебе. После тоа [Лулата] пак беше синкав, со модрици и претепан.“[61]

За деновите поминати во затворот, споделува дека покрај политички затвореници, таму имало и луѓе криминалци, убијци, „... црно берзијанци...“ и други лица. Без да прецизира кој точно од „другарите“ проценил, тој изјавува дека и оваа група на затвореници требало да се придобијат и приклучат во нив-

[59] Исто.
[60] Исто, 4-5.
[61] Исто, 4.

ните редови. „Сметавме дека и тие треба да се добијат за движењето. Таму најактивни беа другарите Јавашот и другите од Прилеп кои изведуваа разни скечеви со антифашистичка содржина“.[62]

Во затворот постојано пристигале уапсени лица од полициски рации кои биле спроведувани од бугарските безбедносни сили во градот Битола. Меѓу лицата кои пристигнале во затворот, тој ги набројува имињата: „Бено Русо, Томе Димитриески - Том, Коле Млекарот, Кочо Десанот, Горги Наумов, брат на Стив, Тефикот Никлецот, Томе Илиевски и др“.[63]

Според сеќавањата на М. Шами, по нивното пристигнување во затворот, се засилило политичкото влијание меѓу затворениците. По иницијатива на Томе Димитровски со прекар Томаки, Лулата, Бено Русо, Горе со прекар Боксерот и самиот М. Шами било оформено петчлено политичко раководство. Но, политичкото раководство делувало кратко време бидејќи истото било формирано во почетокот на месец јули во временскиот период кога веќе бил започнат судскиот процес против групата во која бил и М. Шами. Но, на крајот од месецот, неговата група била префрлена во Скопскиот затвор.[64]

Судскиот процес и пресудата

Сеќавајќи се на судскиот процес М. Шами во своите сеќавања споделува: „Судењето беше една цела комедија при што не беше важно кој што ќе кажи зошто Бугарите беа решени нас да нè затворат и не беше важно што ќе кажи и како ќе кажи. З[а] време на судењето тие не знаеја каде да ме вклучат, зошто сите членови на партиската група не беа провалени. Мене ме осудија по основ дека судот добил убедување дека сум организиран и дека сум работел за комунистите и ме осудија на 9 год.[ини] 9 мес. [еци] и 200.000 лева, кои можат да се претворат во 6 месечен затвор.“[65]

По завршувањето на судскиот процес и донесената пресуда, М. Шами заедно со останатите обвинети од битолскиот затвор биле транспортирани во скопскиот затвор. „Преносот до Скопје беше со железница. На сабајле нè водеа од Богословијата до железничката станица. Иако врзани, гордо чекоревме. Во скопскиот затвор нè пренесоа рано сабајле кога сите улици беа пусти. Штом влеговме во тремот на затворот еден од пазачите му тресна еден шамар на другарот Мориц Романо. Ние видовме дека тука ќе биди страшно.“[66]

Од деновите поминати во скопскиот затвор, М. Шами се задржува на два сегмента кои најмногу му оставиле трага во неговото сеќавање, квалитетот на храната и политичката организација.

„Исхраната во затворот беше очајна. Ни даваа секогаш бајат леб. Ни даваа на сабајле еден домат за доручек, неколку зрна грав и сè вода или тоа што

[62] Исто.
[63] Исто.
[64] Исто.
[65] Исто, 5.
[66] Исто.

тие го рекламираа[,] тиквици во млеко. Тоа беа престорени големи тикви со големо семе внатре и неколку такви внатре во казанот со едно-две литри млеко, колку да добие боја. Таа не можеше да исхрани еден организам и беше одвратна. По некое време рекоа дека казанот се поправа и ни дадоа по три домати дневно од кои 2 секогаш беа расипани. Така сите ние гладувавме и бевме на границата на одржувањето на егзистенцијата. Така беше организирана исхрана по столчиња со што ја делевме добиената храна од надвор. Честопати храната ни ја даваа расипана откако ќе мувлосаше.“[67]

За политичката организација, состојбата и преземените активности во затворот, М. Шами изјавува:

„Во Скопје затекнавме една политичка структура на затвореници од Македонија: Куманово, Скопје, Прилеп и др.[уги градови] каде и ние се организиравме и започнавме со изучување на литература. Јас бев во 94 стаја и бев одговорен за издигнување теоретско [образование] на затворениците. Со книги бевме слаби. Во таа соба јас бев одговорен и по теоретско просветна работа и се сеќавам, сум ги раскажал романите „Мартин Идн“, „Берители на памук“, „Бела Роза“ и др.[уги.]

Често говоревме и за развитокот на општеството, онолку колку имавме во сеќавање. Тука во затворот се создаде и партиска група, односно организација која ја водеше другарот Димитар Алексиевски - Петар.“[68]

Депортација во Бугарија: затворите во Софија и Варна

Кон крајот на 1942 година М. Шами заедно со група затвореници составена од Македонци и Срби, од скопскиот затвор биле транспортирани во затворот во Софија од каде дел од нив или пак сите заедно, подоцна повторно биле транспортирани во затворот во Варна, на територијата на Царството Бугарија. За овие денови, тој сведочи:

„Кон крајот на 1942 година, една група скопски затвореници – 33, беше упатена во Бугарија. Патувавме со возот ноќе и отидовме во Етапното одделение во Софија. Тоа беше едно напуштено магазинче близу железничката станица, беше зимно време - студено. Во таа просторија, гладни, нè затворија со една проститутка болна од сифилис и еден луд кој постојано скокаше кон сијалицата и цела ноќ ја поминавме во страв да не нè допре таа жена или да не направи нешто тој лудак - да задави некого.

[67] Исто.
[68] Исто.

Од Софија нè донесоа во Варна. Тој затвор беше надвор во една чистина (надвор од градот) и беше како синг-синг[69] сè во железо и бетон. Бугарите често се фалеа, тоа бил нивни најмодерен затвор.“[70]

По пристигнувањето на групата, истата била разделена на повеќе помали групи. Најголемиот временски период од затворските денови М. Шами ги поминал во соба со бр. 100 во која биле сместени и „„„...другарите Перо Менков, даскалчето од Прилеп и др.[уги.]“[71]

Според неговите искази таму биле затворени над 600 лица, „„...бугарски и наши“. Во затворот биле затворени голем број од бугарските претставници кои по извршениот 9 септемвриски превратво Бугарија, биле назначени на видни позиции.[72]

Уште од скопскиот затвор, македонската група била предводена од „„...другарот Свето Томик“ кој бил и претставник на раководството во затворот во Варна. За времето поминато во варненскиот затвор, М. Шами се сеќава:

„„... Секој [ден] во затворот се читаа новини и тоа „Жолта преса“, чија содржина според нив, била подготвувана од „фашистички извори“ и „Наша преса“, чија содржина пак била подготвувана од „Сојузнички извори“.[73] Во затворот биле „преработувани“ односно препишувани разни материјали меѓу кои биле делата на Ленин: „Што да се прави“, „Чекор напред два чекори назад“, на Маркс „Историјата на СКПБ“.[74] Биле формирани групи кои ги препишувале материјалите и на разни начини биле предавани и пренесувани во затворските соби.

Во една од тие групи, членувал и М. Шами. Покрај него во групата биле и „Александар Киров Илиев - Форцата од Прилеп и др.[угарот] Александар Спасев од Скопје“, кој подоцна во 70-тите години бил назначен за претседател на Општината Идадија во Скопје. Материјалите, во најголема тајност, биле рачно препишувани со печатни букви од формираните групи, „„...Ова го чинеме кога одморот траеше подолго и остававме чувари. Во случај на претрес, ние

[69] „Синг – синг“ претставува метонимски термин со кој се претставува една споредба меѓу затворот во Варна и веќе познатиот американски затвор „Синг - Синг“ во Осенинг, Њујорк. Затворот бил широко познат, делумно затоа што бил застапен во бројни американски филмови од 1930-тите и 1940-тите во кои бил прикажан животот на затворениците и суровата затворска култура. Терминот „синг - синг“ со тек на време прераснува во интернационално препознатливо место кое е широно преку холивудската кинематографија низ цела Европа, вклучувајќи го и Балканот кој се користел за максимална сигурност, бетонско-железна градба, строг режим, модерност во смисла на технолошки напредна казнена архитектура. А.М.

[70] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 5-6.

[71] Истото, 6.

[72] Во неговиот исказ тој не наведува ниту едно име од бугарските затвореници кои по војната биле назначени на државни или политички функции во Бугарија. А.М.

[73] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 6.

[74] Истото.

требаше да ги голтнеме за да не бидат откриени. Значи не смееја да паднат во рацете на затворските власти“.[75]

Борба за политичка линија и за македонскиот национален идентитет

Главните теми на дискусија во затворот во Варна биле од политичка природа, односно за линијата која ја држела КПЈ за Македонија и Бугарската комунистичка партија. „Ние сметавме дека единствено правилен пат е народот да се спрема и крева во борба против непријателот и сметавме дека бугарската партија во неа има нешто нездраво, не ги поканува луѓето за борба“.

Во врска со ваквиот став и гледиштата на македонските затвореници, според М. Шами биле предизвикани, „...доста кавги помеѓу бугарското раководство и членството“. Едно е сигурно, поради нивните ставови и гледишта, македонските затвореници постојано биле изложени на притисоци и закани од претставниците на БКП во затворот. Но, и покрај сето тоа, М. Шами изјавува дека „...ние не се плашевме“. Според него, во затворот имало и лица кои „...со одушевување говореа за подвизите на партизаните во Југославија...“.[76]

Како што поминувало времето, во периодот од 1943-1944 година, во затворот веќе пристигале вести за создавање на слободни територии, а надежите и желбите за слобода и победа на нацизмот и фашизмот биле сè посилни. Во овој период на „чекањето“ и неизвесноста, во затворот постоеле и лица од Бугарија кои не се согласувале и имале негодувања со новите пристигнати вести.[77]

Одбрана на македонскиот национален идентитет

Уште со самото пристигнување во варненскиот затвор, националниот идентитет и различноста на македонските затвореници биле столб од кој никој од затворените од Македонија не отстапил:

„... ние уште со доаѓањето рековме дека сме Македонци, дека сме Југословени“. Според неговите сеќавања: „...Мнозина со интерес слушаа за нашата националност дека сме Македонци[,] а не Бугари“.

Ваквите нивни ставови наишле на различни ставови и несогласувања меѓу затворените околу ова прашање:

„...Најголем судир се создаде кога ние почнавме да ја учиме историјата на бугарската партија“, ненаведувајќи ги во своите сеќавања ставовите на политичките претставници на БКП. Воочувајќи ја разликата за осетливите прашања, македонските претставници донеле одлука, штом „тие учат историја на нивната партија, дека и ние треба да учиме нешто од нашата историја“.[78]

[75] Исто.
[76] Исто.
[77] Исто.
[78] Исто.

Ваквата одлука не наишла веднаш на разбирање и поддршка, па македонските претставници вложиле дополнителни напори и не отстапиле од нивната идеја за изучување на македонската историја, „...Извршивме притисок и влијание на раководството на затворот кое не сакаше да се согласи и успеавме преку Окружниот комитет на варненската партија да ни се доставаат материјали од Македонскиот институт во Софија“.

По извојуваната тивка победа, од страна на претставниците на БКП во затворот биле доставени „триесетина книги меѓу кои, Спомени на разни револуционери, Борбите во Македонија од Христо Силјанов и други“.[79]

Пристигнатата литература веднаш била читана, а нејзината содржина искористена за пишување и подготовка на скратена верзија од „македонска историја“, која била предвидена да се пренесе на „нашите другари затвореници од Македонија“. Форматот на пишување на скратената македонска историја бил замислен во форма на „скрипти“. Откако се започнало со реализирање на оваа идеја веќе биле подготвени околу дваесетина страници текст.[80]

Но, по извесно време, дали по дојава за активноста на затворениците или поради редовен безбедносен протокол, во затворските ќелии бил извршен претрес во кој материјалите биле пронајдени и одземени од „Раководството на затворот и повеќе не беа вратени, со што, тој обид пропадна“.[81]

Според сеќавањата на М. Шами, тие биле убедени дека откако започнале со нивната активност за подготовка на кратка македонска историја, партиското раководство на БКП во затворот увидело каква можност се отворила со доставената македонска литература, се предомислило и токму тој бил начинот на кој истата си ја вратиле назад.[82]

Активности, отпор, солидарност и празници во затворот

За секојдневните активности, М. Шами во своето сеќавање изјавува дека во затворот изработувале кутии за цигари. Според нас, најверојатно не биле задоволни од затворските услови и во одреден период организирале штрајк на затворениците. Со цел ситуацијата да не се заострува, на барање на „раководството“, штрајкот подоцна бил прекинат.[83] Раководството на затворот направило одредени отстапки околку начинот на дневното функционирање на затворениците. Им било дозволено слободно време за шетање во рамките на затворот, им биле донесени или им било дозволено користење на справи за фискултура, им биле дозволени посети и прием на поголеми пакети.[84]

[79] Исто.
[80] Исто, 7.
[81] Исто.
[82] Исто.
[83] Во сеќавањата не се наведени некои поопширни информации за штрајкот, како на пример, кои биле причините за организирање на штрајот; колкава била бројката на затвореници кои штрајкувале; кој сè бил меѓу нив; колкав временски период траел штрајкот итн. А.М.
[84] Исто, 7.

За исхраната во затворот, М. Шами изјавува дека била „добро организирана - по столчиња“. Од проширените, условно речено, права кои им биле овозможени, на затворениците од Македонија им било дозволено да празнуваат и македонски празници „...пр.[имер,] роденденот на Гоце Делчев, Илинденското востание“. На овие датуми, по повод нивното одбележување, Александар Илиев - Форцата[85] и Мориц Шами одражале и предавања пред македонските и останатите затворници. Биле пеени и македонски песни, „...имавме обичај да се собереме во дворот и да пееме, а околу нас се собираа другари Македонци, Срби и Бугари“.[86]

Од содржината на документот можеме да заклучиме дека затворската група меѓусебно добро функционирала, при што М. Шами изјавува:

„...Всушност ние бевме една хомогена група која одржуваше широки врски со целиот затвор и важевме како добри другари. Се сеќавам и на една акција која ја презеде бугарската власт за потпишување на декларација со која требаше да се обврзат затворениците дека ќе бидат добри и примерни граѓани.

Оваа акција, за разлика од другата, беше прифатена и од партиското раководство и беше заземен став да биде заедничка. Тука пак, ние направивме еден исклучок што баравме и после потпишавме дека, ние ако бидеме пуштени од затворот ќе бидеме добри граѓани[,] а не добри Бугари - како што бараа тие“.[87]

За време на престојот во затворот М. Шами изјавува дека постојано пристигнувале нови групи на затвореници, а подоцна истите биле префрлани и во други затвори. Во неговите сеќавања го наведува примерот со другарот, Бато Анаф, кој од затворот во Варна бил префрлен во затворите во Бургас, Плевен, Софија и на други места.

На основа на досегашните информации споделени од М. Шами, кои се поврзани со најсовремениот затвор во рамките на Царството Бугарија, може да се добие впечаток дека условите и правата, кои условно речено, ги имале затворениците во период кога сè уште беснее Втората светска војна, во најмала рака, биле човечки и пристојни но реалноста не била целосно таква. Затворот имал и своја темна страна.

„Во затворот во Варна имаше и бесење на кое ние реагиравме со тропање, викање. Во тој затвор, познат крволочен бесач беше Аврам[,] а се прочу за време на Мајското востание, за време на Септемвриското востание во Бугарија кога беше еден од најголемите убијци на сè што е напредно во Бугарија. Тој беше толку дрзок што ни се заканува ше и се фалеше дека е подготвен и че-

[85] „Во средината на 1944 година излезе од затвор другарот Александар Илиев-Форцата. Човек осуден на три години и ги излежа сите во затворот. Тој беше човек цврст и бодар, храбар и искрен комунист со одлично држење пред класниот непријател. Веднаш по враќањето од затвор се стави на располагање на партиската организација и по една недела заминување во партизани – мислам, загинува. Неговиот дух во затворот на сите нас влијаеше“, наведува М. Шами во своите сеќавања. Исто, 8.

[86] Исто, 7.

[87] Исто.

ка наредба сите нас во една ноќ да нè обеси. Во затворот очајно беше со вршењето на тие психолошки притисоци. Особено тешки беа условите за нашите болни другари кои поради болест и умреа“.[88]

За време на отслужувањето на затворската казна, М. Шами во своите сеќавања ја издвојува и „...средбата со двајцата како што тие ги нарекуваа „македонујушти“ - Бај Коста и Бај Крсте“. Овие лица биле затворени како Македонци и како противници на бугарскиот режим. „...Кога нè забележаа и нè слушаа како пееме македонски песни тие цело време се однесуваа со нас како родени браќа и учествува[а] на сите наши манифестации“. Еден од многуте разговори кои биле водени со нив, М. Шами го споделува во своите сеќавања:

„...Ми остана во сеќавање еден разговор со нив кога ние дискутиравме за иднината на Македонија. Тие ни рекоа дека „вие имате многу непријатели но најголеми ви се Бугарите - тоа ние ви го кажуваме: Сите други ќе се повлечат, но најтешка ќе ви биде борбата со нив зошто тие секогаш ќе сакаат да бидете под нив и нивни дел“.[89]

Ослободувањето и враќањето во Народноослободителната војна

На 8 септември 1944 година, единиците на советската Црвена армија ја преминале границата и влегле во градот Варна. Германските воени трупи претходно веќе биле повлечени од градот. Бугарската војска добила наредба да не пружа отпор. Локалните политички претставници од БКП и Татковинскиот фронт организирале генерален штрајк на работниците.[90] Наредниот ден, на 9 септември 1944 година во Царството Бугарија бил извршен државен преврат со кој, владата предводена од Константин Муравиев, била симната од власт. Веднаш била формирана нова, влада на Татковинскиот фронт предводена од Кимон Георгиев.

За овие, последните денови пред ослободувањето и за состојбата во затворот, М. Шами се сеќава:

„...По доаѓањето на советските единици на границата на Бугарија, во градот се собраа по повик на Окружниот комитет на Варна и дојдоа антифашисти и други чесни граѓани кои бараа да се пуштат затворениците. Ние се побунивме во затворот и со помош на морнарицата ги разоружавме нашите пазачи и дојдовме во центарот на градот каде се организира една голема демонстрација. Тука ние, политичките затвореници, влеговме во седиштето на фашистичката младина Браник и зедовме стотина пушки и друг материјал и ги ра-

[88] Исто.
[89] Исто, 7-8.
[90] Мая Рачева. Превратът на 9 септември 1944 г. във Варна и последиците от него. Списание *Литермедия*. Електронно научно списание за хуманитаристика и комуникации. Факултет по хуманитарни науки към Шуменския университет „Епископ Константин Преславски“. Шумен, България, 2020, 1-24.

зоружавме сите участоци во градот. После преземањето на власта од народните претставници, ние побрзавме да се вратиме“.[91]

Од Варна, групата затвореници од Македонија се упатила кон главниот град во Бугарија, Софија. Според неговите сеќавања, по пат кон Софија се сретнале и со други затвореници од Плевен и други градови. „...Во Софија добивме храна и некои стари бугарски униформи, оружје и др.“.

Од Софија се упатиле кон Македонија, пристигнувајќи во близина на градот Делчево, каде веднаш се приклучиле во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија:

„...Тука нè пречекаа наши другари и се оформи еден одред кој веднаш тргна на Плачковица и се вклучи кон операциите кои во тој момент се водеа. По месец дена, овој одред беше распореден по другите наши единици како партиски раководители и други воени задолженија“.[92]

Од информациите кои се достапни, Мориц Шами учествува во завршните воени операции за ослободување на градовите Кочани, Струмица и на други места во Источна Македонија.

Мориц Шами бил определен да се вклучи во работата на „ОЗНА во IV бригада и учествував во сите борби на бригадата[,] а подоцна бев префрлен во ОЗНА[93] на Македонија. Во IV бригада бев член на Штабот и ополномоштеник на ОЗНА[,] а подоцна на повеќе места во Удба[94]“.[95]

По завршувањето на војната, за неговото учество во Народноослободителната војна и неговата пожртвуваност, на Мориц Шами му биле доделени високи државни и престижни одликувања во Југославија:

- Партизанска споменица 1941;
- Орден Братство и единство од втор ред 1948 година;
- Орден за храброст;
- Орден на трудот со златен венец 1959 година;
- Орден за заслуги за народот.[96]

---

[91] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 8.

[92] Истото.

[93] ОЗНА - Одделение за заштита на народот. Македонскиот огранок на ОЗНА бил формиран во 1944 година во село Рамно, Кумановско.

[94] По завршувањето на војната, со носењето на новиот Устав на Федеративна Народна Република Југославија на 31 јануари 1946 година, ОЗНА престанува да постои под тоа име и се реорганизарала. Нејзините надлежности биле поделени на Управата на државна безбедност (УДБА) како цивилна тајна служба во рамките на Министерството за внатрешни работи и на Контраразузнавачката служба (КОС) како воена безбедносна служба во составот на Југословенската народна армија (ЈНА).

[95] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 8.

[96] 2.741 – Збирка Мемоарска граѓа – Битола, 1941-1944, *Сеќавања на политичкиот затвореник Мориц Шами...,* 8; https://holocaustfund.org.mk/posts/details/156 [Пристапено на: 20.7.2026 година]

По завршувањето на војната Мориц Шами учествува во развојот на општествениот, стопанскиот, економскиот и политичкиот живот во Народна Република Македонија и во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Починал во Скопје во 1985 година.

Заклучок

Сеќавањата на Мориц Шами, дадени во декември 1976 година, претставуваат ретко и скапоцено сведоштво не само за личната голгота на еден од малкуте преживеани битолски Евреи, туку и за пошироките процеси на Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија. Истовремено, тие сведочат за неговото политичко и национално себеосознавање во редовите на македонските комунисти-затвореници во бугарските полициски и судски казнено-поправни установи.

Неговиот пат - од младинскиот активизам во Хашомер хацаир, преку нелегалната работа и тешката тортура, до отпорот за одбрана на македонскиот национален идентитет во варненскиот затвор, заклучно со учеството во завршните операции на НОАВМ — сведочи за постојана борбеност, пожртвуваност и идејна доследност откако еднаш се определил за комунистичкиот пат.

За време на отслужувањето на неговата затворска казна, во март 1943 година, бугарскиот фашистички окупатор извршил депортација на речиси сето еврејско население од Македонија во логорот на смртта во Треблинка, на територијата на тогашна окупирана Полска, од каде никој не се вратил жив. Со овој геноциден план само од градот Битола се опфатени над 3 000 луѓе - еврејско население, меѓу кои и членовите на неговото семејство.

Фактот што неговото сведоштво претставува еден од ретките непосредни гласови на речиси целосно уништена заедница, му дава на овој извор особена историска тежина. Токму затоа, овој труд претставува појдовна основа за понатамошна посеопфатна историографска реконструкција на неговиот живот и дело.



Мориц Шами по ослободувањето, офицер во војска[97]

[97] Фотографијата и описот се сопственост на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија.

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

Објавена архивски извори

Жамила Колономос, Д-р Вера Весковиќ – Вангели. *Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941-1945).* Зборник на документи, I, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1986.

Необјавени архивски извори

Државен архив на Република Северна Македонија – Одделение Битола. Фонд: *741 ЗБИРКА МЕМОАРСКА ГРАЃА – БИТОЛА, 1941-1944*. СЕЌАВАЊА на политичкиот затвореник Мориц Шами.

Користена научна литература

1. Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942. (Материјали од симпозиумот одржан на 11, 12 и 13 април 1977 година). Книга прва. Битола, 1978.

2. Битолските Народноослободителни партизански одреди. Друштво за наука и уметност. Битола, 1982.

3. Гласило на Лекарската комора на Република Северна Македонија, VOX medici. Година XXVIII, број 107, 16 јуни 2020.

4. Димовски – Целев, Ѓорѓи. Ученици Евреи во Трговското училиште во Битола. Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола. Зборник на трудови. Битола, 2013.

5. Декани (1947–2012): (биографии, одбрани биографии): (65 години). УКИМ, Медицински факултет – Скопје, 2015.

6. Јовановиќ, Надежда. Синдикални покрет Србије 1935–1941. Београд: Рад, 1984.

7. Колономос, Жамила-Анџела. Движењето на отпорот и Евреите од Македонија. Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје, 2013.

8. Литовски, Александар. Застапеноста на еврејското и другите национални малцинства во политичката платформа на македонското националноослободително движење во вардарскиот дел на Македонија во текот на Втората светска војна. Зборник Историја. Музеј на Македонија – Археолошки, Етнолошки и Историски, бр. 3, Скопје, 2009.

9. Манојловски, Александар. Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола. Министерство за култура на Република Северна Македонија. Скопје, 2020.

10. Манојловски, Александар. Учеството на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија. Гласник. Год. 65, бр. 1–2. Институт за национална историја. Скопје, 2021.

11. Матковски, Александар. Историја на Евреите во Македонија. Македонска ревија, Скопје, 1983.

12. Македонски историски речник. Институт за национална историја. Скопје, 2000.

13. Михајлов, Миле. Прилепски партиски раководни кадри на работа низ Македонија, јануари–декември 1942 година. Во: *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година.* (Материјали од научниот симпозиум одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година). Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп. Култура, Скопје, 1978.

14. Милевски, Стиле. Борци за Македонија: сеќавања 1941–1944. Скопје, 1994.

15. Миленковић, Милица. Синдикални покрет у Србији 1921–1929. Београд, 1979.

16. Народни херои од Македонија. Главен уредник Панде Ташкоски. Наша книга, Скопје, 1973.

17. Петковски, Дане; Стрезоски, Владо. Борбена дејства у Западној Македонији 1941–1944. Издавач: Војноиздавачки завод. Београд, 1983.

18. Рачева, Мая. Превратът на 9 септември 1944 г. във Варна и последиците от него. Списание *Литермедия*. Електронно научно списание за хуманитаристика и комуникации. Факултет по хуманитарни науки към Шуменския университет „Епископ Константин Преславски“. Шумен, България, 2020.

19. Romano, Jaša. Jevreji Jugoslavije 1941–1945. Žrtve genocida i učesnici Narodnooslobodilačkog rata. Izdavač: Savez Jevrejskih Opština Jugoslavije. Beograd, 1980.

20. Стојчев, Ванчо. „Придонесот на Македонија во победата над фашизмот“. *Гласник*, год. 39, бр. 1–2. Институт за национална историја, Скопје, 1995.

21. Паднати борци во народноослободителната борба 11.10.1941–15.05.1945. 1970.

Користени електронски извори

https://holocaustfund.org.mk/posts/details/156;

1. *Oral history interview with Moric Romano*. Interviewer, Olivera Hristova. Interviewee, Moric Romano. Date interview: 1995 November 28. Part 1. https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512721;

2. *Oral history interview with Moric Romano*. Interviewer, Olivera Hristova. Interviewee, Moric Romano. Date interview: 1995 November 28. Part 2.

https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512721;

Евгениј ЛИТОВСКИ*

МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ ВО ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФНРЈ ОД КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО ПОЧЕТОКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

Апстракт: *Во рамки на дипломатските односи на ФНРЈ со Грција големо место заземало македонското национално прашање, што може да се види во многубројните извештаи кои потекнуваат од Амбасадата на ФНРЈ во Атина и Генералниот конзулат во Солун. Дипломатите во овие две институции испраќале редовни месечни извештаи во кои ја опфаќале политичката состојба во Грција која била крајно нестабилна поради заострените идеолошки судири во рамки на Грција, а во сите нив, посебен дел бил посветен на прашањата поврзани со Егејска Македонија. Оваа затегната состојба кулминирала со Граѓанската војна од втората половина на 1946 година, која се испоставила судбоносна за Македонците. Поради тоа, често македонското национално прашање било клучно за односите помеѓу ФНРЈ и Грција, а дури врз таа основа, дипломатските односи помеѓу тие две држави, во даден момент биле и замрзнати.*

Клучни зборови: *Македонско национално прашање; Федеративна Народна Република Југославија; Егејска Македонија; Амбасада; Генерален конзулат; дипломатија*

Формирањето на македонската држава како федерална единица во рамки на Социјалистичка Југославија направило голема промена во политиката на новата држава, а со тоа и дипломатските односи на ФНРЈ. Со оглед на историските околности, македонското национално прашање било отворено во соседните држави, односно во Бугарија и Грција. Тие две држави имаат сосема различен тек на историјата, па затоа и односите на ФНРЈ со нив, особено по македонското национално прашање се сосема различни и гледаме различни процеси.[1]

* М-р Евгениј Литовски, кустос, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, litovski.evgenij@gmail.com

[1] Повеќе за Македонците во Бугарија после Втора светска војна види: Евгениј Литовски, Улогата на Народна Република Македонија во културната автономија на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија 1944-1949, Битола, 2023, 260. Евгениј Литовски, Некои прашања околу испраќањето и грижата за учителите од Народна Република Македонија на работа во Пиринскиот дел на Македонија во учебната 1947/1948 година, Скопје, *Гласник на Институт за национална историја* (натаму скратено: *ГИНИ*), 2022, 127-137. Евгениј Литовски, Еден извеш-

Тоа се гледа од текот на настаните во Грција која е уникатен пример во историјата кога станува збор за периодот на Втората светска војна. Како што е познато, откако била окупирана Грција од страна на германските сили, се појавуваат два центра на отпор. Едниот центар бил десничарскиот, концентриран околу ЕДЕС,[2] а другиот бил левичарскиот, раководен од Комунистичката партија на Грција. Вториот центар, односно комунистичкиот бил далеку попространет низ Грција и всушност ја претставувал главната ударна сила против фашизмот, особено доколку се земе предвид дека ЕДЕС во одредени наврати соработувал со германските сили обидувајќи се да опстане како воено-политичко движење. Имено, оваа ситуација била слична како и во Југославија, но со таа разлика што Граѓанската војна во Грција која започнала во текот на 1943 година, зазела огромни размери кон крајот на 1944 година со т.н. декемвриски настани,[3] кои пак довеле до договорот од Варкиза[4] во февруари 1945 година кој претставува пресвртница за овој судир. На сето ова не треба да се заборави дека и во целата оваа констелација на односи, клучна улога игра

тај од 1948 година на Ристо Бајалски за посета на Пиринскиот дел на Македонија, Битола, *Зборник на трудови на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола*, (Натаму скратено: *ЗТ Музеј Битола*), 2022, 35-44. Евгениј Литовски, Дејноста на Кирил Мијовски во Привременото македонско претставништво Битола, *ЗТ Музеј Битола*, бр. 26, 2023, 175-184. Евгениј Литовски, Односите помеѓу Демократска Федеративна Југославија и отечествено фронтовска Бугарија во периодот септември-декември 1944 година со посебен осврт на Македонија“, Скопје, *ГИНИ*, 2023, 67, бр. 1-2, 119-134. Евгениј Литовски, Дејноста на Перо Ололовски во културната автономија на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија во 1947 год., Битола, *ЗТ Музеј Битола*, бр. 27, 2025, 57-67. Евгениј Литовски, Турнејата на Димитар Влахов во Пиринска Македонија и Бугарија во октомври-ноември 1947 година, Скопје, *Македонски Архивист*, 2024, бр.35-36, стр. 95-106

[2] ЕДЕС (Грчки Национален демократски сојуз; грчки: Εθνικός Δημοκρατικός Ελληνικός Σύνδεσμος) била формирана во октомври 1941 година во Атина, Грција. Таа била антикомунистичка грчка националистичка воено-политичка организација. На нејзино чело се наоѓал полковникот на бившата грчка војска Наполеон Зервас. При формирањето воопшто немала програма за организирање и водење на антиокупаторска вооружена борба. Дејствувала главно на подрачјето на Епир. Била протежирана од Велика Британија како ослободителна и антиокупаторска организација, иако постоеле низа докази дека соработува со грчката квислиншка влада, со отворените соработници на окупаторот и директно со германскиот окупатор. Во текот на целата војна не успеала да развие некоја силна организациона структура или вооружени сили, особено во Егејскиот дел на Македонија, туку преживувала благодарение, пред сè, на финансиската и политичката поддршка на британската политика. Ташко Мамуровски, *Квислиншки и националистички организации во Егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна*, (Скопје, 2001), 47–50.; Т. Мамуровски, *Бугарската пропаганда во југозападна и централна Егејска Македонија: 1941-1944*, (Скопје, 1989), 31. (184)

[3] Декемвријана - низа судири помеѓу грчката левица и десницата составена од грчката влада, кралската армија, жандармерија, колаборационистичките организации како и британската армија во Атина во текот на декември 1944 год. и почетокот на јануари 1945 год. David Brewer, Greece, the decade of war: *Occupation, Resistance and Civil War*, 2016, 190-196.

[4] Со договорот од Варкиза потпишан на 12 февруари 1945 година завршија декемвриските судири помеѓу грчката левица и десница. Имено, ЕЛАС како воено крило на грчката левица со овој договор била разоружана со што всушност, грчката левица претрпела пораз во овој судир. Peter J. Stavrakis, Moscow and greek communism 1944-1949, London, 1989, 39-40.

Велика Британија која Грција ја смета за земја под свој интерес и поради тоа, крајно се труди да го наметни своето влијание, преку инсталирање на разни политичари, влади, мешање во внатрешните работи на Грција, враќање на грчкиот крал од бегство, давање поддршка на сите антикомунистички елементи во борбата против ЕЛАС[5], итн.

Во една ваква заплеткана состојба во Грција, започнало воспоставување на дипломатски односи помеѓу новата Федеративна Народна Република Југославија[6] и Грција во текот на 1945 година, кога веќе во ФНРЈ работите биле далеку појасни, односно дека Народноослободителната војска на Југославија (НОВЈ) и Комунистичката партија на Југославија успеале да извојуваат целосна победа и да воспостават власт. Така, првиот амбасадор[7] од страна на Демократска Федеративна Југославија (ДФЈ) кој бил испратен во Атина бил Изи-

[5] ЕЛАС (грчка народноослободителна војска - *Ελληνικός Λαϊκός Απελευθερωτικός Στρατός*). Оваа народноослободителна војска била формирана како дел од грчкиот народноослободите-лен фронт (ЕАМ), кој бил предводен од КПГ. Основната цел на ЕЛАС била: ослободување на Грција и зачувување на грчкиот територијален интегритет. На 2 мај 1943 г. ЦК на ЕАМ и ЦК на ЕЛАС го создаваат Главниот штаб (ГШ) на ЕЛАС во кој Стефанос Сарафис станал воен командант, Танасис Кларас–Арис Велухиотис бил комесар (капетанос), а Андреас Цимас–Василис Самариниотис бил претставник на ЕАМ. Со заповед на ГШ од 21 август 1943 г. реорганизирана е ЕЛАС во правец на создавање на структура на редовна армија. Во редовите на активниот ЕЛАС служеле 77.535 борци, од кои околу 6 илјади Македонци, организирани во десетина дивизии, еден корпус, 6 полка и други единици. Покрај активниот, бил организиран и резервен ЕЛАС од околу 50 илјади борци, од кои речиси половината биле Македонци. Кога на 3 ноември 1944 г. последните сили на Третиот Рајх се извлекле од предвоените граници на Грција, ЕЛАС имал контрола на 31,5 области во Грција од вкупно 33 области. Всушност, таа била главната и единствена воена сила во Грција која војувала против разните фашистички окупатори во текот на Втората светска војна. По поразот од англиските интервенционистички воени сили од декември 1944 г. ЕЛАС бил принуден да го потпише мировниот Договор од Варкиза на 12 февруари 1945 г., по кој ГШ на ЕЛАС извршил демобилизација на борците и ЕЛАС престанал да егзистира, а власта ја презеле грчките монархисти. *Македонска енциклопедија (*натаму: *ME*), МАНУ, Скопје, 2009, т. I, 525.; Ристо Кирјазовски, *Демократски и антифашистички партии и организации во Егејскиот дел на Македонија*, Скопје, 1994, 133.

[6] Демократска Федеративна Југославија била официјалното име на државата до 29 ноември 1945 година, кога било променето во Федеративна Народна Република Југославија. Имајќи го тоа предвид, во текстот ќе го задржиме овој временски опсег и согласно методологијата, ќе ги користиме двете кратенки во зависност од датумите. Истото важи и за Демократска Федерална Македонија (1944–1945) и Народна Република Македонија (од крајот на 1945 година па натаму).

[7] Овде треба да дадеме едно појаснување околу користењето на терминот амбасадор и амбасада на ФНРЈ во Атина. Имено, дипломатските односи меѓу ФНРЈ и Грција се одвиваат на две нивоа, а тоа се Конзулатот на ФНРЈ во Солун и „Посланството“ на ФНРЈ во Атина. Според тогашната дипломатија, „посланството“ и амбасадата се две различни нивоа на дипломатски односи, но во македонскиот литературен јазик зборот „посланство“ не постои и се преведува како амбасада, иако е познато дека степенот на амбасадор во југословенско-грчките односи се добива дури во 1953 година. Сепак, ние во текот на целиот докторски труд ќе користиме амбасада водејќи се по македонскиот литературен јазик, но напоменуваме дека станува збор за различен степен на дипломатска институција помеѓу двете држави, што се гледа и од оригиналните документи каде стои печат „Посланство на ФНРЈ“.

дор Цанкар,[8] кој бил назначен на 11 мај 1945 година, но не пристигнал на терен дури до септември истата година, додека пак неговиот колега од грчка страна Александрос Далиетос, пристигнал во Белград дури во ноември 1945 година.[9]

Што се однесува до Амбасадата на ДФЈ таа започнала со активност уште пред формалното доаѓање на Цанкар. Имено, првиот документ до кој успеавме да стигнеме, официјално испратен од Амбасадата во Атина датира од 20 јуни 1945 година, составен од аташето Житомир Јанежиќ[10] и насловен како „18 разни протести и меморандуми кои разни грчки организации и синдикати, како и поединци граѓани, ги испратија до сите амбасади во знак на протест против работата и постапките на денешната грчка влада, која не ја признаваат дека ја претставува народната волја“.[11]

На 9 јули 1945 година е испратен извештај од советникот во Амбасадата, Врлета Круљ,[12] кој бил еден од клучните фигури во целиот период. На тој

[8] Изидор Цанкар (Шид, 22 април 1886 - 22 септември 1958) - словенечки автор, историчар на уметност, дипломат, политичар. Се занимавал со наука, докторирал во 1913 година. Активно се вклучил во политичкиот живот преку Словенечката народна партија во периодот меѓу војните. Од 1936 година зпаочнува неговата дипломатска кариера кога е испратен за амбасадор на Кралството Југославија во Аргентина. За време на војната бил амбасадор во Канада. Бил министер за култура во првата коалициона влада на ДФЈ после Втора светска војна. Од таа позиција бил испратен како амбасадор со искуство во Грција, што била и неговата последна дипломатска дестинација. До крајот на животот се занимавал со наука. Починал во Љубљана.

[9] Milan Ristović, Yugoslav-Greek Relations from the End of the Second World War to 1990 Chronology, Phases, Problems and Achievements, *Serbian academy of Sciences and arts Institute for Balkan Studies, Balcanica LI*, Belgrade, 2020, 257-282. Михалидис пак наведува дека амбасадорската размена се случила дури во декември 1945 година, што е грешно, бидејќи во еден од документите кој е дел од овој труд јасно се кажува дека Цанкар имал официјални средби во Атина уште во ноември 1945 година. Iakovos D. Michalidis, Fragile Balance: Greek-Yugoslav relations in the period 1944-1946, *Balkan Studies* Volume 45, Issue 1, 2004, 109-121. (117)

[10] Аташе и соработник во амбасадата на ФНРЈ во Атина.

[11] ДАРСМ, МНР на ФНРЈ 1945-1952, 01.1100.0001.0006/0015-0022, 20 јуни 1945 г., Информација од југословенскиот дипломатски претставник во Атина до Министерството за надворешни работи на ФНРЈ за протестни писма.

[12] Врлета Круљ (Мостар, 1913, 31 октомври - 10 јануари 1989, Белград) е син на д-р Урош Ристини и мајка Јока, родена Шантиќ. Роден е во Мостар на 18 август 1913 година. Крстен е во Сараево на 31 октомври 1913 година. Основно училиште и гимназија завршил во Белград. Студиите по право и докторската дисертација од областа на правните науки ги одбранил во Париз, Франција, на Универзитетот Сорбона. По завршувањето на школувањето, Врлета започнал да работи во судството. Во текот на Втората светска војна се приклучил и активно учествувал во народноослободителната борба. По војната, бил испратен како дипломатски претставник во амбасдата на ДФЈ во Грција, Атина. После тоа работел како судија во судовите во Мостар и Сараево. По донесувањето на Резолуцијата на Информбирото и конфликтот меѓу Сталин и Тито, Врлета бил означен како противник од страна на завидливи колеги на Комунистичката партија на Југославија и осуден на три и пол години робија на Голи Оток. По гологотата, од 1952 година Врлета се населил во Белград. Дури кон крајот на педесеттите и почетокот на шеесеттите години на д-р Врлета му било дозволено јавно да се занимава со својата струка – правото. Тогаш започнува неговата блескава академска кариера. Тој е еден од најзаслужните за основањето и темелите на Правниот факултет во Ниш во 1960 година. До 1973 година бил

датум го испратил првиот извештај за политичката состојба во Грција во средината на 1945 година до Политичкото одделение при Министерството за надворешни работи на ДФЈ. Овој документ претставува детална анализа на внатрешнополитичката состојба во Грција, како и надворешнополитички преглед на интересите на Грција.[13]

Дека од јули 1945 година започнува жива активност на дипломатски план, односно дека од тој момент започнала активна работа на службениците на Амбасадата на ДФЈ во Атина се гледа и од тоа што веќе започнува редовна комуникација помеѓу Амбасадата и Министерството за надворешни работи на ДФЈ. Така, на 18 јули 1945 година од страна на Министерството за надворешни работи на ДФЈ до Амбасадата на ДФЈ во Атина е испратена протестна нота која требало да се предаде до грчката влада, а која е потполно насочена за теророт и прогонувањата на Македонците до Егејска Македонија. Во неа се вели: „Југословенската влада очекува дека грчката влада ќе нареди да се прекине секаков терор и прогони врз населението на нашата националност во Егејска Македонија“ и се нагласува дека „понатамошното толерирање на ваквите постапки од страна на грчката влада не би им користело на пријателските односи меѓу нашите земји“.[14]

Едно интересно писмо е испратено на 4 август 1945 од Амбасадата на ДФЈ во Атина, поточно, напишано од Врлета Круљ, а испратено до Владимир Велебит[15] како помошник министер за надворешни работи на ДФЈ.[16] Всушност, писмото е кратка анализа на грчката реакција на еден текст со наслов „Прашања и одговори: Егејска Македонија“ објавен во в. „Борба“ на 21 јуни 1945 година, во кој според Круљ дури и комунистите негодувале бидејќи во него стои запишано дека доселениците со Лозанскиот мировен договор не се

професор на истиот, држејќи ја катедрата по стопанско право. Автор е на бројни научни трудови од областа на правото. Посетено на 15. 09. 2025 https://www.frontal.ba/novost/103603/braca-krulj-iz-mostara-zaduzili-srpstvo-i-hercegovinu

[13] ДАРСМ, МНР на ФНРЈ 1945-1952, 01.1100.0001.0008/0027-0035 - 09 јули 1945 г., Извештаи од секретарот на Југословенската трговска комора и од југословенскиот дипломатски претставник во Атина до Министерството за надворешни работи на ФНРЈ во врска со политичката состојба во Грција: кампања на монархистите за голема Грција; за англиското влијание во грчката политика. Документот е преведен на македонски јазик и објавен во *Дипломатски документи за граѓанската војна во Грција (1945-1946)* (натаму: *Дипломатски документи*), Кн. 1, ред. Новица Велјановски, (Скопје, 2014), 65-78.

[14] Исто, 80-81.

[15] Владимир Велебит, политички работник и дипломат, роден во 1907 година во Задар. Дипломирал на Правниот факултет во Загреб. Учествувал во напредното студентско движење на Загрепскиот универзитет. Член на КПЈ од 1939 година. Во НОБ стапил од 1941 година и извршувал низа политички и дипломатски должности: до 1943 година работел при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ, од декември 1943 година бил член на Воената мисија на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во Египет и Италија, а кон крајот на 1944 година бил шеф на Воената мисија во Лондон. По војната бил помошник на министерот за надворешни работи. „Velebit, Vladimir“ *Опћа енциклопедија ЈЛЗ* (књига друга). „Југославенски лексикографски завод“, (Загреб, 1977) година, 5072.

[16] *Дипломатски документи,* Кн. 1, ..., 105-106.

Грци, туку „Карамлии“.[17] Покрај оваа забелешка, замерки имало и за статистиката на населението во која се наведени 300.000 Македонци.[18]

На 26 август 1945 година, Круљ испратил допис во кој го опфатил прашањето за ослободување на 3000 Македонци од грчките затвори, а ја пренесува информацијата дека вкупниот број на Македонци во затворите изнесува 12.169. На ослободените им се опростува делото, доколку не го повторат во наредните две години.[19]

Бурните настани во Грција во овој период се пропратени и со одржувањето на изборите, како и обидот за одржување на плебисцит за враќање на кралот, кој сепак се одржал точно една година подоцна. Во извештајот на Круљ се кажува дека на изборите е видлива огромна апстененција на гласачите, а дека во Македонија таа апстиненција достигнува до 80-90%, поради што е зголемен теророт во тој дел на Грција. Во тие неприлики, биле ранети левиот либерал-генералот Грегориадис и шефот на социјалистите, Пашалидис.[20]

Втората половина на септември 1945 година дипломатските кругови главно третираат еден особено значаен настан, а тоа е „конференцијата на Советот на министри за надворешни работи во Лондон“.[21] На оваа конференција покрај петте редовни министри од државите победнички, биле повикувани и министри за надворешни работи од други држави кои имале активно отворени прашања. Така, на пример, присуствувала делегација составена од Едвард Кардељ како потпретседател на Министерскиот совет на ДФЈ на осмиот, деветтиот и десеттиот состанок одржани на 18 септември 1945, по прашањето за разграничување со Италија.[22] Но, Грција не била поканета да учествува на оваа конференција поради што вршеле дипломатски и притисок преку медиумите.[23] Тоа се гледа и од извештајот од 18 септември 1945 на југословенскиот дипло-

[17] Карамлии или Караманлии - туркофоно население од Мала Азија кое или води потекло од Византиските Грци, но го промениле јазикот во турски, или пак, се Турци кои ја прифатиле православната вера.

[18] В. „Борба“, бр. 149, г. X, страна 3.

[19] ДАРСМ, МНР на ФНРЈ 1945-1952, 01.1100.0001.0013/0043-0043, 20 јуни 1945 г., Извештај од југословенскиот дипломатски претставник во Атина за одлуката на грчките власти да ослободат од затвор околу три илјади Македонци; за масовниот митинг на ЕАМ во Солун на кој говор одржал Захаријадис.

[20] ДАРСМ, МНР на ФНРЈ 1945-1952, 01.1100.0001.0016/0099-0101, 22 септември 1945 г., Извештај од југословенскиот дипломатски претставник во Атина до Министерството за надворешни работи на ФНРЈ во врска со подготвување на избирачките списоци во Грција и огромната апстиненција на гласачите од Егејска Македонија; за организирањето на демонстрации од страна на политичките партии во Грција.

[21] На конференцијата во Потсдам формиран е т.н. „Совет на министри за надворешни работи“ во кои влегле министрите на Велика Британија, САД, СССР, Франција и Кина. Првите средби на овој Совет биле одржани токму во Лондон непосредно по конференцијата во Потсдам, односно во периодот од 11 септември до 2 октомври, а детално се разговарале и решавале сите недорешени прашања од конференцијата во Потсдам.

[22] *Foreign Relations of the United States: Diplomatic Papers, 1945, General: Political and Economic Matters, Volume II*, ed. Sappington N.O. et. al., Washington, USA, 1967, 226-242.

[23] Исто, 284.

матски претставник во Атина кој нотира дека во „реакционерниот печат се изнесуваат неверојатни лаги“.[24] Грчката јавност главно била заинтересирана по прашањето за ревандикациите. Како што споменавме, дискусијата која се одвивала на конференцијата била поврзана со прашањето за територииte, а Грција, секако, имала интерес во тоа. Поради тоа била потпишана „Прокламација за грчките национални права“ од страна на 52 институции и организации меѓу кои влегувале и официјални државни чиновници како претседателите на државниот совет, претседателот на Касационио суд итн. Оваа прокламација била испратена до сојузничките земји, а била објавена во грчкиот десничарски печат. Со неа, покрај другите територии кои се барале, влегувала и територијата на „Северна Македонија чиј простор геополитички и геоекономски му припаѓа на егејскиот простор т.е. на Грција“. Според прокламацијата, проблемот на грчката безбедност наложува во грчки раце да се наоѓа „капијата на оската Морава-Вардар“.[25] Значи, станува збор за територијална претензија кон ФНРЈ, односно кон делот на Вардарска Македонија кој географски бил целосно во рамките на НРМ по течението на реката Вардар, а дури и за превојот кај Прешево, со кој долините на реките Вардар и Морава се спојуваат и крајно завршуваат во Егејското Море кај Солун.

Изјавата на Едвард Кардељ[26] во Лондон, по однос на Грција, привлече големо внимание во грчката јавност, па сите весници како официјални органи на различните политички провиниенции се осврнале кон оваа изјава. Поради тоа, од Амбасадата на ДФЈ во Атина на 26 септември 1945 год. испратен е допис до политичкото одделение на Министерството за надворешни работи на ДФЈ составен од Круљ, во кој се пренесуваат исечоци од сите грчки весници по однос на ова прашање. Така, можеме да видиме огромна разлика помеѓу прокомунистичкиот печат и десничарскиот печат по однос на третирањето на изјавата од Е. Кардељ.[27] Всушност, монархистичкиот и десничарскиот печат ја искористил оваа прилика со неучеството на Грција на конференцијата во Лондон да шири паника и разни обвинувања за тоа дека се спрема една широка завера против Грција од соседните „комунистички“ држави со цел да ѝ одземат

[24] ДАРСМ, МНР на ФНРЈ 1945-1952, 01.1100.0001.0016/0099-0101, 22 септември 1945 г., Извештај од југословенскиот дипломатски претставник во Атина до Министерството за надворешни работи на ФНРЈ во врска со подготвување на избирачките списоци во Грција и огромната апстиненција на гласачите од Егејска Македонија; за организирањето на демонстрации од страна на политичките партии во Грција.

[25] Останатите територии кои се бараат со оваа прокламација се однесуваат на Северен Епир од Албанија, Североисточна Македонија и Северна Тракија од Бугарија и Додеканезите од Италија. *Дипломатски документи,* Кн. 1, ..., 123.

[26] Изјавата на Кардељ била во однос на тоа дека ДФЈ не ѝ бара територија на Грција и дека сака да гради добри меѓусоседски односи. Но, грчката десница обвинувала дека тоа е само демагогија од страна на Кардељ и се повикувале на разни написи во југословенските весници каде постоеле територијални претензии кон Грција. Iakovos D. Michalidis, Fragile Balance: Greek-Yugoslav relations in the period 1944-1946, *Balkan Studies* **Volume 45, Issue 1, 2004**, 109-121. (116)

[27] Околу ова прашање види повеќе: *Дипломатски документи,* Кн. 1, ..., 125-130.

територија, па затоа како противтежа, ја објавиле споменатата „Прокламација“ со која, преку територијалните претензии кон соседите, објаснувале за загрозената грчка територија. Секако, обвинувањата биле насочени и кон КПГ дека претставува „внатрешната алатка“ за остварување на овој план.

Како одговор на ова, органот на КПГ, „Ризоспастис“ сумира дека сето обвинување претставува „антибалканска врева“ која има за цел да ја заостри атмосферата против ФНРЈ поради нетрпеливоста кон „Титовиот народно-демократски режим“. Понатаму се констатира дека ФНРЈ нема никакви територијални претензии кон грчка територија, а напротив, дека грчката десница изнесе „мегалоеладски барања кои ги има спрема Југославија.“[28]

Сето ова може да се види во пренесувањето на написи од грчките дневни весници кои ги нотирал Круљ и ги испраќал во форма на извештаи до Министерството за надворешни работи во Белград.

Првата официјална дипломатска средба се одржала на 14 ноември 1945 година кога била одржана протоколарна средба помеѓу грчкиот премиер Канелопулос[29] со амбасадорот на ДФЈ во Грција, Изидор Цанкар. После разговорот, Цанкар пренел дека според Канелопулос односите меѓу двете држави се влошени поради нападите на „белградското радио“, како и поради КПГ која ексклузивно ги претставувала пријателските односи помеѓу нив и КПЈ, како блиски комунистички партии.[30]

Официјална средба била одржана и на 28 ноември 1945 година, но овој пат со министерот за надворешни работи Софијанопулос. Тој тврдел дека Грчката влада[31] бара „погранични корекции кон Албанија и Бугарија, но не и кон Југославија“. Исто така, интересно е тоа што, Софијанопулос признал дека се извршени страшни погроми кон словенското население од Егејска Македонија.[32] Иако документот не е потпишан, најверојатно средбата била одржана со амбасадорот Цанкар, а констатацијата околу погромот на Македонците не е ни малку наивна кога доаѓа од официјален министер на грчката држава.

Политичките анализи на југословенската амбасада во Атина се од огромно значење за расветлување на многу прашања бидејќи претставуваат извор на податоци. Така на пример, извештајот од 1 февруари 1946 година дава прилично јасни податоци за односот кон македонското прашање во Грција од страна на сите важни политички чинители. Така, анализирајќи ги политичките партии, авторот на извештајот стигнува до следниот заклучок: „Популистите, а и другите десничарски групи, постојано бараат ‘корекција на границата’

[28] Изворниот термин кој се користи во документот *мегалоеладски* се мисли на *големогрчки*, правејќи паралела со познатата историска „Мегали“ идеја од 19 век на грчките националисти. *Дипломатски документи,* Кн. 1, ..., 128.

[29] Панајотис Канелопулос бил министер само 20 дена. Лилјана Пановска, *Крајот на една илузија: Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949*, Скопје, 2003, 44

[30] *Дипломатски документи,* Кн. 1, ..., 182-183.

[31] Претседател на владата во тој момент е Темистоклис Софулис, кој бил на чело на Либералната партија.

[32] *Дипломатски документи*. Кн. 1, ..., 192.

спрема Бугарија, а за југословенската граница не зборуваат иако во националистичките кругови и особено меѓу војниците, има луѓе што мислат дека и спрема Југославија се потребни некои корекции на границата. (...) Партиите на ЕАМ по тие прашања заземаат став дека солуцијата за територијалните проблеми треба да се бара во преговори, но го осудуваат македонското автономистичко движење и секое посегнување по грчката национална територија.[33] Шефот на КПГ Захаријадис го рече следното: „Ние го признаваме словено-македонското првобитно, човечко, демократско право да живеат, да работат, да се развиваат во својот роден крај со преданијата, традициите и обичаите на нивните татковци, но и тие се неодвоиво парче од грчката демократска заедница. Со овие Словено-Македонци одиме рамо до рамо против домашниот монархофашизам, против членовите на Охрана[34] и автономистите и странските господари, кои ги инспирираат и ги плаќаат автономистите“.[35]

Изидор Цанкар на 18 мај 1946 година испратил Извештај во кој ја анализирал состојбата со бројот на Македонците во Грција, како и прашањето за прогоните на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Тој кажува дека откако слушал за доста честото насилно бркање на „словенското население“, се одлучил да замине во Солун на средба со генералниот конзул на ФНРЈ со цел детално да се запознае со ова прашање. Но, таму добил податоци дека во тој момент не може да се зборува за особено големи прогони на Македонци од Грција, како и тоа дека генералниот конзул му соопштил дека грчките власти во последно време се доста претпазливи по ова прашање.[36] Нешто што во иднина потполно ќе се промени и прогоните ќе станат на ниво на егзодус. Во прилог на ова, Цанкар испратил документ со анализа на бројот на Словени во Грција. Тој констатирал дека во тој момент се проценува дека станува збор за

[33] Илија Димовски-Гоце /Гоче/, (село Статица, Леринско, Егејски дел на Македонија, 1909 - 29 јуни 1961, Скопје) припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење во Егејскиот дел на Македонија, учесник во антифашистичката борба и во Граѓанската војна во Грција. Бил предвоен член на КПГ и на ВМРО (Обединета). Во 1941 г. се вклучил во антифашистичката борба. Од 28 февруари 1943 бил командант на партизанскиот одред „Вичо“ на ЕЛАС, а во јули 1943 г. командант на партизанскиот одред „Кајмакчалан“. Во септември 1943 г. станал командант на македонскиот партизански одред „Лазо Трповски“ во составот на ЕЛАС. Во август 1944 г. бил наименуван за политички комесар на македонскиот Леринско-костурски баталјон на ЕЛАС, а подцна бил командант на Леринско-костурската бригада при нејзиното формирање на 22 октомври 1944 г, во селото Граешница, Битолско и потоа во ноември 1944 г. станал командант и на Првата ударна бригада на Македонците под Грција на НОВ и ПОМ. Во септември 1946 ги командувал македонските партизански единици на НОФ на планината Вичо, а во почетокот на 1947 баталјон на ДАГ. Бил член на Главниот одбор на НОФ на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Откако се вратил во НР Македонија добил чин мајор на ЈНА, а бил началник на бригада и заменик на комндатот на дивизија на КНОЈ. Бил носител на низа југословенски ордени, а бил носител и на Партизанска споменица 1941 година.

[34] Охрана - колаборационистичка организација формирана по директна наредба на германската команда или поконкретно, по наредба на Врховната команда на Група армии Е.

[35] *Дипломатски документи*, Кн. 1, ..., 244-245.

[36] Исто, 317.

околу 200.000 луѓе. Но, дека барем 80.000-100.000 од нив се многу борбени и имаат развиена словено-македонска свест. За останатите тој вели: „другиот дел од околу 100.000 не може да се каже дека не ја имаат таа свест, но се заплашени и во денешните околности не би имале храброст отворено да ги изразат своите словено-македонски чувства“.[37] Исто така, Цанкар констатира дека во однос на 1910 година, Егејскиот дел на Македонија е далеку поелинизиран, но дека не е целосно тој процес завршен. Поради тоа вели дека „Грците сè уште се плашат за овие краишта и тоа е основната причина за неодамнешното протерување односно прогонување на овој елемент“.[38] Во понатамошниот дел од прилогот, Цанкар дава податоци за начинот на којшто се случила елинизацијата, односно ги пренесува бројките на емигрирани лица за време на Балканските војни и Лозанскиот мировен договор, настани кои де факто ја промениле етнографската карта во Егејскиот дел на Македонија.

На 14 јуни 1946 година амбасадорот Цанкар го посетил претседателот на Министерскиот совет во Грција, Цалдарис каде одржале и официјална средба. Цалдарис предлагал во Југославија да биде испратена грчка комисија со цел да ја истражи состојбата во т.н. „грчки населби и концентрациони логори“. Но, кога Цанкар истото го предложил и за Егејскиот дел на Македонија, односно да биде испратена југословенска комисија за да истражи што точно се случува таму, Цалдарис одговорил негативно.[39]

Меѓутоа, состојбата во 1946 година во Грција била прилично нестабилна. Од почетокот на годината тензиите помеѓу левицата и десницата во Грција започнале да пораснуваат. КПГ ги бојкотирала изборите, а се случил и нападот на полициската станица во Литохоро од страна на поранешни членови на ЕЛАС. За непријателите на КПГ сето ова било можност за секаков вид на офанзива, а секако дека во корелација со КПГ била донесена и ФНРЈ преку КПЈ. На овој начин стигнува и првиот дипломатски скандал помеѓу двете држави во летото 1946 година. Поточно, на 22 јуни 1946 година, гувернерот на грчката влада за провинцијата Западна Македонија, Анастасиос (Тасос) Далипис објавил статија во грчкиот весник „Елиникон Ема“ со наслов „Големата опасност Титова Југославија организира и води необјавена војна против Грција“. Во оваа статија на отворен начин била нападната ФНРЈ со тоа дека позади немирите на територијата на Егејска Македонија стои координација меѓу КПГ и НОФ, односно дека „бандите кои крстосуваат“ добиваат средства и наредби од „Титова Југославија“. Сето ова секако дека го следела амбасадата на ФНРЈ и доставувала извештаи до Министерството за надворешни работи на ФНРЈ во Белград. Иако веднаш во наредните денови Далипис бил или отстранет од страна на Цалдарис, или пак, сам си поднел оставка, - прашање што не е расчитено - сепак преку отстранувањето на Далипис грчката влада се обидела да не направи меѓудржавна криза. Тоа било неуспешно, бидејќи подоцна Изидор Цанкар како

[37] Исто, 318.
[38] Исто.
[39] *Дипломатски документи,* Кн. 1, ..., 317.

амбасадор, во знак на протест од страна на ФНРЈ, бил повлечен од Атина. Последниот извештај на кој Цанкар е потпишан како амбасадор е од 19 јули 1946 година, што значи дека набрзо потоа бил повлечен. На тоа било одговорено и со повлекување на грчкиот амбасадор од Белград, па така дипломатските односи помеѓу двете држави се вратиле на ниво на обични претставништва, а не амбасади.[40] Само два дена порано, на 17 јули 1946 година, Цанкар имал средба со британскиот амбасадор во Атина, Клifford Нортон, од која Цанкар извлекол заклучок дека тој се обидува да брани нешто што всушност не може да се брани.[41]

Тоа што е важно да се напомени во насока на овој труд, е токму тоа дека иако официјалниот амбасадор на ФНРЈ од Атина бил повлечен, амбасадата на ниво на дипломатско претставништво продолжила да функционира и да си ја извршува својата должност, односно да работи на анализи и потоа да ги пренесува во извештаи до Министерството за надворешни работи на ФНРЈ во Белград. Ваквата состојба се задржала прилично долго, односно во текот на целиот иден период, сè до 1950 година кога односите помеѓу двете држави започнале да се затоплуваат, но тоа е друга тема во која нема да навлегуваме. Исто така, според нашата анализа, може да се види дека од втората половина на 1946 година, односно од повлекувањето на Амбасадорот како позиција од Атина, приматот во дипломатските односи го зазема Генералниот конзулат на ФНРЈ во Солун. Токму оттаму се најбројните извештаи и средби. За време на целиот овој период, вршител на должност како дипломатски претставник во Атина бил Шериф Шеховиќ чие име најчесто се сретнува во извештаите испратени од Атина.

Како што можевме да видиме од досега изнесеното по однос на дипломатите на ФНРЈ во Грција, тие се покажале доста активни барем кога станува збор за македонското прашање. Во периодот кога Граѓанската војна беснеела на територијата на Грција и кога грчката десница спроведувала отворена политика на протерување на македонското население, дипломатските претставништва биле активни на терен, секојдневно да го известуваат министерството за надворешни работи. Постојат бројни извештаи каде дури со име и презиме се набројуваат Македонци кои биле убиени, протерани, затворени, осудени итн. Можеме да заклучиме дека југословенските дипломати, како дел од политиката на ФНРЈ покажале доста голем интерес по однос на македонското прашање во Грција и суштински го разбирале проблемот, иако ниту еден од официјалните дипломати не бил по народност Македонец, аргумент кој често се користи во историографијата за да се „докаже“ дека се водела некаква „анти-

[40] *Дипломатски документи,* Кн. 1, ред., 337-344.

[41] Констатацијата на Цанкар произлегла од фактот што Клifford зборувал дека Британија ќе се залага за зачувување на мирот во Грција, но дека нема да ги поддржува судирите кои веќе се случувале на територијата на грчка Македонија. Milan Ristović, The troublesome yugoslav-greek-british triangle:1945-1949, *British-Serbian relations from the 18th to the 21st centuries,* ed. Slobodan G. Markovich, Belgrade, 2018, 319-336.

македонска“ политика од страна на официјален Белград во Егејска Македонија. Напротив, спротивното се докажало и во текот на овој период за кој пишуваме на дипломатско ниво, а и во текот на врвот на граѓанската војна кога ФНРЈ пружила огромна помош за ДАГ, оперативна и дипломатска.

Резиме

Формирањето на македонската држава во рамки на ФНРЈ го создаде основниот предуслов за поставување на државотворен пристап кон македонското национално прашање. Токму овој предуслов, во рамки на политичката констелација на дипломатски односи на ФНРЈ со Грција го наметнувале македонското национално прашање да биде истакнато во рамките на меѓудржавните односи со Грција. Тоа се гледа од многуте извештаи на југословенските дипломати од Амбасадата на ФНРЈ во Атина и Генералниот конзулат во Солун. Иако југословенските дипломати не биле Македонци по потекло, сепак биле носители на разните преговори со грчките официјални институции по однос на Македонците од Егејска Македонија. Високиот степен на овие дипломати за разбирање на македонското национално прашање е производ на политиката на НР Македонија и ФНРЈ, кои тие како индивидуи, во рамките на државниот апарат, тесно соработувале со македонските раководители за правилен однос и заштита на Македонците од овој дел на Македонија.

Summary

The establishment of the Macedonian state within the framework of the Federal People’s Republic of Yugoslavia (FPRY) created the fundamental precondition for adopting a state-oriented approach to the Macedonian national question. Precisely this precondition, within the political constellation of the FPRY’s diplomatic relations with Greece, made it necessary for the Macedonian national question to be raised within the framework of interstate relations with Greece. This is evident from the numerous reports of Yugoslav diplomats from the Embassy of the FPRY in Athens and the General Consulate in Thessaloniki.

Although the Yugoslav diplomats were not of Macedonian origin, they nevertheless took part in various negotiations with Greek official institutions concerning the Macedonians of Aegean Macedonia. The high level of these diplomats’ understanding of the Macedonian national question was a product of the policies of the People’s Republic of Macedonia and the FPRY. In their capacity as individuals within the state apparatus, they closely cooperated with Macedonian leaders in order to ensure an appropriate approach toward, and the protection of, the Macedonians from this part of Macedonia.

Библиографија:

Архиви
− Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Фонд: Завештание на Лазар Колишевски.
− Државен архив на Република Северна Македонија. Фонд: 1100, Министерство за надворешни работи на Федеративна Народна Република Југославија (1945–1952).

Објавени извори
− Дипломатски документи за граѓанската војна во Грција (1945–1946), книга 1, ред. Новица Велјановски, Скопје: ДАРСМ, 2014.
− Документи за учеството на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и граѓанската војна во Грција 1941–1949, том VII, книга 1, ред. Ристо Кирјазовски и др., Скопје: ДАРСМ, 1985.
− Егејска Македонија во НОБ 1945: Документи за учеството на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во граѓанската војна во Грција, том II, ред. Ристо Кирјазовски и др., Скопје: ДАРСМ, 1973.
− Foreign Relations of the United States: Diplomatic Papers, 1945, General: Political and Economic Matters, Volume II, ed. Sappington N. O. et al., Washington: United States Government Printing Office, 1967.

Печати и периодика
− Борба, 1945.
− Глас на Егејците, 1951, 1953.

Извори од интернет
− https://www.frontal.ba/novost/103603/braca-krulj-iz-mostara-zaduzili-srpstvo-i-hercegovinu. Датум на пристап: 15. 9. 2025.
− Rossos, Andrew. „Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism in the Civil War in Greece, 1943–1949". *The Journal of Modern History*, vol. 69, no. 1/1997, 42–76. JSTOR, http://www.jstor.org/stable/2953432. Accessed 30 Mar. 2026.
− Kofos, Evangelos. „The impact of the Macedonian question on civil conflict in Greece (1943–1949)". Athens: Hellenic Foundation for Defense and Foreign Policy, 1989, 8–11. https://macedonian-heritage.gr/VirtualLibrary/downloads/Kofos02.pdf. Accessed 30 Mar. 2026.

Литература
− Averoff-Tossizza, Evangelos. *By Fire and Axe: The Communist Party and the Civil War in Greece 1944–1949*. New York: Caratzas Brothers, Publishers, 1978.
− Андоновски, Христо. *Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940–1944)*. Скопје: ИНИ, 1968.

− David Brewer. *Greece, the Decade of War: Occupation, Resistance and Civil War*. London: I.B. Tauris, 2016.
− Velebit, Vladimir. *Oпћа енциклопедија JLZ*, книга втора. Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 1977.
− Vlavianos, Haris. *Greece, 1941–1949: From Resistance to Civil War*. New York: St. Martin's Press, Inc., 1992.
− Villiotis, Stephen. *From Sceptical Disinterest to Ideological Crusade: The Road to American Participation in the Greek Civil War 1943–1949.* Orlando: University of Central Florida, 2013.
− Gerolymatos, Andre. *An International Civil War: Greece 1943–1949.* London: Yale University Press, 2016.
− Животиќ, Александар. „Југославија, Велике силе и македонско питање (1944–1947)". *Зборник Матице српске за историју*, бр. 85/2012, 89–112.
− Кирјазовски, Ристо. *Демократски и антифашистички партии и организации во Егејскиот дел на Македонија.* Скопје: ИНИ, 1994.
− Кирјазовски, Ристо. *Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција.* Скопје: ИНИ, 1998.
− Кирјазовски, Ристо. *Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945–1949).* Скопје: Култура, 1995.
− Кирјазовски, Ристо. *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945–1949).* Скопје: Култура, 1985.
− Кирјазовски, Ристо. *Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945–1949).* Скопје: Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, 2009.
− Киселиновски, Стојан. *КПГ и македонското национално прашање 1918–1940.* Скопје: Мисла, 1985.
− Кљакиќ, Драган. *Генерал Маркос.* Zagreb: Globus, 1979.
− Кљакиќ, Драган. *Изгубљена победа Генерала Маркоса: Грађански рат у Грчкој 1946–1949 и КПЈ.* Београд: Народна књига, 1987.
− Koliopoulos, John S. *Plundered Loyalties: Axis Occupation and Civil Strife in Greek West Macedonia 1941–1949.* London: Hurst & Company, 1999.
− Литовски, Евгениј. *Улогата на Народна Република Македонија во културната автономија на Македонците од пиринскиот дел на Македонија 1944–1949.* Битола: 19 Ноември, 2023.
− Литовски, Евгениј. „Некои прашања околу испраќањето и грижата за учителите од Народна Република Македонија на работа во пиринскиот дел на Македонија во учебната 1947/1948 година". *Гласник на Институтот за национална историја*, бр. 66/2022, 127–137.
− Литовски, Евгениј. „Еден извештај од 1948 година на Ристо Бајалски за посета на Пиринскиот дел на Македонија". *Зборник на трудови на Н. У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола*, бр. 25/2022, 35–44.

− Литовски, Евгениј. „Дејноста на Кирил Миљовски во Привременото македонско претставништво“. *Зборник на трудови на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола*, бр. 26/2023, 175–184.
− Литовски, Евгениј. „Дејноста на Перо Ололовски во културната автономија на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија во 1947 год.“ *Зборник на трудови на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола*, бр. 27/2025, 57–67.
− Литовски, Евгениј. „Турнејата на Димитар Влахов во Пиринска Македонија и Бугарија во октомври–ноември 1947 година“. *Македонски архивист*, бр. 35–36/2024, 95–106.
− *Македонска енциклопедија*, т. I. Уредил Блаже Ристовски, 525. Скопје: МАНУ, 2009.
− Мамуровски, Ташко. *Квислиншки и националистички организации во Егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна.* Скопје: ИНИ, 2001.
− Мамуровски, Ташко. *Бугарската пропаганда во југозападна и централна Егејска Македонија: 1941–1944.* Скопје: ИНИ, 1989.
− Мамуровски, Ташко. *Паскал Митревски и неговото време (1912–1978).* Скопје: ИНИ, 1992.
− Michailidis, Iakovos D. „Fragile Balance: Greek-Yugoslav Relations in the Period 1944–1946”. *Balkan Studies*, Volume 45, Issue 1/2004, 109–121.
− Пановска, Лилјана. *Крајот на една илузија: Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946–1949.* Скопје: ИНИ, 2003.
− Ristović, Milan. „The Troublesome Yugoslav-Greek-British Triangle: 1945–1949”. In: *British-Serbian Relations from the 18th to the 21st Centuries*, editor Slobodan G. Markovich, 319–336. Belgrade: Faculty of Political Science, Centre for British Studies; Zepter Book World, 2018.
− Ristović, Milan. „Yugoslav-Greek Relations from the End of the Second World War to 1990: Chronology, Phases, Problems and Achievements”. *Balcanica*, LI/2020, 257–282.
− Ristović, Milan. „Small War on the Yugoslav-Greek Border (1945–1950)”. *Balkan Studies*, Vol. 45, No. 1/2004, 95–108.
− Ристовиќ, Милан. *На прагу хладног рата: Југославија и грађански рат у Грчкој: 1945–1949.* Београд: Филозофски факултет, 2016.
− Shrader, Charles R. *The Withered Line: Logistics and the Communist Insurgency in Greece 1945–1949.* London: Praeger Publishers, 1999.
− Stavrakis, Peter J. *Moscow and Greek Communism 1944–1949.* London: Cornell University Press, 1989.

УДК 316.812.1:37.018.1-
053.2:[911.374.2(497.7)“1800/1912“ **ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29**

Васко ГИЧЕВСКИ*

ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ СЕЛА ЗА ВРЕМЕ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1800 ДО 1912 ГОДИНА

***Апстракт**: Во нашата наука, во изминатиов период од формирањето на македонската држава до денес, сосема малку и спорадично е пишувано за детето како дел од минатото. Тоа било сеприсутно, но сепак невидливо, бидејќи него нема да го сретнете во официјалните документи, извештаи и останатите документи. Најподатливите извори за проучувањето на историјата на детето се кријат во збирките на собирачите на народни умотворби, мемоарската литература и патеписите. Таму е содржан битот на нашиот човек. Поради овие причини, сметам дека е веќе време да се осврнеме и на тој дел од нашата историја, а овој труд нека е само едно парче од големиот мозаик на историјата.*

***Клучни зборови:** Македонија, дете, детство, семејство, селанство*

Воспитувањето е процес којшто е неодвоиво поврзан со човекот. Тоа е свесно и намерно влијание од возрасните кон помладите, со цел вторите да се подготват за понатамошниот живот во човековата заедница. Поради тоа, секое минатото време, секоја генерација има свои правила на воспитување и воспитни идеали кон коишто се стреми. Воспитувањето во семејството е обусловено од неколку фактори: религија, географски простор, традиција и локална култура. Сите норми, правила и табуа произлегуваат од реални општествено-економски прилики кои опстојуваат на определено место, па така, согласно истите, се развива и соодветно воспитание. Преку воспитанието човекот во суштина овозможува репродукција и одржливост на општествениот систем во којшто живее. Помеѓу османлиското маало и семејството постоело органска врска.[1] Децата просто биле одгледувани од заедницата.[2] Тоа не било само семејна обврска, туку колективен потфат на целата заедница. Тоа значело и олеснување за родителите, кои за разлика од денешниот свет, не биле оставани сами, туку исцрпно биле помагани и советувани од заедницата. Воопшто земено, во целиот медитерански свет, во руралните и градските средини, изрази кои се употребувале во меѓусебното обраќање биле „чичко“, „тетко“, „дадо“, „бато“. Со

* Васко Гичевски – историчар, ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, email: vasko.gicevski@gmail .com

[1] Илбер Ортајли, *Семејството во османлиското општество*. (Скопје: Алманах, 2015), 58

[2] A. Goff and Hugh Alderson Fawcett, *Macedonia: A Plea for the Primitive*. (London: John Lane, The Bodley Head; New York: John Lane Company, 1921), 39

овие четири форми на обраќање се воспоставувала блискост помеѓу маалското население и детето.[3]

Македонското селанство од почетокот на XIX па сè до крајот на првата деценија на XX век минало низ процес на трансформација на секое ниво. Со танзиматските реформи барем на хартија се промениле општествено-економските односи, иако во практиката останале феудалните принципи на владеење и производство. Она што е типично за европските земји од истиот овој период, за Османлиската империја била само желба и стремеж, кој никогаш не го остварила, веројатно затоа што и суштински таа не сакала да ги промени темелите врз кои се потпирала нејзината власт. Во дадениот период македонските семејства се многудетни и семејниот живот се одвивал во задруги, односно повеќе генерации од исто семејство живееле под еден покрив. Таквото живеење обезбедувало работна рака која била клучна за подобро и поголемо производство, во услови кога земјоделието била главна стопанска дејност, а се работело без механизација. Иако семејствата биле повеќечлени, секој во семејството имал своја определена задача. Општа карактеристика е тоа дека во овој период централен лик на домот е мажот. Мажот ревносно држел до својата надредена положба во домот, спрема сопругата и децата. Жената сепак, умеела да го задржи своето достоинство и да се чувствува како другарка и советничка на својот сопруг.[4] Тешките полски работи главно биле резервирани за мажите, додека кај полесните биле вклучени и жените. Со целокупното стопанство во домот раководел најстариот член на семејството. Тој ја определувал работата, којашто поедини членови од семејството требало да ја вршат.[5] Воедно, најстариот член од семејството бил и „пазарџибашија“ односно тој купувал и продавал и располагал со средствата.[6] На жените им биле оставани домашните должности, а смееле и да ги продаваат јајцата, а парите да ги користат за свои потреби.[7] Со најстариот член во семејството сите се допрашувале и советувале за секоја работа. Неговата сопруга, домаќинката, била одговорна за женскиот дел од семејството, а доколку таа не можела да разреши некој проблем или надмине некој предизвик, за совет ги упатувала кај домаќинот. Домашниот дел од работата ја распределувала домаќинката, а надворешната, полската работа, домаќинот.[8]

Во тоа и такво време, како што беше и погоре изнесено, предното место во домот го заземале мажите. Кузман Шапкарев во текот на своите истражувања поставува и едно интересно прашање до анкетираните „На кои деца повеќе се радуваат селаните?“ Одговорот е дека селаните повеќе се радувале на

[3] И. Ортајли, Семејството во османлиското..., 58
[4] Георги Баждаров, *Из македонската земя. Впечатления и бележки*. (София: Печатница „П. Глушков“, 1926), 121.
[5] Марко Цепенков, *Македонски народни умотворби*. (Скопје: Македонска книга, 1972), кн.10, 130
[6] Исто, 131.
[7] Истото.
[8] Кузман Шапкарев, *Избрани дела*. (Скопје: Мисла, 1976.), т. IV, 198.

женските деца, а граѓаните повеќе се радувале на машките деца.[9] Причината за ова е длабоко вгнездена во тогашната општествено-економска реалност. Според Шапкарев, женските деца на село ќе работат бесплатно до мажачка, а и кога ќе се омажат ќе земат нешто ништо за чеиз, а ќе донесат толку многу дарови и дополнително уште 200-300 гроша.[10] Синот е понерентабилен од ќерката во таа смисла, бидејќи тој останува да биде само столб на куќата и има формално предимство над жените. Во некои краишта од Македонија, жените се однесувале со голема почит кон машките деца во домот, сметајќи ги за нерамни на себе, што е впрочем одлика на патријахалното воспитување. Од друга страна пак, исто така се наведува и податокот дека женските деца се сметаат за помалку пожелни, односно се сметаат за несреќа.[11] Овој став се поткрепува и со народната поговорка „кога женско се раѓа и стреите плачат“. Во суштина сметам дека тука станува збор за извесно претерување во описот бидејќи иако општествените услови биле сурови, тоа сепак не значело и потполно отфрлање на жените од животот и нивно потполно сведување на „домашен роб“.

Погоре изнесеното може да се каже дека била рамката во којашто се воспитувале и раснеле децата. Помладите жени во домот ѝ помагале на домаќинката, односно ратајницата како што уште се нарекува во етнолошките извори. Доколку ратајницата имала мали деца, нејзините деца ѝ ги одгледувале јатрвите.[12] Родителите ја имале апсолутната власт врз децата, во постаро време како што пишува Шапкарев, ги карале и тепале. Тепање до осакатување станувало додека децата биле помали, а не и откако ќе пораснат.[13] Во времето пак на Шапкарев, жиците биле поопуштени и такви случаи немало, иако како што и сам осведочува, имало еден родител во Охрид кој на sидот чувал обесена фалака и стапови и катадневно ја тепал жената, а така и ја убил својата жена. [14] Родителите имале обврска да ги хранат, одгледаат, да ги пораснат, да ги научат на книга и занает и најпосле да ги оженат.[15] Децата од друга страна имале обврска да ги слушаат родителите, да им се покоруваат, да ги гледаат на старост, да ги погребаат кога ќе умрат и до трите години да ги извршуваат христијанските должности.[16] Априори преку овие очекувања од децата, се сметало дека децата ќе останат во селото и домот на родителите, што впрочем било особено честа пракса.[17] Во случај синот да откаже послушност кон родителите, се претпоставува дека на старост нема да ги гледа, па затоа тие родители најчесто земале домазет кој ќе ги догледа. Доколку непослушното чедо е ќерка, гледале

[9] Исто, 198
[10] Истото.
[11] A. Goff and H. A. Fawcett, *Macedonia a plea for the primitive*..., 20.
[12] Шапкарев, *Избрани дела*, ..., 169.
[13] Исто, 196
[14] Истото.
[15] Истото.
[16] Истото.
[17] A. Goff and H. A. Fawcett, *Macedonia a plea for the primitive*..., 42.

што побрзо да ја омажат за каков и да е маж, макар и најдолен.[18] Во односот помеѓу браќата и сестрите, нерамноправноста на половите доаѓала повторно до израз. Сестрите биле воспитувани да ги почитуваат своите браќа на еден степен подолу од родителите и низ домот да ги прислужуваат. Од друга страна, браќата ги сакаат сестрите и им укажуваат почит секогаш кога тоа е можно. Меѓусебе се обраќале со дадо и бато, зависно од возраста, односно кој е повозрасен, а кој помал.[19]

Се воочува од изнесениот текст дека особено внимание се посветувало на работното воспитание на децата во домот. Работното воспитание само по себе е од големо значење за општиот правилен раст и развитокот на детето, но и инвестиција во неговата иднина. Во тој контекст, децата добивале свои работни обврски кои помалку или повеќе одговарале на возраста. Секако, илузорно е да се тврди дека мотивите зад ова се само хуманистички и од педагошка потреба, туку од детскиот труд постоела насушна потреба. Христо Поп Антов, во своите спомени запишува дека бил праќан во набавка на продукти, учествувал во чистењето на домот и дворот околу куќата, во очи на празникот Велигден.[20] Најчестото задолжение за децата било да ја напасуваат стоката по полето. За тоа сведочи и Брајлсфод, кој за време на неговиот престој во Македонија, кратко по илинденското востание забележал овчарчиња и гладни деца кои талкаат по полето со стоката.[21] Покрај овие должности, децата биле активно вклучувани во другите полски работи, особено во текот на жетвата, кога сите членови од домаќинството биле трудово ангажирани. Едноставно сите работеле, мажи, жени и деца![22] Треба да се напомене и тоа дека и покрај целиот труд, населението живеело сиромашно. Пред сè тоа било резултат на лошите општествено-економски прилики, примитивниот начин на производство, бројните зулуми и арамиски напади, даночните злоупотреби од страна на властите и низа други причини. Ѓорче Петров своевремено изработил и една просечна пресметка на трошоците и приходите на едно богато, едно средно имотно и едно сиромашно семејство. Според него, едно богато семејство составено од 8 мажи 4 жени и две деца имало приходи од 15 000 гроша, а расходи од 12 291 гроша при што имале профит во висина од 3 009 гроша. Едно средноимотно семејство составено од маж, жена и деца имало приход од 3864 гроша, а расходи во висина од 3760 гроша, при што им останувал недостаток на средства за живот во висина од 86 гроша. Најлоша била ситуацијата кај сиромашното население. Едно сиромашно семејство составено од 3 мажи, две жени и 2 деца имало приходи од 4 400 гроша, а расходи во висина од 5 040 гроша, при што се јавува не-

[18] Шапкарев, *Избрани дела*…, 196-197.
[19] Исто, 199.
[20] Христо Поп Антов, *Спомени*. (Скопје: Државен архив на Република Македонија (ДАРМ), 2006), 38.
[21] Henri N. Brailsford, *Macedonia - its races and their future*, (London: Methuen & Co. 1906), 162
[22] Mary Adelaide Walker,. *Through Macedonia to the Albanian Lakes*. (London: Chapman and Hall, 1864), 208.

достаток на средства во висина од 640 гроша.[23] Лошата економска положба, придонесувала и кон појавата на висока детска сиромаштија. Во тој контекст, Брајлсфорд пишува дека не можел да си поверува на очите кога видел девојче на седум или осумгодишна возраст кое стоело пред него и весело се смеело, иако било скоро голо.[24]

Кога пишуваме за воспитанието неизбежно е да ја споменеме и идејната компонента на воспитанието - религијата. Во наведениот период, религијата играла круцијална улога во животот на човекот. Согласно верските прописи, се организирал животот и работата. Во тој дух биле и воспитувани децата, да бидат чесни, праведни богобојазливи. Во секое семејство имало икона на Богородица со Христос или некој друг светец, која стоела во еден агол од куќата, а пред неа биле ставани вапцани јајца, свеќа и други нешта.[25] Пред иконата семејството се молело за добробит, бериќет и напредок. Верската заедница покрај семејството, претставува прва заедница во која детето станува член од најрана возраст. Да се биде дел од определена верска заедница, значело да се биде полноправен член на заедницата. Спротивно од тоа, оној или онаа кој не ја споделувал верата на својата околина и на своите предци, бил доживуван како странец, и бил отфрлан од средината. Оттука нужно се истакнува уогата на религијата во процесот на социјализацијата на личноста. Нејзината улога станува знатно посилна доколку се знае дека Османлиската држава е теократска и религијата е основниот столб врз која се потпира општеството и ги гради своите општествени норми и табуа. Детето станувало дел од верската заедница речиси веднаш по неговото раѓање. Вообичаена била праксата децата во христијанските семејства да се крштеваат во што е можно пократок рок. Најчесто тоа се вршело во првата или втората недела по раѓањето.[26] Причината за ова била големата стапка на смртност меѓу новороденчињата.[27] Постоело верување, доколку почине некрстено дете, тоа ќе се повампири, а и постоела забрана некрстени деца да се погребуваат во гробиштата и тие најчесто биле погребувани надвор од гробиштата. Четириесет дена по раѓањето детето се чувало во домот со разни амајлии околу него кои би требало да го заштитат од уроци и лоши духови.[28] Религијата впрочем, како и во секое друго селанско и сиромашно општество, била најдобриот сојузник. Таму селанецот барал утеха и спас од овоземните маки и ги поучувал и своите деца во тешките моменти да се потпрат врз словото божје.

---

[23] Гьорче Петров, *Материали по изучаването на Македония*. (София: Печатница Вълков, 1896), 732-733.

[24] H. N. Brailsford, *Macedonia- its races...*, 52-53.

[25] A. Goff and H. A. Fawcett, *Macedonia a plea for the primitive...*, 73-74.

[26] Х. П. Антов, *Спомени....*, 70-71.

[27] Големата смртност кај новороденчињата и воопшто кај децата се должела на повеќе фактори. Пред сè тоа било резултат на лошата хигиена, низа на болести за кои немало соодветен медицински третман, лоша исхрана итн. Се случувало во семејство каде се раѓале по 7 деца, до возрасна доба да преживеат само две или три.

[28] Lucy Garnett, *The Women of Turkey and Their Folk-Lore*. Vol. I. (London: David Nutt, 1890), 474.

Друг особено важен аспект од воспитанието на детето се детските игри. Преку играта детето, меѓу другото, се учи на соработка и натпревар, го развива конвергентното и дивергентното мислење. Детската игра има особено значење за општиот развој и раст на детето. Иако детството во овој период било кратко, а децата биле трудово ангажирани, сепак останувало време за забава и игра. Постоеле безброј детски песнички, залагалки, брзозборки и гатанки со коишто децата се забавувале.[29] Марко Цепенков оставил записи за некои игри коишто се играле во Прилепско. Тоа биле игрите „На кусо на долго“ (извлекување на сламка и обложување), „Обложување“, „Со челик на дупка“ (игра каде треба со стап да се удри помало стапче наречено челик кое отскукнува и децата треба да го фатат), „Пирле“ (игра во која на парче ќерамитка се редат парички, па потоа децата фрлаат со парчиња ќерамида наречени пирлачки со цел да го погодат и растурат наредената купче пари „пирле“), „Лета лета магаре“ (игра во надлажување), Ложана со стапови“ (целта е да се удри стапот од земја и тој да отскокне, па победник е оној чиј стап ќе падне подалеку). [30] Децата исто така се натпреварувале и во собирање на плодови, натфрлување камен и какви ли не други игри проникнати од безграничната детска мисла.[31]

Детето својот циклус на воспитание го заокружува во училиштата. Во почетокот на XIX век во Македонија единствени училишта биле ќелијните училишта. Во подоцнежниот период, особено кон средината на векот, се појавуваа и првите народни световни училишта кои биле организирани од црковните општини. Веќе во втората половина на XIX век се појавуваат и училиштата формирани од соседните пропаганди. Треба да се знае дека образовните прилики во селските средини знантно се разликувале од оние во градовите. Во градовите постоела мрежа на османлиски државни училишта коишто биле отворани и во коишто имало приличен број на ученици. Од друга страна пак, селата биле запоставени во однос на обезбедување државни училишта. Секој милет, според закон имал право да организира свое образование. Оваа законска поволност, сосема вешто ќе ја искористат соседните држави и токму преку образованието ќе ги шират своите големи државни пропаганди. Во тој контекст, османлиска Македонија ќе биде прошарана со низа грчки, бугарски, српски и романски училишта. Училиштата без разлика дали биле државни или на некоја од пропагандите, основната задача им била кај учениците да развијат чувство за припадност кон државата односно во поинаков случај кон некоја од пропагандите. Масата на школи биле оформени со совршено политичка цел, а

[29] Види повеќе кај: Кирил Пенушлиски, *Историја на македонскиот фолклор*. (Скопје: Матица, 2012), 463-479.

[30] Марко К. Цѣпенковъ, *Дѣтински залъгалки, игри и др. Сборник народни умотворения наука и книжнина*. (София: Държавна печатница, 1897), бр XIV, 177-181.

[31] Особено богата колекција на детски игри има кај Томе Велјановски, *Македонски народни умотворби и анегдоти од Пелагонија и Мариово.* (Прилеп: Ризница, 2009) како и кај останатите македонски собирачи на народни умотворби. Детската игра во минатото е засебна тема која верувам дека заслужува подлабоко проучување и елаборирање, што во оваа прилика од технички причини ќе биде изоставено.

лишени од воспитното значење, кое би требало да е основа на секое народно образование.[32] Учениците своето школување го започнувале најчесто на возраст од 7-8 година, но често се случувало да има и повозрасни ученици.[33] Првиот училишен ден бил своевидна свеченост, обележан со ритуали за среќен почеток и успех во учењето. Според еден обичај од Скопско, машките деца ги запишувале на училиште на Чисти понеделник, упатувајќи му ги на даскалот зборовите „Месо ти давам, коски ти сакам“.[34] Условите за учење но и начините на поучување, се разликувале од училиште до училиште. Училишните објекти можеле да бидат и обични куќи без потребниот мебел за училишна работа, но можеле да бидат и специјално опремени објекти. Сè зависело од тоа колку е моќна државата којашто ги отворала училиштата. До средината на XIX век учењето се сведувало по синтетички метод, односно таканаречено „Срицање“. Во втората половина на XIX век веќе започнал да се користи гласовниот метод, односно буквите веќе не се учеле според нивното име, туку според гласот кој го претставуваат.[35] Во наставата се користеле низа наставни средства: табла, песочник, заемни таблици, стругалка итн.[36] Во училиштата се употребувале разни книги и буквари, но особено распространети биле оние на Кузман Шапкарев. Интересно е да се каже дека училиштата во овој период немаат унифицирана наставна програма и учебни помагала. Секое училиште, во зависност од која афилијација произлегувало, се служело со книги и педагошки пракси кои биле карактеристични за земјата од каде што потекнуваат[37]. Поинаку кажано, секое училиште употребувало свои наставни средства и планови, но тие претходно требало да бидат одобрени од страна на османлиската држава. Имено, за време на владеењето на султанот Абдул Хамид II, особено била строга цензурата во османлиското општество. Секој учебник требало претходно да се испрати на проверка, со цел во наставата да не се употребуваат несоодветни термини и да не се обработуваат несоодветни содржини од типот на „Француската револуција“. Во училиштата владеела строга дисциплина. Наставата

[32] Александар Николаевич Скрјабин, *Политички и економски податоци за Битолскиот вилает*, Скопје 2017, 32. Училиштата покрај нивната хумана дејност во насока на едукација на населението, имале совршено политички и националистички цели. Имено населението наоѓајќи се во позиција да живее и дејствува во империја каде примарниот идентитет е верскиот, соседните држави, таа положба вешто ја искористиле во насока на сеење на национални идеи. Идеите биле совршено туѓи за населението, предадени на неразбирлив јазик, но сепак самото постоење на училиштата, било основа за понатаму преку политички преговори да се артикулира историското право на постоење на државата. Целта била да се анектираат нови територии, откинати од веќе и онака полумртвата Османлиска империја.

[33] Ристо Кантарџиев, *Историја на образованието и просветата во Македонија.* (Просветно Дело: Скопје, 2002), 230.

[34] К. Шапкарев, *Собрани дела…*, 30.

[35] Р. Кантарџиев, *Историја на образованието*..., 206.

[36] Исто, 209-211.

[37] Особено добар осврт кон учебниците користени од странските пропаганди има кај: Никола Минов, „Балканските пропаганди во османлиска Македонија“, *Прилози за историјата на Македонија и македонската култура*, МАНУ, Скопје, 2021, 193-219.

во училиштата главно се одвивала во зимските и есенските месеци, пред сѐ поради фактот што децата во селата биле дел од работоспособното население. Поради ова тие предимно учествувале во извршувањето на земјоделските работи, додека образованието било оставано на споредниот колосек.

Во овој период, најважно било учениците да бидат дисциплинирани. Многу често ова подразбирало потполна послушност од страна на учениците кон учителите. Секое отстапување од пропишаните правила било казнувано со телесни казни, а во некои случаи ученикот можел да биде исфрлен од училиште. Најчесто употребувана направа за физички казни била фалаката. Дел од казните биле клечење во ќош, тепање со прачка, исмејување. Во суштина, децата во овој период повеќе биле дресирани отколку што биле образовани. Од друга страна, постоеле и пофалбите, наградите доколку учениците покажуваат успех во учењето. Изучувале предмети од областа на природните и општествените науки. Големо внимание се полагало врз странските јазици, но и моралот, како и духовната наобразба. Потребата од духовна наобразба, произлегува пред сѐ од фактот дека училиштата биле под контрола на црквите.[38] Поради ова учениците изучувале предмети од областа на историјата на црквата, црковни книги и молитви итн. Иако постоеле и училишта за девојчиња, девојчињата најчесто имале друга судбина. Најголемиот дел од нив, не посетувале училиште. За нив голема среќа било ако ги дадат кај некоја мајсторица да изучат занает. Девојчето, на истата возраст го носат на мајсторица, да се учи да преде лен и памук. По неколку години откако добро ќе го изучи предењето и мајсторицата ќе види дека е достојно да везе со коприна и клободан, родителите, по нејзиното соопштување, му нарачуваат ѓерѓеф, купуваат едно јагне, малку леблебија и шеќер и на некој официјален празник, како Ѓурѓовден или Спасовден, повикуваат од вечерта неколку роднински жени, 20—30, кои ќе го земат девојчето со ѓерѓефот, јагнето, леблебиите и шеќерот, та го носат кај мајсторицата. Откако ќе ги пресретне и ги прими принесените работи, седнуваат и таа ги послужува. Потоа го донесуваат и под него ставаат леген со вода; девојчето ги соблекува чорапите, ги става нозете во водата, под ѓерѓефот на четирите ќошиња запалуваат по едно боринче и до него по една китка цвеќе, та завезува на едно на ѓерѓефот претходно оптегнато крпче, парче бело платно. Водата во леѓенот значи: да му тече работата брзо, како што тече водата; боринаta, — да гори тоа за работа, како што гори боринаta; китката цвеќе, — да му цвета работата, како што цвета цвеќето. Јагнето, шеќерот и леблебијата, остануваат за подарок на мајсторицата, а дојдените жени со девојчето си одат во неговиот дом каде им се дава закуска.[39] Требало да измине уште многу време, додека нашиот народ ја согледал потребата од добро и квалитетно образование. Низ тој пат ги воделе многу личности кои оставиле мноштво записи. Меѓу нив бил и учебникарот Партение Зографски кој, меѓу другото, оставил и една книшка насловена

[38] H. N. Brailsford, *Macedonia- its races...,* 21.
[39] К. Шапкарев, *Собрани дела...,* 30

„Началное учение за децата“ односно „Почетни поуки за децата“. Во таа книшка, со делот „Совети“ Партение Зографски порачува:

- Учењето е голема работа, човек без него е получовек.

- Една работа, што незнаеш како ќа излезет, не захватај ја, без да се поучиш со некого, што знает.

-Многу погрешуват тие, што велат, (кажуват) ќи не требало и не било прилично жените да се учат книга, тие не знајат, што кога мајката е учена и образована, тога и децата нејзини може да научит и наставит на добр пат; зашто прв и всекогашен учител за децата е мајката, за тоа блазе тому, што имат учена и образована мајка.

-Много безумни и несмисленни се тие, што не учат децата си книга, не зашто немат со што да и учат, а зашто не им се сака да похарчат мало пари, но таквите татковци исто така прават, како тој, што оставил нивата несејана, зашто му било жал да загубит семето, без да помисли безумнијот, што от едно зрно има да земет сто зрна."[40]

Резиме

Воспитанието на децата е клучниот фактор за обезбедување иднина на општеството. Децата преку воспитанието го осознаваат светот околу нив и се подготвуваат да станат полноправни чинители на истиот. Во процесот на воспитание акцентот бил ставен врз меѓучовечките односи, верата, трудољубивоста, чесноста и другите општочовечки вредности кои се релевантни до ден денес. Своите први поуки децата ги добивале во домот, а потоа дел во училиштето доколку го посетувале или пак, во занаетчискиот дуќан. Низ тие и такви воспитни поуки најважно било детето да биде дисциплинирано и послушно, односно да биде моделирано согласно тогашните сфаќања за тоа во каков човек треба да израсне детето. Училиштата иако постоеле, тие биле ставени во функција на тогашните пропаганди каде што предимна цел била од училишните клупи да излезат деца со подобна национална припадност, а не сестрано развиени личности.

Summary

The upbringing of children is the key factor in ensuring the future of society. Through upbringing, children learn about the world around them and are prepared by adults to become full-fledged actors in it. In the process of upbringing, the emphasis was placed on interpersonal relationships, faith, diligence, honesty and other universal human values that are relevant to this day. Children received their first lessons at home, and then part of them at school if they attended it or in a craft shop. Through these and other such educational lessons, the most important thing was for the child to be disciplined and obedient, that is, to be modeled in accordance with the then-existing understanding of what kind of person a child should grow up to be. Although

[40] Партениј Зографски, *Началное учение за децата*. (Цариград: Печатница на Цариградски вестник, 1858), 30-35, совети број 18, 21, 29, 20.

schools existed, they were put into the function of the propaganda of the time, where the primary goal was to produce children with a suitable national background, rather than well-developed individuals.

Библиографија:

Антов Поп Христо, *Спомени*, Државен Архив на Македонија, Скопје, 2006.
Баждаров Георги, *Из македонската земя. Впечатления и бележки*, София, 1926.

Brailsford N. Henri, *Macedonia- its races and their future*, London: Methuen & Co., 1906.

Garnett, M. J. Lucy, *The woman of Turkey and their folklore*, vol. 1, David Nutt, London, 1890.

Goff, A & Fawcett Alderson Hugh, Macedonia a plea for the primitive, London: John Lane; New York, John Lane company, 1921.

Зографски Партениј, Началное учение за децата, Цариград, 1858.

Кантарџиев Ристо, *Историја на образованието и просветата во Македонија*, Просветно Дело, Скопје, 2002

Ортајли Илбер, *Семејството во османлиското општество*, Алманах, Скопје, 2015

Пенушлиски Кирил, *Историја на македонскиот фолклор*, Матица, Скопје, 2012.

Петров Гьорче, *Материали по изучаването на Македония*, София, 1896.
Скрјабин Николаевич Александар, *Политички и економски податоци за Битолскиот вилает*, Скопје, 2017.

Цѣпенковъ К. Марко, *Дѣтински залъгалки, игри и др. Сборникъ за Народни Умотворения, Наука и Книжнина*, книга XIV, Държавна печатница, София, 1897, 171-181.

Цепенков Марко, *Македонски народни умотворби*, Македонска книга, Скопје 1972, кн. 10.

Walker A. M., *Trought Macedonia to the Albanian lakes*, 1864.

Шапкарев Кузман, *Избрани дела*, том, 4, Мисла, Скопје, 1976.

УДК 070:[329.78:325.83-05“1931/1932“
УДК070:329(=163.3)ВМРО(Михајловисти)“1931/1932“ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29

Александар ЛИТОВСКИ*

АНТИВРХОВИЗМОТ НА ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНСКИ СТУДЕНТСКИ ЛИСТ“ (ДЕКЕМВРИ 1931- ЈАНУАРИ 1932)

***Апстракт**: Во статијата се разгледува пишувањето на прогресивниот младински весник „Македонски студентски лист“ во неговите први три броја од декември 1931 и јануари 1932 година. Тогашните актуелни меѓумакедонски убиства на врховизираните кругови на македонското ослободително движење биле централната тема која се разгледувала на страниците на весникот. Освен тоа, низа текстови биле насочени кон идејна борба со врховизмот и фашизмот на македонските младински организации тесно поврзани со михајловистичкта ВМРО и бугарските владејачки кругови.*

***Клучни зборови**: Весник „Македонски студентски лист“, ВМРО (обединета), антиврховизам, михајловистичка ВМРО.*

Македонската народна студентска група „Гоце Делчев“ (МНСГ „Гоце Делчев“) во декември 1931 г., започнала да го издава весникот „Македонски студентски лист“,[1] како орган на прогресивните македонски студенти во Бугарија[2] и во него биле објавувани македонистички, прокомунистички и антифашистички материјали, како и текстови со изразито антиврховистичка,[3] анти-

* Д-р Александар Литовски, Институт за национална историја - Скопје, e-mail адреса: acelitobitola@gmail.com

[1] Во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје, под ознака УДК 378.18 Сигнатура РС IV 34/1931-1932 како архивски примероци, односно како „ретка периодика“, се чуваат шесте броја од весникот „Македонски студентски лист“, а првите три броја од нив се користени при изработка на нашата статија.

[2] Весникот, официјално, бил под редакција на Д. Петков, но фактички редактори биле: Коста Веселинов, Васил Хаџи Кимов, Михаил Сматракалев и Кирил Николов. Излегле шест броја. Последниот број излегол на 1 јуни 1932 г., а натамошното излегување било запрено од бугарските власти. На негово место МНСГ-Гоце Делчев го издавал весникот „Македонска студентска трибина“. Боро Мокров и Томе Груевски. *Преглед на македонскиот печат (1885–1992)*. (Скопје: Студентски збор, 1993), 77.; *Македонска енциклопедија*. Т. II. (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите (Натаму скратено: МАНУ), 2009.), 877.

[3] Врховниот македонски комитет (ВМК) бил основан во март 1895 г. од бројни македонски друштва, групи и кружоци во Бугарија подредени на стремежите на бугарската официјална политика, која со негова помош се стремела да го преземе раководењето на македонското револуционерно ослободително движење во самата Македонија. Како паралелно раководство на Македонската револуционерна организација (МРО), тие дејствувале врз разбивањето на самостојноста на македонското ослободително движење. Оттаму, по името на оваа антимакедонска организација, сите наредни приврзаници на големобугарската идеја и носители на бугарската државна политика, па дури и сите родоотстапници и предавници, во македонското

михајловистичка ориентација и со осуда на терористичките методи и акции во име на македонското ослободително дело, како и скоро секојдневните меѓусебни убиства на двете крила на врховизираната ВМРО – михајловисти и протогеровисти.[4]

Весникот „Македонски студентски лист“ во својот прв број од 4 декември 1931 г. на насловната страна ја објавил програмската статија „Нашата мисла“, во која, најнапред, со пофален тон се зборувало за „интелигенцијата“ и нејзината позитивна и прогресивна улога во општеството, а потоа, исто така пофално, се пишувало и за македонската интелигенција, која била „верен толкувач и нескршлив реализатор на народните стремежи и идеали“ и „навистина таа покажала неспорно вредни квалитети, без кои, притисната од нејзината зла судбина, Македонија би била изгубена“. Потоа, најавувајќи го својот антиврховистички карактер, весникот се осврнувал на македонската врховистичка интелигенција која се инспирирала „од егоистички сметки за удобен живот, купен со цената на сè вредно и убаво во неа, таа интелигенција врви по линијата на најслабото спротиставување и се јавува како природен квасец - потпора на реакцијата. На тој пат таа стана најголема пречка за напредокот и благосостојбата на народот... Како доказ не е нужно да копаме во минатото...“ туку „доволно е да се загледаме малку повнимателно во сегашноста, за да го констатираме погорното и да ѝ ја тргнеме лажната патриотска маска... Да го земеме за пример 'Вардар'[5] и особено секретаријатот на Македонскиот студентски сојуз.[6] Толку луѓе паднаа, а тие не обелија ниту заб. Се прикачија кон посилната страна во внатрепартиски борби и со тоа ѝ ја одзедоа можноста на чесната и будна македонска студентска младина да стои во нивните редови...“ За на крајот да следува оптимистичкиот заклучок: „Чесната и будна македонска младина е на својот пост. Таа нема да дозволи да тргуваат со нејзиното беспрекорно име. Не,

ослободително движење биле нарекувани – врховисти. *Македонски историски речник* (Натаму скратено: МИР) (Скопје: Институт за национална историја, 2000), 117.

[4] Големиот внатрешен расцеп во автономистичката ВМРО се случил по убиството на генералот Александар Протогеров на 7 јули 1928 г. во Софија. Оттогаш, автономистичката ВМРО, фактички, се поделила на две посебни организации – михајловистичката ВМРО и протогеровистичка ВМРО. Томислав Тодоровски, *Македонија – настани, личности, дела*, Скопје, 1999, 244-245.

[5] Македонското студентско друштво „Вардар“ било организација на студенти на Софискиот универзитет во Бугарија создадено во 1920 г. и било во тесни односи со автономистичката ВМРО сè до забраната на обете по државниот удар од 19 мај 1934 г. Во првото раководно тело биле Љубомир Весов, Илија Кушев, Илија Бугарчев, Зора Здравева, Јордан Чкатров, Петар Колиштрков, Крсто Велјанов и Стојан Керемитчиев, а Иван (Ванчо) Михајлов бил претседател.

[6] Сојузот на македонски младински организации (СММО) бил младинска организација под директно влијание на автономистичката ВМРО и бугарските владејачки кругови. Го издавал весникот „Стремеж“ („Устрем“) и списанието „Родина“. Првиот централен орган на управување бил го сочинувале Димитар Томалевски, Страхил Развигоров, Иван Трифонов, Константин Силјановски, Страхил Топуков, Сотир Нанев и Пано Попантов. Престанал да постои по државниот удар од 19 мај 1934 г.

таа не е загубена за својот народ. Овој лист, нејзин верен изразувач, доаѓа да го покаже тоа.“[7]

МНСГ „Гоце Делчев“ се спротиставувала на терористичките методи во политичката борба и како единствени вистински македонски ослободителни организации ги сметала оние кои се поставени наспроти михајловистичката и протогеровистичката ВМРО и нивните легални деривати тесно поврзани со бугарските владејачки кругови. За неа легитимна македонска организација била сметана ВМРО(об.) и со неа поврзаното Македонско прогресивно движење во Бугарија. Оттаму се декларирало дека „академската и трезвена македонска младина го издига високо лузунгот кој бил типичен во минатото, многу типичен е и денес: идејна борба! Преку перото, зборот и делото – секогаш вдахновени од вистината, да се движиме напред кон осуштествување на заветната цел: слободата!“ И во овој правец, весникот „Македонски студентски лист“ од сопствената Редакција бил сметан за „светилник што ќе фрли сноп од зраци врз темната македонска реалност“ во која „на улиците на Софија почнаа да паѓаат како круши видни македонски дејци“ и затоа таа декларирала: „Длабоко сме убедени дека не со пиштол и бомба, туку преку перото, зборот и делото ќе биде можно да се изживеат крвавите внатрепартиски борби во Македонското ослободително движење и дека каузата на Македонија ќе влезе на својот прав пат...“[8]

Критиката на весникот „Македонски студентски лист“ била насочена и кон Националниот комитет (НК) на Македонските братства во Бугарија,[9] кој всушност, бил само легална експозитура на михајловистичката ВМРО. Во рубриката „Од животот на емиграцијата“, весникот „Македонски студентски лист“ пишувал за штотуку испечатениот „Аламанах Македонија“[10] од Нацио-

[7] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 1, 4.12.1931, 1.

[8] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 1, 4.12.1931, 1.

[9] Десните струи на македонското ослободително движење по завршувањето на Првата светска војна, ја уживале поддршката од бугарските ревизионистички кругови и служеле со својата дејност, македонското национално прашање да се „искористи за бугарските државни интереси“. Главната легална форма преку која дејствувале претставниците на десната струја бил Извршниот комитет (ИК) на македонските добротворни братства во Бугарија. На 24 ноември 1918 г., Собранието на братствата, избрал нов ИК и биле прифатени два принципи врз кои тој ќе ја темели својата дејност: Првиот бил, „неделивоста на Македонија“, а вториот, „нејзино присоединување кон Бугарија“. Подоцна ИК бил преименуван во Национален комитет. Василев, Васил Атанасов. *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения*. (София: Издателство на Българската академия на науките, 1991), 19-20. Цветковска, Надежда. *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година*. (Скопје: Институт за национална историја, 1990), 65, 68-69.

[10] Албум-алманах „Македонија“ било фотодокументарно дело, кое го бранело бугарскиот етнички карактер на Македонија. Објавен бил во Софија во 1931 г., од Редакциски одбор: Илија Иванов, Александар Развигоров и Димитар Ризов, со уредничко учество на Лазар Томов и Стефан Аврамов и со помош на голем број истакнати бугарски и странски јавни и културни личности: Гаврил Кацаров, Богдан Филов, Александар Теодоров-Балан, Иван Снегаров, Љубомир Милетич, Стефан Младенов, Константин Станишев, Густав Вајганд, Леон Ламуш, Енрико Дамијани и други. Алманахот бил прегледан и одобрен од врховистичкиот НК.

нален комитет на македонската емиграција во Бугарија и тоа го искористил за да го критикува пробугарскиот врховизам. Во статијата, раководителите на Националниот комитет се опишувале како „луѓе со докажана шпекулативна нота, но со многу сомнителен патриотизам“, а токму тие се зафатиле со реализација „на оваа благородна и долгорочна идеја“ – печатењето на „Аламанах Македонија“. Се укажувало на врховистичката содржина: „Доста се тргуваше со општествени иницијативи! Тој не треба да биде ниту партиски: не алманах на михајловистите, туку алманах на Македонија, како што е насловен. Но, што гледаме? Каде се портретите на многу истакнати македонски револуционери? Се споменуваат разни живи и мртви луѓе, без никакво значење за борбата, а творците, вистинските творци на нашата историја се изоставени...“ Критиката, освен на содржината, била и за тоа дека „му залепиле цена - 1000 лева. Цена достојна само за банкари! Оваа бесчувствителна дрскост, сепак, не ја изненади емиграцијата, навикната на ваков вид манифестации на патентираниот патриотизам... Жалиме што се прават вакви срамни зделки во име на Македонија и дека, како и сите иницијативи што произлегуваат од 'блиските средини' на Националниот комитет 'мирисат на измама'... Македонскиот алманах не треба да служи за профит.“[11]

Антиврховистичките и левичарски цели на весникот „Македонски студентски лист“ и на МНСГ „Гоце Делчев“ јасно може да се согледаат од декларирањето дека „...Ние сме против сите трговци со македонското свето дело и го подигаме вистинското знаме на Гоце Делчев – независна слободна Македонија како рамноправна единица во Балканска федерација... Нашиот непријател, непријателот на целиот македонски народ е империјализмот на европските држави“. Истовремено, врховизмот на студентските здруженија во Бугарија, поврзани со михајловистичката ВМРО, бил редовно критикуван од македонското прогресивно студентство, па така може да се прочита дека студентското здружение „Вардар“ е „речиси распаднато и во целосна неактивност. Тоа брои 50-60 члена... Навистина, во тоа друштво има доста чесни и будни македонски студенти, но сепак раководството целосно е вовлечено во водите на фашизмот“. Наспроти него била посочувана „Македонската народна студенска група“ која се стремела „да ги опфати сите чесни и и будни македонски студенти згрозени од убиствата, од противнародната политика на „Варадар“... и што се подготвени „за смела и решителна обединета борба за слободна и независна Македонија.“[12]

И во статијата „Основа на македонската борба“ од авторот со псевдоним „М. Петрински“, продолжувала идејната борба против врховизмот. Именно, тој во текстот ги пренел, секако во негативен тон, врховистичките ставовите на Миле Симеонов,[13] „сојузен организатор“ на „другарската средба“ меѓу

[11] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 1, 4.12.1931, 1.
[12] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 2, 19.12.1931, 1.
[13] Михаил (Миле) Симеонов бил бугарски адвокат и активист на Сојузот на македонски младински организации и Македонската патриотска организација. Роден бил во селото Тресонче

членовите на Македонската младинска организација „Пеју К. Јаворов“ од Софија и истата таква „Трајко Китинчев“ од селото Књажево, одржана на 13 декември 1931 г. На неа Миле Симеонов изнесувал многупати повторени пробугарски аргументи: дека Бугарија има право на „присоединување на Македонија“, но дека тоа не било „тактично и умесно“ оти „Србите, Грците и др. држави нема да го дозволат тоа“; го критикувал „единствениот фронт“ што го пропагирала левицата од македонското ослободително движење; ги оправдувал атентатите во Македонија и убиствата во Бугарија вршени од михајловистичката ВМРО како нужни дела за да се исчисти македонската политичка сцена од 'предавниците'...“ На крајот, М. Петрински заклучил дека „коментарите се излишни“ и дека читателите сами ќе ги согледаат пренесените врховистички ставови.[14]

Во антиврховистичка и антибугарска насока била и статијата со наслов „Александар Цанков и Македонија“, која се однесувала на студентски штрајк организиран од прокомунистичкиот Бугарски општ национален студентски сојуз (БОНСС) во декември 1931 г., со барање за исклучување од Софискиот универзитет на водачот на Деветојунскиот државен удар, професорот Александар Цанков.[15] Штрајкот бил насилно растурен од полицијата, што резултирало и со жртви меѓу студентите. Весникот „Македонски студентски лист“ пренел по еден „протест“ од „Македонската народна студентска група“ и од БОНСС против „варварското однесување“ на бугарската полиција за време на штрајкот. Во статијата „Александар Цанков и Македонија“, авторот „Г. Симеонов“ исклучително негативно се осврнал на улогата на Цанков кон Македонија и кон македонската борба. Според него, Цанков, „тој народен џелат, не бил само 'спасител' на Бугарија“, туку „и 'спасител' на Македонија“, па посочувал дека Цанков „го потврди Нишкиот договор, отиде дури на поклонување во Белград и нешто повеќе: им го одрече правото на Македонците да се борат за Македонија“, оти „македонското прашање било чисто бугарско државно прашање“. Според авторот тој бил „интелектуалниот убиец на Тодор Александров“ за кого изјавувал дека е „една глава наполнета со злоба, маст, грандоманија, бесен

во Дебарско. Дипломирал право на Софискиот универзитет и активно учествувал во активностите на Сојузот на македонски младински организации во Бугарија. Во 1946 г. ја напуштил Бугарија и се населил во Италија. Ги запишал мемоарите на Петар Пандов. Во 1949 г. емигрирал во Канада и се населил во Торонто, каде што се вклучил во активностите на Македонската патриотска организација (МПО). Помагал во објавувањето на мемоарите на Ванчо Михајлов.

[14] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 2, 19.12.1931, 5.

[15] Александар Цанков (1879-1959) професор по право на Софискиот универзитет. Водач на Народниот договор (Народният сговор), еден од организаторите на државниот удар од 9 јуни 1923 г., премиер во 1923-1926 г. Од 1926 г. бил претседател на Народното собрание. Министер за народно образование (1930-1932). Од 1932 г. - основач и водач на Националното социјално движење. Во годините на Втората светска војна, поддржувач на сојузот на Бугарија со Германија. На почетокот на септември 1944 г., емигрирал и бил осуден на смрт во отсуство од страна на Народниот суд. *Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.). Документи*. Т. II, „Архивите говорят“, № 37. (София: Главно управление на архивите при Министерския съвет на Република България, 2005) биографски белешки, 1248.

шовинизам, рутина“. Секако, се обвинувал Цанков дека како премиер на Бугарија го овозможил убивањето на скоро сите истакнати дејци на левицата во македонското ослободително движење. Статијата завршувала со повикот: „Надвор од Универзитетот на народниот џелат!“[16] Во една друга статија се апелирало за балканско заедништво на студенството кое било лево ориентирано и се објаснувало дека „...во моментов, работничкото студенство во Бугарија води голема борба – тоа е во општ штрајк за исклучување од универзитетот на убиецот на 30.000 работници – на 'професорот' Цанков, против ЗЗД.,[17] за целосна и безусловна амнестија, против сите ограничувања на универзитетот и училиштата за децата на работниците... Теророт се зголеми на невидено ниво. Полицијата ги тепа, апси, пука во студентите кои се борат. Повеќе од 150 народни студенти имаат скршени глави, раце, ребра, а речиси сите се претепани од страна на стражарите и агентите на „Народниот блок“... Имајќи го ова предвид, студентите кои работат, организирани во бугарскиот БОНСС, преземаат иницијатива за свикување конференција на студентите кои работат од Балканот. Како задача на оваа конференција, го сметаме следново: таа да биде прв чекор кон колективно разгледување на сите прашања што го засегаат работното студентство од Балканот, за воспоставување трајни врски меѓу народните студенти од балканските земји...“[18] Дури и во статија од јануари 1932 г. која се однесувала на врховистичкото здружение „Вардар“, се споменувале студентските протести на Универзитетот во Софија против Александар Цанков под паролата „надвор од универзитетот народниот убиец“. Имено, таму се велело дека студентите кои протестирале биле наспроти „буржоазијата со својата полиција, војска и весници“, како и наспроти „отворените фашисти и тајните полицајци од бугарските студентски организации, а до нив верните им собраќа од 'Вардар'“[19]

[16] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 2, 19.12.1931, 5.

[17] Закон за заштита на државата (ЗЗД) во Бугарија бил во сила од јануари 1924 до октомври 1944 г. Изгласан бил од XXI редовно народно собрание на 4 јануари 1924 г. и стапил во сила со Уредба бр. 2 од 23 јануари 1924 г. Бил изменет и дополнет четирипати со Законот за измени и дополнувања на ЗЗД. Осумнаесетте членови од законот предвидувале различни средства за спротиставување: забрана на организации, воспоставување систем на политички злосторства, воспоставување строги санкции од 15 години до доживотен затвор во самица и смртна казна. Системот на политички злосторства вклучувал: членство во забранети организации, вооружена борба, дејствија против вооружените сили на државата, исповедање идеологија, меѓународни врски и помагање и поттикнување. Криминализација на злосторства извршени за време на немири или бунтови. Преку членство во забранети организации, била воведена колективна вина, заменувајќи го принципот на индивидуална одговорност. Во април 1924 г., врз основа на овој закон, Врховниот касациски суд ги прогласил Бугарската комунистичка партија, Партијата на трудот, Комунистичкиот младински сојуз, Општиот работнички синдикален сојуз и задругата Ослободување за распуштени, а нивните имоти биле конфискувани во корист на државата. Неделева, Петя. „Антиеврейско законодателство в България“. Во: *Научни трудове на Русенския университет*, 2011. (Русе: Русенски университет „Ангел Кънчев“, 2011), 85-89.

[18] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 2, 19.12.1931, 2.

[19] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 2.

Насловот „Мислите автономистички, делата врховистички (Допис од Станимака)“,[20] недвојбено укажувал на антиврховистичката содржина на текстот кој следел под него. Како повод послужила посетата на овој град од „организаторот“ на Македонскиот младински сојуз,[21] Георги Николов на 28 февруари 1932 г., кој зборувал на „општо македонско собрание, а после тоа и на национално младинско собрание“, каде одговарал и на прашања од присутните. Организирани припадници на македонското прогресивно студентско движење исто така се јавиле и му поставувале прашања на Георги Николов, а едно од прашањата било: „За каква Македонија се борат денешните водачи на мак.[едонското] движење, за независна Македонија или за присоединувањето ѝ кон Бугарија?“ На таквото прашање одговорот бил: „За слоб.[ода] и нез.[ависност] во одделна држава.“, на што од присутните му бил посочен „Меморандумот“ испратен од Извршниот комитет во 1918 г. до Версајската конференција каде се барало присоединување на Македонија кон Бугарија. На тоа Г. Николов одговорил дека тогаш „главите на нашите водачи биле заматени од самата атмосфера и го испратиле тој меморандум затоа што мислеле дека големите сили ќе бидат наклонети да ѝ ја дадат Македонија на Бугарија...“ Ваквите одговори биле причина „Македонски студентски лист“ да го окарактеризира Г. Николов како 'патентиран трубач на македонскиот фашизам' кој шири врховистичка идеологија...“[22]

Во јануари 1932 г. весникот „Македонски студентски лист“ објавил обраќање до делегатите на Конгресот на македонските братства во Бугарија. Во тоа обраќање редакцијата на весникот, како доследен борец против врховизмот, барала од делегатите, „претконгресните убиства“, односно „сто и педесетте убиства во последните три години“ меѓу приврзаниците на протогеровистичката и михајловистичката ВМРО „да ги заковаат на столбот на срамот“. Весникот пледирал дека треба да биде осуден и дотогашниот НК на братствата

[20] Името на градот Асеновград до 1934 г. било Станимака.

[21] На 10 ноември 1931 г., бил објавен „Еден повик на македонската младина“ во весникот „Македонско дело“, а кој бил во врска со штотуку одржаниот Конгрес на „Македонскиот младински сојуз“, тесно поврзан со михајловистичката ВМРО. Заради таквата ситуација, во „Повикот“ се велело дека „Македонската младина во Бугарија треба да се нареди во првите редови на единствениот револуционерен фронт! Врз неа лежи должноста да излезе од состојбата на пасивно учество во нашето ослободително движење и да го вложи во него целиот свој младински жар и ентузијазам, откако пред сè, преку едно чисто објаснувачка дејност, си ги расчисти сметките со фашистичката идеологија на врховизмот и другите агенти на балканските државници... Таа треба да го отфрли туторството на ВМРО (врховистичка) вршено врз сојузот и да ги собори платените агенти што дејствуваат преку секретаријатот што таа го наметнала, да постави вистински, одбрани од својата средина водачи и да застане на чело на прогресивниот тек сред емиграцијата, што има за цел обновување и ширење на единственото масовно македонско националреволуционерно движење. олицетворено во духот, принципите и делото на ВМРО (Обединета).“ *ВМРО (Обединета): документи и материјали*. Кн. II. Избор, превод, редакција и коментар Иван Катарџиев. (Скопје: Институт за национална историја, 1992), кн. II, док. 166, 76-77.

[22] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 4, 11.3.1932, 5.

затоа што „за сè бил солидарен со братоубијците, им служел и сè уште им служи како параван.“ Весникот декларирал: „Сакаме ново идејно и морално издигнато раководство на Националниот комитет кој ќе нема ништо општо со братоубијците. Весникот 'Македонија' да стане орган на македонската емиграција, а не да остане орган на михајловистите“. На крајот биле слоганите: „За единствен фронт на балканските народи“; „За независна Македонија“ и „За федерација на слободните балкански републики“.[23]

Константната кампања против врховизмот и меѓумакедонските убиства, МНСГ „Гоце Делчев“ и весникот „Македонски студентски лист“ ја изразиле и во написот Новите подвизи на 'револуционерите', каде конкретно биле забележани неколку убиства од михајловистичката ВМРО врз своите противници од протогеровистичката ВМРО: На Андон Штерјев, родум од Д'мбени, Костурско;[24] Димитар Марков, на Борис Поцков Паунов[25] од Струмица... Весникот коментирал дека „познатите“ се протогеровистите, а „само убијците“ ѝ се „непознати“ на полицијата. Се информирало дека од „комитските банди на Иван Михајлов“, бил „киднапиран“ Иван Савев од село Белица, дека соселаните од ова село и сопругата на Савев испратиле протестни телеграми до Министерството за војна, Министерството за внатрешни работи и печатот, барајќи итно враќање на исчезнатото лице, но ниту една од овие телеграми не наишла на одек од бугарските властодршци.[26] Весникот ја обвинувал бугарската влада на Александар Малинов[27] за соучесништво на михајловистичката ВМРО во овие

[23] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 1.

[24] Андон Поп Штерјев-Доно Д'мбенски (село Д'мбени, Костурско, Егејски дел на Македонија, 1881 - 3 јануари 1932, Станимака (ден. Асеновград), Бугарија), припадник на МРО и на автономистичката ВМРО, костурски војвода. Бил комита во четата на војводата Лазар Поптрајков, а во време на Илинденското востание бил војвода на четата на МРО во родното село. Во мај 1906 г. бил тешко ранет во една престрелка со потера на турската војска. Откако се опоравил бил во четата на Атанас Кршаков и со неа учествувал во повеќе борби со турската војска и со грчките андртски чети. По Младотурската револуција заминал во Соединетите Американски Држави (САД). Се вратил во 1912 г. и учествувал во Балканските војни како комита во четата на Васил Чакаларов. Во 1913 г. бил заробен од грчките војски и лежел затвор во Беаз-куле во Солун. Во Првата светска војна сулужел во бугарската војска. Од 1920 до 1929 г, бил војвода на чета на врховистичката ВМРО која дејствувала во Костурско и Леринско. По расцепот на ВМРО од 1928 г. бил припадник на протогеровистичкото крило и пунктов началник на Пловдивскиот округ. Бил убиен од Петар Гулев и Васил Ламбанов, терористи на ВМРО на Ванчо Михајлов. Борис Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934). Биографично-библиографски справочник*, София, 2001, 134.

25 „Паднали от братска ръка“ – вестник „Македонска Правда“ бр.1-38, София, 1933 и 1934 година.
https://www.strumski.com/books/makedonska_pravda_padnali_ot_bratska_raka_1933_1934.pdf (посетен на 31.01.2026)

[26] [26] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 4.

[27] Александар Малинов (1867-1938) политичар, водач на Демократската партија од 1902 г. Во периодот 1908-1911 г. бил премиер. Се спротивставил на пристапувањето на Бугарија кон Централните сили и нејзиното вклучување во Првата светска војна. Од јуни до ноември 1918 г., тој раководел со кабинет кој го продолжил курсот на надворешната политика на В. Радославов.

убиства и прашувал: „Бидејќи нејзината неактивност во новите братоубиства не е ништо повеќе од молчаливо учество“, дали бугарската власт, сака да го добие во лицето на македонската „емиграција својот најочигледен противник?“[28]

Спротиставеноста на врховизмот на страниците на „Македонски студентски лист“ се гледа и од запишаното во натписот „Студентски борби – Кон масовна организација“, каде стоело: „Другари, борбата што ја води македонскиот народ е многу нерамноправна борба. Од една страна, тој мора да се справи со деструктивните сили на српската и грчката диктатура, а од друга страна, мора да се спасат од својот најголем непријател – врховизмот. Сместен главно во средината на миграцијата во Бугарија, врховизмот со години го попречува ослободителното движење, губејќи ги великите борби на поробените, водени со толку многу жртви. Можеме смело да кажеме дека врховизмот бил и останува најголемото зло за нашиот народ и неговата борба. Но, ако во минатото врховизмот бил моќен и непобедлив, денес тој е растргнат од внатрешни противречности и е во распаѓање и агонија...“ Впрочем, под овој текст, со големи и болдирани букви, редакцијата на весникот „Македонски студентски лист“ ја исфрлила паролата: „Не е Македонец тој кој убива Македонец“,[29] што секако било една силна манифестација на антиврховизам и доказ за македонското патриотско чувство кое било негувано во МНСГ „Гоце Делчев“ и ВМРО (об.)

Македонска прогресивна емиграција во Варна, во јануари 1932 г., започнала да го печати весникот „Македонско единство“,[30] а весникот „Македонски студентски лист“ тоа го проследил со свој коментар во кој се велело дека „Македонско единство“ од првиот број го „открива лицето на врховизмот и буди ненајавена радост во срцето на секој чесен Македонец...“, и дека преку него сиот „македонски народ“ повикувал „Долу носителите на врховизмот! Надвор од редовите на македонското ослободително движење!“[31] И во едно „писмо од Пловдив“ пристигнато до редакцијата на весникот „Македонски студентски лист“, особено негативно бил критикуван врховизмот: „...Со оглед на тешката ситуација во која се наоѓа денес македонската емиграција, повеќе од кога било досега, потребно е да се води порешителна борба, која борба ќе нѐ доведе до целосно национално ослободување. На сите им е познато дека осум години не можевме да го кренеме гласот во знак на протест против убиствата, против која било манифестација спротивна на нашата ослободителна

Како резултат на победата на Народниот блок на парламентарните избори во јуни 1931 г., тој го предводеше новиот кабинет од 12 октомври 1931 г. Претседател на Народното собрание до 19 мај 1934 г. Коминтернът и България (март 1919 - септември 1944 г.), София, 2005, т. втори, биографски белешки, 1194.

[28] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 1.

[29] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 2.

[30] Поднасловот на „Македонско единство“ му бил „борец за обединување на македонските сили“. Излегле само четири броја, а последниот од нив во април 1932 г. Тоа бил прогресивен весник на македонската емиграција во Варна, спротиставен на врховистичката ВМРО. Б. Мокров, Т. Груевски, *Преглед на Македонскиот...*, 79.

[31] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 4.

борба, што ја спроведуваат овие 'патентирани патриоти' од Националниот комитет – Станишевци, Василевци, Думевци итн. кои се претставуваат како 'претставници' на емиграцијата, а всушност се предавници и убијци на македонскиот и бугарскиот народ. Секоја наша манифестација беше згазена со помош на парабелумот и бомбата, десетици жртви паднаа и паѓаат на улиците во Бугарија и бугарска Македонија..."[32]

Како што може да се забележи, во неговите први три броја од декември 1931 и јануари 1932 г., весникот „Македонски студентски лист" третирал разни теми поврзани со штетната улога во македонското ослободително движење на пробугарскиот врховизам. Тогашните актуелни меѓумакедонски убиства на врховизираните кругови на македонското ослободително движење биле централната тема која се критикувала од овој прогресивен македонски младински весник. Освен тоа, низа текстови биле насочени кон идејна борба со врховизмот и фашизмот на македонските младински организации, како што биле студентското друштво „Вардар" и Македонскиот студентски сојуз, тесно поврзани со михајловистичкта ВМРО и бугарските владејачки кругови. Вклученоста на весникот во акциите на бугарското прогресивно и прокомунистичко студентско движење против поранешниот премиер на Бугарија и професор Александар Цанков и за укинување на исклучително репресивниот Закон за заштита на државата (ЗЗД) во Бугарија, покажувало дека весникот „Македонски студентски лист" ги застапувал интересите на политичката левица на бугрската политичка сцена. Јасните македонистички позиции биле застапени скоро во сите текстови објавувани во весникот, а паролите „За независна Македонија" и „За федерација на слободните балкански републики" во која ќе биде вклучена Македонија редовно биле присутни.

Резиме

Текстот ја разгледува политичката и идеолошката ориентација на Македонската народна студентска група „Гоце Делчев" и нејзиниот весник „Македонски студентски лист", кој започнал да излегува во декември 1931 година. Весникот бил гласило на прогресивните македонски студенти во Бугарија и застапувал македонистички, левичарски, прокомунистички, антифашистички и особено антиврховистички ставови.

Во неговите текстови остро се критикувале михајловистичката и протогеровистичката ВМРО, меѓусебните политички убиства, терористичките методи и влијанието на бугарските владејачки кругови врз македонското ослободително движење. Посебна критика била упатувана кон организациите „Вардар", Македонскиот студентски сојуз и Националниот комитет на македонските братства, кои весникот ги сметал за носители на врховистичка и пробугарска политика.

[32] *Македонски студентски лист*, г. I, бр. 3, 23.1.1932, 6.

Наспроти нив, МНСГ „Гоце Делчев“ ги поддржувала ВМРО (Обединета), Македонското прогресивно движење и идејата за широка и ненасилна политичка борба. Весникот се залагал за независна Македонија како рамноправна единица во идна федерација на балканските народи и го истакнувал империјализмот и врховизмот како главни непријатели на македонското ослободително дело.

Истовремено, „Македонски студентски лист“ се вклучувал и во поширокото левичарско студентско движење во Бугарија, поддржувајќи ги протестите против Александар Цанков, полициската репресија и Законот за заштита на државата. Оттука, весникот претставувал значаен израз на македонското прогресивно студентско движење во почетокот на 1930-тите, со јасно изразена антиврховистичка, антифашистичка и македонистичка политичка програма.

Summary

The text examines the political and ideological orientation of the Macedonian National Student Group “Goce Delchev” and its newspaper, *Macedonian Student Paper*, which began publication in December 1931. The newspaper was the organ of progressive Macedonian students in Bulgaria and advocated Macedonist, left-wing, pro-communist, anti-fascist, and, above all, anti-supremacist positions.

In its articles, the newspaper sharply criticized the Mihaylovist and Protogerovist factions of the IMRO, their mutual political assassinations, terrorist methods, and the influence of Bulgarian ruling circles over the Macedonian liberation movement. Particular criticism was directed at the organizations “Vardar,” the Macedonian Student Union, and the National Committee of the Macedonian Fraternities, which the newspaper regarded as proponents of supremacist and pro-Bulgarian policies.

In contrast, the Macedonian National Student Group “Goce Delchev” supported the United IMRO, the Macedonian Progressive Movement, and the idea of broad and non-violent political struggle. The newspaper advocated an independent Macedonia as an equal unit within a future federation of the Balkan peoples and identified imperialism and supremacism as the principal enemies of the Macedonian liberation cause.

At the same time, *Macedonian Student Paper* participated in the broader left-wing student movement in Bulgaria, supporting protests against Aleksandar Tsankov, police repression, and the Law for the Protection of the State. Thus, the newspaper represented a significant expression of the progressive Macedonian student movement in the early 1930s, with a clearly articulated anti-supremacist, anti-fascist, and Macedonist political program.

Библиографија

- Василев, Васил Атанасов. *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения*. София: Издателство на Българската академия на науките, 1991.
- *ВМРО (Обединета): документи и материјали*. Кн. II. Избор, превод, редакција и коментар Иван Катарџиев. Скопје: Институт за национална историја, 1992.
- Мокров, Боро и Томе Груевски. *Преглед на македонскиот печат (1885–1992)*. Скопје: Студентски збор, 1993
- *Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.). Документи*. Т. II, „Архивите говорят“, № 37. София: Главно управление на архивите при Министерския съвет на Република България, 2005.
- *Македонска енциклопедија*. Т. II. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), 2009
- *Македонски историски речник*. Скопје: Институт за национална историја, 2000
- Неделева, Петя. „Антиеврейско законодателство в България“. Во: *Научни трудове на Русенския университет*, 2011. Русе: Русенски университет „Ангел Кънчев“, 2011, 85–89.
- Николов, Борис Й. *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893–1934). Биографично-библиографски справочник*. София, 2001.
- Тодоровски, Томислав. *Македонија – настани, личности, дела*. Скопје, 1999.
- Цветковска, Надежда. *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година*. Скопје: Институт за национална историја, 1990.

Периодика

- *Македонски студентски лист*. Год. I, бр. 1, 2, 3.
- *Македонска правда*. Бр. 1–38, Софија, 1933–1934. „Паднали от братска ръка“. Достапно на: https://www.strumski.com/books/makedonska_pravda_padnali_ot_bratska_raka_1933_1934.pdf (пристапено на 31.01.2026).

УДК 903/904:615.2.03(497)“652/653“
УДК 903.23:615.2.03(497.781)“652/653“ **ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29**

Душко ТЕМЕЛКОСКИ*

МАШКИ АНТИЧКИ МИТОЛОШКИ ПРЕТСТАВИ ОД ТЕРАКОТА ОД СТИБЕРА

Апстракт: *Со археолошки истражувања на античкиот град Стибера се пронајдени поголем број на теракотни претстави кои можат да датираат од времето на македонските кралеви и почетокот на владеењето на Рим на овие простори. Се издвојуваат митолошките претстави, при што од машки прикази се застапени Херакле, Хермес и Силен. Полубогот Херакле е препознатлив како митолошки предок на македонската кралска лоза и покрај фигурални претстави, пронајдени се и неколку релјефни прикази. Хермес, како мошне почитувано божество е застапен со два примероци. Придружникот на Дионис, Силен е застапен со фигурални и релјефни претстави, како и калапи за нивна изработка. Присуството на наведените претстави потврдува постоење на висок степен на верувања и покажување почит кон нив.*

Клучни зборови: *Стибера, период на македонски кралеви, Херакле, Хермес, Силен, фигурини, релјефи, калапи.*

Стибера е значаен урбан центар на областа Дериоп во западниот дел од котлината Пелагонија, а во непосредна близина на прилепското село Чепигово. Со истражувања во повеќе од седумдесет години, потврден е негов континуиран развој од IV век ст.е., односно од времето на владеењето на македонските кралеви, преку рано-римскиот период, за својот најголем процут да го има во империјалниот римски период во II и III век. Најсочувани евидентирани градби од јавен карактер се токму од тој период, односно од времето на династиите Нерва - Антонини (гимназион, храм на императори, храм на богинката Тихе, зграда на агората и други градби). Градот постепено ја намалува својата моќ и целосно престанува да егзистира кон крајот на IV век.[1]

Со истражувањата е пронаоѓан богат движен археолошки материјал: ќерамички и метални садови, нумизматички наоди, алатки, оружја и најразлични други предмети за секојдневна употреба. Стибера е најпрепознатлива по наодите од римскиот период изработени од мермер - претстави на божества (Асклепиј, Ника, Хермес, Дионис) и видни граѓани. Секако, како најрепрезентативна се издвојува бистата на Фаустина помладата, сопруга на императорот

* Душко Темелкоски, археолог - советник, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, ул. „Александар Македонски“, бр. 142, Прилеп, е-пошта: duletem@yahoo.com.

[1] Кепеска Л., Кепески К., 2011; Темелкоски Д., Јандреска О., Бабамова С., 2023.

Марко Аврелиј. Овие наоди укажуваат на развиен и богат град во империјалниот период, со мошне висок степен на општествена и духовна свест.

Но, според антички записи е познато дека Стибера уште пред доаѓањето на Римјаните на овие простори, веќе бил развиен урбан центар на областа Дериоп. Во текот на македонско - римските војни во него накратко престојувале и римските легии и последниот античко македонски крал Персеј. Со теренските истражувања е потврдено речиси целосно девастирање на градбите од периодот на македонските кралеви со изградбата на подоцнежните градби во римскиот период на ридот Бедем и неговото западно подножје каде се вршени истражувањата. Единствено на некои пунктови се евидентирани остатоци од темелни партии на градби од предримско време, за кои не може ништо поконкретно да се каже. Но, низ земјените слоеви се пронајдени голем број на движни наоди кои припаѓале на македонскиот период[2]. Меѓу тие предмети се издвојуваат теракотни прикази од античката митологија. Во овој труд ќе се задржиме на наоди кои прикажуваат три машки претстави.

Херакле е полубожество, син на богот Зевс и Алкмена, сопруга на Тебанскиот владетел Амфитрион.[3] Бил мошне почитуван како најголем јунак низ целиот медитерански басен. Бил патрон на младите ученици - атлети, ја поддржувал културата, бил заштитник на лековитите води, често прикажуван во друштво со боговите лекари.[4] Во многуте митови опеани се неговите десет подвизи, меѓу кои и совладувањето на Немејскиот лав. Негови два најпрепознатливи атрибути се лавовската кожа, која како наметка ја носи на бројните претстави и суровицата, како главно оружје. Уште како бебе тој спие на лавовска кожа заради верувањето на неговата мајка дека така ќе стане уште поцврст, додека при неговото упокојување, легнувајќи на клада, тој всушност легнал на кожата на Немејскиот лав којашто ја чувал како трофеј од големиот подвиг.[5] Притоа својата глава ја положил на неговата суровица, омиленото оружје.[6]

Херакле е тесно поврзан со владетелите на античка Македонија. Кралевите од првата македонска династија Аргеади, го потенцирале директното потекло од ова божество.[7] Како свој митски родоначалник го спомнувале и Филип II и Александар III. Беседникот Исократ го поттикнувал таткото Филип да се стреми кон големи дела ако сака да биде рамен со Херакле, додека пак Аријан, запишал дека и синот Александар копнеел да ја има славата на митскиот предок. Од страна на македонските владетели Херакле бил почитуван не само како митски јунак - херој. Тој бил почитуван како бог на војувањето, така што биле принесувани жртви за него и подигани посвети во негова чест после вое-

[2] Темелкоски Д., 2020, 97-119.
[3] Cermanovic Kuzmanovic A., Srejovic D., 1992, 213.
[4] Исто, 222.
[5] Исто, 213, 220.
[6] Исто, 214.
[7] Проева Н., 1997, 93-97.

ните победи. Херакле се појавува на аверсните претстави на македонските монети, во почетокот претставен со брада, додека подоцна е прикажуван помлад и голобрад, наметнат со лавовска кожа преку главата. И симболите кои се негови атрибути (суровицата и лавот) се чести реверсни претстави на нумизматичките наоди.[8] Мошне индикативна е идентификацијата на Александар III со аверсниот лик на Херакле, особено со прекрстените лавји шепи во т.н. Хераклов јазол на градите.[9]

Во Стибера се пронајдени една теракотна фигурина, две бисти, односно глави, два релјефни прикази и еден калап за изработка на биста – глава поврзана со Херакле. Фигурината која е претстава на гол Херакле којшто стои, е случаен наод (пронајдена е на вливот на реката Блато во Црна Река кај селото Тројкрсти). Херакле е полусвртен надесно, со поднаведната глава и гледа надесно. Во косата има венец од цветови и розети, преку левата рака, свиткана во лактот, префрлена е лавовска кожа, додека со десната рака која е потпрена на четвртаст столб, држи суровица. На некои места, врз кафеавата боја која била добиена со печењето на глината, се забележуваат траги од премаз со црвена боја (Сл. 1).

Двете бисти, односно глави на брадат Херакле, со венец од дабови лисје на главата, се пронајдени во различен археолошки контекст. Додека едната е пронајдена во измешани земјени слоеви во секторот Гимназион (Сл. 2), другата е еден од поретките наоди од предримско време кој е евидентиран во рамки на затворен хоризонт, односно градба од македонскиот период (Сл. 3). Покрај оваа глава, во истиот истражуван сегмент се откриени уште неколку наоди на фрагментирана садова ќерамика кои ја потврдуваат хронолошката припадност.

Што се однесува до двата теракотни релјефи со приказ на Херакле, тоа се површински наоди, едниот евидентиран со рекогносцирање, додека другиот, случаен наод при земјоделски работи од страна на мештанин на селото Чепигово. Првиот релјеф е со кружна форма и го претставува Херакле Epitrapezios (Сл. 4). Во десната рака држи суровица, додека со левата се потпира на маса. На долната страна релјефот има концентрични, пластично изведени кругови. Другиот релјеф има долгманеста (неправилна правоаголна) форма со врамена претстава на Херакле во борба со Немејскиот лав (Сл. 5).

Во компактен хоризонт од македонскиот период, а под подното ниво на подоцнежната зграда на римската агора, покрај неколку наоди од тој период (меѓу кои се издвојува теракотната биста на богињата Тихе),[10] пронајден е и еден ќерамички калап со правоаголна форма, за изведба на релјефна претстава на Херакле во борба со Немејскиот лав (Сл. 6).

[8] Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994, 195-202**;** Македонија - парите и историјата, 2002, 16-24; Парите и паричните системи..., 2012, 33, 37; Темелкоски Д., Крстески В., 2019, 1-15; Павловска Е., 2023.

[9] Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994, 198.

[10] Темелкоски Д., 2020, 105.

Хермес е мошне почитувано божество на поширокиот Медитерански простор. Според некои истражувачи, тоа е предхеленско божество, особено почитувано во источните делови на Балканскиот Полуостров, односно кај Тракијците, и тоа како небесно божество, заштитник на куќите.[11] Во Хеленската митологија, син на Зевс и Маја, ќерка на Атлант, гласник помеѓу боговите, но и водач на мртвите души кон задгробниот свет.[12] Тој е заштитник на трговците, патниците, селаните, младите ученици, дури и на крадците. На денот кога се славел Хермес, на островот Самос било дозволено крадење. Претставуван е со патничка капа (петасос) и обувки (педила) со крилца, ќеса (кадукеј) со пари и гласнички стап (керикеион) кој имал апотропејска моќ. Почитувањето на култот кон ова божество, односно во неговиот пандан Меркур, во уште поразвиен облик на обожавање, продолжува и во империјалниот римски период. Во прилепскиот регион тоа е потврдено со поголемиот број на пронајдени бронзени фигурини на богот.[13]

Во Стибера се пронајдени два теракотни наоди кои го претставуваат Хермес. Допојасна фигурина со хламида и капа од типот петасос е пронајдена во измешаните земјени слоеви во секторот Гимназион (Сл. 7), додека како случаен наод од страна на мештанин на селото е главата на божеството со вообичаената капа, навалена кон десно (Сл. 8).

Силен е третата машка претстава од античката митологија која е евидентирана преку теракотни претстави во Стибера. Силените се демони кои имале див и груб карактер, воделе неуреден живот, другарувале со нимфите и биле следбеници на богот Дионис.[14] Во претставите имаат козји уши, опашка и нозе, влакнесто тело, прчаст нос, големи тркалезни очи и голема уста. Биле претставувани со густа брада и коса, или како подостарени карикатурални претстави со проќелава глава и венец од бршлен. Од друга страна, силените имале апотропејска моќ, па затоа нивните ликови биле ставани на грбовите, штитовите и шлемовите за да го одбиваат злото. Еден од силените се издвојувал по својата необично голема племенитост, добрина и мудрост и се прикажувал како воспитувач на малиот бог Дионис.[15] Мошне впечатливи се аверсните прикази на маска на Силен на автономните македонски монети и на преторот Јуниј Силан од средината на II век ст.е.[16] Од трите нумизматички наоди од овој тип евидентирани во прилепскиот регион, една монета е пронајдена со истражувања токму во Стибера. Мошне е веројатно и теракотните претстави на Силен од Стибера да датираат од ова време на неговата зголемена популарност.

[11] Проева Н. 2014, 126.
[12] Cermanovic Kuzmanovic A., Srejovic D., 1992, 225-227.
[13] Темелкоски Д., 2011, 329-339.
[14] Cermanovic Kuzmanovic A., Srejovic D., 1992, 493.
[15] Исто, 493.
[16] Македонија - парите и историјата, 2002, 41, 215 и 216;

За жал, сите теракотни наоди на Силен од Стибера се пронајдени во измешани земјени слоеви. Освен еден калап пронајден во секторот Храм на Тихе, останатите наоди се откриени во секторот Гимназион. На еден релјеф - апликација е претставен добриот Силен, со блага насмевка како го гледа бебето Дионис кое го држи во прегратка (Сл. 9). Евидентиран е и долен фрагментиран дел од лицето на божеството со долга брада, изведена во спирално извиткани прамни (Сл. 10). Специфичен наод претставува претставата на глава на Силен, која преминува во реципиент кој веројатно служел за сипење на течности при изведување на одредени ритуални активности (Сл. 11). Мошне впечатливите козји уши излегуваат од под густо моделираната коса во крупни прамени. Во Стибера се пронајдени и три калапи за изведба на лицето на Силен (Сл. 12, 13 и 14). Карактеристични се испакнатото високо чело и нагласените јаболчници и густи мустаќи и брада кои се спуштаат во брановидни прамени. На еден од калапите, странично на челото, има рогови.

Теракотите на трите митолошки претстави од античко време, Херакле, Хермес и Силен, пронајдени во Стибера, се уште еден вреден сегмент кој ја надополнува сликата за развиеноста на културите во градот, особено во времето на политичка транзиција од периодот на владеењето на македонските кралеви кон времето на римската административна власт. Застапеноста на претставите на Херакле секако упатува на континуитет на силното обожавање на овој митолошки предок, родоначалник на македонскиот етникум, додека Хермес со неговите бројни патронства во голема мера бил присутен во секојдневието на луѓето од тоа време. Силен како еден од придружниците на Дионис во неговите баханалии, најверојатно имал зголемена популарност во еден период, некаде во средината на II век ст.е. Особено забележително е почитувањето на добриот Силен кој го воспитувал богот додека сè уште бил во колевка.

Резиме

Со истражувањата во урбаниот антички центар на областа Дериоп, Стибера, пронајдени се поголем број на репрезентативни теракотни претстави од предримскиот и раниот римски период. Херакле, Хермес и Силен се издвојуваат како покарактеристични прикази од античкиот пантеон на машки божества. Полубогот Херакле кој е митолошки предок на Македонците е застапен со статуетки, но и со неколку релјефни прикази. Мошне почитуваното божество Хермес е застапено со два фигурални примероци, додека од придружникот на Дионис, сатирот Силен, евидентирани се фигурални и релјефни претстави, како и калапи за нивна изработка. Наведените наоди се потврда за развиен степен на верувања и почит кон божествата од страна на жителите на Стибера во одреден период од постоењето на градот.

Summary

Archaeological research conducted in the urban ancient center of the region of Derriop, Stibera, has revealed a considerable number of representative terracotta

figurines dating from the pre-Roman and Early Roman periods. Heracles, Hermes, and Silenus stand out as particularly characteristic representations from the ancient pantheon of male deities. The demigod Heracles, who is regarded in mythology as an ancestor of the Macedonians, is represented by figurines as well as several relief depictions. The highly revered deity Hermes is represented by two figural examples, while Silenus, the companion of Dionysus, is attested through both figural and relief representations, as well as molds used for their production. These finds provide evidence of a developed level of religious beliefs and reverence for the deities among the inhabitants of Stibera during a particular period in the city's existence.

Литература

1. Кепеска Л., Кепески К., 2011, Стибера, УЗКН, Скопје
2. Павловска Е., 2023, Монетите на Аргеадите од Нумизматичката збирка на НБРСМ, Скопје
3. Проева Н., 1997, Студии за античките Македонци, Historia Antiqua Macedonica, Книга 5, Скопје
4. Проева Н., 2014, Религијата на античките Македонци, Historia Antiqua Macedonica, Книга 11, Скопје
5. Темелкоски Д., 2011, Бронзени статуетки на богот Меркур во Завод и Музеј - Прилеп, Macedonia acta archaeologica 20, Скопје
6. Темелкоски Д., 2020, Предримска Стибера, Патримониум 18, Каламус
7. Темелкоски Д., Крстески В., 2019, Монети на античко - македонските владетели во Нумизматичката збирка на НУ Завод и Музеј - Прилеп, Зборник на трудови 22, НУ Завод и Музеј – Битола
8. Темелкоски Д., Јандреска О., Бабамова С., 2023, Стибера - 70 години на археолошки истражувања, Скопје
9. Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994, Кралевите на Македонија и нивните монети во Република Македонија, Македонска цивилизација, Скопје
10. Македонија - парите и историјата, 2002, каталог на НБРМ, Скопје
11. Парите и паричните системи во Македонија, 2012, каталог на НБРМ, Скопје
12. Cermanovic Kuzmanovic A., Srejovic D., 1992, Leksikon religija i mitova drevne Evrope, Savremena administracija, |Beograd

УДК 903/904:615.2.03(497)“652/653“
УДК 903.23:615.2.03(497.781)“652/653“ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29

Миле ИЛОСКИ*

НОВИ АРХЕОЛОШКИ СОЗНАНИЈА ОД ОХРИДСКИОТ РЕГИОН: ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТВРДИНАТА АЈДИНИЦА ПРЕКУ LIDAR ТЕХНОЛОГИЈА

Апстракт: *Во трудот се презентираат резултатите од идентификацијата на нов археолошки локалитет во Охридскиот Регион – тврдината Ајдиница. Локалитетот е детектиран преку анализа на LiDAR податоци, а потврден со теренски рекогносцирања реализирани во периодот 2025 – 2026 година. Регистрирани се масивни фортификациски структури градени во техника на сувозид од делумно обработени камени блокови. Просторната поставеност, доминантната геоморфолошка позиција и визуелната комуникација со околните антички центри упатуваат на изразена стратешка функција.*

Современите интердисциплинарни методи, особено технологијата LIDAR (Light Detection and Ranging) овозможува создавање прецизни дигитални модели на релјефот (DTM), овозможуваат детекција на дигитални површински аномалии преку прецизна анализа на податоците од објектите на Земјината површина со можност за елиминирање на вегетацијата и детектирање на суптилни теренски аномалии.[1] Примената на јавно достапните LiDAR скенирања преку порталот на Агенцијата за катастар на недвижности[2] значително го олеснува истражувањето на не-пристапните предели нудејќи клучни првични информации за археолошката наука.[3]

***Клучни зборови*:** *LiDAR, фортификација, антика, Охридски Регион, рекогносцирање, Ајдиница, Васил Лахтов*

* Дипломиран археолог, Миле Илоски, надворешен соработник при НУ Завод за заштита на спомениците од културата и музеј – Охрид, ул Боро Шаин бр. 10, Охрид, mile.iloski@hotmail.com

[1] Dimeski, Sasho & Malijanska Andreevska, Natasha. (2021). LiDAR Scanning of the territory of the Republic of North Macedonia. *Scientific Jurnal of Civil Engineering*. 10. 5-10. 10.55302/SJCE21101005d.

[2] https://aknlidarappprod.katastar.gov.mk/LiDARweb/?&locale=en

[3] Vinci, Giacomo & Vanzani, Federica & Fontana, Alessandro & Campana, Stefano. (2024). LiDAR Applications in Archaeology: A Systematic Review. *Archaeological Prospection*. 1-21. 10.1002/arp.1931.

1. Вовед

Преку кабинетски истражувања во периодот од 2024 и 2025 година и анализа на јавно достапните LIDAR податоци од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, беа воочени линеарни структури што упатуваа на постоење на фортификациски објект во северниот дел од Охридскиот Регион (Фото 1). Во периодот меѓу 2025 и 2026 година, реализирани се неколку теренски рекогносцирања за потврда на наодите.




Фото 1: Податоци од LIDAR

Локалитетот е сместен на доминантен рид, приближно 950 метри воздушна линија северно од познатиот локалитет Енгелана (Киклопски ѕидини). Теренската проверка, извршена во соработка со д-р Перо Арџанлиев од Археолошкиот музеј на РС Македонија, целосно ги потврди аномалиите детектирани преку LIDAR технологијата. Идентификуван е досега неистражен археолошки локалитет со камени конструкции кои индицираат постоење на бедемски ѕидови.

2. Историјат

Првичните истражувања на овој дел се направени во далечната 1931 и 1932 од страна на Вилхелм Унферцакт (Wilhelm Unverzagt) од Берлин во соработка со Мидраг Грбиќ (Miodrag Grbić) од Народниот музеј во Белград, заедно со Реишвиц (Reiswitz) и Келер (Keller)[4] [5] каде што

[4] V. Unverzagt, Die Burganlage uber dem Kloster Sv. Erasmo am Ochridasee, Germania XXXII, 1954, 19-21, Taffel 9, 10, Beilage 1

[5] P.Lisičar, O Lihnidskoj akropoli, *Ziva antika*, IX god, 1-2 tom, Skopje 1959, 231-233

се направени првите ископувања на Киклопските ѕидини (Енгелана). Низ годините овој локалитет физички не се истражувал сè до последните археолошки истражувања кои се под раководство на Паско Кузман и се одвиваа периодично од 2008 година до 2011 година[6].

Киклопските ѕидини (Енгелана, Габавски Рид, Градиште, Кулишта или Тврдината над Св. Еразмо) – овие називи се одомаќинети и кај населението и во археолошката литература.[7]

Во текот на кабинетското истражување, наидов на пишани информации за Киклопските ѕидини од страна на Васил Лахтов кој вршел рекогносцирања на овој предел во 1952 година. Интересен е фактот дека тој ги воочил и остатоците од Ајдиница (тој ја забележува како Гумниште) за кој локалитет пишуваме во овој текст. Слободно можеме да кажеме дека сепак првиот човек кој дошол до овие сознанија е самиот Васил Лахтов (Фото 2). Знаеме дека ридот порано не бил пошумен, бил гол и било лесно да се гледа состојбата на терен. Во 50-тите години на минатиот век, со големите акции за пошумување е пошумен и овој дел, па денес самиот терен е тешко достапен (Фото 3).

[6] Паско Кузман, Е Н Г Е Л А Н А (Кулишта, Киклопски ѕидини, Тврдината над Св. Еразмо, Габавски Рид) (Презентирано на XXVII симпозиум на МАД (In honorem Бошко Бабиќ), 20 - 22 ноември 2024, хотел Молика на Пелистер, Битола. (Во печат)

[7] Vlado Malenko-Pasko Kuzman, Hermeleja, Lihnid, *Zbornik na trudovi*, br. 6, Ohrid 1988, 96-99





Фото 2: Цртеж од Васил Лахтов


Germania 32/1954 Tafel 9

1

2

3

Burg über dem Kloster Sv. Erasmo am Ochridasee.
1 Ansicht von Osten. 2 Ansicht von Norden. 3 Außenseite der Schildmauer *(Beilage 1, B–C* bei *10)*.

Фото 3: Киклопски ѕидови – Енгелана, Унферцакт 1931-32

3. Географска положба и теренски истражувања

Локалитетот се наоѓа приближно 950 метри северно од локалитетот Енгелана (878 м.н.в.), на доминантен рид во рамките на Габавскиот Масив (Ширина 41°9'9.32", Должина 20°46'5.04") и зафаќа реон од КО Долно Лакочерej и мал дел од КО Оровник. Надморската височина од 968 м.н.в. (според Arec LiDAR) и природната конфигурација на теренот обезбедуваат природна одбранбена предност (Фото 4).



Фото 4: Поглед од Енгелана кон Ајдиница

Во текот на 2025 и 2026 година беа реализирани повеќе теренски рекогносцирања. При првото рекогносцирање со д-р Перо Арџанлиев од Археолошкиот музеј на РС Македонија – Скопје беа потврдени податоците добиени преку дигиталната анализа при што се регистрирани обрушени бедеми sидани во техника на сувosид. (фото 5,6,7). Врз основа на LiDAR мерењата, вкупната површина на локалитетот изнесува приближно 14.000 m² кои секако ќе бидат редефинирани во иднина со археолошки истражувања. (фото 8).



Фото 5: Поглед на Ајдиниа од дрон (фото од П.Арџанлиев)



Фото 6: Поглед на Ајдиница од дрон (фото од П. Арџанлиев)



Фото 7: Д-р Перо Арианлиев покрај јужниот бедем од Ајдиница




Фото 5: Мерење според LIDAR

Тврдината е изѕидана на зарамнето плато од рид, повисоко од тврдината Енгелана, но е затскриена и не така воочлива отстрана. На површината со рекогносцирањето не наидовме на движен материјал, но според опусот на градба на ѕидините, првичните сознанија е дека се работи за населба од раната антика која со идните истражувања ќе биде јасно дефинирана.

Најдобро зачуваните сегменти од фортификацијата се наоѓаат на северната страна (фото 9) во шумски појас додека југоисточниот дел е поекспониран и подложен на атмосферска ерозија (фото 10). Според податоците со кои располагаме, во овој дел низ годините имало и доста фронтови, па можно е дел да е и уништен за воените потреби. Централниот дел е карпест и природно зајакнат што дополнително ја потенцира одбранбената функција на локалитетот.



Фото 6: Фортификација на северна страна



Фото 7: Ј/И дел од Ајдиница

При второто рекогносцирање со м-р Драган Танески и м-р Атанас Кипро од Завод и Музеј – Охрид (Фото 11), долж гребенот што ја површува Ајдиница со Енгелана, евидентирани се остатоци од дополнителен одбранбен ѕид, исто граден од крупен кршен камен сувоѕид (Фото 12, 13) со на места поголема концентрација на обработен камен што укажува на постоење кули или придружни објекти (фото 14, 15). Оваа ситуација се гледа и на LiDAR, а, исто така, таква ситуација се гледа и на западната страна која, за жал, поради технички пречки не успеавме да ја рекогносцираме (фото 16). Ова отвора нови научни прашања: дали станува збор за единствен одбранбен систем, дали локалитетите егзистирале симултано или едниот претходел на другиот и каква била поделбата меѓу воениот гарнизон и цивилното население? Сепак, можеме да констатираме дека се работи за поголем комплекс на тврдини и градби.



Фото 8: М-р Атанас Кипро, Миле Илоски, м-р Драган Танески



Фото 9: Дел од одбранбен ѕид што ги поврзува Енгелана со Ајдиница



Фото 11: Дел од одбранбен ѕид што ги поврзува Енгелана со Ајдиница



Фото 10: Дел со поглема концетрација на камен помеѓу Енгелана со Ајдиница



Фото 12: Дел со поглема концетрација на камен помеѓу Енгелана со Ајдиница




Фото 16: LiDAR мапа

На источната страна јасно се гледа Охридското Поле – Десаретија и градот Охрид (Лихнидос), конекцијата на самиот локалитет во однос со околните локалитети е следна: на североисток се наоѓа Лакочерејско Градиште[8] на воздушно растојание од 1,3 км; на исток во падините на Галичица во близина на с. Велгошти локалитетот Олмец воздушна линија од 6,8 км; на југоисток во Охрид, Самоиловата тврдина воздушна линија од 4,5 км и во самото источно подножје се наоѓа локалитетот Хермелеја воздушна линија од 1,7 км јужно се наоѓа фортификацијата од Енгелана со воздушна линија од 950 метри која е со пониска надморска висина од новооткриената тврдина. На југозапад јасно се гледа Струга (Енхелон) и поголемиот дел од Струшкото Поле. Исто така, видлива е и конекцијата со локалитетот Вајтос (с. Октиси) воздушна линија на 17 км (Фото 17). На север не се забележува визуелна конекција со Требенишкото Кале поради препрека од друг поизвишен гребен иако се на околу 5,5 км воздушно растојание.



Фото 13: Раздалеченост по воздушна линија со локалитети

[8] АРЏАНЛИЕВ Перо, ВЕРЧИК Марек, АТАНАСОВСКА ВРХЕЛ Невенка, ШМОЛКОВА Маркета – Реконструкција н моделот на населување во Охридско-струшката Котлина во доцното бронзено и железно време – преку истражувањата на лок. Градиште Долно Лакочерej.



Фото 14: Поглед од Вајтос кон Ајдиница, фото од Petra Tušlová [9]

На источниот дел од надворешната страна од бедемите веднаш под Ајдиница, се забележуваат неколку зарамнати платоа, тераси (Фото 19). Самите тераси се доста рамни и чисти (Фото 20). На места наидуваме на камени блокови, но не сме сигурни дали се во својство на потпорни ѕидови, дали се паднати од обрушениот бедем од Ајдиница или се маркери од некропола (Фото 21). Во иднина со напредни истражувања, скенирања и археолошки ископувања ќе се утврди дали овие тераси биле во својство на земјоделски површини, дел од населба или се работи за некропола.

[9] Weissova, Barbora & Tušlová, Petra & Ardjanliev, Pero & Vercik, Marek. (2019). The Frontier Studies. Survey of the Northern Part of the Lake Ohrid Basin, Preliminary Report on the Season 2017. *Studia Hercynia*. 22.




Фото 15: Тераси



Фото 16: Поглед на Ајдиница од источните тераси



Фото 17: Поглед на една терасите со присуство на камен.

Со сите овие првични информации може да се констатира дека самиот локалитет е значајно утврдување со стратешка геоположба која има визуелна и стратешка контрола на многу широк реон. Конфигурацијата на теренот и позицијата на самата тврдина укажуваат на стратешка функција – контрола на комуникациски правци и надзор над поширокатa околина.

Се надеваме дека во иднина со археолошки истражувања, самиот локалитет ќе нè награди со значајни информации, за нејзината улога и нејзиното време.

Досега немаме никакви пишани информации за ова утврдување што значи дека е нов локалитет, досега непознат за јавноста.

Според податоци од стара воена карта[10] (Фото 22), тој предел иако се наоѓа на Габавскиот Рид/Габавци, забележано е и со друго име, односно повисокиот рид се среќава под името Ајдиница кое според податоци добиени од интернет пребарувањата значи невидлив[11] (Фото 23), па според овие истражувања го забележуваме под името Ајдиница (невидливиот град).



Фото 18: Воена карта

[10] https://www.topografskakarta.com/jugo/download/drag_100/ohrid/h10.html

[11] https://wikimapia.org/27427854/mk/%D0%90%D1%98%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0




Фото 19: Податок за топонимот Ајдиница

Со ова откритие се отвора нова можност за продлабочување на сознанијата за античката историја. Тврдината претставува значаен археолошки потенцијал кој ќе придонесе кон научната јавност, но и кон идна презентација и валоризација на културното наследство.

Голема благодарност до колегите археолози: д-р Перо Арџанлиев од Археолошки музеј на РС Македонија, како и м-р Драган Танески и м-р Атанас Кипро од Завод и Музеј – Охрид за неизмерната помош во теренските рекогносцирања.

Резиме

Во трудот се презентирани резултатите од идентификацијата на нов археолошки локалитет во охридскиот регион- тврдината Ајдиница. Локалитетот е детектиран преку анализа на LiDAR податоци и потврден со теренско истражување спроведено во период од 2025-2026 год. Регистрирани се масивни фортификациски структури изѕидани во сувоѕид од делумно обработени камени блокови. Просторниот распоред, доминантната геоморфолошка положба и визуелната комуникација со околните антички центри укажуваат на изразена стратешка функција. Локалитетот се наоѓа на доминантен рид, приближно 950 м. северно од познатиот локалитет Енгелана (Киклопски Ѕидини). Теренскиот увид на самиот локалитет целосно ги потврди аномалиите детектирани преку LiDAR технологијата. Идентификуван е неистражен археолошки локалитет со камени структури што укажуваат на постоење на бедеми.

Summary

The paper presents the results of the identification of a new archaeological site in the Ohrid Region – the Ajdinica fortress. The site was detected through the analysis of LiDAR data, and confirmed by field reconnaissance carried out in the period 2025 – 2026. Massive fortification structures built in the dry stone masonry technique from partially processed stone blocks were registered. The spatial arrangement, dominant geomorphological position and visual communication with the surrounding ancient centers indicate a pronounced strategic function. The site is located on a dominant hill, approximately 950 meters north of the known site of Engelana (Cyclops Walls). The field inspection fully confirmed the anomalies detected through LIDAR technology. A previously unexplored archaeological site with stone structures indicating the existence of rampart walls was identified.

Библиографија

Ardjanliev P., NevenkaAtanasovskaVrhel, MarkétaŠmolková, Tobias Krapf, Marek Verčík. Investigations on the prehistoric and ancient hill-top sites in the Ohrid region (2021-2023)

Ardjanliev P., et al.2018: Ardjanliev P., Chukalev K., Cvjetićanin T., Damyanov M., Krstić V., Papazovska A., and Popov H., 100 years of Trebeniste, Sofia 2018.

Ardjanliev P., Vercik M., 2018, Reconstruction of the Habitation in the Ohrid Region during the Iron Age and the Archaic Period, 100 years of Trebeniste, Sofia 2018.

Археолошка карта на Република Македонија. Т. 2. Македонска академија на науките и уметностите, Skopje, 1996.

Битракова-Грозданова В., 2012, Околу полеогенезата на населбите во Дасаретија, In: FAB Vol. II. Stephanos Archaeologicos In Honorem Professoris Ivani Mikulčić, Скопје, 99-124

Битракова Грозданова В., 2017, Лихнид и Десаретија, Скопје.

Битракова Грозданова В., 1987: Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија. Скопје 1987.

Bitrakova Grozdanova V., 2003, Ranoanticka naselja ohridsko-prespanske regije, Histra Antiqua 11, Pula 2003, 23-31.

Vlado Malenko-Pasko Kuzman, Hermeleja, Lihnid, Zbornik na trudovi, br. 6, Ohrid 1988.

Verčík M.- Kerschbaum S.- Tušlová P.- Jančovič M.- Donev D.- Ardjanliev P., 2019, Settlement Organisation in the Ohrid Region, Studia Hercynia

V. Unverzagt, Die Burganlage uber dem Kloster Sv. Erasmo am Ochridasee, Germania XXXII, 1954.

Vinci, Giacomo & Vanzani, Federica & Fontana, Alessandro & Campana, Stefano. (2024). LiDAR Applications in Archaeology: A Systematic Review. Archaeological Prospection.

Dimeski, Sasho & Malijanska Andreevska, Natasha. (2021). LiDAR Scanning of the territory of the Republic of North Macedonia. Scientific Jurnal of Civil Engineering. 10. 5-10. 10.55302/SJCE21101005d.

Dimitrova, Elizabeta & Kuzman, Pasko. OHRID SUB SPECIE AETERNITATIS. Охрид 2010.

Кузман Паско - Енгелана (Кулишта, Киклопски ѕидини, нас. Св. Еразмо, Габавски Рид), XXVII Симпозиум на Македонското археолошко друштво - in honorem Бошко Бабиќ, (Презентирано на XXVII симпозиум на МАД (In honorem Бошко Бабиќ), 20-22 ноември 2024, хотел Молика на Пелистер, Битола) Во печат.

КузманП.- Кузман Почуча Н. П., 2014, Златото на Лихнитида, Охрид

Кузман П., 2009, Охридска крепост, Охрид-светско наследство, Македонско културно наследство, Скопје

Кузман П., Art republika, god II, br. 8-9. (https://arhiva.zaum.mk/wp-content/uploads/2018/09/2007_01_00_Art_republika_br_8_9.pdf) 04.06.2026.

Полибиј 5.

Lilčić Adams V., 2020, Archaeological Topography of the old towns and fortresses around Lake Ohrid, In: On the cross-path of cultural ideas: Macedonia, the Balkans, Southeast Europe - Heritage, Management, Resources, Skopje.

P.Lisičar, O Lihnidskoj akropoli, Ziva antika, IX god, 1-2 tom, Skopje 1959.
Weissova, Barbora & Tušlová, Petra & Ardjanliev, Pero & Vercik, Marek. (2019). The Frontier Studies. Survey of the Northern Part of the Lake Ohrid Basin, Preliminary Report on the Season 2017. Studia Hercynia. 22.

УДК 903/904:615.2.03(497)“652/653“
УДК 903.23:615.2.03(497.781)“652/653“ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29

Фанче КАНЕВЧЕВА ИЛОСКА*

ВЕНЕЦИЈАНСКИОТ ОЛОВЕН КАПАК ОД ТЕРИЈАК ALLA TESTA D`ORO ОД ОХРИДСКО

Апстракт: *Оваа студија претставува истражување за еден примерок од рет-ките оловни капачиња теријак од збирката на Завод и Музеј – Охрид, со потекло од венецијанската фармација. За неговото пронаоѓање освен по-датокот дека е пронајден во местото Лакочерej, Охридско, во 1970 год., други податоци за контекстот на неговото пронаоѓање нема.*

Капсулата од теријакот потекнува од венецијанската фармација од XVII век TESTA D`ORO (кои изработувале по сопствен рецепт). Намената на оловното капаче од теријак е да се покрие мало шише или капсула, најверојатно изработени од фина глина. Теријакот всушност претставува лек за „сите“ болести или итен лек.

Клучни зборови: *теријак, олово, Охридско, венецијанска фармација, testa d`oro, митрадатиум, галена, венецијанска меласа, традиционална медицина.*

Историјат и намена

Теријакот претставува мултифункционален лек во медицинската историја кој опстоил на пазарот од I до XIX век. Долгата опстојувачка историја во трговијата резултирала најверојатно на нејзината ефективност, името на брендот или идејата за нејзина традиционална веродостојност.

Најстарите податоци за појавата на теријак потекнуваат од II век пр. н. е. во времето на Митридат VI Евпатор крал од Понтус[1] во Мала Азија, а се користеле до XVIII век.

* Кустос археолог за нумизматика, Фанче Каневчева Илоска, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Охрид. ул. Боро Шаин бр. 10, Охрид. fanikis@gmail.com

[1] Владетел со грчко и персиско потекло, забележан како голем непријател на Римската Република. Го наследил престолот на 13-годишна возраст (120 год. пр. н. е.), по убиството на неговиот татко Митридат V, но завладеал откако ги затворил својот брат и мајка си, во 116 – 113 год. пр. н. е. Младиот крал стекнал значително знаење за лековитите растенија во неговата област како резултат од стравот од труење – откако неговиот татко бил убиен на таков начин. Митридат барал противотров за сите токсини. По негово барање сите познати супстанци биле измешани во еден противотров од неговиот лекар Кратеус со што се создал митридатиумот со 40 состојки како универзална заштита.

Во антиката се изработувале различни видови на теријак, но најголемата промена е во времето на царот Нерон во I век. Неговиот личен лекар Андромах прави промена во традиционалниот митридатиум каде што го зголемил нивото на супстанции – го збогатил со парчиња месо од змија и ја помножил содржината на опиум за петпати. Новиот теријак добил ново име „галена“, во превод „спокојство“ или теријак на Андромах кој содржел 64 состојки. Според Плиниј помладиот (23 – 79 год.) и Гален од Пергамон (131 – 201 год.), една од најраните формулации на теријак против каснување од отровници била врежана во камен во храмот на Асклепиј на островот Кос. Исто така, друга референца за теријак била откриена во Teriaca et Alexipharmaca, од II век пр. н. е. од грчкиот поет и лекар Никандер од Колофон кој опишал различни отрови од каснувања и нивните противотрови[2].

Името „теријак“ потекнува од грчкиот збор θηριακή (*thēriakē*) „што се однесува на животни“ и θηρίον (*thērion*) „диво животно, sвер“. Во зависност од состојките[3], носел различни имиња: теријак, митрадатиум, галена, венециска меласа[4]. Се користел како синоним за панацеја[5], вид на лек кој лекува сè, односно против мноштво на заболувања и противотров. Се дистрибуирал во форма на течност, зрна, масти, а се складирал во порцелански садови или капсули.

Поради популарноста на еликсирите во тоа време, се појавиле и голем број фалсификати поради фактот дека овие производи биле многу скапи и тешки за набавување, како и поради брзата заработка на производителите. Поради неуспехот да се постигне копирање на терапевтските посакувани резултати, како и неисправниот состав, довело до нови мерки, односно до воспоставување на стандардни формулации на компетентноста на производителот каде што било потребно да се одвива јавно. Со појавувањето на копии на теријак, во 1606 година во Монтепиер се формира сојуз на производители, односно обединување на апотекарни производители на теријак со цел да се спречи злоупотребата од понатамошното фалсификување, со строга мерка на претпазливост против имитациите. Во 1618 год. во Лондон е издадена прва фармакопеја, референтна книга за составот на лековите. Лондонската фармакопеја од 1746 год.

[2] Karaberopoulos Dimitrios, Karamanou Marianna, Androutsos George „the theriac in antiquity“, The Lancet.com Vol 379, Athens, 2012, p.1942-1943

[3] Состојки кои се користеле се: отров од змии отровници, опиум, вино, мед, цимет, морска трева, смирна, црн и бел бибер, терпетинска смола, печен бакар, секрет од дабар познат како кастоерум, сок од афион и др. (Lemke 2020). Периодот на созревање бил 12 години пред негово консумирање.

[4] Lemke M., „A Venetian Theriac capsule from Scutari (Shkodra)“ , Scodra, a Companion to the study of Scodra, ,Warsaw, 2020, p. 319-326.

[5] Панацеја во грчката митологија, божица на универзалниот лек. Била ќерка на Асклепиј и Епиона.

вклучувала теријак со 61 состојка и митридациум со 45, двете со непроменет состав од рецептите објавени од Гален во II век пр. н. е. Сомнежите за ефикасноста на лековите прераснале во средината на XVIII век каде што се појавува издание на лондонската фармација во 1745 год. во трактатот на Хеберден. Подоцна во 1799 год. бил упатен јавен повик за формирање на Јавен комитет од еминентни лекари за испитување на лековите и нивното производство и нивното дејство. Концептите развиени во историјата на Митрадатиум ја формираат основата за современата регулатива за лекови[6].

Важен центар за потеклото на ваквите еликсири била Венеција која претставувала и најпознатиот извозник на вакви лекови кои биле под посебна регулатива и проследени со церемонија каде што се рефлектирала како медицинска експертиза и цивилен престиж. Покрај фармацевтската употреба, функционирало и како симбол на Венеција како голема комерцијална моќ (висока цена на лекот поради долгиот период на созревање) и фармацевтска експертиза која била широко распространета низ цела Европа и Медитеранот.

Теријакот во средниот век бил изработуван од повеќе градови, секако контролирани од државата. Меѓу познатите фармацевтски центри за изработката на теријак се и: Падова, Милано, Џенова, Болоња, Константинопол и Каиро. Меѓу најефикасните и најпопуларните, бил оној од Венеција. За постапката и подготовката на лекот биле особено многу внимателни во соодносот на супстанциите и било подложено на проверки и јавно да се изработуваат. Позната церемонија бил фестивалот Теријак кој се одржувал во Венеција на 24 август, ден посветен на св. Вартоломеј. На овој фестивал јавно се изложувале состојките и фармацевтите јавно ги подготвувале смесите[7]. Меѓу познатите и верни апотекарни содржеле инскрипции, не биле само декоративни фигури, туку биле изработувани под регулатива на Collegio de`Medici e Speziali (тим од физичари и фармацевти). За да се спречат копии, државата вовела автентични серии на печат на самите теријаци кои ги користеле само одобрените апотекарни. Меѓу нив се: DUE MORI (две мори). Логото или трговската марка-печат на Due Mori претставено е со две статуи кои го чукаат ѕвоното на Torre dell`Oroglio на плоштадот „Св. Марко“. ALLA TESTA d`ORO (златна глава) е, исто така, една од познатите престижни венецијански апотекарни. Логото претставува биста со венец на деснозлатна глава. AQUILA NERA (на црниот орел), ERCOLE d`ORO (златен Хер-

[6] J.P. Griffin. „Venetian treacle and the foundation of medicines regulation“, *British Journal of Clinical Pharmacology*, Vol. 58, London, 2004, issue3, 317-325.

[7] Vladimirova- Aladzhova Dochka, „Lid for theriac drug jars from Melnik (southwest Bulgaria*)“, Studia in honorem Iliae Prokopov sexagenario ab amicus et discipulis dedicate more*, Sofia, 2012, 641-650.

кул) – претстава на Херкул каде што држи лавовска кожа или суровица. Овде е уште ALL`INSEGNA DELLA REGINA (под знакот на кралицата) и CEDRO IMPERIALE.

<u>Примерокот од Охридско</u>

Припаѓа на фармацевтската апотекарна ALLA TESTA d`ORO. Инскрипцијата на примерокот е „TERIA •ALLA •TESTA• DORO• IN VEN⁚ “, (зборовите се разделени со точки на средина). Изработен е од олово со тежина од 13, 31 г, дијаметар од 24 мм и висина на страничен раб 7 мм. Има биста свртена надесно, со ловоров венец приврзан со панделка. Лицето е создадено многу реалистично со нагласени веѓи, очи, јаболчници, прав нос, брадата е малку испакната нанапред (фото 1), (фото 2) и (фото 3).



Фото 20



Фото 21



Фото 22

Ваков примерок е забележан и во Албанија[8]. Неретко се среќавале и копии на оваа апотекарна кои се разликуваат по низата грешки во самата инскрипција (мешање на латинско и кирилско писмо), најверојатно поради непознавање на латинската азбука. Неколку фалсификувани примероци се откриени во Бугарија[9] каде што најчесто се среќавала и годината 1603[10].

Лек или зависност

Голем број научници и фармацевти ја преиспитуваат намената на теријакот дали се користел само како панацеја – отровен лек кој предизвикувал зависност од големата количина на опиумот или, пак, се работи за шарлатанство.

Плиниј Постариот (23 – 79 год.) го објаснува детално користењето на Митрадите. Првично се користел за стекнување на имунитет против отровите со пиење на контролирана доза на отров и противотров. Ова е опишано од Гелиус каде што Митридат по поразувањето од страна на

[8] Lemke M., „*A Venetian Theriac capsule from Scutari (Shkodra)*“, 2020, p. 319-326.

[9] Петракиев Илиян, „Капачета за теријак на венецианската аптека Alla tesa d'oro с годината „1603“ от България. Опит за типология“, *Acta Musei Varnaensis* XIII-1. History and Culture od Bulgaria and the (9TH – 19TH C.) Historical Research and Archaeological Contributions in Memory of Prof. Valentin Pletnyov. Варна, 2019, п. 335-369.

[10] Според Аладжова (2011, 118), неслучајно е земена 1603 година бидејќи тогаш се вовел сојузот на производители и доколку поседувале фалсификуван лек до таа година, не може да се смета дека ги нарушувале установените правила на сојузот. Оваа претпоставка е хипотетичка и бара дополнителни докази.

Римјаните од Помпеја, имал неуспешен обид сам да се отруе, па побарал од Бистокос, близок пријател, да му го пресече грлото и да го убие[11].

Во Римската Империја Марк Аврелиј бил голем корисник на овие еликсири и благородниците кои следејќи го помодарството, станале „жртви“ на самиот еликсир кој по воведувањето на опиумот стекнал зависност кај богатата клиентела, а со тоа се зголемила побарувачката и потребата за изработка на фалсификати. Повеќе истражувачи го потврдиле митот на зависноста на Марк Аврелиј од опиумот[12].

Ефикасноста на самиот лек претставува загатка за современите научници. Дали да се смета теријакот за бесмисленост или да се смета за најефикасен лек? Секако, анализирајќи ги состојките кои се користеле за неговата подготовка. Смирната има бактериостатски ефект, односно ги убива микроорганизмите или го запира нивниот раст, се користи за спречување на инфекции. Опиумот се користи како аналгетик, во модерната фармација се додава во комбинација со шафранот. Како полифармацевтски лек со широка намена, останува загатка за неговата ефикасност кој бил мотивиран од хуманистичко барање за универзален лек, отколку од натпревар помеѓу колеги лекари за добивање наклонетост од богатата клиентела.

Во трактатот за медицински грешки, De gli errori popolari d`Italia, првпат објавен во 1598 год., лекарот Скипионе Меркурио ги окарактеризирал овие „лекари“ како: патувачки исцелители, продавачи на ситници – шарлатани и генерално секој од нив којшто продава на плоштадот масла, лекови, прашоци и различни соединенија лекувајќи разни болести, приповедајќи со илјада заклетви и лаги за илјадниците чуда што ги продаваат. Дали некој од лековите на „шарлатаните“ навистина функционирал? Во строго медицинските правила, повеќето не биле ефикасни. Дали лековите делувале или не, зависело од очекувањата и перцепциите. Можеби делувале на симболично ниво, исто како пласибо ефектот за одредени состојби[13].

[11] Totelin Laurence M.V, „Mithradates Antidote a Pharmacological Ghost“, -Koninklijke Brill NV, Leiden, 2004. Online www.brill.nl;
[12] Totelin 2004. P. 14-15
[13] W. Eamon. Science and Medicine in Early Modern Venice.
– In: A Companion to Venetian Hisory, 1400 – 1797. E. Durseler (ed.). Leiden – Boson: Brill, 2013, pp. 701 – 741.

Резиме

Во трудот се обработува појавата и употребата на теријакот како медицински препарат во античкиот и средновековниот период, со посебен осврт на археолошките и историските податоци од просторот на Балканот. Теријакот претставувал сложен мултифункционален лек составен од повеќе состојки кој се користел како противотров и универзален лек.

Целта на трудот е да се прикаже потеклото, развојот и распространетоста, како и неговото значење во медицинската практика низ различни историски периоди. Анализата покажува дека теријакот имал значајна улога за трговските врски и улогата на аптекарството во ширењето на овој препарат меѓу различни региони.

Трудот придонесува кон подобро разбирање на медицинските практики и секојдневниот живот во минатото.

Summary

The paper examines the emergence and use of theriac as a medical preparation in the ancient and medieval periods, with special emphasis on archaeological and historical data from the Balkans. Theriac was a complex multifunctional drug composed of several ingredients, which was used as an antidote and universal medicine.

The aim of the paper is to present the origin, development and distribution as well as its importance in medical practice throughout different historical periods. The analysis shows that theriac played a significant role in trade relations and the role of pharmacy in the spread of this preparation between different regions.

The paper contributes to a better understanding of medical practices and everyday life in the past.

Библиографија:

Eamon: W. Eamon. Science and Medicine in Early Modern Venice. – In: A Companion to Venetian Hisory, 1400 – 1797. E. Durseler (ed.). Leiden – Boson: Brill, 2013, pp. 701 – 741.

Griffin: J.P. Griffin. "Venetian treacle and the foundation of medicines regulation",- British Journal of Clinical Pharmacology, Vol. 58, London, 2004, issue3, 317-325;

Karaberopoulos and others : Karaberopoulos Dimitrios, Karamanou Marianna, Androutsos George „ the theriac in antiquity",- The Lancet.com Vol 379, Athens, 2012, p.1942-1943;

Lemke: Lemke Martin, "Fieldwork at Scodra 2013",- Swiatowit XI (LII)/A, 2013, Warszawa, 2014, p.217-225;

Lemke: Lemke M., „A Venetian Theriac capsule from Scutari (Shkodra)" , -Scodra, a Companion to the study of Scodra, ,Warsaw, 2020, p.319-326;

Raj and others: Raj D, Pękacka-Falkowska K, Włodarczyk M, Węglorz J. The real Theriac - panacea, poisonous drug or quackery? J Ethnopharmacol. 2021 Dec 5;281:114535. doi: 10.1016/j.jep.2021.114535. Epub 2021 Aug 17. PMID: 34416297.

Totelin: Totelin Laurence M.V, "Mithradates Antidote a Pharmacological Ghost", -Koninklijke Brill NV, Leiden, 2004. Online www.brill.nl;

Vladimirova-Aladzhova: Vladimirova- Aladzhova Dochka, „Lid for theriac drug jars from Melnik (southwest Bulgaria)", -Studia in honorem Iliae Prokopov sexagenario ab amicus et discipulis dedicate more, Sofia, 2012, 641-650;

Владимирова Алажова: Владимирова Алажова Дочка, „похлупачета за теријак от България“- Археология, Софија 2011, н.114-120;

Петракиев: Петракиев Илиян, „Имитативни капачета за теријак на венецианската аптека Alla Testa doro от Великотъ“, - Годишник на историческия факултет на великотърновския иниверситет„св.св. Кирил и Методий„ година II(XXXIV), 2018; 578-588.

Петракиев: Петракиев Илиян, „Капачета за теријак на венецианската аптека Alli Due Mori от България“, Нумизматика, сфрагистика и епиграфика 15, Софија, 2019, п. 195-200;

Петракиев: Петракиев Илиян, „Капачета за теријак на венецианската аптека
Alla tesa d’oro с годината „1603“ от България. Опит за типология“, Acta Musei Varnaensis XIII-1. History and Culture od Bulgaria and the (9TH – 19TH C.) Historical Research and Archaeological Contributions in Memory of Prof. Valentin Pletnyov. Варна, 2019, п.335-369.

УДК 392.8(497.783)(091)
УДК 641.568(497.783)(091)

Мери СТОЈАНОВА*

КОНТИНУИТЕТ И ПРОМЕНИТЕ ВО ПОДГОТОВКАТА НА ТУРИ-ПЕЧИ (ЃОМЛЕЗЕ) ВО ПРЕСПА

Апстракт: *Овој труд има за цел да ги прикаже континуитетот и промените на тури-печи (ѓомлезе) како еден елемент од системот на традиционална исхрана на населението во Преспа, во контекст на современото живеење на локалното население, но и влијанието на современите туристички трендови врз неговата ревитализација.*

За таа цел трудот се потпира врз податоци и анализи на достапни архивски материјали, од периодот на 20-тиот век, сопствени емпириски материјали од истражувања реализирани во повеќе наврати во изминатиот период, лични сознанија, искуства и истражувачки материјали создавани во рамките на проектот ACT4PRESPA[1]. Различни стручни и научни трудови како комплементарни материјали овозможија подобар увид во дефинирањето на актуелните истражувачки процеси поврзани со ревитализацијата на културните добра. Дескриптивните и компаративни анализи овозможија подобар увид во процесот на подготовка на тури-печи, а со цел подобро утврдување на регионалните културолошки сличности и разлики.

Вака конципираното истражување резултираше со сеопфатен увид на континуитетот и промените, но и причините за своевидната ревитализација и потенцијална одржливост на практиките за подготовка на тури-печи или ѓомлезе, на кои ќе се осврнеме во понатамошниот дел од трудот.

Клучни зборови: *тури-печи, ѓомлезе, Преспа, традиционална исхрана*

Системот на исхрана во рамките на традиционалните култури от-секогаш претставувал посебно поле на интерес кај бројни научници во светот токму поради фактот што станува збор за еден комплексен систем

* д-р Мери Стојанова, етнолог, кустос-советник, НУ „Завод и музеј“ – Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 18, 7000 Битола, e-mail: etno_m@yahoo.com

[1] ACT4PRESPA е проект кој се реализира во рамките на програмата ЕУ за ПРЕСПА, во периодот мај 2024 – мај 2027 год, а е финансиран од страна на Европската Унија.

чија кодификација и симболика поседува длабоко културолошко значење за одреден народ и/или етничка заедница[2].

Рецентните етноантрополошки истражувања, системот на традиционална исхрана и ревитализацијата на културното наследство во поширок обем (материјално и нематеријално) го разгледуваат и од други аспекти, нудејќи современи толкувања. Притоа, особено внимание се посветува на изнаоѓањето на соодветен модел за негово инкорпорирање во рамките на современите општества. Овој пристап дава малку поинакви претстави за културното наследство генерално, и неговите поединечни елементи, ставајќи ги во директна меѓузависност ревитализацијата на одредени локации или културни добра, со одржливиот развој. Ова значи дека процесот на ревитализација не подразбира само директна интервенција врз поединечното добро како такво, туку многу повеќе интервенција во дадениот културен или социјален простор кој генерира работни места, туристички развој и креативност[3]. Всушност, ваквата спрега на дејности ја сочинуваат и основата на одржливиот развој во светски рамки, што може да се види и од меѓусебното влијание на 17-те поставени цели на Организацијата на обединетите нации[4], како основни или темелни вредности кон кои треба да се придржуваме со цел обезбедување долгорочен одржлив развој.

Од она што може да се забележи во достапната современа литература, најсоодветниот пристап кон ревитализација на одреден елемент од културното наследство, е неговото вмрежување во еден поголем систем, каде доброто нема да претставува „приказна“ само за себе, туку ќе биде една компонента од цврсто изградениот функционален систем кој нуди долгорочни придобивки за поширокото општество. Тоа е особено важно за системот на традиционалната исхрана и нејзините поединечни елементи, кои сами по себе не ги поседуваат сите потребни атрибути за да привлечат поголема група на посетители кои долгорочно би доаѓале во даден регион, само за да го вкусат соодветниот тип на храна. Од друга страна, дури и да е исполнет овој предуслов, неизвесно е колку долго би можела да се одржи една ваква понуда доколку кон неа не се понудат и други комплементарни содржини. Неизоставен е моментот и важноста на исхраната за човековото опстојување, но во овој динамичен свет во

[2]Крстева Ангелина, „Празнична и обредна храна“, „Етнологија на Македонците“, Скопје 1996, стр. 139; „Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997“; „Кодови словенских култура – Храна“, број 2, 1997

[3] Gregor Jagodič, Vita Petek, “Revitalisation of cultural heritage and historical objects: from fragility to sustainable management in tourism”, Journal of Innovative Business and Management, p.2 (пристапено на 26.08.2026 преку DOI 10.32015/JIBM.2025.17.2.2)

[4] UN Sustainable Development Goals (пристапено на 27,08,2026 преку https://sdgs.un.org/goals)

кој живееме, каде информацијата и брзината на пренос на таа информација, играат значајна улога во современиот живот на секој човек, особено е важна и улогата на социјалните мрежи и другите дигитални алатки кои им се на дофат, особено на помладите генерации. За тоа сведочат бројни стручни и научни трудови кои посветуваат особено внимание на користењето на дигиталните платформи особено помеѓу младите генерации[5], кои се во директна меѓузависност со ревитализацијата на различни елементи од материјалното и нематеријалното културно наследство. Сосема е разбирливо дека во вакво, претежно консумеристичко општество, употребата на дигиталните алатки се движи по нагорна линија. Одредени истражувачи потенцираат дека треба да се внимава дека при ваква дигитална медијација, традиционалната храна која во себе вгнездува мноштво на локални традиции, истории, знаења па дури и одреден регионален идентитет, може да стане ирелевантна за поширокатa јавност, во услови кога е одвоена од наведениот дигитален простор[6]. Имајќи го ова во предвид, балансираната употреба на културното наследство, а следствено на тоа, и традиционалната исхрана како негов составен дел, искористувањето на дигиталниот пристап и алатки кон негово контекстуално и концептуално збогатување се најсоодветниот пристап кон одржлив развој.

Во овој контекст, за подобро разбирање на современото позиционирање на традиционалната исхрана и можностите за нејзина ревитализација, неопходно е да појдеме од основните нејзини функционални вредности и значење.

Храната по своето значење претставува еден од основните кодови или маркери на колективниот културен идентитет. Во својата суштина храната претставува основна нишка помеѓу колективот и природата, дефинирајќи ја повеќестепено оваа взаемна врска и длабоко во себе вткајувајќи ги сите нитки на колективната меморија, кои се пренесуваат со децении и векови, а кои во себе ги носат кодовите на раѓањето, животот, опстојувањето и смртта. Миграциите и културните влијанија кои се спо-

[5] Aditiya Faturahman* at all, “Revitalizing Traditional Colenak Cuisine Through Digital Platform Engagement Among Younger Generations|”, International Journal of Economic and Business Research, Vol 1 No 2 April 2026, (пристапено на 26,08,2026 преку https://researchfrontiers.id/profixa/index);

Abi Saptadinata, Mita Purnamasari, Maryetti, “The Preservation Ecosystem of Toge Goreng: An Analysis of Tourist, Youth Generation, and Culinary Business Perspectives in Achieving the Sustainability of Bogor's Traditional Cuisine” , International Journal of Travel, Hospitality and Events, Volume 4, Number 2, Year 2025 p. 163-173 (пристапено на 26,08,2026 преку DOI: 10.56743/ijothe.v4i2.533)

[6] Aditiya Faturahman* at all, “Revitalizing Traditional Colenak Cuisine Through Digital Platform Engagement Among Younger Generations|”, International Journal of Economic and Business Research, Vol 1 No 2 April 2026, (пристапено на 26,08,2026 преку https://researchfrontiers.id/profixa/index);

делуваат помеѓу заедниците и културите низ вековите, неминовно оставаат свои белези, како во бројни други сфери, така и во системот на традиционална исхрана.

Иако по својата базична функција, храната претставува предуслов за живот на поединецот или дадениот колектив, на едно повисоко ниво таа претставува исклучително комплексен систем на социјални практики кои преку еден специфичен невербален комуникативен систем се пренесуваат од генерација на генерација. Притоа знаењата и вештините за подготовка на одредени јадења, на специфичен начин се пренесуваат низ времето, овозможувајќи им на различните генерации различен пристап кон нив, но воедно нудејќи можности за зацврстување на заедништвото.

Во рамките на обредно - ритуалните комплекси таа претставува медиум преку кој се пренесуваат пораките помеѓу „овој“ и „оној“ свет, помеѓу хтонското и световното, но и помеѓу минатото и иднината.

Преку пренесувањето на знањето и вештината, како и преку пренесувањето на рецептурите за подготовка на одредено јадење, всушност, се надминуваат временските дистанци овозможувајќи ѝ на традицијата да остане жива.

Согласно наведеното, храната е своевиден код кој ги поврзува времето, просторот и генерациите.

Во рамките на овој невербален коден систем, слободно можеме да кажеме дека се испреплетуваат и пренесуваат информации својствени за многу култури, при што самиот систем поседува сопствена динамика и дијалектички развој.

Контекстуално, системот на традиционалната исхрана или негови поединечни елементи /видови на јадења, макар и кога е врзан за една територија, а во случајот територијата на Преспа, неминовно укажува на неговата слоевитост и комплексност.

Имајќи ги предвид природно-географските, како и етнографските услови на преспанскиот регион, сосема е разбирливо што храната во текот на годината изобилува со различни видови на продукти од растително или животинско потекло. Иако за системот на традиционална исхрана на населението во Преспа, како секојдневна, така и обредно-ритуалната, сум пишувала и во минатото[7], и во овој труд нема да се навраќам на оваа проблематика, но треба да се наведе дека овој труд е резултат на подолгорочна работа во регионот. Од методолошки аспект, при подготовката на трудот посебно внимание беше обрнато на аналитичкиот и дескриптивен пристап во користењето на постара архивска документарна граѓа, соодветна стручна и научна литература од домашни и странски автори,

[7] Стојанова Мери, „Традиционалната исхрана на населението во Преспа“, Зборник на трудови бр.18, Битола 2015 год., стр. 106-118

како и информации од различни соговорници при сопствени теренски истражувања и случајни средби кои се вршени во повеќе наврати во изминатите петнаесетина години во различни населени места во Преспа.

Имајќи во предвид дека дел од овие теренски истражувања не биле фокусирани конкретно на системот на традиционална исхрана како таков, во мноштвото дискусии и контекстуални разговори, различни соговорници дале свои сведоштва, размислувања и искуства на наведената тема. Според тоа, мора да се наведе дека истражувањата генерално се потпираат на неструктурирани прашалници и дискусии, водени најчесто во Преспа, а кои им овозможуваат на соговорниците поширок изразни можности.

Воедно тука се и моите личните опсервации, искуства и сознанија, а кои се резултат на долгогодишна работа во регионот, како и соработката со граѓански организации од Преспа и пошироко, кои во дадениот случај ја имаа функцијата на промотори на системот на традиционална исхрана, а особено на тури-печи, како негов значаен елемент.

Од поновиот период особено значајни се резултатите од теренските истражувања реализирани од 5-11 мај 2025 и 7-11мај 2026 година во рамки на проектот ACT4PRESPA, а во соработка со професори и студенти од ИЕА[8]. Притоа беа посетени следните населени места: Коњско, Кривени, Дрмени, Ресен Подмочани, Штрбово, Наколец, Љубојно, Брајчино и Долно Дупени.

Во рамките на овие посети, студентите водеа соодветни структуирани и неструктуирани интервјуа, со соговорници различни по пол и возраст, а имаа можност и преку методот на опсервација да сведочат за процесот на подготовка на тури-печи.

Погоре наведеното, овозможува стекнување на еден подолгорочен и посеопфатен увид во следењето на континуитетот, процесите и промените кои се составен дел од наведената проблематика, а поспецифично кои се однесуваат на еден тип јадење кое, според рецентните теренски истражувања, по период на речиси целосно напуштање во периодот на 90-тите години на XX век, постепено доживува своевидна ревитализација. Имено, станува збор за тури-печи или уште попознато како ѓомлезе.

Почетоците на подготовката, односно датирањето на традиционалното јадење познато под локалниот назив „тури-печи“, во Долна

[8] Со Институт за етнологија и антропологија при Природно – математичкиот факултет од Скопје во два наврати, односно во мај 2025 и мај 2026 година беа реализирани етнолошки теренски истражувања во кои учествуваа професори и студенти од различни години на студиските програми на Институтот. Собраните аудио, фото и видеоматеријали, како и транскрипцијата на соодветните интервјуа се дел од архивата на проектот ACT4PRESPA.

Преспа или „ѓомлезе“ во Горна Преспа, не можат прецизно да се утврдат. Меѓутоа, имајќи ја предвид едноставноста на приготвување, достапноста на продуктите, како и предметите кои се користеле во приготвувањето на овој вид на традиционално јадење, може да се претпостави дека неговата подготовка има подолг временски континуитет.

Врз основа на усните сведоштва[9] и други достапни информации и пишуваните материјали, ова традиционално јадење, кое е дел од корпусот на јадења од тесто[10], во минатото било широко распространето и претставувало составен елемент на системот на традиционална исхрана не само на преспанскиот регион, туку и пошироко во охридско – струшкиот регион, во Мијачките села, а според достапните податоци и во некои населени места на територијата на Егејска Македонија, и тоа опфаќајќи го периодот најмалку од втората половина на XIX век до денес.

Територијалната распространетост на која до денес се среќава тури-печи или ѓомлезето, генерално ги зафаќа југозападните делови на Македонија и тоа во еден поширок обем. Притоа мора да нагласиме дека иако во принцип техниката на подготовка на ова јадење е иста, кај поединечни региони или области се забележуваат локални разлики, пред сè во типовите на користено брашно, како и во терминолошка смисла.

Во регионот на Преспа, вклучително и деловите кои се наоѓаат во политичките граници на Албанија и Грција, потоа во градовите Охрид, Струга и неговата околина, ова јадење кое се среќава како тури-печи или ѓомлезе, се подготвува претежно од пченично брашно, а во некои случаи и мешавина на пченично и пченкарно брашно[11]. Регионалната варијанта на ова јадење познато под терминот ѓозлеме, во леринското село Врбени или Екши Су се подготвувало со пченично брашно, но во кашата се додавал и квасец[12].

Од друга страна пак, во мијачките села Галичник, Лазарополе, Гари, Битуше, Тресонче, Папрадиште и Смилево ова јадење кое е познато под терминот тури-потпечи или потпечалник се приготвувало од пченкарно брашно. Само во одредени случаи, во јадењето се ставале наизме-

[9] Усни кажувања на Митра Марковска родена 1912 год. во с. Љубојно, која сведочеше дека ова јадење го научила од нејзината мајка која го подготвувала и пред нејзиното раѓање.

[10] Јовановски Владо, Долно Дупени – село во Преспа (минато и сегашност), Скопје 1994, стр. 148; Лембо Стојан, „Љубојно љубов наша“, Битола 1996, стр. 195

[11] Усни кажувања на Митра Марковска родена 1912 год. во с. Љубојно; соговорник Дијана Ефтимовска с. Подмочани, мај 2025; соговорник Виолета Монавчевска, Ресен, мај 2026

[12] Боцев Владимир, „Исхраната на жителите на леринското село Врбени/Екши Су / во дваесеттите, триесеттите и четириесеттите години на XX век/, Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997, стр. 116

нично слој каша подготвена од пченкарно брашно, па слој каша подготвена од пченично брашно[13].

Што се однесува до терминолошките разлики за коишто може да се посведочи и од погорните примери, ова јадење се среќава генерално како варијација на два термини. Под терминот тури-печи или тури-потпечи тоа е познато во регионот на Долна Преспа и Охрид, поточно во стариот дел од Охрид познат како Варош, како и во мијачките села каде се среќава и под терминот потпечалник.

Терминот ѓомлезе пак, е застапен во реонот на Горна Преспа, но истиот паралелно со терминот тури-потпечи се користи и во Охрид и Струга. Поради сè поголемата актуелност, како и пошироката препознатливост на овој вид на јадење, терминот ѓомлезе станува сè поактуелен и пошироко прифатен од пошироката јавност иако во рамките, особено на потесните етнографски целини, мошне често се користат терминте тури-печи или тури-потпечи.

И под двата термини, ѓомлезе или тури-потпечи ова јадење се среќава и во делот на Мала Преспа, во Албанија.

Во мијачките села застапени биле терминте тури-потпечи и потпечалник, додека пак на територијата на Екши Су ова јадење е познато под името ѓозлеме.

Без оглед дали станува збор за терминот тури-печи или пак за терминот тури-потпечи и двата термини се изговараат слеано.

Од лингвистичко-етимолошки аспект, терминте ѓомлезе и/или ѓомлезец, скоро секогаш се поистоветуваат со турскиот збор *gözleme*[14], кој во македонскиот јазик се одомаќинил како своевидна заемка од турскиот јазик[15]. Притоа мора да нагласиме дека иако терминолошки се поистоветуваат, зборовите ѓомлезе и ѓозлеме означуваат две сосема различни јадења, што може да се забележи од дадените описи во дел од стручната лингвистичка литература[16]. На ова само како појаснување би додала дека терминот *gözleme* означува еден вид на ориентално јадење кое се подготвува од кори од пченкарно или пченично брашно потпечени

[13] Анастасовска Фима, „Пченкарното брашно во секојдневната исхрана и во некои обредни јадења кај Мијаците“, Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997, стр.288

[14] Белчев Толе, „Речник на турцизми, архаизми, дијалектизми и ретко употребувани зборови во македонскиот јазик“, Штип, 2016, стр. 54

[15] Ralpovska Elizabeta, „Lexical features of the Macedonian dialects of the Prespa region“,SLAVICA HELSINGIENSIA 49, стр. 140 (пристапено на 31.08.2026) https://blogs.helsinki.fi/slavica-helsingiensia/files/2019/11/sh49.pdf?utm_source=chatgpt.com

[16] Јашар – Настева Оливера, „Турските лексички елементи во македонскиот јазик“, СКОПЈЕ 2001, стр. 90, ѓозлеме 'слатко или солено тесто пржено во масло' и 'вид пита' (Штипско, Фол. 758) како и 'вид тури-потпечи' и заокружени мали парчиња тесто што се сукаат за пита' gozlete.).

под сач. Во тие кори честопати се става и некаков прилог или „зајре“, па се преклопуваат и печат.

Иако овој тип на јадење е претежно застапен меѓу македонското население во регионот, многу слична негова варијанта се среќава и на територијата на Албанија. Таму со одредени разлики и додавки при подготовката ова јадење, се среќава и под термините „паланик“, „даланик“[17] и тоа во јужните делови на Албанија, а како „флија“ во северна Албанија и на Косово.

Под името флија ова јадење се среќава и во Скопскиот регион[18], меѓутоа појавата и потеклото на ова јадење на нашата територија, во овој момент остануваат како отворени прашања.

Флијата[19], за чија подготовка исто како и за ѓомлезето, се достапни бројни податоци и рецепти во дигиталниот простор и интернет изворите, се разликува од тури-печи и по одредени состојки, но и по начинот или формата на подготовка. Имено, кај флијата секој слој од кашата се распоредува во форма на sвезда, додека кај тури-печи секој слој има рамномерна, кружна форма, која ја следи формата на тепсијата.

Кашаникот[20] е уште едно јадење кое наликува на тури-печи. Ова јадење најмногу се подготвува во струшкиот регион. Кашаникот се подготвува од чисто пченкарно брашно од кое со вода се прави каша и се пече слој по слој, на ист начин како и ѓомлезето[21]. При подготовката на кашаникот во некои случаи се додава и урда или изварка.

Подготовката на тури-печи или ѓомлезе, иако генерално е дел од системот на секојдневна традиционална исхрана, како што е наведено и во достапните материјали кои се однесуваат на Преспа,[22] една негова ва-

---

[17] https://www.youtube.com/watch?v=GANb9vSQtFU

[18] Соговорник д-р Љупчо Ристески, Редовен професор на ИЕА при ПМФ

[19] https://nmd.mk/vkusna-flija-mnogu-slichna-na-gomleze-no-ushte-povkusno-retsept-koj-vredi-da-si-go-zapishete/; https://www.aa.com.tr/mk/%D1%82%D1%83%D1%80%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%BF%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%84%D0%BB%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D0%BB%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%81-%D1%81%D0%B5-%D0%BD%D0%B5%D0%B3%D1%83%D0%B2%D0%B0/923542

[20] Домазетовски Петко, „Исхраната на населението и готвење јадења во Долен Дримкол, струшко, Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997, стр. 453

[21] Информација од д-р Мирјана Мирчевска, Редовен професор на ИЕА при ПМФ

[22] Јовановски Владо „Долно Дупени“ – село во Преспа - (минато и сегашност), Скопје, 1994, стр. 148

ријанта позната како „тури-запечи“ во кумановскиот крај е поврзана со одбележувањето на Сирната недела[23] или Сирница.

Во поглед на родовата поделба на работите, подготовката на тури-печи или ѓомлезе најчесто била дел од секојдневните домашни обврски на жената-домаќинка, во традиционалната заедница.

Би навела дека во исклучително ретки случаи, како што е случај со подготовката на ѓомлезе во Охрид, или поточно во Варош, подготовката на тури-печи или ѓомлезе била обврска на домаќинот или се сметала за машка работа[24]. Причините за ваквата практика заради недостиг на информации и соодветни теренски истражувања, како и подлабоки анализи на родовата поделба на работите, не сум во можност да ги елаборирам, туку ќе останат како отворено прашање и тема на истражување во некоја идна прилика.

Значителен континуитет се забележува во употребата на садовиот инвентар кој е неопходен за подготовка на тури-печи. Всушност, процесот започнува со подготовка на потребните садови, односно перустија или пирустија, вршник и/или сач и бакарна тава/тепсија какви што во минатото ги имало во секое домаќинство во Преспа[25] но и многу пошироко во балканскиот културен ареал.

Пирустијата претставува железен покуќнински предмет со триаголна форма и три железни ногари во висина од околу 15-20 цм, кој го изработувале занаетчиите ковачи. Со намалувањето на бројот на мајстори ковачи, како и со промената на начинот на живот, се губела и потребата од овој предмет во рамките на домаќинството, така што денес овој предмет освен во руралните средини, ретко може да се види и како своевиден реликт во некоја од градските куќи, или пак во некоја ковачка работилница.

Во одредени средини или домаќинства во случај на недостаток на пирустија, тепсијата се поставувала врз камено огниште. Врз пирустијата во минатото се поставувала бакарна тепсија во која се подготвувало тури-печито. Во поново време, кога употребата на бакарни садови од различни причини е ограничена, за подготовка на јадењето се користи емајлирана тепсија.

Со појавата на емајлираните садови, а најверојатно и заради нивно полесно одржување, во споредба со бакарните садови кои требало нај-

[23] Крстевска Милка, „Традицијата во исхраната за време на Белата недела (Сирница) во Македонија, стр.413

[24] Сопствени теренски истражувања, јануари 2026, информатор Оливера Мишева,

[25] Слијепчевић – Глиба Драгица, „Исхрана у Преспи“ (Подмочани, Грнчари, Претор, Љубојно и с'источне стране варош Ресен и Царев Двор у средишњем делу и Лева Река у север. делу)1955 III, 25 , 165/7 (теренски белешки на студент од фондот на Бранислав Русиќ, МАНУ)

малку еднаш годишно да се калаисуваат, емајлираните садови станале сè позастапени во домаќинствата, што во денешни рамки придонело, тури-печи најчесто да се подготвува во емајлирани тепсии.

Сачот е исклучително важен елемент за подготовка на ова јадење. Тој претставува занаетчиски производ кој го изработувале занаетчиите ковачи.

За негова изработка занаетчиите користеле подебел лим, кој во процесот на ковање, го обликувале до саканата сферична форма. На горниот испакнат дел од сачот се наоѓа рачка. Долниот дел од сачот, или ободот најчесто бил благо свиен кон надвор што овозможувало задржување на пепелот и жарот кои се поставувале врз него, но и полесно поставување врз тепсијата или врз кој и да е друг предмет во кој се приготвувало дадено јадење. Тука мора да напоменеме дека сачот се користел за подготовка или печење на различни видови јадења било тие да се поставени во црепна или друг метален сад.

Присуството или застапеноста на сачот во денешните домаќинства е многу ретка, бидејќи овој предмет одамна ја изгубил својата функционална и употребна вредност. Тој како и пирустијата, може да се сретне во некои рурални средини, како своевиден реликт или наследство од минатото. Во некои, најчесто рурални средини, сачот сè уште ја зачувал својата утилитарна функција и иако не секојдневно, сепак често се користи во рамките на домаќинството. За жал, кон оваа состојба придонесува и фактот што во денешно време сè поретко имаме занаетчии ковачи, а и од оние малкумина ковачи кои сè уште работат, ретко некој изработува сач. Во последните десетина години, како се зголемува и побарувачката на тури-печи, а со тоа и потребата од овој производ, многу често, сачовите се купуваат од Албанија. Во старата чаршија во Корча на пр. и денес се изложени и се продаваат сачови, а истите секојдневно се користат и во неколку пекарски работилници, каде под сач печените месени и сучени јадења, секојдневно се продаваат.

Врз основа на погоре изнесеното може да се утврди, дека дел од основните садови и предмети кои се користат во процесот на подготовка на тури-печи, останале речиси незаменливи и се користат во континуитет до денес. Такви се пирустијата и сачот. Иако, за жал, овие предмети ретко може да се најдат како занаетчиски изработки на нашите пазари, можноста за нивно купување на блиските соседни пазари, како што е случајот со Корча, сè уште го овозможуваат нивното користење.

Сепак, иако редок, помеѓу подготвувачите на тури-печи во Ресен се појавува и еден нов тренд на подготовка на јадењето под сач на струја, или пак, во еден вид на плински печки. Вака подготвеното тури-печи

иако генерално го зачувува својот изглед, ја губи својата автентичност и препознатлив вкус[26].

За разлика од нив пак, бакарните тепсии, во кои во минатото се подготвувало тури-печи, заради потребата од постојано калаисувањето, им отстапиле место на современите емајлирани тепсии.

Отвореното огниште, кое се користи за загревање на сачот е генерално присутно. Со ретки исклучоци, загревањето на сачот се врши со негово поставување врз традиционалните печки на дрва[27], коишто сè уште се присутни, пред сè во руралните домаќинства.

Начинот на подготовка на тури-печи, не е комплексен сам по себе, во смисла на состојките коишто се користат за негова подготовка, туку зависи од искуството и умешноста на оној кој го подготвува.

Времето што е потребно за негова подготовка изнесува околу 3 часа, но тоа е варијабилно и зависи од повеќе фактори.

Значителен континуитет се забележува и во употребата на состојките неопходни за подготовка на кашата тури-печи. Имено, за таа цел е неопходно пченично брашно, вода и малку сол. Во минатото покрај водата се додавало и „матејница“[28] или „биејница“[29].

Во некои случаи пченичното брашно се мешало и со пченкарно брашно, а некогаш брашното се мешало и во зависност од вкусот на оној кој го подготвувал.

Кога во минатото, во Преспа биле активни голем број на воденици, жителите го мелеле сопственото жито и така обезбедувале брашно за сопствените потреби. Но, во случаи кога немале доволно брашно, истото го купувале од воденичарите[30] или од други трговци. Ист бил случајот и со пченкарното брашно.

Голем дел од воденичарите го знаеле и соодносот на мешање на двата вида на брашно како и неговата „оштрина“ (грубост или гранулација) кои биле неопходни за добро подготвено тури-печи, па како мешавина и го продавале. Така на пр. во с. Љубојно каде што на почетокот на XX век постоеле 16 воденици[31], воденичарите во зависност од потребата

[26] Соговорник - Секуловски Андрија, Претседател на Здружението за развој на алтернативен туризам - Љубојно (мај 2026).

[27] Дијана Ефтимовска, с. Подмочани, теренско истражување ACT4PRESPA, мај 2025 год.

[28] Слијепчевић – Глиба Драгица, „Исхрана у Преспи“ (Подмочани, Грнчари, Претор, Љубојно и с'источне стране варош Ресен и Царев Двор у средишњем делу и Лева Река у север. делу)1955 III, 25 , 165/9 (теренски белешки на студент од фондот на Бранислав Русиќ, МАНУ)

[29] Локални имиња за маштеница, млечен напиток кој бил во широка употреба особено во летните месеци.

[30] Сопствени теренски истражувања, 2013 год.

[31] Лембо Стојан, Љубојно, љубов наша“, Битола, 1996, стр.292

на домаќинката и намената, го подготвувале соодветното брашно. Вакватa пракса била зачувана и во последната активна воденица во селото Љубојно, а воедно и Преспа, каде до пред триесетина години се подготвувало и мелело вакво брашно.

Во поретки случаи, во некои села од Горна Преспа, постојат записи дека ѓомлезето се подготвувало само од пченкарно брашно[32].

За подготовка на тури-печи, покрај кашата, дополнително се топело сало или пак се користело масло, со кое се прскале корите за време на подготовката на тури-печи.

Процесот на подготовка започнувал со палење на оган со цел да се подготви жар. Врз жар, а не врз оган, се поставувала пирустијата, а врз неа намрсена бакарна или емајлирана тепсија.

Настрана, сачот се загревал врз отворен оган, или пак во денешни услови врз шпорет на дрва. На загреаниот сач од горе се става пепел и жар со цел да се одржува соодветна температура потребна за постепено печење на јадењето.

Во некои домаќинства со цел да се скрати процесот на подготовка, се користеле и два сача, кои напоредно се менувале и добро се загревале, но во најголем број случаи се користел еден сач. Секако, ова се должи и на економската состојба на населението, бидејќи не секое семејство можело да си дозволи да поседува два сача. Имајќи предвид дека сачот бил предмет којшто многу се користел во традиционалните домаќинства за подготовка и печење на леб, како и на други јадења, не постоело домаќинство кое не го поседувало.

По подготовката на потребните предмети и подготовката на кашата, се започнувало со подготовка на тури-печи.

Со голема лажица, црпалка, се истурал еден дел од кашата за да се разлее во целата површина на кружната тепсија, формирајќи еден вид палачинка. Врз вака потурената каша се ставал веќе вжештениот сач и се оставал неколку минути додека слојот од каша добро се испече. Потоа сачот се тргал и се ставал врз огнот или шпоретот за да се загрева, додека врз испечениот слој се попрскувало сало или масло, а потоа со црпалката се ставал нов слој каша. Процесот наизменично се повторувал додека не се истроши целата количина на каша.

Само во некои многу ретки случаи, помеѓу корите, домаќинката која го подготвувала тури-печи, ставала слој на изварка.

Она што било особено важно при подготовката е тоа што секој поединечен слој требало да се пече полека, додека тестото убаво да из-

[32] Груевски Т, „Народна исхрана в Југозападна Преспа“ (Пробно научно испитување во селата Коњско, Стене, Лесковец, Отешево, Шурленци, Волкодери, Прељубје, Долно Перово и Горно Перово) од фондот на Бранислав Русиќ, МАНУ, 1949 XI, 10, 166/8

врие. Во спротивно, ако поединечните слоеви брзо подгоруваат, истите нема да извријат добро и јадењето ќе биде „глетаво“. На крајот, откако ќе се стави и последниот слој каша, сачот се остава подолго време врз тепсијата, за јадењето да биде добро извриено.

Умешноста на подготовката на јадењето се темели токму врз фактот што кај добро приготвеното тури-печи, корите може да се двојат помеѓу себе. Подеднакво важно било, во финалната фаза тури-печи да добие црвеникава боја и да биде по малку крцкаво на краевите. Тоа значело дека јадењето е добро подготвено.

По подготовката тури-печи се сече на ромбови, налик на турската баклава, а се послужувало најчесто со кисело млеко, во Преспа познато како „потквас“, маштеница (биејнца), а ретко и со сирење.

Во минатото, иако поретко, врз тури-печи во завршната фаза на печење под сачот, можело да се стави и сланина или пак суво месо и така да се послужи[33].

Оваа постара варијанта на подготовка на тури-печи во изминатите години претрпува одредени измени, па така домаќинките при подготовката на кашата за ѓомлезе, наместо маштеница или потквас/кисело млеко, стават јогурт, а некогашната претежна употреба на растопено сало за попрскување на секоја од корите, денес е заменета со масло и/или маргарин[34].

Современите промени кои се забележуваат при подготовката на тури-печи, се видливи и по информациите и рецептите присутни на интернет изворите[35] кога наместо под сач, тоа се печи во рерна. Покрај тоа,

[33] Сопствени теренски истражувања 2025 год., Марковска Олга с. Љубојно

[34] Дијана Ефтимовска, с. Подмочани, соговорник при етнолошките теренски истражувања реализирани во Преспа, рамки на проектот ACT4PRESPA, мај 2025 год.; Виолета Монавчевска, Ресен, соговорник при етнолошките теренски истражувања реализирани во Преспа, рамки на проектот ACT4PRESPA, мај 2026 год.

[35] https://nmd.mk/gomleze-od-rerna-vkusete-go-ohrid-na-dlanka-koj-ne-probal-ne-znae-shto-propushtil/;
https://moirecepti.mk/post/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%81%D0%BF%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D1%93%D0%BE%D0%BC%D0%BB%D0%B5%D0%B7%D0%B5;
https://www.facebook.com/gotvimesomaja/videos/%D1%80%D0%B5%D1%86%D0%B5%D0%BF%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D1%93%D0%BE%D0%BC%D0%BB%D0%B5%D0%B7%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BB%D0%B0%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%98%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D1%9A%D0%B5%D0%B1%D0%B8-

кај овие извори во рецептурите исто така, забележуваме одредени отстапувања кои се особено присутни во делот на додадени продукти, како што е случајот со додавање јајца во кашата за подготовка.

Некои од соговорниците на терен сведочат дека согласно желбите на купувачите, во некои случаи помеѓу корите стават и толчен лук, праз или некој друг додаток.

Иако тури-печи е едно од најомилените традиционални јадења во Преспа и пошироко, заради комплексноста и времетраењето на подготовка, како и потребните покуќнински садови, не секој може да го подготви, па неговата подготовка станува сè поретка.

Врз основа на изнесеното, како и врз основа на достапните материјали и извршените теренски истражувања во изминатиот период, може да заклучиме дека тури-печи или ѓомлезето, бележи значаен контуниутет во употребата на традиционалните садови, начинот на подготовка, како и во продуктите кои се неоходни за негова подготовка.

Одредени отстапувања се бележат само во додатоците при подготовка на тури-печи иако тоа не е генерална или честа пракса.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното треба да напоменеме дека тури-печи нема посебна обредна или ритуална функција. Напротив, според достапната литература, и теренските истражувања, ова јадење било составен дел на системот на секојдневна традиционална исхрана во Преспа.

И покрај одредената стагнација и делумно напуштање на овој вид на јадење, особено кон крајот на XX и почетокот на XXI век, рецентните теренски истражувања укажуваат на тоа дека започнувајќи од 2004 година, побарувачката за тури-печи или ѓомлезе бележи континуиран раст. Ова може да го поткрепиме со фактот дека бројни граѓански организации кои се формирани изминатите дваесетина години[36], во рамки на своите активности не само на локално, туку и национално, па и меѓународно ниво, во рамки на различни настани како комплементарна содржина, организираат презентација и дегустација на традиционална храна.

Додека во претходниот период бројот на лица кои подготвуваа тури-печи беше исклучително мал, денешниот број е значително зголемен. Значајна улога за ваквиот пресврт имаа активностите на граѓанскиот сектор кои преку своите активности успеаја да обезбедат поширока про-

%D1%81%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%BB/317731884481439/; (пристапено на 31.08.2026)

[36] Здружение за развој на алтернативен туризам – Љубојно; Преспа – град; Рурални жени и др.

моција на традиционалната преспанска храна, вклучително и тури-печи[37].

Ваквиот тренд на презентација на традиционалната храна, подоцна стана поактуелен така што според достапните податоци на територија на Општина Ресен во текот на летниот период 2026 година се организирани три јавни настани на кои традиционалната храна е една од содржините и тоа: Откријте ја Преспа – 8 издание[38] во с. Брајчино, Преспанска софра[39] во с. Љубојно и Мојот дел од природата[40] во Ресен.

Во прилот на ова е и усното сведочење на Виолета Монавчевска која е член на Здружението Рурални жени и која потврдува дека од година во година, бројот на настани на кои се презентира и дегустира традиционална храна, вклучително и тури-печи, е во постојан пораст. Само како податок го наведува и фактот дека индивидуалната побарувачка е во пораст, за што вели дека во период од неполни 2 седмици од август 2026 година, ѝ биле нарачани 8 ѓомлезиња, најчесто за посвечени прилики. Ваквата побарувачка условила и зголемување на бројот на жени во Ресен кои се занимаваат со оваа дејност[41].

За жал, дел од понудувачите го избегнуваат традиционалниот начин на подготовка на тури-печи, под сач и на отворено огниште, правејќи одредени модификации и подготвувајќи го тури-печи во печки на плин со што се губи неговата автентичност[42].

Во оваа смисла мора да ја споменеме и улогата на јавните медиуми, а особено на социјалните мрежи[43] кои на себе својствен начин, овоз-

---

[37] Соговорник - Секуловски Андрија, Претседател на Здружението за развој на алтернативен туризам - Љубојно (мај 2026).

[38] https://meetprespa.mk/%d0%b2%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%be_-%d0%b3%d1%83%d1%80%d0%bc%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d1%98-%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%b2%d0%be%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b5%d1%88%d0%bd%d0%b8/ (пристапено 01.09.2026)

[39] https://www.vecer.press/prespanska-sofra-vo-seloto-lubojno/; https://tera.mk/ljubojno_-manifestacija/ (пристапено 01.09.2026)

[40] https://resen.gov.mk/%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D1%98%D0%BE%D1%82-%D0%B4%D0%B5%D0%BB-%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%B4/ (пристапено 01.09.2026)

[41] Соговорник - Виолета Монавчевска, 01.09.2026 година.

[42] Соговорник - Секуловски Андрија, Претседател на Здружението за развој на алтернативен туризам - Љубојно (мај 2026).

[43] https://www.instagram.com/p/DIx2PE9gkVh/
https://www.facebook.com/ruralnizeniodprespa/about/?_rdr
https://www.facebook.com/slowfood.mk/
https://www.facebook.com/Ljubojno/ (пристапено 15.08.2026)

можуваат брзо и ефтино ширење на информациите и трендовите кон пошироката јавност. Ваквиот нов тренд честопати ги доведува во корелација туризмот и традиционалната храна[44], давајќи поширок осврт на нивната меѓузависност, потреби, влијанија, впечатоци и сл., но со единствен заклучок дека таквата врска, без оглед на територијата на која се однесува, иако не е пресудна, сепак е релевантна за посетеноста на одреден регион.

На овој начин, масовниот туризам кој во минатото беше еден од регионалните економски двигатели на Преспа, а и пошироко во Македонија, по огромиот процут во текот на 80-тите години, доживува свој драстичен пад. Тоа може да се забележи од бројните напуштени и/или уништени хотели, летовалишта и кампови сместени на повеќе локации во Преспа како што се Крани, Претор, Асамати, Отешево и др. За жал, во интернет изворите постојат малку податоци кои би се однесувале на Преспа, а ист е случајот и со туристичките податоци на страната на Општина Ресен. Во многу од поновите стратешки документи и стратегии, кои се изработени по 2009 година, Преспа е разгледувана како дел од Пелагонискиот плански регион, па соодветно на тоа, повторно достапноста на релевантни податоци е дискутабилна. Сепак, врз основа на она што може документарно да се забележи е тоа дека во достапните статистички податоци во рамки на изданијата на Државниот завод за статистика, во кои се внесени и податоци за периодот 1960-2015 година[45], туризмот во државата во периодот на 80-тите години доживува драстичен подем, а по распадот на Југославија, бројот на туристи значително опаѓа, па во последните години, повторно е во подем.

Согласно Стратегијата за локален економски развој 2023-2027, на Општина Ресен евидентно е дека туризмот и туристичките капацитети

[44] Svein Frisvoll, Magnar Forbord & Arild Blekesaune (2016) An Empirical Investigation of Tourists' Consumption of Local Food in Rural Tourism, Scandinavian Journal of Hospitality and Tourism, 16:1, 76-93, (пристапено 13.07.2026) http://dx.doi.org/10.1080/15022250.2015.1066918
Cuculeski Nikola (1), Petrovska Ilijana (2), Mircevska Petkovska Tatjana (3), „Emerging trends in tourism: need for alternative forms in Macedonian tourism", Review of innovation and competitiveness Volume 1, Issue 1, 2015, str 103-113 , (пристапено 13.07.2026) https://hrcak.srce.hr/file/229391
Stojanovic Zaklina, Ognjanov Galjina, Filipovic Jelena, "Traditional food and its implications for development of rural tourism in Serbia", MULTIFUNCTIONAL AGRICULTURE AND RURAL DEVELOPMENT (V) - regional specificities - II Book, p. 352-358, (пристапено 13.07.2026) https://www.ea.bg.ac.rs/index.php/EA/article/view/955/830

[45] Туризам во Република Македонија 2011 – 2015, Статистички преглед; Транспорт, туризам и други услуги, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, мај 2016 год., стр. 12
https://www.stat.gov.mk/publikacii/8.4.16.01.pdf?utm_source=chatgpt.com (пристапено на 31.08.2026)

имаат значителен удел во рамките на локалната економија во еден подолг временски период[46] и доколку зборуваме за поддржана институционална ревитализација на овој сегмент од традиционалната култура, треба да се обрне особено внимание на еден поширок и посеофатен пристап кој во себе ќе вклучи различни сегменти и ќе влијае директно врз посодржински и со тоа поодржлив развој на Преспа.

Заклучок

Врз основа на погоре изнесеното може да се заклучи дека подготовка на тури-печи како во делот на садовиот инвентар, така и во делот на рецептурата, го задржала својот континуитет. Промени од помал обем се среќаваат во делот на прилозите, кои на барање на консументите се додаваат, меѓутоа основната рецептура сè уште го поседува приматот.

Следејќи ги светските трендови сосема е јасно дека ревитализацијата на одреден сегмент од традиционалната исхрана не е процес кој може да се одвива сам за себе и независно од други фактори. Напротив, според досегашните искуства, една од најважните работи е креирањето на поширока интегрирана понуда, каде секој елемент или секое добро ќе има своја комплементарна улога во поширокиот систем.

Ова значи дека покрај бројните индивидуални и групни напори, чии позитивни резултати ги сведочиме, а кои дел од носителите на ова добро ги внесуваат во системот како сопствен влог, сепак недостига една поширока стратегија, која во себе ќе ги инкорпорира сите вредности и како понуда ќе биде претставена пред пошироката јавност и консументите, обезбедувајќи соодветен одржлив развој на заедниците и регионот воопшто.

Во оваа смисла слободно може да заклучиме дека и социјалните мрежи и интернет изворите играат значајна улога при промоцијата на секое од поединечните добра, а во случајот и промоцијата на тури-печи како еден од препознатливите елементи на Преспа.

Следењето на овие динамички процеси и во иднина ќе нудат нови и нови сознанија, но дали актуелната ревитализација на тури-печи е само времен тренд, кој по одреден период повторно ќе замре и ќе се заборави,

[46] Стратегијата за локален економски развој 2023-2027, Општина Ресен, https://arhiva.resen.gov.mk/wp-content/uploads/2023/06/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2023-2027.pdf (пристапено на 31.08.2026)

или ќе се одвива по нагорна линија, останува дополнително да биде анализирано.

Conclusion

Following the global trends, it is evident that the revitalization of specific elements of the traditional dishes cannot be developed on their own and independently of other factors. On the contrary, based on past experiences, one of the crucial things is to create a more comprehensive, integrated offer, in which every element will have a complementary role within the larger system.

This indicates that, in spite of numerous individual and collective efforts, whose beneficial outcome we are witnessing and whose carriers are contributing to the system as individual contributions, the broader strategy that incorporates all the values that can be presented as a joint offer before the general public and consumers, enabling long-term sustainable development of the communities and the region, is still lacking. Moreover, we have to emphasize the importance of using social media and online resources. They are crucial in the promotion of every element belonging to the tangible or intangible cultural heritage, including the promotion of traditional dish "turi-peci", as one of the significant markers of Prespa.

Following these dynamic processes in the future, they will provide us with new insights if the actual revitalization of turi-peci is merely a current trend, which after a time, it is destined to fade away, or it will follow the current's upward trajectory.

But this remains to be analyzed in the future.

Библиографија

Анастасовска Фима, „Пченкарното брашно во секојдневната исхрана и во некои обредни јадења кај Мијаците", Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997, стр.287-288

Белчев Толе, „Речник на турцизми, архаизми, дијалектизми и ретко употребувани зборови во македонскиот јазик", Штип, 2016, стр. 54

Боцев Владимир, „Исхраната на жителите на леринското село Врбени/Екши Су / во дваесеттите, триесеттите и четириесеттите години наXX век/, Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997, стр. 114-121

Груевски Т, „Народна исхрана в Југозападна Преспа" (Пробно научно испитување во селата Коњско, Стене, Лесковец, Отешево, Шурленци,

Волкодери, Прељубје, Долно Перово и Горно Перово) од фондот на Бранислав Русиќ, МАНУ, 1949 XI, 10, 166/8

Домазетовски Петко, „Исхраната на населението и готвење јадења во Долен Дримкол, струшко, Етнолог год. V бр. 7-8, Скопје 1997, стр. 453

Јашар – Настева Оливера, „Турските лексички елементи во македонскиот јазик“, Скопје 2001, стр. 90

Јовановски Владо „Долно Дупени“ – село во Преспа - (минато и сегашност), Скопје, 1994, стр. 148

Крстева Ангелина, „Празнична и обредна храна“, „Етнологија на Македонците“, Скопје 1996

Крстевска Милка, „Традицијата во исхраната за време на Белата недела (Сирница) во Македонија, стр.413

Лембо Стојан, „Љубојно, љубов наша“, Битола, 1996 год.

Слијепчевић – Глиба Драгица, „Исхрана у Преспи“ (Подмочани, Грнчари, Претор, Љубојно и с'источне стране варош Ресен и Царев Двор у средишњем делу и Лева Река у север. делу) 1955 III, 25 , 165/7 (теренски белешки на студент од фондот на Бранислав Русиќ, МАНУ)

Стојанова Мери, „Традиционалната исхрана на населението во Преспа“, Зборник на трудови бр.18, Битола 2015 год.,

Интернет извори:

Aditiya Faturahman* at all, “Revitalizing Traditional Colenak Cuisine Through Digital Platform Engagement Among Younger Generations|”, International Journal of Economic and Business Research, Vol 1 No 2 April 2026, (пристапено на 26.08.2026) https://researchfrontiers.id/profixa/index)

Jagodič Gregor, Petek Vita, “Revitalisation of cultural heritage and historical objects: from fragility to sustainable management in tourism”, Journal of Innovative Business and Management, p.2 (пристапено на 26.08.2026 преку DOI 10.32015/JIBM.2025.17.2.2)

Ralpovska Elizabeta, „Lexical features of the Macedonian dialects of the Prespa region“,SLAVICA HELSINGIENSIA 49, (пристапено на 31.08.2026) https://blogs.helsinki.fi/slavica helsingiensia/files/2019/11/sh49.pdf?utm_source=chatgpt.com

Saptadinata Abi, Purnamasari Mita, Maryetti, “The Preservation Ecosystem of Toge Goreng: An Analysis of Tourist, Youth Generation, and Culinary Business Perspectives in Achieving the Sustainability of Bogor's Traditional Cuisine” , International Journal of Travel, Hospitality and Events, Volume 4, Number 2, Year 2025 p. 163-173 (пристапено на 26,08,2026 преку DOI: 10.56743/ijothe.v4i2.533)

Svein Frisvoll, Magnar Forbord & Arild Blekesaune (2016) An Empirical Investigation of Tourists’ Consumption of Local Food in Rural Tourism, Scandinavian Journal of Hospitality and Tourism, 16:1, 76-93, пристапено (13.08.2026)

Cuculeski Nikola (1), Petrovska Ilijana (2), Mircevska Petkovska Tatjana (3), „Emerging trends in tourism: need for alternative forms in Macedonian tourism”, Review of innovation and competitiveness Volume 1, Issue 1, 2015 (пристапено 13.08.2026) https://hrcak.srce.hr/file/229391

Stojanovic Zaklina, Ognjanov Galjina, Filipovic Jelena, “Traditional food and its implications for development of rural tourism in Serbia”, MULTIFUNCTIONAL AGRICULTURE AND RURAL DEVELOPMENT (V) - regional specificities - II Book, p. 352-358, (пристапено 13.07.2026) https://www.ea.bg.ac.rs/index.php/EA/article/view/955/830

Туризам во Република Македонија 2011 – 2015, Статистички преглед; Транспорт, туризам и други услуги, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, мај 2016 год., https://www.stat.gov.mk/publikacii/8.4.16.01.pdf?utm_source=chatgpt.com (пристапено на 31.08.2026)

Стратегијата за локален економски развој 2023-2027, Општина Ресен, https://arhiva.resen.gov.mk/wp-content/uploads/2023/06/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-

%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2023-2027.pdf
(пристапено на 31.08.2026)

Истражувачки материјал:

http://dx.doi.org/10.1080/15022250.2015.1066918
(пристапено на 12.07.2026)

https://www.youtube.com/watch?v=GANb9vSQtFU
(пристапено на 12.07.2026)

https://nmd.mk/vkusna-flija-mnogu-slichna-na-gomleze-no-ushte-povkusno-retsept-koj-vredi-da-si-go-zapishete/; (пристапено на 10.06.2026)

https://www.aa.com.tr/mk/%D1%82%D1%83%D1%80%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%BF%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%84%D0%BB%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D0%BB%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%81-%D1%81%D0%B5-%D0%BD%D0%B5%D0%B3%D1%83%D0%B2%D0%B0/923542
(пристапено на 12.07.2026)

https://www.instagram.com/p/DIx2PE9gkVh/ (пристапено на 12.07.2026)

https://www.facebook.com/ruralnizeniodprespa/about/?_rdr
(пристапено на 12.07.2026)

https://www.facebook.com/slowfood.mk/ (пристапено на 26.07.2026)

https://www.facebook.com/Ljubojno/ (пристапено на 27.08.2026)

https://www.facebook.com/gotvimesomaja/videos/%D1%80%D0%B5%D1%86%D0%B5%D0%BF%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D1%93%D0%BE%D0%BC%D0%BB%D0%B5%D0%B7%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BB%D0%B0%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0-

%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-
%D0%BD%D0%B0-
%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%98%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D1%9A%D0%B5%D0%B1%D0%B8-
%D1%81%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%BB/317731884481439/;
(пристапено на 31.08.2026)

https://meetprespa.mk/%d0%b2%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%be-%d0%b3%d1%83%d1%80%d0%bc%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d1%98-%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%b2%d0%be%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b5%d1%88%d0%bd%d0%b8/ (пристапено 01.09.2026)

https://www.vecer.press/prespanska-sofra-vo-seloto-lubojno/;
https://tera.mk/ljubojno-manifestacija/ (пристапено 01.09.2026)

https://resen.gov.mk/%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D1%98%D0%BE%D1%82-%D0%B4%D0%B5%D0%BB-%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%B4/
(пристапено 01.09.2026)

Соговорници:

Ефтимовска Дијана, с. Подмочани, теренско истражување ACT4PRESPA, мај 2025 год

Марковска Олга с. Љубојно, теренско истражување ACT4PRESPA, август 2025 год

Марковска Митра родена 1912 год. во с. Љубојно, (усни кажувања од поодамнешен период)

Монавчевска Виолета, Ресен, теренски истражувања ACT4PRESPA, мај 2026 год д-р Мирчевска Мирјана, редовен професор на ИЕА при ПМФ, мај 2026

Мишева Оливера, Виш кустос, НУ Завод и Музеј – Охрид, јануари 2026

Секуловски Андрија, Претседател на Здружението за развој на алтернативен туризам - Љубојно, теренско истражување ACT4PRESPA, мај 2025 год

Ристески Љупчо, редовен професор на ИЕА при ПМФ, јуни 2026

УДК 730.03“19/20“(497.785)
УДК 691.214.8(497.785)“19/20“ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29

Маја Ралева МИЛАДИНОВСКИ*

УМЕТНИЧКИ ИДЕНТИТЕТ НА ПРИЛЕП НИЗ ПРИЗМА НА ТРИ ГЕНЕРАЦИИ ВАЈАРИ ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ

Апстракт: *Трудот ја разгледува појавата и развојот на вајарството во Прилеп преку творештвото на прилепските вајари од втората половина на XX век до современиот период. Анализата се фокусира на три генерации автори, почнувајќи од пионерите кои ја поставуваат основата на локалната скулпторска практика, продолжувајќи со авторите кои ја продолжуваат, развиваат и афирмираат скулптурата преку модернистички и експериментални пристапи, па сѐ до современите уметници кои воведуваат нови концепти и материјали. Посебно внимание се посветува на улогата на прилепскиот мермер како карактеристичен материјал, како и на влијанието на локалниот културен контекст врз обликувањето на уметничкиот израз. Преку компаративна анализа на творештвото на три генерации вајари се согледуваат континуитетите и трансформациите што придонесуваат за формирање на препознатлив уметнички иденти-тет на Прилеп.*

Клучни зборови: *вајарство, Прилеп, прилепски вајари, уметнички идентитет, прилепски мермер, современа скулптура.*

Вовед

Развојот на вајарството во Прилеп претставува значаен сегмент од културната и уметничката историја на градот. Благодарение на богатите природни ресурси, пред сѐ на прилепскиот мермер, како и на континуира-ното присуство на академски образовани уметници, во текот на втората по-ловина на XX и почетокот на XXI век се формира препознатлива скулптор-ска традиција. Во овој период Прилеп се афирмира како едно од значајните средишта на современото македонско вајарство, во кое делуваат повеќе ге-нерации автори, чиј творечки опус придонесува за обликување на локал-ниот уметнички идентитет.

Во контекст на оваа уметничка традиција, посебно место заземаат прилепските вајари кои преку своето творештво придонеле за развојот и афирмацијата на скулптурата како значаен сегмент од современата ликовна уметност. Нивната работа се движи од класични фигуративни решенија и монументална пластика до современи експериментални форми, при што се забележуваат различни стилски и концептуални пристапи. Анализата на нивното творештво

* М-р Маја Ралева Миладиновски, Соработник за меѓународна соработка во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, ул. „Александар Македонски“, бр. 400, Прилеп, е-пошта: majaralevamiladinovski@gmail.com

овозможува согледување на развојните процеси, стилските трансформации и континуитетот на скулпторската практика во локалниот културен контекст.

Значењето на вајарството за ова поднебје

Вајарството во Прилеп има специфична културна и уметничка димензија што произлегува од долгата традиција на обработка на камен и мермер. Присуството на квалитетни природни ресурси, особено прилепскиот мермер, создава поволни услови за развој на скулпторската практика и во голема мера влијае врз формирањето на локалниот уметнички израз. Овој материјал, кој со децении се користи и во архитектурата и во скулптурата, станува препознатлив елемент во творештвото на повеќе генерации при-лепски вајари.

Покрај материјалниот аспект, вајарството има значајна улога и во обликувањето на визуелниот идентитет на градот. Бројните јавни скулптури, меморијални комплекси и спомен-обележја присутни во урбаниот простор, придонесуваат за создавање на препознатлив културен пејзаж. Преку овие дела, скулптурата функционира не само како уметничка форма, туку и како медиум преку кој се артикулираат колективната меморија, историското наследство и современите културни вредности.

Во таа смисла, вајарството во Прилеп претставува важен сегмент од локалниот културен идентитет, во кој се преплетуваат природните ресурси, уметничката традиција и творештвото на повеќе генерации автори. Континуитетот на оваа практика сведочи за значајната улога што скулпторската уметност ја има во културниот развој на градот и неговата поширока уметничка средина.[1]

Првата генерација вајари во Прилеп – аналитички осврт

Првата генерација вајари од Прилеп, претставена преку **Димо Тодоровски[2], Јордан Грабул[3], Боро Митрикески, Драган Попоски – Дада, Бранко Конески, Борис Николоски, Борис Дунимаглоски и Орде Ма-кески**, ја поставува основата на развојот на скулпторската уметност во градот и поширокиот регион.[4] Нивното творештво претставува почетна фаза во формирањето на локалната скулпторска традиција, која се развива во втората половина на XX век во рамките на современата македонска ликовна сцена.

Авторите од оваа генерација се одликуваат со силно влијание на академското образование и со ориентација кон класичните скулпторски принципи, особено во однос на формата, композицијата и обработката на материјалот. Во нивните дела често се присутни фигуративни претстави, портрети и

[1] Центар за современа ликовна уметност – Прилеп, Меѓународен симпозиум за скулптура „Мермер“, Прилеп, 1963–2023.

[2] Димо Тодоровски, Јама, скулпторска композиција, бронза, 1956.

[3] Јордан Грабул, Македониум, споменик, Македониум, 1974.

[4] Конча Пиркоска, „Скулптурата на македонското тло“, Македонска цивилизација, Скопје, 2010.

монументални пластики, кои се карактеризираат со нагласена пластичност и стремеж кон хармонична форма.

Особено значајна е употребата на природниот камен, пред сè прилепскиот мермер, кој станува еден од препознатливите материјали во нивното творештво. Преку неговата обработка овие автори не само што ја истражуваат материјалната структура и естетските потенцијали на каменот, туку и воспоставуваат силна врска меѓу локалната природна средина и уметничкиот израз.

Покрај стилските особености, придонесот на оваа генерација се согледува и во нивната улога како иницијатори на скулпторската практика во Прилеп. Нивното творештво создава основа врз која подоцнежните генерации уметници ќе го развиваат и надградуваат локалниот уметнички идентитет. На тој начин, првата генерација претставува темелна фаза во еволуцијата на прилепското вајарство, поставувајќи ги основните естетски и концептуални насоки кои ќе продолжат да се развиваат во следните децении.[5]



Сл. 1. Димо Тодоровски, Јама, скулпторска композиција, 1956, бронза



Сл. 2. Јордан Грабул, релјефи од меморијалниот комплекс Илинден, Крушево, 1970


Втората генерација вајари во Прилеп – аналитички осврт и компаративна анализа со првата генерација

Втората генерација вајари од Прилеп, меѓу кои се Славе Ајтоски[6], Богдан Грабулоски - Боначо, Сотир Николоски - Сотка, Виолета Блажеска, Жарко Башески, Петре Николоски[7], Станко Павлески и Атанас Атанасоски, претставува фаза на континуитет и истовремено трансформација во локалното вајар-

[5] Борис Петковски, *За македонската уметност*, Скопје: Наша книга, 1989, стр. 145–148.
[6]Славе Ајтоски
https://mk.wikipedia.org/wiki/Друштво_на_ликовните_уметници_Македонци_во_Србија
https://makinfo.rs
[7] Петре Николоски https://msu.mk/collection/petre-nikolovski/

ство. Тие ја надградуваат основата што ја поставила првата генерација, пренесувајќи ги класичните принципи на форма, композиција и обработка на материјалот, но истовремено воведуваат нови стилски и концептуални решенија.

Главната разлика од првата генерација се забележува во **постепено отворање кон модернистички и експериментални форми**. Авторите од втората генерација почнуваат да применуваат нови материјали покрај традиционалниот прилепски мермер, како метал и комбинирани медиуми[2]. Фигуративните мотиви остануваат присутни, но се појавуваат и апстрактни елементи, кои ја збогатуваат пластичноста и визуелниот израз на делата. Исто така, повеќе внимание се посветува на интеграцијата на скулптурата во јавниот простор и на концептуални теми кои рефлектираат современи културни и социјални процеси.



Сл. 3 – Славе Ајтоски „Еруптивни форми“ 2026



Сл. 4. Богдан Грабулоски – Боначо – апстрактна скулптура

Компаративна анализа на првата и втората генерација вајари во Прилеп

- **Стил:** Првата генерација се движи кон класичен реализам и фигуративна монументална пластика, додека втората генерација ја проширува естетската палета со модернистички и апстрактни елементи.
- **Материјал:** Првата генерација доминантно користи мермер и камен; Втората генерација експериментира и со метал, дрво и комби-нирани медиуми.

- **Тематска определба:** Првата генерација ја нагласува националната меморијална и јавна скулптура; Втората генерација воведува современи теми, локални мотиви и концептуални решенија.
- **Просторна интеграција:** Втората генерација повеќе се ангажира со интеграција на скулптурата во урбаниот простор и во музеи, додека првата генерација повеќе се фокусира на самостојни монументални дела.



Сл. 5 Круг (од циклусот Простори), 1989 Дрво, коноп, 220 x 220 x 80 см

На овој начин, втората генерација ја продолжува традицијата на прилепското вајарство, но ја трансформира и адаптира кон новите естетски, концептуални и материјални предизвици. Таа генерација претставува **мост помеѓу класичниот пристап на првата генерација и современите експериментални форми на третата генерација**, овозможувајќи континуитет на локалниот уметнички идентитет, истовремено внесувајќи нови иновативни елементи.

Третата генерација вајари во Прилеп – уметнички идентитет

Третата генерација вајари од Прилеп, претставена преку Емил Солески[8], Софија Грабулоска, Александар Дудески, Влатко Николоски, Марија Стојаноска, Марјан Стојаноски, Маја Ралева Миладиноски, Миле Брцески, Давид Атанасоски[9] и Методи Исков, ја наследува традицијата воспоставена од претходните генерации, но истовремено ја трансформира преку современи концепти, медиуми и интердисциплинарни пристапи. Нивното творештво се развива во контекст на современите уметнички текови, при што локалната традиција се преиспитува и реинтерпретира во нови визуелни и концептуални рамки.

За разлика од првата генерација, која се потпира на класичниот фигуративен израз и од втората генерација, која воведува модернистички и експериментални елементи, третата генерација се карактеризира со изразена

[8] https://muzejohrid.mk/ керамикум-во-мермер-од-ликовниот-умет/
https://zenit.mk/2025/09/27/nasmeani-licza-i-sostojbi-od-emil-soleski/
[9] https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/ давид-атанасоски-учесник-на-остеново/

концептуалност и слобода во пристапот кон формата. Во нивните дела се забележува отстапување од традиционалната скулпторска маса кон поотворени, често апстрактни или минималистички решенија, при што формата не е само естетска категорија, туку носител на идеја и значење.




Сл. 6 Емил Солески „Керамикум во мермер“

Особено значајна е употребата на нови материјали и техники, кои ја прошируваат класичната дефиниција на вајарството. Покрај каменот и мермерот, кои остануваат присутни како симбол на локалната традиција, се користат и метал, индустриски материјали, комбинирани медиуми, па дури и инсталации и просторни интервенции. Овој пристап укажува на трансформација на вајарството од традиционална дисциплина кон пошироко сфатена визуелна и просторна практика.

Уметничкиот идентитет на оваа генерација се гради и преку интердисциплинарност, односно преку поврзување на скулптурата со други уметнички форми, како што се инсталацијата, перформансот и современите визуелни медиуми. На тој начин, вајарството не се третира само како статична форма, туку како динамичен процес кој комуницира со просторот, публиката и современите општествени контексти.

Во овој контекст, третата генерација вајари претставува значаен чекор во еволуцијата на прилепското вајарство, при што се воспоставува нов уметнички идентитет кој ја задржува врската со традицијата, но истовремено ја отвора кон современите уметнички тенденции. Нивното творештво сведочи за процес на континуирана трансформација, во кој локалното и современото се преплетуваат, создавајќи комплексна и динамична уметничка сцена.



Сл. 7 Давид Атанасоски
„*shelter in the newspaper* **“**

Современа генерација прилепски вајари

Современата прилепска скулпторска сцена претставува продолжение на една силна уметничка традиција, поставена од автори како Петар Хаџи-Бошков, но истовремено и простор на нови истражувања, експерименти и индивидуални изрази. Во таа смисла, младата и средната генерација вајари од Прилеп создаваат динамична и разновидна уметничка слика, во која се преплетуваат фигурацијата, апстракцијата и концептуалниот пристап.

Меѓу поистакнатите имиња од оваа сцена се Емил Солески, Софија Грабулоска, Марјан Стојаноски[10], Маја Ралева Миладиноски, Миле Брцески, Давид Атанасоски и Методи Исков[11], кои иако припаѓаат на различни уметнички сензибилитети, заеднички придонесуваат за развојот на современата скулптура во градот.

Во нивното творештво може да се забележат неколку клучни насоки. Едната е фигуративната, каде човечкото тело и неговата експресија остануваат централна тема. Овој пристап е видлив кај автори како Брцески и Павлоски, кои преку стилизирани форми и нагласена динамика ја истражуваат човечката емоција, движењето и внатрешната состојба. Фигурацијата кај нив не е класично академска, туку трансформирана во современ визуелен јазик. Паралелно со оваа линија, се развива и апстрактната и концеп-туалната скулптура, најизразена кај Стојаноски, чиј интерес е насочен кон универзални теми како времето, просторот и космичката енергија. Неговите метални конструкции, често со ротирачки елементи, ја надминуваат традиционалната форма и внесуваат елементи на движење и интеракција. Меѓу овие две крајности се наоѓаат автори како Исков, кај кои се забележува балансиран однос меѓу фигурацијата и апстракцијата. Нивниот пристап е поумерен, со тенденција кон симболично поедноставување на формата и истражување на односот меѓу масата и просторот.

Заедничка карактеристика на оваа генерација е и користењето на современи материјали и техники. Металот, како доминантен медиум, често се комбинира со полиестер, дрво или други индустриски материјали, што укажува на отвореност кон експеримент и интердисциплинарност. Воедно, скулптурата сè почесто се доживува не само како статичен објект, туку и како просторна и концептуална инсталација.

Значајна улога во развојот на оваа сцена има ДЛУП (Друштво на ликовни уметници Прилеп), кое преку изложби, колонии и културни настани создава платформа за презентација и меѓусебна комуникација на уметниците. Исто така, институции како Центар за култура Марко Цепенков се клучни за афирмација на нивното творештво пред поширокатa јавност.

Младата генерација прилепски вајари претставува витален и разновиден сегмент од македонската современа уметност. Таа ја продолжува традици-

[10] https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/ изложба-на-скулптури-од-Марјан-Стојан/
[11] https://arhiva.zaum.mk/ празна-галерија/

јата, но истовремено ја преиспитува и надградува, создавајќи нови визуелни јазици и отворајќи простор за идни уметнички развои.



Сл. 9 Марјан Стојаноски



Сл. 10 Методи Исков

Заклучок

Развојот на вајарството во Прилеп претставува континуиран и слоевит процес, во кој јасно се препознаваат трансформациите на уметничкиот израз низ три генерации автори. Првата генерација ги поставува темелите на современото вајарство, воспоставувајќи формални, материјални и тематски определби што ќе станат основа за понатамошниот развој. Втората генерација ја презема оваа основа, но ја проширува преку модернистички и експериментални пристапи, создавајќи динамичен дијалог меѓу традицијата и новите уметнички тенденции. Третата генерација, пак, го трансформира вајарството во пошироко сфатена визуелна и концептуална практика, отворајќи го кон интердисциплинарни истражувања и современи изразни средства.

Присуството на локалната традиција, особено преку употребата на каменот и мермерот како карактеристични материјали, претставува клучен фактор што го поврзува творештвото на сите генерации. Истовремено, секоја генерација воспоставува сопствен уметнички идентитет, со што се создава континуитет што не е статичен, туку подложен на постојани промени и надградби.

Во таа смисла, прилепското вајарство може да се разгледува како значаен сегмент од националната уметничка сцена, кој преку својата еволуција ја отсликува поширокатa динамика на современата уметност. Континуитетот, заедно со способноста за трансформација, го позиционира ова творештво како релевантна и жива уметничка практика, која и понатаму се развива во согласност со современите културни и естетски тековi.

Резиме

Трудот го анализира развојот на вајарството во Прилеп преку три генерации вајари, со посебен осврт на нивниот уметнички израз, материјали и концептуални пристапи. Истражувањето се базира на анализа на дела, архивска документација и музејски извори, при што се согледува континуитетот и трансформацијата на скулпторската практика во овој регион.

Првата генерација ги поставува темелите на современото вајарство, афирмирајќи ја фигуративната форма и традиционалните материјали, особено каменот и мермерот. Втората генерација го проширува овој израз преку модернистички тенденции и експерименти со форма и материјал, воспоставувајќи динамичен однос помеѓу традицијата и современоста. Третата генерација внесува нови медиуми, концептуални пристапи и интердисциплинарни практики, трансформирајќи го вајарството во пошироко сфатена визуелна уметност.

Заклучно, прилепското вајарство се потврдува како континуирана и развојна уметничка практика, која преку својата еволуција го одразува културниот и уметничкиот идентитет на регионот, но и неговата поврзаност со современите уметнички текови.

Abstract

The paper analyzes the development of sculpture in Prilep through three generations of sculptors, with a specific focus on their artistic expression, materials, and conceptual approaches. The research is based on the analysis of artworks, archival documentation, and museum sources, examining the continuity and transformation of sculptural practice in this region.

The first generation laid the foundations of contemporary sculpture, affirming the figurative form and traditional materials, particularly stone and marble. The second generation expanded this expression through modernist tendencies and experimentation with form and material, establishing a dynamic relationship between tradition and modernity. The third generation introduces new media, conceptual approaches, and interdisciplinary practices, transforming sculpture into a broader visual art form.

In conclusion, Prilep's sculpture confirms itself as a continuous and evolving artistic practice, which, through its evolution, reflects the cultural and artistic identity of the region, as well as its connection with contemporary artistic trends.

Користена литература

1. Центар за современа ликовна уметност – Прилеп, Меѓународен симпозиум за скулптура „Мермер“, Прилеп, 1963–2023.
2. Конча Пиркоска, „Скулптурата на македонското тло“, Македонска цивилизација, Скопје, 2010.
3. Борис Петковски, *За македонската уметност*, Скопје: Наша книга, 1989, стр. 145–148.

4. Борис Петковски — современа македонска скулптура, постмодерна уметност и нови медиуми, транзиција од класично вајарство кон инсталација.

Користени интернет материјали:

Славе Ајтоски –„Ерупртивни форми" 2026
https://mk.wikipedia.org/wiki/Друштво_на_ликовните_уметници_Македонци_во_Србија https://makinfo.rs

Петре Николоски https://msu.mk/collection/petre-nikolovski/
https://arhiva.zaum.mk/петре-николоски-petre-nikoloski_/

https://muzejohrid.mk/керамикум-во-мермер-од-ликовниот-умет/

https://zenit.mk/2025/09/27/nasmeani-licza-i-sostojbi-od-emil-soleski/

https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/давид-атанасоски-учесник-на-остеново/

https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/изложба-на-скулптури-од-марјан-стојан/

https://arhiva.zaum.mk/ празна-галерија/

УДК 069.51:[091:003.349(497.786)“18“
УДК 930.85:329.73:[821.163.3“18“ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 29

АНЕТА ПОПАНТОСКА*

„РАЗЛИЧНА ПОУЧИТЕЛНА НАСТАВЛЕНИЈА“ НА ЈОАКИМ КРЧОВСКИ - СВЕДОШТВО ЗА ДУХОВНАТА И КУЛТУРНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Апстракт: *Овој труд го разгледува културно-историското значење на книгата Различна поучителна наставленија од Јоаким Крчовски, зачувана во збирката Културна преродба во НУ Музеј на РС Македонија, како важен музејски експонат и сведоштво за духовниот и културниот развој на македонскиот народ во почетокот на XIX век. Преку музеолошка анализа на книгата, нејзината содржина и историскиот контекст на нејзиното создавање, трудот ја истакнува улогата на Крчовски како еден од првите македонски просветители и автори кои пишувале на народен јазик. Посебно внимание се посветува на значењето на печатената книга како средство за ширење на писменоста, религиозното образование и духовното просветување на народот. Исто така, се разгледува и улогата на музејските институции во зачувувањето и интерпретацијата на ваквите културни артефакти. Со анализата на книгата се доаѓа до заклучок дека делото на Крчовски претставува исклучително важен сегмент во процесот на културна и национална еманципација во рамките на македонската преродба и значајно сведоштво за развојот на македонската книжевна и духовна традиција.*

Клучни зборови: *Јоаким Крчовски, македонска преродба, музејски експонати, културно наследство, македонска книжевност, духовна култура.*

Затова ви се молим, мои братија христијани, секогаш да се поучавате сос книги, зашто то читање и слушање слово Божие голема сила и спасение бива на душата

Јоаким Крчовски

Културното наследство претставува значаен извор за проучување на духовниот и историскиот развој на еден народ. Особено важна улога во зачувувањето и интерпретацијата на ова наследство имаат музејските институции, кои преку своите збирки чуваат вредни материјални сведоштва за културните и општествените процеси во минатото. Меѓу ваквите сведоштва посебно место заземаат старите печатени книги, кои не само што ја одразуваат духовната мисла на своето време, туку сведочат и за развојот на писменоста, образованието

* Виш кустос Анета Попантоска, НУ Музеј на Република Северна Македонија.

и културната самосвест. Во тој контекст, книгата *Различна поучителна наставленија* на Јоаким Крчовски претставува значаен историски и културен документ[1]. Ова дело овозможува подлабоко согледување на просветителската дејност на авторот и неговата улога во процесот на духовно и културно будење на македонскиот народ во почетокот на XIX век[2].

Развојот на македонската книжевност во XIX век се одвивал во сложени историски и општествени услови. Иако книжевната дејност во овој период била релативно скромна, таа претставувала значаен чекор во процесот на културно и национално освестување на македонскиот народ. Пишаната традиција постепено се развивала врз основа на богатото усно народно творештво – легендите, приказните, поговорките и народните песни[3]. Како што ќе напише Блаже Конески - „новата македонска литература израсна од длабоките корени на народната традиција и духовната култура на народот“[4], односно дека усната традиција претставувала основа врз која се развивала новата книжевна култура и националната самосвест.

Во услови на ограничени образовни можности и долг период на не-писменост, токму просветителите одиграле клучна улога во духовното будење на народот. Конески нагласува дека „преродбениците не беа само писатели, туку и учители, проповедници и будители на националната свест“[5]. Меѓу овие личности особено значајно место зазема Јоаким Крчовски. Поради потребата овие културни богатства да се зачуваат на едно место, како најадекватни институции се јавуваат музеите, бидејќи овие предмети претставуваат значајни материјални извори за проучување на културната историја на народите[6].

Музејот на Република Северна Македонија, во своите колекции чува бројни сведоштва за духовниот и културниот живот на македонскиот народ. Меѓу нив особено место зазема книгата *Различна поучителна наставленија* од Јоаким Крчовски[7].

Овој музејски предмет е заведен под инвентарен број 8997И, претставувајќи значаен историски артефакт кој сведочи за раните обиди за пишување и печатење на македонски народен јазик. Поради својата старост и несоодветниот третман пред да дојде во Музејот, книгата е во незавидна состојба и затоа во моментов се наоѓа на конзервација во НУБ „Свети Климент Охридски“ - Скопје заради нејзина целосна заштита.

Книгата е со тврд кожен повез во темнокафеава боја, без дополнителни обележја, со димензии 19 × 24,5 см (слика 1).

---

[1] Крчовски, Јоаким. *Различна поучителна наставленија*. Будим, 1819.
[2] Конески, Блаже. *Историја на македонската литература*. Скопје, Култура, 1985.
[3] Сталев, Георги. *Историја на македонската книжевност*, I, Скопје: Институт за македонска литература, 1981.
[4] Конески, Блаже. *Македонскиот јазик во развојот на словенските јазици*. Скопје, 1967.
[5] Конески, Блаже. *Историја на македонската литература,* Скопје, Култура, 1985
[6] Матковски, Александар. *Историја на Македонија*. Скопје, 1994.
[7] МАНУ. *Свечен собир посветен на Јоаким Крчовски*, Ѓорѓи Филиповски (ур.), Скопје, 1974.



Сл. 1

Нејзината состојба покажува видливи траги од долготрајна употреба, што укажува дека книгата била активно користена во духовниот и образовниот живот на заедницата.

Првите страници содржат ракописни белешки напишани со црковнословенски букви, дел со мастило, а дел со молив (слика 2). Овој спој на печатен и ракописен текст сведочи дека книгата служела како практично средство за читање, учење и религиозно поучување.



Сл. 2

На третата страница се наоѓа насловот на книгата - *Различна поучителна наставленија*, а под него се наоѓа името на авторот Јоаким хаџи (слика 3).

Понатаму следува посвета до „благодетелот“ настоанїємъ же почтенороднагѡ господара нешꙋ марковича родомъ ѿ кратова, кој го помогнал печатењето на делото.


РАЗЛИЧНА
ПОУЧИТОВНА НАСТАВЛЕНІА
СОЧИНЕННАА ІЕРОМОНАХОМЪ
ІѠАНИКІЄМЪ ХАДЖІ
НАСТОЯТЕЛЕМЪ ЕЯ
ПОЧТЕНОРОДНАГѠ ГОСПОДАРА
НЕШЫ МАРКОВИЧА
РОДОМЪ Ѿ КРАТОВА
3137
ВЪ ЕДИНОМЪ ТОМѢ.
Печатано при Královském Universitetském písmu Slawensko-Serbském
печатни. 1819.

Сл. 3

Особено впечатлива е илустрацијата која го претставува Исус Христос седнат на престол, опкружен со декоративни орнаменти. Ваквите графички елементи биле карактеристични за религиозните изданија од почетокот на XIX век (слика 4).



Сл. 4


Под цртежот пишува дека книгата е отпечатена во Будим, печатено при Врале́вскомъ Оу҃ни҃вєсїтѣтѣ писмены Славено-Се́рбскїа, печа́тни, 1819 (слика 5).




Сл. 5

Во тоа време, Будим претставувал еден од најважните печатарски центри за православните народи на Балканот, каде што биле печатени бројни богословски и просветителски дела.

На една од следните страници, во горниот дел се наоѓа орнаментирана шара, а под неа следува листа на луѓе кои најверојатно го потпомогнале печатењето на книгата и на кои авторот им се заблагодарува со зборовите поманѝ гд҃и всѣхъ правосла́вныхъ. На списокот се наведени вкупно 87 луѓе кои го помогнале печатењето, собирајќи 2229 гроша. Броевите пред имињата, како и пресметката, се напишани отпосле, со рака (слики 6 и 7).



Сл. 6



Сл. 7

Овој податок претставува значајно сведоштво за општествената поддршка на книжевната и просветителската дејност во тој период.


Книгата започнува со текстот „Виденията на Свети Василиј“, проследен со богата орнаментика. Над насловот, во горниот дел на страницата има

цртеж на Исус Христос, кој е украсен со раскошни орнаментирани шари. Исус Христос на себе носи наметка, десната рака му е крената, а во левата држи развиорено знаме, на кое се наоѓа симболот на христијанството – крстот (слика 8).




Сл. 8

На последната страница, која е оштетена, во горниот десен агол се наоѓа вториот дел од содржината која е напишана со ракописни црковнословенски букви. Од другата страна има текст напишан со молив, кој продолжува и на задната корица на книгата (слики 9 и 10).



Сл. 9



Сл. 10

На вкупно 310 страници, Крчовски собрал религиозни текстови, „поученија“ и толкувања на библиски теми. Голем дел од текстовите се засноваат на толкувања на Стариот и Новиот завет, како и на беседите на Јован Златоуст[8]. Неговата цел била да ги образува и воспитува читателите, поттикнувајќи ги да живеат во согласност со христијанските морални вредности. Крчовски ги набројува „греховите“ на луѓето: пијанството, лекомисленоста, суеверието, грабежот... ги напаѓа богатите дека богатството го стекнале со труд на сиромасите,

[8] Крчовски, Јоаким. *Различна поучителна наставленија*. Будим, 1819

порачувајќи им на луѓето дека треба да читаат, бидејќи читањето е храна за душата, а книгата го подигнува умот. Во оваа книга, во *Словото заради завист*, кое е преземено од Библијата, тој ја открива својата желба да поучува и воспитува во христијански дух, осудувајќи ги оние што празнуваат „како еретици сос игри и сос песни дјаволски“[9].

За родоначалникот на новата македонска книжевност, Јоаким Крчовски, немаме ниту еден конкретен, пишуван или архивски, документ врз чија база би можеле барем донекаде да го склопиме неговиот животен пат. Неговиот животопис е некомплетен и не се знае каде се родил и каде умрел. Тој бил познат во своето време, но останал таинствен за иднината, таинствен до тој степен што до ден денес не се знае ниту кога, ниту каде е роден, ниту, пак, се знае нешто за неговата смрт[10]. Во науката се претпоставува дека е роден околу средината на XVIII век, а се упокоил околу 1820 година. За местото на раѓање се водат полемики. Според народните преданија негови места на раѓање се с. Осломеј, Кичевско (Турците и денес го именуваат како Крчово), според кое се претпоставува дека и го добил презимето Крчовски, но и с. Крчово во Демир Хисар[11].

Биографски податоци не можат да се пронајдат ниту во неговите 5 дела, кои се издадени од 1814-1819 година, во Будим, „писменіј Кралев. Всеучилишта Унгарскаго“[12]:

- Слово исказаное заради умирание;
- Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христова;
- Митарства;
- Чудеса пресвјатија Богородици;
- Различна поучителна наставленија.

Во нив, според редоследот на издавање, може само да се прочита за неговиот напредок од даскал до монах и од монах во јеромонах. Тој е еден од првите учители во манастирските училишта во кои наставата се изведувала на народен јазик. Овој деец и просветител животот го посветил во пишување и печатење книги на македонски народен јазик. Пишувал на кратовско-кривопаланечки говор, со јазични примеси од западномакедонскиот и старословенскиот говор. За неговата учителска работа нема сигурни податоци, а дека бил учител од стар ков сведочи и името „даскал“. Од народните преданија дознаваме дека за прв пат вовел учење за машки и женски деца во Кратово, а така останало и по неговата смрт.

[9] МАНУ. *Епоха Свети Климент Охридски* 3, Скопје, 2016

[10] Сталев, Георги. *Историја на македонската книжевност*, I, Скопје: Институт за македонска литература, 1981

[11] Тушевски, Ванчо. *Јоаким Крчовски и изворите на некои од неговите дела*. Скопје: Студентски збор, 1985.

[12] Конески, Блаже. *Македонската литература во 19 век (краток преглед и текстови)*. Скопје: Државно книгоиздателство на НР Македонија, 1950.

Конкретно, делата на Крчовски одиграле голема улога во тој долг пат на опстанок, пат исполнет со безброј „прокљатија“ и „всепоганија“. Она што Вук Караџиќ во 1821/22 година го сметал за „бесправилна смјеса“ од бугарскиот, рускиот и словенскиот јазик, денес се означува како прва етапа на формирање македонски литературен јазик, засебен, различен од трите спомнати јазика, припадник на словенската група јазици[13].

„Преродбениците не беа само писатели, туку и учители, проповедници и будители на националната свест“, ќе напише ненадминливиот Блаже Конески[14]. Токму затоа, значењето на македонската книжевност од XIX век е несомнено, бидејќи тогаш ширум се отвораат вратите на сопственото самочувство. Се будат силните творечки пориви и незадржливиот стремеж кон враќањето на достоинството. Македонскиот народ повторно стапнува на сцената на светската историја за да ја покаже и уште еднаш да го потврди својот незадржлив креативен вруток, идентитет и култура. Оттука, книжевната дејност на Јоаким Крчовски претставува значаен дел од процесот на духовната и културната еманципација на македонскиот народ. Неговите книги не се само религиски „поученија“, туку и значајни историски документи кои сведочат за стремежот кон образование, писменост и културна самосвест.

Како што истакнува Блаже Ристовски, „македонската преродба претставува процес на духовно будење во кој книгата станува најсилното средство за културна и национална еманципација“[15]. Од тие причини, зачувувањето на ваквите дела во музејските институции има уште поголемо значење, бидејќи тие претставуваат материјални сведоштва за духовниот и културниот континуитет на македонскиот народ и неговиот стремеж кон просвета, култура и национална самобитност.

На крај, би сакала да завршам со зборовите на проф. д-р Валентина Миронска-Христовска: „Јазикот, народните обичаи, традицијата, беа оружјето со кое македонскиот народ си го одбрани и го зачува својот идентитет, кој има посебно значење во XXI век кога повторно има радикални промени како во XIX век“[16].

Summary:

The development of Macedonian literature during the nineteenth century unfolded under complex historical and social circumstances. Although literary activity during this period was relatively modest in scope, it represented a significant milestone in the cultural and national awakening of the Macedonian people.

As Blaže Koneski observed, “The revivalists were not only writers, but also teachers, preachers, and awakeners of national consciousness.” For this reason, the

[13] МАНУ, Свечен собир посветен на Ј. Крчовски, Скопје, 1974.
[14] Конески, Блаже. *Историја на македонската литература*. Скопје, Култура, 1985
[15] Ристовски, Блаже. *Историја на македонската нација*. Скопје: МАНУ, 2001
[16] Миронска - Христова, Валентина, *Македонскиот идентитет и идентитетите на Балканот*, Историја год. XLVII, бр.1, 2012

significance of nineteenth-century Macedonian literature is beyond dispute. The doors of self-awareness were widely opened. Powerful creative impulses were awakened, along with an enduring aspiration to reclaim dignity. The Macedonian people re-emerged on the stage of world history to demonstrate and reaffirm their inexhaustible creative drive, identity, and culture. Within this context, the literary activity of Joakim Krčovski represents an important part of the process of the spiritual and cultural emancipation of the Macedonian people. His books are not only religious teachings; they are also valuable historical documents that testify to the pursuit of education, literacy, and cultural self-awareness. What Vuk Karadžić described in 1821/22 as a "disorderly mixture" of Bulgarian, Russian, and Slavic languages is today recognized as the earliest stage in the development of the Macedonian literary language— a distinct language, separate from those mentioned above, and belonging to the Slavic language group.

The preservation of such works within museum collections is therefore of particular importance. They serve as tangible evidence of the spiritual and cultural continuity of the Macedonian people and of their commitment to education, culture, and national identity.

Библиографија (Литература)

1. Крчовски, Јоаким. *Различна поучителна наставленија*. Будим, 1819.
2. Конески, Блаже. *Историја на македонската литература*. Скопје, Култура, 1985.
3. Конески, Блаже. *Македонскиот јазик во развојот на словенските јазици*. Скопје, 1967.
4. Конески, Блаже. *Македонската литература во 19 век (краток преглед и текстови)*. Скопје: Државно книгоиздателство на НР Македонија, 1950.
5. МАНУ. *Епоха Свети Климент Охридски*, 3, Скопје, 2016
6. МАНУ. *Свечен собир посветен на Јоаким Крчовски*, Ѓорѓи Филиповски (ур.), Скопје, 1974
7. Матковски, Александар. *Историја на Македонија*. Скопје, 1994.
8. Миронска-Христова, Валентина, *Македонскиот идентитет и идентитетите на Балканот,* Историја год. XLVII, бр.1, 2012.
9. Првите знаци на преродбата кај македонскиот народ. Web. 20 March 2008. http://www.povardarska-eparhija.org.mk/pe//index.php?option=com_content&task=view&id=298&Itemid=84 (посетена на 1 март 2026 година)
10. Ристовски, Блаже. *Историја на македонската нација*. Скопје: МАНУ, 2001.
11. Сталев, Георги. *Историја на македонската книжевност*, I, Скопје: Институт за македонска литература, 1981.
12. Тушевски, Ванчо. *Јоаким Крчовски и изворите на некои од неговите дела*. Скопје: Студентски збор, 1985.

Зоран АЛТИПАРМАКОВ*

ЗАБЕЛЕШКИ и ПРЕДЛОЗИ

кон Предлогот на Закон за заштита на културното наследство, објавен на ЕНЕР, со Датум на објава од 30.04.2026г. [1]

Апстракт

Приложениот труд конкретно е резултат на двегодишната работа како член во работната група за изработка на нов Закон за заштита на културното наследство, согласно Реш.бр.53-8240/2 од 15.11.2024г. издадено од Министерството за култура и туризам, како и долгодишната пракса во службата за заштитата на недвижно културно наследство, вклучително досегашните искуства и стручната реализација во различните сегменти во процесот на заштита.

Приложените забелешки елабориraат примарен осврт кон политиката на надлежното министерство, вклученост на ресорите за заштита при

* Зоран Алтипармаков, дипл. инж. Архитект, советник конзерватор, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, e-mail: zaltiparmakov@yahoo.com

[1] Забелешките и предлозите се базирани врз 29-годишната пракса во работата за заш-тита на недвижно културно наследство, базирана на регулативата која се спроведува преку прописите воспоставени со Законот за заштита на културното наследство (Сл.в.РМ бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19, 3/25 и 160/25); Законот за прогла-сување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значе-ње (Сл.в.РМ бр.169/15); Закон за градење (Сл.в.РМ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016 и 35/2018); Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в.РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17 и 64/18); Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.РМ бр.32/2020); Секторската студија за културно - историско наследство на град Битола од 1978г.; Елаборатот за Старото градско јадро на Битола бр.08-175/8 од 10.11.2015г.; Планот за управување со Старото градско јадро на Битола бр.08-43/4 од 05.07.2017г.; ГУП на град Битола (Трети пого-леми измени и дополнувања на ГУП на град Битола) од 1999год; Правилник за мето-дологијата за изработка на заштитно конзерваторските основи за кутурното наслед-ство (Сл.в.РМ бр.111/05, 113/2021); Правилник за валоризација, категоризација и ре-валоризација на културното наследство (Сл.в.РМ бр.111/05, 130/13); Правилник за со-држината и начинот на водење на заштитните евиденции на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нив-ните ревизии (Сл.в.РМ бр.10/08); Правилник за критериумите, условите и начинот на вршење на валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, содржината на елаборатите и начинот на обезбедување на ревизијата (Сл.в.РМ бр.44/21); Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в.РМ, бр.142/2015); Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот (Сл.в.РМ бр.154/15); Национална стратегија за културниот развој во Репу-блика Македонија во периодот 2018 – 2023г.; Национална стратегија за заштита и ко-ристење на културното наследство (2026-2030);

вообичаените практики на дејствување, согласно воспоставените насоки во конзерваторската струка, при моменталната позиција на службата, со преглед на досегашната состојба при фукционирањето на процесите на работа и фактичката заштита на недвижното културно наследство. Содржината на трудот од аспект на стручното искуство во областа на заштитата на недвижното културно наследство, ја образлага нужноста за усвојување на предлог законски решенија, со цел да се створат оптимални услови за подобрување на состојбата и ќе се обезбедат реални услови за опстојување и понатамошно зачувување на недвижното културно наследство, за идните генерации.

Клучни зборови:
Заштита на културно наследство, надлежни структури, законска регулатива, споменичка целина, недвижно културно наследство.

Основна премиса на заштитата на културното наследство за културниот развој во Република Македонија е одржувањето на културното наследство, со создавање на поповолни услови за понатамошното зачувување за идните генерации, негова употреба во целите на одржливиот развој и создавање на услови за негова самоодржливост. Најважните сегменти во продуктивното и правилното реализирање на севкупниот процес на заштита на културното наследство претставуваат доброто планирање, програмирање и координирање на активностите за заштита на културното наследство, коешто зависи и од познавањето на состојбите во оваа област и од пропишаните надлежности.

Законските измени по однос на посочената проблематика, во објавениот Предлог Закон за заштита на културното наследство, сè уште во основа се декларативни и се манифестираат како концепт на добри желби, со кои се игнорираат досегашните искуства и наместо реално да ги надминат последиците и да обезбедат понатамошна основа и идна регулатива за подобрување на квалитативните услови на работа во областа на заштитата, практично ги одржуваат активни постојните параметри за блокада, без да се овозможи оформување на стабилен концепт на финансирање со правна основа за поквалитетна и поефикасна заштита на недвижното културно наследство. Предлозите за подобрување на процесот на заштита на недвижното културно наследство се однесуваат на 3 клучни сегменти: 1.Финансии, 2. Обврски и должности на имателите и 3. Зголемување на стручната екипираност, техничките и кадровски капацитети.

ПРЕДЛОЗИ:

1. Со анализата, Националната стратегија го утврди постојаниот недостаток на средства и финансиска ограниченост, како акутен проблем и приоритетна закана при спроведувањето во заштитата на недвижното културно наследство. Функционалното користење на недвижното културно наследство подразбира негово користење на начин со кој се обезбедува активен живот во него, а согласно начелата на одржлив развој со утврдување на оптимални стандарди за заштита и одржување кои ќе бидат применливи и прифатливи.

Примарна задача на законот мора да биде да го реши финансирањето на заштита на недвижното културно наследство со заемно прифаќање на сите чинители: законодавецот, надлежните институции и крајните корисници – граѓаните. Законот не смее да дозволи да нема вистинско согледување на реалната финансиска ситуација и стандардот и во тој дел да се темели во основа на илузорни и неприменливи решенија. Со новите законски измени треба да се решава најгорливиот проблем – финансиски да се регулираат одредени поволности за имателите на недвижното културно наследство, во смисла на даночни олеснувања, како субвенции, можности за кредитни олеснувања, со што би се постигнала целта – имателите позитивно да гледаат на законските одредби за заштита и да се обезбеди иден и траен одржлив развој на недвижното културно наследство.

Со новиот Предлог закон, во делот IV. Права и должности на имателите, односно носителите на заштитените добра, се прави обид да се обезбеди финансиска рамка, преку чл.18 со регулирање на правото на правичен надоместок поради ограничувањата од режимот на заштита.

Се предлага целовито решение:

- Смалување на даночната стапка на ДДВ на 5% или ослободување од данок, како најконкретно решение за имателите на недвижното културно наследство – решение кое ќе доведе до засилен инвестициски импулс во областа на заштитата и ќе резултира со пресврт во имиџот на недвижното културно наследство, кое се доживува како товар и обврска на сопствениците и корисниците на објектите, а не како привилегија, можност за капитал и општествено богатство со трајни вредности.

Со законски измени, новиот Предлог закон би овозможил повластено даночно ослободување или даночна стапка од 5% ДДВ, при преземањето на било какви мерки на непосредна заштита на објекти, спомениците на културата или објектите во опфатот на споменичките целини и заштитените подрачја, за

тековно одржување, при спроведување во целиот процес на градба, трошоци на проектирање, набавка, транспорт и монтажа на потребни материјали, како и при било какви активности на градење, односно градежни активности во опфатот.

На сопствениците, имателите, корисниците, врз основа на Имотен лист од АКН, со прибелешка за објектот/парцелата е споменик или е во рамките на заштитено подрачје, од страна на Управата за заштита на културно наследство, по предлог на надлежната установа, ќе им се издаде потврда, со која ќе се стекнат со право на повластена даночна стапка - ослободување од ДДВ или 5% ДДВ за сите планирани градежни активности на недвижно културно наследство.

2. Од друга страна, со оглед на критичната состојба на недвижното културно наследство, која континуирано се влошува и прашање на време е кога ќе дојде до чести случувања на обрушување, рушење, односно ја загрозуваат безбедноста на објектите, имотот или како последица ќе доведат до животно загрозување на луѓето, се предлага неопходна мерка со која ќе се превенираат идните кризни ситуации.

Со новиот Предлог закон, во Одделот 3. Посебни ограничувања, преку чл.30 се определува старател на заштитено добро, додека во чл.34 е предложена експропирација, за Јавен интерес за експропријација.

Предлог решението, кое се предлага е базирано врз веќе применливи законски решенија[2] и искуства кои функционираат, каде не се дозволува недвижното културно наследство да се доведе до тој степен на оштетеност. Клуч-

[2] **Norway**, Act concerning the cultural heritage, LOV-1978-06-09-50, last version: LOV-2005-06-17-84, Section 17.*Maintenance of protected structures etc.* Chapter III. Protected Objects, Section 12.*Right of ownership of protected objects;*
Lithuania, *Article 34. Compulsory Purchase of Immovable Cultured Property by the State;*
Denmark, Consolidated Act No. 1088 of 29 August 2007 on Listed Buildings and Preservation of Buildings and Urban Environments as amended by Act No. 430 of 6 June 2005, Act No. 431 of 6 June 2005, Act No. 562 of 24 June 2005, and Act No. 538 of 8 June 2006;
France, Code du patrimoine;
Italy, Decreto Legislativo 22 gennaio 2004, n. 42 — Codice dei beni culturali e del paesaggio;
Spain, Ley de Expropiación Forzosa (Закон за присилна експропријација) и Ley 16/1985 del Patrimonio Histórico Español;
Germany, Denkmalschutzgesetz (DSchG BW), § 25 (Entschädigung / Enteignung);
United Kingdom, Planning and Compulsory Purchase Act 2004, Ancient Monuments and Archaeological Areas Act 1979, *Planning (Listed Buildings and Conservation Areas) Act 1990;*
Greece, Law 3028/2002 on the Protection of Antiquities and Cultural Heritage in general;
Nederlands, — Erfgoedwet / Monumentenwet;
Turkey, Law on the Conservation of Cultural and Natural Property, Law Number: 2863, Published in the Official Gazette on: 23/07/1983 number: 18113;
Estonia, Heritage Conservation Act, Passed 27.02.2002, RT I 2002, 27, 153, Entry into force 01.04.2002
Latvia, On Protection of Cultural Monuments;
Republic of Portugal, Official Gazette No. 209/2001, Series IA of 2001-09-08.;

ни услови за објектот, предмет на експропријацијата, е ако истиот е со статус на недвижното културно наследство или е објект во заштитено подрачје, кој сопствениците не го одржуваат и е предмет на негрижа.

- Предлогот вклучува мерки на итна интервенција, односно експропријација на недвижното културно наследство, односно објекти во заштитени подрачја склони кон обрушување, рушење, односно ја загрозуваат безбедноста на објектите, имотот или како последица, ќе доведат до животно загрозување на луѓето.

Се предлага, ако имателот на културно наследство не постапува според одредбите на овој закон, односно небрежно го чува или нестручно го одржува културното наследство, така што постои опасност културното наследство, како добро од јавен интерес да биде трајно оштетено или уништено, или ја загрозува безбедноста на луѓето и објектите, па ни по **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** - издадено од надлежната јавна установа за заштита, (или Управата) **во рок од шест месеци**, не започне постапка за спроведување на мерки на непосредна заштита во функција на тековно одржување, односно го промени својот однос кон културното наследство, од страна на Министерството (или Управата) ќе добие **ОПОМЕНА** со насоки за отстранување на опасноста по безбедноста на луѓето и објектите, со цел за преземање на пропишани мерки на чување, заштита и тековно одржување.

Во случај, ако имателот на културно наследство, не одговори позитивно на добиената **ОПОМЕНА** и итно, во рок од 30 дена не започне законска постапка за отстранување на опасноста по безбедноста на луѓето и објектите, со цел за преземање на пропишаните мерки на чување, заштита и тековно одржување, со утврден плански период на реализација - **културното наследство, како добро од јавен интерес, ќе биде одземено во сопственост на државата**.

Културното наследство, како добро од јавен интерес, кое по завршувањето на постапката на одземање во сопственост на државата, **во рок од три месеци ќе биде ставено на ЈАВНА ЛИЦИТАЦИЈА, со почетна цена 1 EUR, со договорна, пренесена обрска на купувачот** за спроведување на претходно пропишаните мерки на чување, заштита и тековно одржување на **културното наследство**, односно на целосното отстранување на опасноста по безбедноста на луѓето и објектите, според утврдениот плански период на реализација.

3. Со новата Национална стратегија во делот на кадровски приоритети беа потврдени заклучоците апсолвирани со претходната Национална стратегија, дека надлежните институции имаат постоечка, недоволна кадровска екипираност во стручните сектори, слаби системски капацитети и ограничен потенцијал.

Со новиот Предлог закон, во делот 8. Овластувања и лиценци во заштитата на културното наследство, со чл.100, 101 се регулира начинот на издавање на овластување, додека во чл.103 се регулира начинот на издавање на лиценца.

Со оглед дека на овој начин, релативно ќе се подобри состојбата, а нема да доведе до целисходно решение, **се предлага следното решение**:

- Со цел, за трајно надминување на состојбата се предлага системска реорганизација на надлежните субјекти во заштитата на културното наследство, со цел да се изврши трансформација на концептот на субјектите на кои учествуваат во процесот на заштита, по принцип на Комората на овластени архитекти и инжинери, односно во законски рамки, со постапно создавање на тело – **Комора на овластени конзерватори - реставратори и археолози**.

Во насока на функционална организација, се предлага овластувањата да се издаваат и на лицата вработени во надлежните јавни установи за заштита, под истите услови како и за физичките лица, но без полагање на стручен испит за соодветниот вид културно наследство (Пр. Проектирање, надзор, реализација, елаборати, археологија, живопис, икони, дрво, метал исл), сметајќи дека со самото вработување во установата, со систематизацијата, вработеното лице поминува низ филтерот за работни задачи на соодветниот вид културно наследство. На овластувањата точно ќе се прецизира соодветниот вид културно наследство, а добиеното овластување ќе претставува основ за добивање на стручно изборно звање, во согласност со постоечката систематизација.

Врз основа на соодветните овластувања, правните лица, вклучително и надлежните јавни установи за заштита, под истите услови ќе се здобиваат со специјализирана лиценца со која ќе се покрива соодветниот вид културно наследство (Пр. проектирање, надзор, реализација, елаборати, археологија, живопис, икони, дрво, метал и сл). По тој основ на добивање на лиценца, сите правни лица, вклучително и надлежните јавни установи за заштита, ќе бидат принудени да го вработуваат потребниот и квалитетен стручен кадар, а од друга страна, би се избегнале ситуации на вработувања по основ на партиски притисоци или непотизам.

Со усвојувањето на елаборираниот предлог, би се отвориле можности за вклучување на поголем број на лица во заштитата на културното наследство, распределба на обврските со економски бенифити, создавање на простор за неопходни вработувања во приватниот и државниот сектор, соодветно кадровско екипирање во стручните сектори, подобрување на системските капацитети и зголемување на пазарниот потенцијал.

ЗАКЛУЧОК

Предлозите кои се елаборирани во овој труд, претходно беа опфатени во контекст на издадениот труд „Забелешки и предлози за измени, дополнувања кон прописите од областа на културата“[3], а во овој дел се сублимирани, конкретизирани и формулирани како применливи базични решенија кои ургентно

[3] Објавен во ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ бр. 24 – 2021 г., Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола;

мора да бидат вградени како законски одредби во објавениот Предлог Закон за заштита на културното наследство.

Со конципираната презентација на предлозите, се настојува да се укаже на неопходноста со примената на предложените мерки, врз основа на кои суштински е втемелено понатамошното фукционирање на самата заштита на недвижното културно наследство.

Врз база на работното искуство и долгогодишната стручна пракса во областа на заштитата на недвижното културно наследство, можам единствено да констатирам дека во спротивно, долгорочно и во иднина, во оваа реална ситуација, на друг начин низ законската регулатива, неостварливо е да се решат клучните проблеми во заштитата:

1. Реалното финансирање на недвижното културно наследство;
2. Сочувувањето, безбедноста и тековното одржување на објектите;
3. Недостатокот на стручните капацитети и квалитетното, кадровско екипирање;

➢ **Заклучок - со нерешавањето на овие проблеми системски е загрозен целокупниот процес на заштитата и опстанокот на недвижното културно наследство во државата.**

Резиме

Концептот на предлози и решенија во прилогот е базиран врз долгогодишната пракса во служба на заштитата на недвижното културно наследство, искуството и стручната реализација во различните сегменти во процесот на заштита. Со трудот се елаборира примарен осврт на политиката на надлежното министерство, вклученоста на ресорите за заштита и вообичените практики на дејствувања. Содржината е обработена од аспект на стручното искуство во областа на заштитата на недвижното културно наследство, во контекст на постојната законската регулатива, низ делот на практичната примена.

Приложениот труд дава и своевиден краток преглед на реалната состојба на заштитата на недвижното културно наследство во Македонија, низ ситуацијата на акутен недостиг на стручен кадар во установите за заштита, како и перманентен недостиг на техничка опрема и финансиски средства, претставени како реален показател на односот на државата кон заштитата на културното наследство. Напоменато е отсуството на координација помеѓу јавниот и приватниот сектор, покрај доследните укажувања на стручната јавност во заштитата и напорите на одредени надлежни структури од културата, за системско усогласување во законска рамка. По однос на објавениот Предлог закон, низ долгогодишната пракса и искуство, се признава дека со постојните законски одредби се обезбедува оптимален минимум, со која културното добро може до некаде да го сочува својот интегритет и споменички вредности и во таа насока се нудат конкретни предлози за подобрување на состојбата.

Предложените законски измени се со цел да проектираат подобрување на квалитативните услови на работа и да создадат прифатлива правна основа

за квалитетна и поефикасна заштита на културното наследство, втемелено како јавен интерес на државата.

Summary

The concept of the proposals and solutions presented in this paper is based on many years of professional practice in the field of immovable cultural heritage protection, as well as on experience and professional engagement in the various segments of the heritage protection process. The paper provides a preliminary overview of the policy pursued by the competent ministry, the involvement of the relevant heritage protection authorities, and the established practices in this field. The subject matter is examined from the perspective of professional experience in the protection of immovable cultural heritage, within the context of the existing legal framework and its practical implementation.

The paper also provides a concise overview of the actual state of immovable cultural heritage protection in Macedonia, highlighting the acute shortage of qualified professional staff within heritage protection institutions, as well as the persistent lack of technical equipment and financial resources. These deficiencies are presented as tangible indicators of the state's attitude towards the protection of cultural heritage. Attention is also drawn to the lack of coordination between the public and private sectors, despite the consistent concerns raised by heritage protection professionals and the efforts undertaken by certain competent cultural authorities to achieve systematic harmonization within the legal framework.

With regard to the published Draft Law, and based on many years of professional practice and experience, it is acknowledged that the existing legal provisions provide an optimal minimum level of protection, enabling cultural property, to a certain extent, to preserve its integrity and heritage values. In this context, specific proposals are put forward for improving the current situation.

The proposed legislative amendments are intended to improve the qualitative conditions of professional practice and to establish an appropriate legal basis for the effective and more efficient protection of cultural heritage, firmly established as a matter of public interest of the state.